**Универзитет "Св. Кирил и Методиј"**

**Институт за безбедност, одбрана и мир**

**С к о п ј е**

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

# МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА СТРАТЕГИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ:

## УЛОГАТА НА МАКЕДОНИЈА ВО БЕЗБЕДНОСТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА


***МЕНТОР:***

**Проф. Д-р Лидија Георгиева**

***КАНДИДАТ:***

**М-р Шефик Шеху**


СКОПЈЕ, Јули 2015

СОДРЖИНА


СПИСОК НА АКРОНИМИ И КРАТЕНКИ ..... ii

РЕЗИМЕ ..... 1

**ГЛАВА ПРВА** ..... 3

ОПШТ ВОВЕД И КОНЦЕПТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 3

1.1 Формулација на проблемот на истражување ..... 4

1.2 Цел на тезата ..... 9

1.3 Прашања на истражувањето ..... 10

1.4 Пошироки и потесни цели на истражувањето ..... 11

1.4.1 Научна цел ..... 11

1.4.2 Практична цел ..... 11

1.5 Хипотетичка рамка ..... 12

1.5.1 Општа хипотеза ..... 12

1.5.2 Посдинечни хипотези ..... 13

1.6 Варијабли ..... 13

1.7 Методи на истражување ..... 13

1.7.1 Методолошки пристап ..... 13

1.8 Општествена оправданост на истражувањето ..... 16

**ГЛАВА ВТОРА** ..... 17

ТЕОРИСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 17

2.1 Теориски аспекти на безбедноста ..... 18

2.1.1 Традиционалното учење ..... 20

2.1.2 Либералистички пристап кон безбедноста ..... 27

2.1.3 Теорија на секуритизација ..... 31

2.1.4 Конструктивистички пристап кон безбедноста ..... 34

2.1.5 Теории за интеграции ..... 44

**ГЛАВА ТРЕТА** ..... 50

ЕВРОПСКА БЕЗБЕДНОСТ: КОНЦЕПТ, ИСТОРИЈА И РАЗВОЈ ..... 50

3.1 Промените во концептот за безбедност ..... 51

3.2 Развојни фази на европскиот безбедносен концепт ..... 57

3.2.1 Европските безбедносни релации по Студената војна ..... 61

3.3 Предизвици за европскиот безбедносен концепт во XXI век ..... 71

3.4 Карактеристики на меѓународните безбедносни институции (МБИ) ..... 75

3.4.1 Инклузивни и ексклузивни меѓународни безбедносни институции ..... 78

3.5 Предизвици за европските безбедносни институции – *„Несовршената унија"* ..... 80

**ГЛАВА ЧЕТВРТА** ..... 83

БЕЗБЕДНОСНАТА И ОДБРАНБЕНАТА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ..... 83

4.1 Воведни напомени ... 84
4.2 Воспоставување и развој на Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ ... 85
4.3 Воспоставување на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП) ... 88
4.3.1 Капацитети и структури на Европската безбедносна и одбранбена политика ... 93
4.4 Трансатлантскиот однос помеѓу ЕУ(ЕБОП) и НАТО ... 97
4.5 Европска стратегија за безбедност (ЕСБ) ... 104
4.5.1 Основи за креирањето на ЕСБ ... 105
4.5.2 Хронолошки аспекти на процесот на изработка на ЕСБ ... 108
4.5.3 Структура на Европската стратегија за безбедност ... 111
4.5.4 Клучни безбедносни закани ... 112
4.5.5 Стратегиски цели ... 115
4.5.6 Имплементација на Европската стратегија за безбедност ... 118
4.5.7 Предизвици за Европската стратегија за безбедност ... 121
4.6 Безбедносната улога на ЕУ по Лисабонскиот договор (2009) ... 128
**ГЛАВА ПЕТТА** ... 135
МАКЕДОНСКАТА ПЕРСПЕКТИВА НА ЕВРОПСКАТА БЕЗБЕДНОСТ ... 135
5.1 Воведни напомени ... 136
5.2 Регионален пристап на Европската Унија кон Западен Балкан ... 137
5.3 Р.Македонија во постстуденовоениот период ... 145
5.4 Релациите помеѓу Р.Македонија и ЕУ ... 146
5.5 Нормативни аспекти на уредувањето на безбедносно-воената област во Р.Македонија 149
5.6 Рамка за придонесот на Р.Македонија кон меѓународниот мир и безбедност ... 152
5.7 Република Македонија и ЗНБП на ЕУ ... 170
5.8 Придонес на Р.Македонија кон европската безбедност ... 175
5.8.1 Придонес на Р.Македонија кон воената операција на ЕУ за кризен менаџмент ALTHEA185
5.8.2 Придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност низ призмата на ЗНБП во периодот од 2006 до 2014 година ... 191
**ГЛАВА ШЕСТА** ... 206
Заклучоци и препораки ... 206
ЛИТЕРАТУРА ... 221
European Union sources and other documents ... 231
**АНЕКС I** ... 235
БЕЗБЕДНА ЕВРОПА ВО ПОДОБАР СВЕТ: ЕВРОПСКА СТРАТЕГИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ... 235
**АНЕКС II** ... 251
ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЕВРОПСКАТА СТРАТЕГИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ: ГАРАНТИРАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ВО ПРОМЕНЕТИОТ СВЕТ ... 251
**АNЕКС III** ... 264

БЕЗБЕДНОСНАТА АРХИТЕКТУРА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ..... 264

**АNЕКС IV** ..... 266

МАПА НА МИСИИТЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА ДО ЈУНИ 2015 ..... 266

**АNЕКС V** ..... 268

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРУЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ (2012-2014) ..... 268

*Каде започнавме? Како проект за мир меѓу антагонисти. Кое е нашето најголемо достигнување? Ширењето на стабилноста и демократијата на целиот континент. А, која е нашата задача за иднината? Да ја претвориме Европа во глобална сила, во сила насочена кон доброто во светот.*[1]

***– Хавиер Солана, 2006***

[1] Говор на Хавиер Солана, Висок претставник на ЕУ за заедничката надворешна и безбедносна политика, на конференцијата насловена „Звукот на Европа", 27 јануари 2006, http://www.eu2006.at/en/News/Speeches_Interviews/2701solana.html, Последен пат прочитан во ноември 2013 година

## СПИСОК НА АКРОНИМИ И КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| AU | Африканска Унија |
| BWC | Конвенција за биолошките оружја |
| CARDS | Помош на Заедницата за обнова, развој и стабилизација |
| CFE | Договор за конвенционалните оружени сили во Европа |
| CFSP | Заедничка надворешна безбедноста политика |
| CSCE | Конференција за безбедност и соработка во Европа |
| CSDP | Заедничка безбедносна и одбранбена политика |
| CTBT | Договор за сеопфатна забрана на нуклеарни проби |
| CWC | Конвенција за хемиски оружја |
| DRC | Демократска Република Конго |
| EAR | Европска агенција за обнова |
| EC | Европска заедница |
| EEAS | Европска служба за надворешно дејствување |
| EEC | Европска економска заедница |
| ESDI | Европски безбедносен и одбранбен идентитет |
| ESDP | Европска безбедносна и одбранбена политика |
| ЕСБ | Европска стратегија за безбедност |
| EU | Европска Унија |
| EU BG | Борбени групи на Европската Унија |
| EU ISS | Институт на Европската Унија за студии по безбедност |
| EUMC | Воена комисија на Европската Унија |
| EUMM | Мисија на мониторинг на Европската Унија |
| EUMS | Воен персонал на Европската Унија |
| EUPAT | Тим за советување за политики на Европската Унија |
| EUPM | Мисија на полицијата на Европската Унија |
| FRG | Сојузна Република Германија |
| GAERC | Совет за општи прашања и надворешни односи |
| GDR | Германска Демократска Република |
| IBM | Интегрирано управување со граници |
| IGC | Меѓувладина конференција |
| IPA | Инструмент на претпристапна помош |
| IR | Меѓународни односи |
| ISAF | Меѓународни сили за помош во безбедноста – мисија на НАТО во Авганистан |
| ISI | Меѓународни безбедносни институции |
| JHA | Министерство за правда и внатрешни работи |
| NATO | Северноатланска алијанса |
| NPT | Договор за ненаоружување |

| | |
|---|---|
| OSCE | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| PHARE | Полска и Унгарија: Помош за реконструирање на нивните економии (претпристапен инструмент на ЕУ) |
| PSC | Комисија за политики и безбедност |
| QMV | Гласање со квалификувано мнозинство |
| SAP | Процес на стабилизација и асоцијација |
| SC | Безбедносни заедници |
| START | Договор за стратегиско намалување на оружјето |
| TEU | Договор за основање на Европската Унија |
| UK | Обединето Кралство |
| UN | Обединети нации |
| UN SCR | Одлука на Советот за безбедност на Обединетите нации |
| US NSS | Стратегија за национална безбедност на Соединетите Држави |
| USA | Соединети Американски Држави |
| USSR | Заедница на Советските Социјалистички Републики |
| WEU | Западноевропска Унија |
| WMD | Оружје за масовно уништување |
| CONCORDIA | Операција на ЕБОП во Р. Македонија |
| EU SG/HR | Генерален секретар на ЕУ / Висок претставник на ЗНБП |
| PROXIMA | Мисијата на ЕБОП во Р. Македонија |

## РЕЗИМЕ

Македонија денес е постабилна и побезбедна отколку што беше пред времето на распоредувањето на мисиите на Европската Унија (ЕУ) и на НАТО. Настојувајќи да дизајнира карактеристична слика на еден безбедносен актер на меѓународната сцена што одговара на неговата sui generis природа и идентитетот на еден инхерентно миробубив интеграционен проект, авторот се согласува со конструктивистичката теорија, која тврди дека ЕУ тргна да развие уникатен и посебен пристап кон безбедноста.

Во Западен Балкан, Европската Унија јасно се појави како легитимно олицетворение на Европскиот безбедносен поредок. Преку својата посебна стратегија за интеграција на регионот, таа претставува најзначајниот извор на безбедност, додека активно ги усвојува широко признатите стратегии за меѓународниот мир и решавање на конфликти во процесот на интеграција.

Ова се однесува генерално за регионот на Западен Балкан, а особено во Македонија, каде што ЕУ се концентрира на развојот и имплементацијата на специфичен збир на инструменти кои се движат од дипломатската практика и економски средства, до договорни односи и воени способности, со цел да се обезбеди и да се промовира безбедноста. Покрај тоа, иако воените капацитети на ЕУ се веќе користени во цивилни мисии, тие генерално се во согласност со меѓународното право, вршење на разновидни цивилни задачи, опфаќајќи ја полицијата, градење на капацитетите, воспоставување на владеење на правото, мониторинг, контрола на границата и обука на персоналот. Македонскиот случај обезбедува моќен доказ за овој специфичен начин на кој ЕУ раководи со безбедноста, која е базирана на неговите карактеристични инструменти на условеност, убедување, дипломатија и цивилни капацитети . Всушност, тоа е она што овој пристап го разликува од кој бил друг пристап на некој глобален безбедносен актер.

Приоритет на надворешната активност на ЕУ е стабилноста и безбедноста во и околу нејзините граници. Процесот на европеизација во земјите од Западен Балкан, а особено во Македонија, вклучува политички и финансиски ресурси за промовирање на демократијата и нормативната усогласеност, и помага при прифаќањето на ЕУ како безбедносен актер.

Безбедносната доктрина на ЕУ се базира на промоција на вредностите на јадрото "Европски" демократски систем на владеење, владеење на правото и почитување на

човековите права и основните слободи. Во согласност со ова, ЕУ усвои нормативна стратешка култура, привилегирајќи ги "меките" безбедносни политики врз основа на еден холистички пристап на различни цивилно-воени инструменти врз основа на човековата безбедност и почитување на меѓународното право.

ЕУ научи како да ја користи моќната симболика на *европското единство* како дипломатски инструмент, поддржан од економската моќ. Со овој и други механизми, таа ја развива својата способност да дејствува како регионален безбедносен провајдер, не само со користење на својата финансиска помош, туку и неговата политика на условеност.

Македонија покажа дека активностите на ЕУ беа ефикасни на ниво на управување со кризи и креирање на мирот и стабилизација на земјата после 2001 година. Воени и полициски мисии, економските стимулации и перспективата за идна интеграција, како и сите ориентации и насоки на ниво на реформи, недвосмислено претставуваат уникатен пристап на ЕУ кон безбедноста, поради што таквиот пристап претставува еден ефикасен модел за одржување на процесот на градење на мирот.

Низата институционални промени во секторот на безбедноста на земјата се јасен показател не само на достигнувањата на Македонија, туку исто така, и успех на ЕУ. Континуираните извештаи на Европската комисија и не само тие, покажуваат посветеноста на земјата на интегративните процеси во ЕУ. Без оглед на фактот дека сите овие достигнувања се во сенката на постојаниот спор за името со Грција, граѓаните на земјата од сите етнички групи продолжуваат да покажуваат поддршка и настојуваат да се најде брзо решение за овој ќор-сокак.

Надградената правна и институционална безбедносна рамка на земјата, во комбинација со континуираното развивање на човечките капацитети, се клучен предуслов за справување со современите предизвици и закани, како што е наведено и во Европската стратегија за безбедност.

# ГЛАВА ПРВА

## ОПШТ ВОВЕД И КОНЦЕПТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.1 Формулација на проблемот на истражување

Од историско-безбедносен аспект, несомнено е дека регионот на Југоисточна Европа (во кој географски припаѓа и Република Македонија), има искуство од мноштво војни, кризи, конфликти и дестабилизирачки процеси. Изворите и причините за некои од нив се произлезени токму од самиот регион (Балканските војни, Првата светска војна, распадот на поранешна Југославија и сл.), додека од друга страна, присутни се и примери во коишто регионот на Југоисточна Европа (ЈИЕ), посредно или непосредно бил изложен на безбедносните закани иницирани надвор од неговите граници (Втората светска војна, Студената војна и сл.). За разлика од првопосочената ситуација, кога регионот се перципира како т.н. „буре барут” главно поради примената на сила во решавањето на меѓусебните отворени прашања помеѓу државите, при што, често со негативното влијание од таквите настани биле соочени и државите надвор од регионалните граници (посебно во поширокото европско опкружување), во втората посочена ситуација, причините за нестабилноста не произлегуваат од внатрешната констелација на односите помеѓу државите, па од тука, регионот нема директна одговорност за истите. Тоа практично значи, дека од безбедносен аспект, долж историјата на ЈИЕ како регион била и извор на безбедносни закани и дестабилизирачки процеси, но и референтен објект на безбедносни закани и ризици произлезени надвор од регионалното опкружување.

Затоа, ако се земе во предвид фактот дека настаните и процесите во ЈИЕ консолидирале, но и растурале империи, започнувале војни од глобални размери и со тоа привлекувале внимание ширум светот, тогаш неминовно се наметнува прашањето за неговата значајна улога во креирањето на европската и светската историја. Еден од можните одговори секако може да се лоцира во географскиот контекст на регионот, имајќи во предвид дека истиот го претставува местото на кое се среќаваат Западот и Истокот и во таа насока местото каде што културата, идеологијата и моќта се среќаваат на еден специфичен начин.

Ниту во последната декада од XX век, ЈИЕ не беше имуна на дестабилизирачките процеси (распадот на поранешна Југославија) и безбедносни ризици и закани произлезени со крајот на Студената војна. Затоа, во посочениот период, регионот може да се анализира и како еден од главните предизвици на меѓународната заедница (вклучувајќи ја и ЕУ), најпрво за решавање на воената криза, а потоа и за пост-конфликтно градење на регионалниот мир и безбедност.

Од денешен аспект, несомнено е дека одредена позитивна клима ја карактеризира констелацијата на односите во регионот. Сепак, врз основа на сето претходно презентирано, како и врз основа на фактот дека регионот е сè уште обременет со одредени отворени, пред сè билатерални прашања помеѓу државите, како и нецелосната негова евро-атлантска интеграција, може да се констатира дека не е целосно отфрлена можноста истиот да биде перципиран како потенцијален извор на одредени загрозувања, како на регионалната, така и на самата европска безбедност.

Затоа, безбедноста и стабилноста на ЈИЕ претставуваат важна цел, која што треба да се постигне и да се одржува не само од страна на балканските земји, туку и од страна на Европската Унија. Во настојувањата на ЕУ за справување со секоја потенцијална и тековна закана за нејзината стабилност, ЈИЕ секако дека зазема значајно место, пред сè како резултат на посочените карактеристики за регионот во последните две децении.

Во тој контекст, може да се истакне дека стабилноста на ЈИЕ е утврдена и како стратегиска цел на ЕУ. Интересот и вклученоста на ЕУ во регионалните активности, започнува од 1991 година, со распадот на поранешна Југославија. Посочениот пример, претставуваше голем предизвик и за самата Европската Унија, пред сè како едно целосно ново искуство со кое што, требаше да се справат институциите на ЕУ. Всушност, кризата од почетокот на деведесеттите и косовската криза се перципирани како значајни искуства за Европската Унија и клучен момент за ЕУ да ја разбере ситуацијата, да ја прилагоди и подобро да ја врши својата улога на стабилизатор на регионот. Инаку, вклучувањето во „балканската приказна", не може да се анализира само низ призмата за развојот на влијанието на ЕУ врз регионалната безбедност и стабилност, туку и низ призмата за градењето на нејзините капацитети во рамките на Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП).[2]

Од денешен аспект, искуството и примерите покажуваат дека Европската Унија има инвестирано многу ресурси, труд и финансии во безбедносната стабилизација на земјите од регионот. Така, преку својата програма за помош, ЕУ има обезбедено над 6,1 милијарди евра во периодот меѓу 1991 год. и 2001[3] за земјите на Балканот. Наспроти тоа, по интервенцијата на НАТО на Косово во 1999 год., ЕУ се определи за еден посериозен и подолгорочен приод кон регионалните предизвици и за таа цел го

---

[2]ЗНБП на ЕУ е воспоставена на самитот на ЕУ во Мастрихт,1991 година, додека нејзиното стапување на сила е во 1993 година по нејзината ратификација во националните парламенти на тогашните држави-членки на ЕУ.

[3]Види во Hajnalka Vincze, "A stronger military role for the EU in the Balkan?" in Joachim Krause et al, Unraveling the European Security and Defense Policy Conundrum, Peter Lang: Bern 2003, стр. 149.

иницираше Договорот за стабилизација и асоцијација.[4]Неопходноста за поактивна улога на ЕУ во безбедносната мисија на Балканот, дополнително се интензивира по терористичките напади на САД од 11 септември 2001 и по повлекувањето на вооружените сили на САД од регионот поради новите околности и новите приоритети со кои САД се соочија по посечениот настан.

Во таа насока, ЕУ ја идентификуваше важноста и потребата за подобрување на сопствените капацитети за управување со кризи, при што, целосно беше перципирана и нужноста за развој на воената компонента во таквиот пристап. Притоа, токму Р. Македонија беше првиот т.н. „испит"[5] за ефикасноста на капацитетите на ЕУ за управување со кризи. Имено, во македонскиот пример, Унијата за прв пат проактивно се вклучува во решавањето на одредени безбедносни прашања, вклучувајќи се во разни задачи, од одржување ред до воена интервенција[6].

Дел од причините за идентификуваната потреба за развој на цивилни но, и на воени способности и капацитети на ЕУ за управување со кризи, можат да се лоцираат и во југословенската криза, која ги откри главните слабости на пристапот на ЕУ во однос на нерамнотежата на т.н. „цврста моќ" (воена) и т.н. „мека моќ" (невоена). Недостигот на потребната усклааеност на дипломатијата, дипломатијата на принуда и употребата на сила, како и уверливата закана за употреба на сила, беше идентификуван како голем и сериозен проблем за безбедносната улога на ЕУ.[7]

Сепак, за Унијата не беше едноставно да ја оствари својата поактивна улога во регионот. Имено, не смее да се игнорира фактот дека Европската Унија денес брои 28 земји-членки и, во тој контекст, не е едноставна артикулацијата на толку многу гласови во еден заеднички глас и став. Притоа, исто така треба да се истакне и фактот дека постојат земји-членки, кај кои не е забележлив голем интерес за актуализирање и вложување во развојот на безбедносната улога на ЕУ, особено надвор од нејзините граници, а уште помалку кога станува збор за нејзино воено интервенирање.

Сепак, несомнено е дека искуството стекнато од кризата на Балканот ја принуди ЕУ да преземе поконкретни мерки за подобрување и брз развој на своите капацитети за управување со кризи. Средбите во Хелсинки (декември 1999), Санта Марија да Феира (мај 2000), Ница (декември 2000) и Гетенбург (јуни 2001), доведоа до значајни промени

[4]*Ibid*
[5]Првата воена мисија на ЕУ е воспоставена во Р.Македонија во 2003 година.
[6]Види Teresa Cierco, "Stabilizing Macedonia: The Key Role of the European Union", *Paper presented at the annual meeting of the International Studies Association. Town & Country Resort and Convention Center, San Diego, California, USA*, Mar 22, 2006, стр. 16
[7]Види Hajnalka Vincze, "A stronger military role for the EU in the Balkan?", стр. 152

во ЗНБП, која делумно ја доби својата законска, нормативна основа со Договорот од Ница. Најважното постигнување на Договорот од Ница е воведувањето на механизмот за „засилена соработка" во ЗНБП, постапка која веќе се користела во други подрачја на политиките на ЕУ. Главната поента е да се овозможи група земји-членки да ја продлабочат својата меѓусебна соработка и да постапуваат заеднички, без притоа да мора да се постигне консензус помеѓу сите земји-членки. Сепак, овој вид соработка е ограничен на спроведување заеднички ставови и акции и не може да вклучува акции со воени импликации. Главната предност е во тоа што со оваа соработка се обезбедува полесен процес на одлучување во однос на одредени прашања за кои се потребни итни одлуки и ефективно дејствување, без можност за блокада на процесот доколку не се вклучени сите земји-членки.

Во контекст на претходно презентираното, примарниот фокус на ова истражување ќе биде анализата на пристапот на ЕУ кон безбедноста на европскиот континент и примарните документи кои ја дефинираат безбедноста во ЕУ, т.е. Европската Безбедносна и Одбранбена Политика (ЕБОП) и Европската Стратегија за Безбедност (ЕСБ)[8]. Во оваа насока, вниманието ќе биде насочено кон истражување на начинот како посочените документи се развивале како одговор на настаните во минатото, актуелните грижи и идните закани. Составен дел од истражувањето ќе биде и анализата на безбедносните проблеми во земјите со кандидатски статус за ЕУ, како и нивниот придонес кон европската безбедност. Оттука, главниот проблем на истражувањето ќе биде анализата на улогата на Република Македонија (како земја кандидат за членство во ЕУ) во општиот безбедносен модел на ЕУ. Во тој контекст, целта на овој труд ќе биде да истражи каков е актуелниот придонес на земјите со кандидатски статус кон безбедноста на ЕУ, како и тоа дали тие земји ќе имаат позитивен придонес кон безбедноста на ЕУ кога ќе станат нејзини полноправни членки или и натаму ќе биде отворена можноста истите да бидат перципирани како потенцијални извори на нестабилност? Во насока на реализација на посочената цел, вниманието на истражувањето конкретно ќе биде насочено кон Р.Македонија како пример за анализа на студија на случај во оваа сфера, како и кон реализирање на компаративна анализа со примери на земји во регионот, кои имале статус на земја-кандидат за членство во ЕУ.

[8]ЕСБ-Европска стратегија за безбедност, усвоена во 2003 година на самитот на ЕУ во Гетеборг.

Придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност, посебно ќе биде анализиран низ призмата на Европската безбедносна стратегија. Тоа од причина што усвојувањето на првата официјална и сеопфатна стратегија за безбедност од страна на ЕУ под назив „Побезбедна Европа во подобар свет" во 2003 година може да се смета за концептуална и процедурална пресвртна точка во развојот на ЗНБП на ЕУ. Воспоставена во склад со нејзината специфична политичка заднина, стратегијата претставува важна фаза во развојот на определбата и амбицијата на ЕУ за постанување глобален безбедносен актер. Во таа насока, Стратегијата идентификува три основни безбедносни цели:

1. справување со закани;
2. градење безбедносно соседство; и
3. воспоставување ефикасен мултилатерализам.[9]

Токму низ призмата на придонесот на Р.Македонија во остварувањето на посочените стратегиски цели, трудот ќе ја истражи улогата и влијанието на Р.Македонија во поглед на европската безбедност. Во таа насока, во рамките на првата стратегиска цел, вниманието ќе биде насочено кон истражување на учеството и придонесот на Р.Македонија во цивилните и воените операции на ЕУ за справување со современите безбедносни ризици и закани. Во однос на втората стратегиска цел, предмет на истражувањето ќе биде придонесот на Р.Македонија кон креирањето прифатливо опкружување со демократски управувани земји во ЈИЕ и Медитеранот. Тука, посебно ќе биде истражена улогата и активностите на Р.Македонија на овој план, како во нејзините национални граници, така и нејзината улога во регионалниот (ЈИЕ) мир и безбедност, но низ призмата на почитувањето и унапредувањето на демократијата и основните човекови права во ЈИЕ. Придонесот на Р.Македонија кон остварување на третата стратегиска цел, ќе биде истражен преку нејзиното директно и индиректно учество во процесите кои ја промовираат потребата за постоење на ефикасен мултилатерализам, на функционални меѓународни институции и меѓународен систем, базиран врз меѓународното право. Во таа насока, имајќи во предвид дека посочената безбедносна стратегија на ЕУ, како фундаментална рамка за меѓународните односи ја истакнува токму Повелбата на ООН, истражувањето во трудот ќе биде насочено кон анализа на придонесот на Р.Македонија во почитувањето на одредбите од Повелбата

[9]Георгиева, Л.:Менаџирање на ризици, Филозофски факултет, Скопје 2006, стр.124.

на ООН, како и кон нејзината соработка со НАТО, ОБСЕ, Советот на Европа, но и со други меѓународни организации на планот на создавање ефикасен мултилатерализам.

За таа цел, трудот генерално е поделен на три делови. Во првиот дел анализирани се теориските пристапи кон безбедноста, со посебен осврт на традиционалната, либералната и Копенхагенската школа за безбедносни студии. Целта е преку посочените теориски правци и погледи кон безбедноста, да се креира соодветна теориска рамка за објаснување на процесите во безбедносната сфера во рамките на ЕУ. Во вториот дел, вниманието е насочено кон анализа на севкупната архитектура на европската безбедност, вклучувајќи ја и нејзината историја и еволуција. Во таа насока, предмет на истражување се европскиот безбедносен концепт и систем за време на Студената војна, по нејзиното завршување и во новиот милениум. Притоа, предмет на истражување ќе претставуваат и определбите и карактеристиките на Европската безбедносна и одбранбена политика и Европската безбедносна стратегија, како главни документи кои ја креираат рамката за актуализирање и промовирање на ЕУ како глобален безбедносен актер. Третиот дел ги анализира определбите и интересите на Р.Македонија во воено-безбедносната сфера. За таа цел, предмет на анализа се официјални документи на Р.Македонија од оваа сфера, со посебен акцент врз Националната концепција за безбедност и одбрана на Р.Македонија, Стратегијата за одбрана и Белата книга на одбраната ан Р.Македонија. На крајот од овој дел, трудот ги анализира и перспективите и придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност. За таа цел, посебен предмет на анализа претставува учеството и придонесот на Р.Македонија во реализацијата на трите посочени цели на Европската безбедносна стратегија.

## 1.2 Цел на темата

Европската стратегија за безбедност (ЕСБ) ги наведува „петте клучни закани" кои бараат внимание и дејствување од страна на земјите-членки на ЕУ. Додека Македонија нестрпливо чека на почетокот на пристапните преговори, анализата на претпоследниот документ од стратегијата за безбедност на Европската Унија е без сомнение предуслов за секоја земја-кандидат. Така, Македонија ниту е изолиран субјект, ниту имун елемент во овој поглед. Токму спротивното е вистина – постои итна потреба да се процени и да се анализира ЕСБ, со оглед на тоа што суштината на овој документ има директно влијание на идната улога на секоја постојна или идна земја-членка на ЕУ.

Овој документ е првиот од таков вид, зашто фактички го одразува заедничкиот став на земјите-членки во однос на безбедносните прашања кои Унијата треба да ги реши. Од овој документ произлегоа бројни активности, политики и насоки, кои наложуваат итно дејствување на ЕУ во поглед на одредени безбедносни прашања.

Во таа насока, целта на истражувањето е спроведување адекватна анализа за поврзаноста на активностите на Р.Македонија и ЕУ кои имаат за цел креирање безбеден европски континент и промовирање на ЕУ како глобален безбедносен актер, согласно трите цели на нејзината безбедносна стратегија. Во контекст на посочената цел, се наметнуваат и одреден број задачи, како:

- истражување на теориските аспекти на меѓусебната поврзаност помеѓу активностите на Р.Македонија и на ЕУ во безбедносно-воената сфера;
- истражување на европскиот безбедносен концепт за време на Студената војна, во постстуденовоениот период и во новиот милениум;
- истражување на карактеристиките на рамката за надворешна активност на ЕУ во безбедносната сфера, главно преку: ЗНБП, ЕБОП и ЕБС;
- истражување на националните цели, интереси и вредности на Р.Македонија како држава-кандидат за членство во ЕУ, во воено-безбедносната сфера;
- истражување на придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност, посебно низ призмата на нејзините активности насочени кон реализација на трите стратегиски цели на Европската безбедносна стратегија.

## 1.3 Прашања на истражувањето

Прашањата поврзани со европската безбедност и особено на Стратегијата за безбедност на ЕУ претставуваат предизвик и за политичарите, но и за интелектуалците кои се обидуваат да го концептуализираат пристапот на ЕУ во оваа сфера и резултатите кои истиот треба да ги продуцира. Во таа насока, тезата на овој труд е инспирирана од посочената отворена дебата, при што мојата определба и стремеж се насочени кон спроведување анализа на брзата еволуција на улогата на Македонија во овој процес, на нејзините обиди за ЕУ интегрирање и на реформите на нејзините безбедносни политики.

Првичниот пристап на тезата е емпириски заснован и истиот го одредуваат неколку значајни прашања на истражувањето. Во суштина, прашањата на истражувањето го

акцентираат предметот на интерес врз конкретна област, за која сметам дека е важна за идниот развој на Европската Унија.

Во тој контекст, значајни прашања на кои ова истражување треба да даде одговор, се следните:

- Како ЕСБ ги дефинира безбедносните закани со кои се соочува ЕУ?
- Како ЕСБ помага да се обликуваат политиките на спречување на заканите?
- Како соработуваат институциите на ЕУ во спроведувањето на таквите безбедносни политики?
- Кои се клучните инструменти на ЕУ за спроведување на безбедносни политики?
- Која е улогата на Македонија согласно дефиницијата на ЕСБ во поглед на безбедносната ситуација во ЕУ?

## 1.4 Поширoки и потесни цели на истражувањето

Научната цел на ова истражување е креирање на научна дескрипција за пристапот на ЕУ (според ЕБС) во воено-безбедносната сфера, како и за меѓусебните релации и придонесот и улогата на Р.Македонија (како земја-кандидат за членство во ЕУ) во рамките на тој пристап.

Практичната цел на истражувањето, произлегува од можноста за збогатување на бројот на трудови посветени на полето на безбедност на ЕУ и процесите на интеграција на земјите кои имаат амбиција да станат членки, а особено за односот и релациите на Македонија и ЕУ на полето на безбедносни политики.

Исто така, истражувањето ќе инкорпорира и научни сознанија за темата, пред сè заради правилно утврдување на:

• постојните безбедносни фактори во Македонија кои може да имаат безбедносни импликации врз националната и регионалната безбедност;

• веќе усвоените политики на ЕУ во безбедносен контекст, како и конкретните мерки преземени во Македонија;

• политиките што македонската влада ги усвоила како одговор на ЕСБ;

• потенцијалните закани што може да постојат во Македонија, а кои би можело директно да влијаат врз евро-интеграциските процеси.

#### 1.4.2.1 *Задачи на истражувањето*

Структурата на истражувањето ќе биде дводимензионална. Првата компонента главно ќе се фокусира на безбедносните институции на ЕУ, а втората на безбедносната структура на Македонија, како што земјата се приближува кон полноправно членство во ЕУ. Во таа насока, може да се истакне дека следните прашања ја сочинуваат суштината на задачите што треба да се исполнат:

a. *Анализа на политичката и законската рамка на ЕУ на полето на безбедност*
   i. Да се испитуваат причините кои довеле до создавање на ЕСБ;
   ii. Да се утврди дали создавањето на ЕСБ довело до појасна безбедносна политика на ЕУ
   iii. Да се анализираат примарните документи и политики кои се формулирани во одговор на безбедносниот контекст на ЕУ

b. *Анализа на нормативната рамка на Македонија во безбедносно-воената област*
   i. Анализа на Националната безбедносна стратегија на Македонија и нејзините односи со ЕСБ
   ii. Анализа на евро-интеграциските процеси по усвојувањето на ЕСБ.

## 1.5 Хипотетичка рамка

Релевантните податоци прибрани во текот на истражувањето би требало да ни овозможат да ги потврдиме или да ги елиминираме следните хипотези:

Истражувањето ќе започне од следната општа хипотеза:

- Усвојувањето на стратегијата за безбедност на ЕУ позитивно влијае врз развојот на безбедносната политика на Унијата, како и врз стабилноста на земјите-кандидати.

[illegible]

- Изготвувањето на европската безбедносна стратегија позитивно влијае врз соработката на ЕУ со НАТО и ОБСЕ
- Јакнењето на ЕБОП позитивно влијае врз соработката со земјите-кандидати за членство
- Кандидатскиот статус позитивно влијае врз формулирањето на безбедносните политики на Република Македонија во контекст на ЕСБ;

## 1.6 Варијабли

Во ова истражување, независна варијабла е:

- Европската стратегија за безбедност и развојот на ЕБОП

Додека зависната варијабла е:

- Улогата и придонесот на Република Македонија во општата безбедност на ЕУ

## 1.7 Методи на истражување

За да се остварат поставените цели на ова истражување, потребно е да се применат соодветни методи, техники и инструменти со кои може да се прибираат, да се средуваат, да се обработуваат и да се анализираат прибраните податоци, со што ќе се дојде до соодветно научно сознание во врска со посочениот истражувачки проблем. Притоа, собраните и анализирани податоци ќе овозможат потврдување или отфрлање на посочените хипотези.

Тргнувајќи од целите на истражувањето, како и од значајноста на добиените резултати, во ова истражување како метод на пристап е применет квалитативниот метод. Притоа,

како главен инструмент во рамките на овој метод, ќе биде применета анализата на содржина.

### [illegible]

Овој инструмент ќе се употреби за собирање на податоци врз база на истражување на стручна литература, книги, списанија, зборници на трудови, официјални документи, текстови и интервјуа кои се однесуваат на посочениот истражувачки проблем. Притоа, акцентот на истражувањето ќе биде ставен врз развојот на безбедносната улога на ЕУ и на придонесот и активностите на Р.Македонија во рамките на таа улога. За таа цел, пристапот за собирање на податоците ќе се базира врз примарни и секундарни извори. Во однос на примарните извори, вниманието ќе биде насочено кон официјални документи на ЕУ за нејзините определби, цели, интереси и активности во сферата на ЕБОП. Во тој контекст, конкретно предмет на анализа ќе биде содржината на ЗНБП, ЕБОП и Европската безбедносна стратегија. Сепак, тука треба да се истакне дека на 26 јули 2000 год., ЕУ усвои систем со кои документите од областа на ЗНБП и ЕБОП се класификуваат или како „врвна тајна" или како „доверливи" како во поглед на сензитивноста на надворешната политика на ЕУ, така и во поглед на политиката на самите земји-членки. Поради тоа, најголемиот дел од примарните извори се т.н. „онлајн извори" кои овозможуваат пристап до јавниот карактер на документите и извештаите на ЕУ. Во овој контекст, анализата на содржина ќе биде насочена и кон документи кои се однесуваат на „Заеднички активности на Советот", потоа на политиките на ЕУ во оваа сфера, како и кон изјави и говори на клучни службеници на ЕУ кои во разни својства се ангажирани и дејствуваат во рамките на ЗНБП и ЕБОП.

Конкретно како примарни извори за анализата на содржина ќе се употребат следните:
а) извори на анализа на официјални документи:

- декларации на ЕУ во врска со ЕБОП/ЗНБП/ЕСБ
- Договори на ЕУ
- Извештаи на Високиот претставник на ЕУ за ЗНБП, кои содржат мерки и препораки за ЕБОП, ЕСБ
- Извештаи за напредок за Македонија

b) извори на анализа на содржина од стручни публикации и списанија, како и од статии и интервјуа (со официјални претставници на ЕУ), на светски познати дневни и неделни весници кои ја обработуваат темата поврзана со воено-безбедносната улога на ЕУ.

Во однос на секундарните извори, анализата на содржина ќе биде насочена кон истражување на стручна литература, книги и публикации во кои се обработува развојот и имплементацијата на ЗНБП, ЕБОП и ЕБС на ЕУ.

Инаку, во однос на самиот процес на собирање на потребните податоци, ќе бидат употребени следните техники:

- фреквентна анализа; и
- семантичка анализа.

Фреквентната анализа ќе се базира врз квантитативниот пристап т.е. броење на одредени термини, реченици или теми кои што се употребени во текстовите за анализа, додека семантичката анализа ќе биде употребена за идентификување на нивното значење во контекст на содржината каде што се употребени.

Обработката на податоците ќе се изврши со определување на единиците на анализа (изворите на анализа), а за мерење на истите, ќе се користи манифестното и латентното кодирање. Манифестното кодирање подразбира кодирање на видливата содржина на текстот, при што со помош на фреквентната анализа ќе се изврши броење на одредени зборови, теми или реченици т.е. колку пати истите се употребуваат во конкретната содржина т.е. текст. Латентното кодирање, овозможува тематска анализа на содржината како што се: факторите на влијание, причините, механизмите, мерките и сл., при што со семантичката анализа ќе се утврди нивното значење во контекст на содржината која е предмет на анализа.

### Студија на случај

Во контекст на декларираните цели на ова истражување, како адекватен метод ќе биде применета и студијата на случај, од причина што истата овозможува длабинско истражување на билатералните односи и поврзаност помеѓу Р.Македонија и ЕУ во воено-безбедносната сфера. Во тој контекст, вниманието на овој истражувачки метод ќе биде насочено кон Националната концепција за безбедност и одбрана на Р.Македонија и Белата книга на одбраната, како и кон механизмите и инструментите со Р.Македонија се справува со безбедносните ризици и закани, вклучувајќи го и нејзиниот придонес кон безбедноста на Европа. Тука, предмет на анализата конкретно

ќе биде улогата која Р.Македонија ја има во остварувањето на прокламираните цели на ЕУ во рамките на ЕБОП и ЕБС, за што посебно внимание ќе биде посветено и на анализата на учеството на Р.Македонија во операциите за поддршка на мирот и безбедноста кои се преземени од страна на самата ЕУ.

Генерално, преку примената на студијата на случај со примерот на Р.Македонија, трудот ќе истражи дали и какво е влијанието на државите со статус кандидат за членство во ЕУ, во развојот на безбедноста на Европа и на развојот и реализацијата на безбедносната улога на ЕУ.

## 1.8 Општествена оправданост на истражувањето

Општествената оправданост на ова истражување, може да се согледа преку следните компоненти:

- научна дескрипција на безбедносната улога на ЕУ во контекст на современото безбедносно опкружување;
- актуализирање на значењето на стратегиските цели во рамките на ЕБС на ЕУ;
- актуализирање на значењето на активностите и придонесот на Р.Македонија во контекст на развојот на безбедноста на Европа и на безбедносната улога на ЕУ;
- развој на програми за ефикасно спроведување на активностите и обврските на Р.Македонија како држава со кандидатски статус за членство во ЕУ, во посочената сфера.

# ГЛАВА ВТОРА

# ТЕОРИСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 2.1 Теориски аспекти на безбедноста

Во рамките на ова поглавје од трудот, вниманието е насочено кон теориската анализа на концептот за безбедност. Во таа насока, преку анализата на неколку теориски правци за безбедноста, трудот има за цел да утврди каков безбедносен проект претставува ЕУ денес, т.е. дали покрај политичка и економска заедница, истата претставува и безбедносна заедница.

Притоа, во истражувањето се поаѓа од фактот дека во најширок теориски аспект, концептот за безбедносна заедница подразбира дека и на меѓународно ниво, актерите (државите) можат да споделуваат различни вредности, норми и симболи преку кои се формира нивниот специфичен социјален идентитет. Во прилог на ваквата констатација е и фактот дека во меѓународните односи, државите се поврзани преку различни интеракции во повеќе сфери (вклучувајќи ја и безбедноста) во кои имаат заеднички интерес, прават реципроцитет и градат доверба или пак се справуваат со стравот и недовербата.

Концептот за безбедносна заедница, уште во 1957 година, прв го елаборирал Карл Дојч (Karl Deutsch). Според него безбедносната заедница претставува:

„група на субјекти кои се интегрирани до тоа ниво што меѓу нив постои вистинско заемно уверување дека членовите на таа заедница нема да се борат меѓусебно со сила, туку на поинаков, мирен начин ќе ги решат меѓусебните спорови".[10]

Од овој аспект, несомнено е дека ЕУ може да се перципира како адекватен пример за безбедносна заедница во рамките на која отворените прашања помеѓу нејзините конститутивни субјекти се решаваат без употреба на сила, т.е. по мирен пат. Притоа, теорискиот критериум за постоењето на безбедносна заедница-отфрлањето на војната, ЕУ во голема мера го исполнува преку градењето на заедничкиот наднационален идентитет. Затоа, во трудот ќе бидат истражени карактеристиките на интегративните процеси кои ја промовираа ЕУ како пример за безбедносна заедница. Во тој контекст, во теориската рамка на ова истражување, соодветно внимание е посветено и на интеграциските теории преку кои ќе биде анализиран развојот на ЕУ како безбедносна заедница преку интеграциските процеси.

Инаку, во однос на теорискиот пристап кон европската безбедност, треба да се истакне фактот дека литературата која ги истражува предизвиците и искуствата во оваа сфера,

---

[10] Kostecki W.:„ Europe After the Cold War: The Security Complex Theory", Instytut Studiów Politycznych PAN, 1996, стр.72.

како и моделите и институциите на европската безбедност, е мошне обемна. Од една страна таа се обидува да овозможи историски преглед на идеите за европската безбедност, додека од друга страна да го објасни позитивното и негативното искуство од нејзиното остварување.

Исто така, во голем дел од литературата, карактеристиките на европската безбедност се анализирани конкретно низ призмата на самата ЕУ. Секако дека ваквиот пристап не може да се прифати како единствено адекватен, од причина што географските и политичките граници за Европа, често не се поклопуваат, односно најчесто се јавуваат различни перцепции за тоа што претставува Европа.

Од друга страна неоспорен е и фактот дека ЕУ претставува најзначаен актер од европскиот континент кој има активна улога во меѓународното безбедносно опкружување. Сепак, наспроти растечкото влијание на ЕУ во поглед на безбедносните прашања, најголемиот дел од литературата за безбедноста на ЕУ, пред сè има дескриптивен предзнак и истата особено е фокусирана на развојот на институциите на ЕУ, на промените спроведени со договорите на ЕУ и на трансатлантските односи.[11] Голем дел од литературата е од информативна природа, со оглед на тоа што се концентрира на пожелноста или непожелноста на тоа Европската Унија да развива безбедносна и одбранбена компонента.

Врз основа на претходно презентираното за теориските аспекти на европската безбедност од една страна и целите на истражувањето од друга страна, во трудот нема да бидат инкорпорирани сите постоечки теории за безбедносната инфраструктура на ЕУ. Имено, вниманието ќе биде насочено кон најчестите теоретски обиди за концептуализација на надворешната, безбедносната и одбранбената политика на Европската Унија. Во тој контекст, предмет на анализа конкретно ќе бидат: традиционалниот, либералниот и конструктивистичкиот пристап кон безбедноста, потоа секуритизациskiот пристап на Копенхагенската школа за безбедносните студии, како и интеграциските теории.

[11]Повеќе детали може да се најдат кај Walter Carlsnaes, Helen Sjursen and Brian White (ed.), Contemporary European Foreign Policy, London: SAGE Publications, 2004

Традиционалниот пристап кон анализа на безбедноста, генерално се базира врз перцепцијата за безбедноста, креирана по Втората светска војна. Во тој контекст, во рамките на таа перцепција доминантни се воените аспекти и проблеми.

Референтен објект на безбедноста според традиционалните безбедносни студии е безбедноста на државата, која всушност го претставува централниот објект преку кој се разбираат динамиките во безбедносната сфера, а кои се однесуваат на: 1) дефинирање на заканите; 2) утврдување на причините за заканите; и на 3) утврдување на начинот за нивно намалување.

Имајќи во предвид дека во традиционалното сфаќање на безбедноста доминира перцепцијата дека безбедноста е исто што и воената безбедност, произлегува дека:

- заканите за безбедноста произлегуваат од војната;
- војната е резултат на анархичните меѓународни односи и однесувањето помеѓу државите во таквото опкружување; и
- заканите можат да се одвратат преку воспоставување на систем на рамнотежа на сили со нуклеарно застрашување.[12]

Врз основа на презентираното, произлегува дека индивидуалната безбедност, т.е. безбедноста на поединецот, во рамките на традиционалниот безбедносен пристап е целосно запоставена и подредена на приоритетите на реалполитиката. Во овој контекст, исто така може да се констатира дека пристапот на ЕУ кон безбедноста не може адекватно да се анализира низ призмата на традиционалните безбедносни студии. Тоа, пред сè поради фактот дека според традиционалниот пристап, токму рамнотежата на сили во меѓународните односи ќе продуцира безбедност и дека релациите базирани врз воена сила и нуклеарно одвраќање имаат пресудно влијание во зачувувањето на таа безбедност. Оттука, несомнено е дека од своите почетоци во 1952[13] и 1957[14] година, па се до крајот на Студената војна, ЕУ не се определува и не презема активности кон нејзино колективно нуклеарно вооружување, заради обезбедување на соодветна рамнотежа на нејзината сила во меѓународните односи и за ефективно одвраќање на потенцијалните безбедносни закани и ризици. Сепак, тука треба да се има во предвид дека за одредени нејзини држави-членки (Франција, Велика Британија), нуклеарното

[12]Георгиева, Л.: Менаџирање на ризици, Филозофски факултет, Скопје 2006, стр.16
[13]Формирањето на Заедницата за јаглен и челик
[14]Формирањето на Европската економска заедница

оружје сепак претставува дел од инструментите за заштита на националните интереси и безбедност.

Наспроти презентираниот поглед за безбедноста на традиционалните безбедносни студии, може да се истакне дека настаните поврзани со проблемите од 70-тите години на минатиот век, а кои се однесуваа на економската и еколошката сфера, имаа иницирачко влијание врз развој на дебатата за прифатливоста на традиционалното учење за безбедноста и во таа насока за оправданоста на централната позиција на државата во контекст на националната безбедност. Како резултат на тоа се јавува и идејата за алтернативна одбрана според која меѓународните односи базирани врз воена сила и одвраќање, претставуваат само дел од проблемот и главен извор на нестабилност, па поради тоа неопходно е напуштање на перцепцијата дека безбедноста и мирот претставуваат само отсуство на војна и дека вниманието мора да се насочи и кон почитувањето на принципите на социјалната правда и меѓусебното разбирање.

Врз основа на презентираниот традиционален пристап дека безбедноста е исто што и воената безбедност (отсуство на војна), Стенли Хофман прави поделба помеѓу т.н. „висока политика“ и т.н. „ниска политика“. Во тој контекст, „ниската политика“ ја сочинуваат помалку важни нејзини области, како што е економијата. Од друга страна, „високата политика“ опфаќа почувствителни и поважни области, како што се надворешната и безбедносната политика. Според Хофман, земјите не пројавуваат голем интерес за соработка во сферата на „високите политики“, од причина што тие прашања се сметаат за витални национални интереси.[15]

### [illegible]

Претходно посочената дефиниција на Хофман за безбедноста како дел од високите политики кои се сметаат за витални национални интереси, може да се поврзе токму со реалистичкото учење за меѓународните односи. Ова учење се појави по Втората светска војна и главен негов претставник е Ханс Моргентау, кој своите тези во оваа сфера ги има презентирано во неговата книга „Политиката меѓу нациите“ од 1948.[16]Според Моргентау, како и според останатите претставници на класичниот реализам, основната причина за судири и војна произлегува од вродената човекова

[15]Ben Rosamond, Theories of European Integration, Basingstoke: MacMillan, 2000, стр. 77

[16]Види Hans J. Morgenthau, *Politics among Nations: The Struggle for Power and Peace*, 3rd edition, New York: Alfred A. Knopf, 1960

желба за моќ и доминација, па оттука, меѓународните односи се објаснуваат низ призмата на надворешната политика и однесувањето на поедини држави и државници.[17] Во тој контекст, Моргентау истакнува дека стремежот за моќ претставува основна карактеристика на меѓународната политика, па оттука како и секоја друга политика и оваа нужно претставува „политика на сила". Затоа, стратегијата и дипломатијата во надворешните односи на државите, претставуваат само два вида на стремежи/борби кои меѓусебно се дополнуваат во постигнувањето на најголемиот можен капацитет на моќ. Притоа, помеѓу националните држави кои настојуваат да ја зголемат својата моќ, се воспоставува рамнотежа на сила која претставува единствен реалистичен начин за одржување на мирот и безбедноста. Во такви услови, според Моргентау, меѓународното право и принципи, немаат никакво влијание во меѓународните односи.[18]

Врз основа на презентираното, произлегува дека според реалистичкиот пристап, државите претставуваат унитарни и рационални актери, кои пред сè настојуваат да ги обезбедат сопствените национални интереси. Притоа, тргнувајќи од фактот дека светот егзистира во анархично меѓународно опкружување, без наднационални субјекти кои ќе ја осигурат безбедноста на државите, произлегува дека примарниот интерес на државите е нужно насочен кон обезбедување на сопствениот опстанок.[19] Оттука, примарните интереси на државите се поврзани со остварувањето на силата/моќта и безбедноста, додека другите прашања, како што се: трговијата или човековите права се сметаат за помалку приоритетни, односно за секундарни. Ваквата перцепција за безбедноста, целосно кореспондира со пристапот на традиционалните безбедносни студии.

Според реалистичката школа, се додека меѓународните односи ќе претставуваат сцена за борба помеѓу државите во нивните настојувања за доминација и безбедност, се дотогаш државите нема да можат да се потпрат една на друга и во таква ситуација можат да им веруваат единствено на сопствените капацитети и ресурси.[20]

Сепак, ваквото толкување на безбедноста, особено во меѓународно анархично опкружување, неминовно го наметнува и прашањето за т.н. безбедносна дилема. Имено, тука е отворена можноста, активностите за зајакнување на сопствената

[17]Hans J. Morgenthau, *Politics among Nations: The Struggle for Power and Peace*, 5th edition, New York: Alfred A. Knopf, 1978, стр.4-15.
[18]*Ibid*, стр.31.
[19]*Ibid*, стр.60
[20]*Ibid*, 60-61

безбедност во воена смисла од страна на една држава, да бидат перципирани како закана за другите држави, кои поради тоа ќе реагираат со реципрочни мерки во однос на јакнењето на нивната безбедност, па таквата ситуација неминовно ќе иницира уште понесигурно меѓународно окружување. Несомнено е дека преземањето мерки и активности за заштита на националните интереси и вредности на државите, води кон ризик од конфликт со другите држави, коишто групирани во едно нерегуларно опкружување тежнеат да остварат сопствена предност во оваа сфера. Токму ваквата содржина ја прави суштината на дилемата сила-безбедност (power-security dilemma), низ која што е изразена клучната мисла за безбедносната проблематика во меѓународните односи. Имено, во настојувањето да обезбедат безбедност за себе, државите лесно ги загрозуваат аспирациите за безбедност на другите држави. Во тој контекст, може да се истакне дека дилемата сила-безбедност, произлегува од стравот од пораз, стимулиран од можната употреба на воени средства коишто ги поседуваат други субјекти.

Споредено со претходно посочената традиционална безбедносна дилема, несомнено е дека концептот за дилемата сила-безбедност овозможува едно повисоко концепциско поставување и анализирање на контрадикциите содржани во безбедносниот концепт. Имено, според овој концепт, разбирањето на значењето на меѓународните односи за националната безбедност на државите, треба да се зајакне токму преку раздвојување на концептот безбедност од концептот сила.[21]

Во однос на претходно посоченото произлегува дека безбедноста на ЕУ адекватно не може да се анализира низ призмата на традиционалните безбедносни студии. Односно, посочениот теориски концепт за дилемата сила-безбедност, нуди многу подобра рамка за соодветна анализа на пристапот на ЕУ во оваа сфера.

Инаку, значајно надополнување на ставовите на реалистите за осигурување на безбедноста низ призмата на меѓународните односи, претставуваат погледите на Кенет Волтц (Kenneth Waltz), кој се смета за основоположник на неореализмот. Во своето дело „Теорија на меѓународната политика", Волтц дава објаснување на политиката на сила во меѓународните односи, притоа тргнувајќи од фактот дека во политичките науки раширено е мислењето дека политиката е всушност процес кој настанува во борбата за власт, сила и моќ.[22] Оттука, суштината на политиката најчесто се

[21] Buzan, B.: The Changing Security Agenda in Europe; in: Weaver, O. ed.: Identity, Migration and the New Security Agenda in Europe, Pinter Publishers Ltd, London 1993, стр.2-58.
[22] Kenneth W.: „Theory of International Politics", Reading, Mass: Addison-Wesley,1979, стр.23

манифестира во делувањето на политичките сили кои водат меѓусебна борба, поради заземање на владејачко место во системот.

Во објаснувањето на војната и мирот, Волтц се повикува на три фактори во објаснувањето на меѓународните односи: човекот, државата и системското ниво на државите. Во таа насока, во однос на првопосочената претстава т.е. човекот, причините за војната и мирот се детектираат во човековата природа, потоа во карактерот на поедини држави, додека според третиот елемент, поединците и државите се непосредни и причините за војната и мирот, произлегуваат од системското ниво на државите.

Инаку, Александер Хамилтон (Alexander Hamilton), истакнува дека човекот по природа е егоистично суштество со природно развиени непријателски тенденции кон соседните држави, па оттука, државите кои ги почитуваат моралните норми во меѓународните односи, предодредени се нужно да ги жртвуваат сопствените интереси. За италијанскиот социолог и политички теоретичар, Вилфредо Парето (Vilfredo Pareto), сите човечки и државни вредности се сведуваат на материјалните добра, моќта и власта и во таа насока останатите вредности претставуваат само стремеж за нивно достигнување.[23]

Наспроти нив, Волтц истакнува дека објаснувањето на меѓународните односи само низ призмата на првиот и вториот фактор е редукционистичко од причина што непосредните причини за војната се променливи (различни типови на држави и државници), додека исходот (војната), претставува константна карактеристика на меѓународните односи.[24]

Според класичните реалисти (Hans Morgentau, Rejmon Aron и сл.), основната причина за загрозување на безбедноста произлегува од вродената човекова желба за моќ и доминација, па оттука, меѓународните односи се анализираат и објаснуваат низ призмата на надворешната политика и односи на поедини држави и државници.[25]

Моргентау, конкретно истакнува дека стремежот за моќ претставува основна карактеристика на меѓународната политика, па затоа како и секоја друга политика и оваа нужно претставува „политика на сила". Врз основа на тоа, стратегијата и

[23] Vilfredo СТР.: Traitè de sociologie gènèrale, Laussane-Paris,1967, стр.518.

[24] Редукционистичките пристапи ја објаснуваат целината изучувајќи ги нејзините делови – преку разбирање на нивните својства и меѓусебни дејства. Редукцијата е доволна единствено доколку се отсутни или пак многу слаби, дејствата на системското ниво. Kenneth W.: „Theory of International Politics", Reading, Mass: Addison-Wesley,1979, стр.13

[25] Hans M.: „Politics Among Nations: The Struglle for Power and Peace", 5-th edition, Alfred A. Knopf,1978,стр.4-15.

дипломатијата во надворешните односи на државите, претставуваат само два вида на стремежи/борби кои меѓусебно се дополнуваат во постигнувањето на најголемиот можен капацитет на моќ. Во таа насока, помеѓу националните држави кои се стремат да ја зголемат својата моќ, се воспоставува рамнотежа на сили која претставува единствен реалистичен начин за одржување на мирот. Во такви услови, според Моргентау, меѓународното право и принципи, немаат никакво влијание во меѓународните односи.[26]

Од друга страна, според Волтц, меѓународната политика претставува систем составен од две нивоа кои се во интеракција и тоа: структурно ниво (збир на ограничувачки услови) и ниво на основни системски единици (држави). Притоа, дејството на системската структура врз единиците на системот претставува предмет на интерес на меѓународната политика, додека однесувањето на единиците како одговор на структуралните влијанија е предмет на интерес на надворешната политика. Врз основа на тоа, произлегува дека, теоријата на надворешната политика, претставува теорија за национално ниво на анализа.[27]

Во објаснувањето на меѓудржавните релации во ситуации на отсуство на формална организација, Волтц ја применува микроекономската теорија која го анализира и објаснува спонтаниот начин на формирање на поредокот (пазарот) како резултат на меѓусебните дејства и релации на индивидуалните единици (фирми, претпријатија и сл.) кои се раководени од сопствениот интерес.[28] Во тој контекст, според Волтц меѓународните политички системи се идентични како и економските пазари, т.е. индивидуалистички според потеклото, спонтано генерирани и однапред конкретно непредвидени. Во двата случаи, структурите се формираат како резултат на интеракциите на единиците, при што истите се одржуваат според принципот на само-помош кој се применува врз единиците. Врз основа на посоченото, произлегува дека меѓународната политичка структура настанува спонтано од активностите и интеракциите на единиците, истата повратно влијае врз единиците, притоа наградувајќи или санкционирајќи го однесувањето кое е најмалку адекватно во однос на она што го работат најуспешните субјекти во системот.

Во тој контекст, според неореалистите, меѓународната соработка тешко се воспоставува и реализира, а уште потешко е истата да се одржи. Таквата состојба, тие

[26] Ibid, стр.31.
[27] Kenneth W.: „Theory of International Politics", Reading, Mass: Addison-Wesley,1979,стр.72
[28] Ibid, стр.113.

ја објаснуваат низ призмата на анархичната структура на меѓународната политика која иницира два основни проблеми за државите кои одлучуваат да стапат во кооперативен аранжман: 1) проблемот од т.н. неизвршување на кооперативните обврски и 2) проблемот од т.н. релативна добивка, или нужноста за споредување на добивката на учесниците во кооперативниот аранжман. Во оваа насока, според Волтц, во анархичните меѓународни односи не може да стане збор за автоматска хармонија, од причина што тенденцијата кон индивидуалниот интерес го надминува заедничкиот интерес на учесниците во кооперативниот аранжман.

Проблемот кој се однесува на неминовното споредување на релативната добивка од учеството во соработката, Волтц го објаснува и од аспект на опстанокот т.е. безбедноста. Имено, во системот на самопомош секоја од единиците, дел од своите напори освен за унапредување на сопствените добра, вложува и за обезбедување на средства за заштита од другите. Затоа, државите посебно внимание посветуваат и на начинот на кој нееднаквоста од распределба на добивката од меѓународната соработка, ќе влијае врз нивната безбедносна состојба. Всушност, кога се соочени со можноста за соработка заради взаемна корист, оние држави кои се чувствуваат несигурно, мораат да знаат како добивката ќе биде распределена. Затоа, во нивниот фокус на интерес е прашањето – кој ќе добие повеќе од распределбата на добивката? Тоа од причина, што дури и можноста за вкупна голема добивка за двете страни нема да продуцира соработка, доколку секоја од страните стравува за начинот на кој ќе биде искористена добивката, т.е. зголемената способност на другата страна. Од тука произлегува дека несигурноста во поглед на идните намери и акции на другите субјекти, има негативно влијание врз соработката помеѓу државите.[29]

Затоа, според неореалистите, меѓународните институции немаат или се со ограничено влијание врз однесувањето на државите во меѓународните односи. Ова особено е карактеристично за однесувањето на моќните држави кои водени од сопствените интереси можат да ги игнорираат правилата на однесување, или да ги сменат формите на договорот, доколку истиот не ги исполнува очекуваните резултати/добивки. Во таа насока, тие истакнуваат дека меѓународните институции претставуваат рефлексија на дистрибуцијата на сила и дека всушност големите сили доминираат врз сојузите и институциите. Оттука, произлегува дека големите сили ќе бидат приврзани кон институциите само доколку можат да ги реализираат нивните национални интереси. Во

[29] Ibid,стр.105-106

спротивно, можат да го намалат своето учество или пак да ги отфрлат обврските во рамките на институциите. Во тој контекст, еден од најекспонираните неореалисти на почетокот од 90-тите години на минатиот век, Џон Маршајмер, посочува дека анархичните меѓународни односи се крајно опасни за државите, поради што тие треба да се потпираат врз сопствените одбранбени способности. Според него, формираните сојузи за време на Студената војна, како: ООН, НАТО, ЕУ и сл., првенствено претставуваат средства преку кои државите ги остварувале сопствените интереси.[30]

Врз основа на презентираните неореалистички ставови, произлегува дека пролиферацијата и унапредувањето на безбедносната улога на ЕУ, пред сè ќе биде детерминирана од националните интереси на нејзините водечки држави-членки.

Всушност, во однос на западноевропските безбедносни интеракции и институции, неореалистите посочуваат две значајни карактеристики. Првата се однесува на контрадикцијата помеѓу американската хегемонија и европските интеграции. Според нив, ЕУ може да функционира само во стабилни меѓународни односи, какви што овозможуваше Студената војна и во услови на рамнотежа на сили. Со исчезнувањето на овие контролирачки фактори во пост-студеновоениот период, неореалистите сметаат дека ЕУ може да опстои само како подредена на НАТО или пак нејзината моќ да ослабне и да прерасне единствено во интеграциски процес согласно договорот од Мастрихт,1991 година. Втората карактеристика се однесува на фактот дека за пост-студеновоениот период ќе биде специфичен натпреварот помеѓу државите кои ќе ги користат меѓународните институции како инструмент за остварување на своите национални интереси, придружени со ограничувањата како да се редефинираат овие институции. Затоа, иднината на Европа и нејзиниот развој, според неореалистите ќе зависи од натпреварот во безбедносната сфера и од воената моќ, посебно од нуклеарната сила, додека пак мирот ќе зависи од транс-атлантските релации и американското присуство и ангажман во Европа.

За разлика од пристапот на традиционалните безбедносни студии и пристапот на реалистите, чиишто објаснувања за безбедноста се базираат врз прашањето за моќта и силата, либералните теоретичари вниманието го насочуваат кон значењето на

[30]Mearsheimer J.: „Back to the Future: Instability in Europe after the Cold War", International Security 15 No.1, 1990, стр.5-56.

меѓународните институции во оваа сфера. Притоа, веднаш треба да се истакне дека и за претставниците на либералната теорија, прашањето за значењето на моќта не може целосно да се елиминира во објаснувањето на безбедносните релации, меѓутоа сепак, за разлика од реалистите кои целосно ја застапуваат таа теза, вниманието на либералните теоретичари, пред сè е насочено кон меѓународните институции.

Како теориски правец, либерализмот генерално настојува да ги објасни условите под кои се развиваат и остваруваат политичките слободи и либералните управувачки принципи, како во рамките на државите, така и во нивните меѓусебни односи. Во таа насока, МекГру либералниот пристап го објаснува низ призмата на т.н. концентрични кругови, т.е. со тезата дека: взаемното унапредување на динамиката на транснационалните економски интеграции, ширењето на либералната демократија и развојот на меѓународниот управувачки систем, можат да продуцираат услови за надминување на војната како инструмент на меѓународната политика.[31]

Оттука, либералните теоретичари ја застапуваат тезата дека и покрај тоа што државите претставуваат рационални актери кои постапуваат согласно сопствените интереси, сепак меѓународните односи нужно не завршуваат со безбедносната дилема. Тоа од причина што заедничките интереси на државите, иницираат и неопходен развој на нивна конструктивна соработка која ги исклучува можните карактеристики на дилемата сила-безбедност. Имено, како рационални актери, државите ги перципираат позитивните карактеристики од изнаоѓањето на заеднички решенија за заедничките проблеми, при што нивната соработка во безбедносната сфера, креира уште побезбедни нивни меѓусебни релации, а паралелно со тоа, истата претставува значаен инструмент за заштита на заедничките интереси. Доколку се поврзат една со друга во заемно ограничувачки институции, државите би постигнале некој вид взаемно обврзувачка безбедност. Таквата потреба, меѓудругото произлегува и од фактот дека глобализацијата и модернизацијата ја зголемија меѓусебната зависност на западните демократии, а од друга страна, цената на војувањето станува превисока поради што војната започнува да се перципира како неприфатливо решение за отворените прашања.[32]

Врз основа на претходно презентираното, претставниците на либералниот институционализам во објаснувањето на безбедносниот концепт, не ги игнорираат

[31] Anthony, M.G.: Liberal Internationalism: Between Realism and Cosmopolitanism, in: David Held and Anthony McGrew (eds), Governing Globalization: Power, Authority and Global Governance, Polity Press 2002, стр.268.
[32] *Ibid*, стр.111-112

централните проблеми на меѓународната политика, т.е. проблемот со силата и можноста за нејзина злоупотреба, како и прашањето за моќта и за нејзиниот распоред. Во тој контекст, во делокругот на нивниот интерес, влегуваат и значајни проблеми поврзани со прашањето за релативната добивка како и „други прашања поврзани со дистрибутивните последици кои се јавуваат во секоја сериозна меѓународна дебата за суштинските прашања во оваа сфера".[33]

Данкан Снајдел, еден од првите институционалисти кои во моделот на соработката и интеракциите помеѓу државите го воведува и принципот на релативна добивка, посочува дека зголемувањето на бројот на државите во кооперативниот систем ќе продуцира намалување на интересот за релативната добивка, од причина што на тој начин се иницира можноста за сопствена заштита преку формирањето на коалиции. Оттука, според него, релативната добивка е значајна единствено во ситуации кога постојат два актери во системот или пак кога постојат значајни асиметрии во системот сочинет од повеќе актери.[34]

Од теориски аспект, за либерализмот и неговите правци, пред сè либералниот институционализам, раширено е мислењето дека во однос на безбедносната улога на ЕУ, истите го креираат најголемиот дел од рамката за објаснување на надворешните релации на ЕУ[35]. Анализата која се базира врз неолибералниот теориски пристап, конкретно се фокусира на промовирање на вредностите на т.н. западна демократија, на безбедносните гаранции на капитализмот, како и на соработката меѓу државите со забележителна поддршка од меѓународните институции. Во тој контекст, освен државите, се почесто во безбедносната сфера се идентификува и значењето на улогата на меѓународните институции.

Врз основа на претходно посоченото, вниманието на овој труд е насочено кон анализа на развојот и карактеристиките на меѓудржавната соработка во рамките на ЕУ, посебно низ призмата за нејзиниот придонес кон европската безбедност и кон промовирањето на ЕУ како глобален безбедносен актер . Притоа, имајќи го во предвид фактот за важноста на соработката меѓу државите и меѓународните институции, истражувањето во овој труд во одредена мера ќе се базира и врз одредени неолиберални претпоставки и ставови. Во таа насока, анализата на ЕУ како препознаена и призната меѓународна

[33] Duncan, S.: Relative Gains and the Pattern of International Cooperation, American Political Science Review, Vol.85, No.3, 1991, стр.701-726.
[34] *Ibid.*
[35] Christopher Hill and Michael E. Smith, International Relations and the European Union, Oxford: Oxford University Press, 2005, стр. 388-393

институција, делумно ќе се базира врз претпоставката на институционалните либерали, дека меѓународните институции, без оглед дали истите претставуваат форма на меѓународни организации или пак едноставно станува збор за меѓународни режими, истите можат да иницираат и промовираат зближување и соработка меѓу државите. Институционалните либерали тврдат дека високото ниво на институционализација значително ги намалува дестабилизирачките ефекти на анархијата, која што неореалистите (како претходно посочениот Џон Маршајмер), ја препознаваат во еден мултиполарен светски поредок. Обезбедувајќи проток на информации и преговори меѓу државите, институциите го компензираат недостигот од доверба меѓу државите, негувајќи на тој начин соработка помеѓу државите во нивна заемна корист. Тоа, за возврат, обезбедува континуитет и стабилност. Освен тоа, институционалните либерали сметаат дека институциите дејствуваат како амортизери, кои помагаат да се апсорбираат "шоковите" што ги предизвикуваат фундаменталните меѓународни промени, како, на пример, шоковите што ги предизвикаа промените во светскиот политички поредок во периодот по Студената војна[36].

Од друга страна, неореалистите се критички настроени во однос на важната улога што либералите им ја припишуваат на меѓународните институции, затоа што веруваат дека и покрај тоа што соработуваат преку тие институции, државите сепак тоа го прават исклучиво врз основа на нивниот сопствен интерес. Ваквата неореалистичка теза, либералниот институционализам ја отфрла тргнувајќи од фактот дека една од важните карактеристики на либералните демократии е токму фактот дека силата не се смета повеќе за легитимно средство за остварување на политичките интереси и дека војната со своите карактеристики има ограничен потенцијал како средство на политиката.

Во однос на ваквите тези, но од аспект на европската безбедност, либералните институционалисти истакнуваат дека во пост-студеновоеното безбедносно опкружување, новите предизвици за европските држави нема да произлезат од анархичните односи и од недостигот на рамнотежа на сили (ставовите на реалистите), туку напротив, од процесите кои се случуваат во Централна и во Источна Европа и предизвикот да се зацврстат демократските процеси во овие држави. Во тој контекст, демократските промени во посочените држави во економската, политичката, воено-безбедносната сфера, претставуваат клучен фактор за нивна трансформација од непријателски во држави партнери за соработка. На тој начин, директно се

[36]Robert H. Jackson, Georg Sørensen, Introduction to International Relations: Theories and Approaches, Oxford University Press, 2007, стр.119-122

трансформира и европската безбедносна дилема, која почнува да станува детерминирана и од невоените предизвици за безбедноста. Токму поради тоа, либералниот институционализам се залага за развој на безбедносните режими во безбедносни заедници (концепт кој беше претходно елабориран) кои ќе можат ефикасно да одговорат на новите безбедносни закани и ризици, како: вооружените конфликти, миграциите, криминалот и сл., а паралелно со тоа вниманието да биде насочено кон унапредување на човековите права, социјалната правда и демократијата.

Како резултат на претходно презентираното, анализата за развојот на ЕУ во воено-безбедносен аспект, т.е. посебно од аспект на концептот за безбедносна заедница, неминовно се базира и врз постулатите на либералниот теориски правец, а во таа насока посебно врз либералниот институционализам.

## Теорија на секуритизација

Во рамките на овој дел од трудот, концептот за европската безбедност и безбедносната улога на ЕУ, анализирани се низ призмата на *теоријата на секуритизација.*

Теоријата за секуритизација датира од крајот на осумдесеттите години на минатиот век и истата е иницирана од страна на Оле Вивер како истражувач во рамките на Копенхагенскиот институт за мировни истражувања. Целта за развојот на оваа теорија, произлегува од стремежот на Вивер за т.н. „извлекување" на безбедносните студии од претходно посочената неореалистичка рамка на Кенет Волтц, како и од критиката на постструктуралистичките критичари (пред сè на Ричард Ешли).

Во таа насока, може да се истакне дека дебатите помеѓу приврзаниците на идејата дека концептот за безбедност треба да се прошири над нејзиното територијално сфаќање и над нејзиниот фокус врз воените димензии на проблемот од една страна и помеѓу приврзаниците на традиционалното безбедносно сфаќање дека концептот за безбедност не треба да се проширува од друга страна, значајно влијаеа врз креирањето на новите теориски разбирања на безбедносниот концепт. Во тој контекст, посочената Копенхагенска школа за безбедносни студии, се позиционира помеѓу идеите на традиционалистите од една страна и на поддржувачите за проширувањето на

концептот за безбедност со политичката, економската, социеталната и еколошката сфера, од друга страна.[37]

Тргнувајќи од таквата позиционираност, Вивер укажува дека дефиницијата за безбедноста претставува резултат на активност која ја презема политиката надвор од воспоставените правила на игра и на тој начин истата го врамува проблемот и го поставува како ургентен, т.е. итен за решавање. Затоа, според него секуритизацијата претставува поекстремна верзија на политизацијата. Во објаснувањето на оваа теза, Вивер поаѓа од ставот дека секое прашање може да се постави како:

- неполитизирано (државата не се справува со конкретното прашање и тоа не е дел од јавна дебата и дискусија);
- политизирано (прашањето е дел од јавната политика, при што неопходно е владата да одлучува и да обезбеди одредени средства за негово решавање); и
- секуритизирано (прашањето се претставува како егзистенцијална закана и поради тоа неопходни се итни и ургентни мерки за негово решавање).[38]

Оттука, суштината на теоријата за секуритизација ја чини идејата дека во меѓународните односи одреден настан или проблем стануваат прашање на итна политика / безбедносно прашање, не затоа што тие претставуваат објективна закана за државата (како што тврди неореализмот), туку тоа пред сè, се должи на одлуката на секуритизирачкиот актер (кој не мора да биде само државата, напротив, ваква улога можат да имаат и политичките лидери, експертите, меѓународните организации и сл.), т.е. на оној кој ги изнесува аргументите за егзистенцијалниот карактер на заканата кон конкретниот референтен објект.[39] Референтниот објект во оваа насока означува што е она што има потреба од опстанок како резултат на актуелна  и моментална закана. Ваквите објекти можат да бидат различни од причина што во одредени услови различна е перцепцијата за субјектите на кои треба да им се обезбеди опстанокот. Покрај посочените, како значајни елементи на секуритизацијата, можат да се истакнат и:

- набљудувачите (audience) - се оние кои треба да бидат убедени за секуритизацијата да биде успешна. Тука вообичаено станува збор за јавноста, т.е. граѓаните, но секако дека набљудувачите можат да се разликуваат според природата на заканата или според видот на политичкиот систем.

---

[37] Buzan Barry, Ole Wæver and Jaap de Wilde, *Security: A New Framework for Analysis*. Boulder: Lynne Rienner, 1998, стр. 20.

[38] *Ibid* стр. 24.

[39] *Ibid.*

- Функционалните актери – претставуваат централни актери во одреден сектор (воен, политички, економски, социетален, еколошки), кои не се вклучени во секуритизацијата, но значајно влијаат врз динамиките во секторот.[40]

Од тука произлегува дека кога некое прашање ќе стане „прифатено" од страна на публиката, т.е. набљудувачите, секуритизирачкиот актер иницира спроведување на итни мерки, при што, истиот може да дејствува и надвор од воспоставените правила и процедури, во обидите за решавање на егзистенцијалната закана.

Во тој контекст, Бери Бузан истакнува дека:

„Секуритизацијата се спроведува врз основа на случаи на егзистенцијални закани кои го *легитимизираат* прекршувањето на правилата." Притоа,:

*„[една] успешна секуритизација има три компоненти (или чекори): егзистенцијална закана, итно постапување и ефекти врз односите меѓу единиците по пат на прекршување на правилата".*[41]

Како резултат на посоченото, може да се истакне дека теоријата за секуритизација е развиена како аналитичка алатка чија цел била да им помогне на аналитичарите да утврдат кој извршил секуритизација, со кои средства и со какви последици.[42] Таа не остава концептуален простор за тоа што *би требало* да се секуритизира. Актерот на секуритизација и безбедносниот аналитичар се очигледно два функционално различни ентитета, при што аналитичарот не е во позиција да интервенира во равенката на секуритизација за да даде препораки. Според Бузан,:

*„Означувањето на нешто како безбедносно прашање доаѓа од политичките актери, не од аналитичарите, но аналитичарите ги толкуваат постапките на политичките актери и утврдуваат кога тие постапки ги исполнуваат безбедносните критериуми. Понатаму, аналитичарот е тој кој проценува дали актерот е ефективен во мобилизирањето поддршка во врска со безбедносната референца (т.е. за обидите за претворање на некое прашање во безбедносно најпрво „судат" други општествени актери и граѓани, а потоа ние го толкуваме и го мериме*

---

[40] Thierry Balzacq, 'The Three Faces of Securitization: Political Agency, Audience and Context' *European Journal of International Relations*, 2005, стр. 11: 171–201; Holger Stritzel, 'Towards a Theory of Securitization: Copenhagen and Beyond,' *European Journal of International Relations*, 2007, стр. 13: 363

[41] Buzan Barry, Ole Wæver and Jaap de Wilde, *Security: A New Framework for Analysis*. Boulder: Lynne Rienner, 1998, стр. 25.

[42] Wæver, Ole (ed.), *Concepts of Security*. Institute of Political Science: University of Copenhagen, 1997, стр. 14.

*степенот на нивното следење). Конечно, за да се оцени значењето на некој пример на секуритизација, аналитичарите ги проучуваат ефектите од истата врз други единици. Актерот наредува само во еден, многу критичен чекор – спроведувањето на некој политички акт на безбедносен начин".*[43]

Врз основа на сето претходно презентирано за теоријата на секуритизацијата, може да се констатира дека иако во одредена смисла секуритизацијата може да се сфати како понатамошно интензивирање на политизацијата, сепак таа всушност претставува нејзина спротивност. Имено, доколку политизацијата се сфати како отворено истакнување на некое прашање, како прашање во однос на кое постојат различни можности за решавање и за што е потребна одговорност, секуритизацијата се однесува на истакнувањето на некое прашање над другите прашања, со барање за приоритетно решавање на истото, дури и преку употреба на вонредни мерки. Во однос на природата на егзистенцијалните закани, исто така може да се истакне дека во различни сектори, заканите се насочени кон различни референтни објекти. Така, за државата, опстанокот се перципирани низ призмата на заканите за суверенитетот; за општеството тоа е идентитетот, во економскиот сектор проблемот е покомплексен и истиот е изразен преку тоа дека безбедносната политика во економската сфера се препознава во односот на државата кон одредена значајна фирма или сектор на кои им се овозможува прекршување на економските правила, кои во други услови не би смееле да бидат прекршени, додека во еколошкиот сектор, секуритизацијата може да се анализира од два аспекти: кога еколошките закани се сериозни како и воените и кога природните ресурси можат да станат објект на вооружен конфликт.

Откако се појави во осумдесеттите години на минатиот век, конструктивизмот прерасна во сè попроминентен теоретски пристап за анализа на меѓународните односи. Преку комбинација на социолошки приоди и пристапи на критичка теорија, конструктивистите тврдат дека светот социјално се конструира преку

[43] *Ibid*, 33–34.

интерсубјективни интеракции, при што нормите, идентитетот и идеите имаат клучна важност за воспоставувањето и динамиката на светската политика.

Конструктивистичкиот пристап ја анализира улогата и функцијата на социјалните факти и влијанието на социјалната практика во разбирањето на светската политика. На тој начин, конструктивизмот се јавува како спротивно гледиште на неореализмот и неолиберализмот кои претставуваат рационален пристап кон меѓународните односи.[44]

Во објаснувањето на меѓународните односи и на безбедноста, конструктивизмот го насочува вниманието кон општествените процеси и кон двојната суштина на нормите кои заземаат централна позиција преку која можат да се разберат како внатрешните, но и транснационалните политички процеси. Ваквата позиција според конструктивизмот овозможува адекватно анализирање како на конфликтните потенцијали помеѓу различни норми конструирани на национално ниво, така и на процесот со кој нормите се адаптираат во транснационалните релации.

Врз основа на посоченото, конструктивистичкото гледиште се базира на две тези, т.е. претпоставки:

- дека опкружувањето во кое егзистираат државите е социјално, исто колку и материјално; и
- дека ова опкружување може да им овозможи на државите да ги разберат сопствените интереси.

Од тука, произлегува дека интересите на државите не се јавуваат независно, туку како резултат на нивното опкружување. Слично гледиште конструктивизмот промовира и во однос на разбирањето на безбедноста. Во тој контекст, според овој правец безбедноста не претставува објективна состојба туку дека истата претставува она што државите прават и следствено на тоа, истата е интерсубјективно конструирана во рамките на меѓународните односи.[45]

Во однос на заканите за безбедноста конструктивистите сметаат дека тоа не е едноставно прашање како: дали влијанието на директните закани ќе биде соодветно перципирано. Од тука, според нив не може да стане збор за конкретен и статичен референтен објект на безбедноста, од причина што истиот претставува динамична и променлива категорија. Конкретно, конструктивизмот ја дефинира безбедноста како отсуство на закани кон воспоставените клучни вредности. Притоа, во објективна

[44] Winer, A.: Constructivism: The limits of Bridging Gaps, Journal of International Relations and Development; September, 2003, стр.252.
[45] Katzestain, СТР .: The Culture of National Security, Campbell Jorgensen Christiansen,1996.

смисла, безбедноста го одразува отсуството на закани кон овие вредности, додека во субјективна смисла, отсуството на страв дека вредностите би биле загрозени. Инаку, конструктивистичкиот пристап не е насочен кон дефинирање на објективната закана, туку кон разбирање на процесот на конструирање на заедничкото разбирање (пошироко сфаќање) за тоа што се подразбира под заканите.

### [illegible]

Во терминолошка смисла, конструктивизмот за првпат е елабориран од страна на Николас Онуф во неговото влијателно дело „Светот што го создаваме" од 1989 година. Во рамките на истото, Онуф истакнува дека може да стане збор за широк теоретски пристап кон студиите за меѓународните односи, кој инкорпорира одреден спектар на теми и области, од политичка економија до меѓународна организација, безбедност и заштита. Сепак, и покрај нивниот фокус на безбедносни прашања, степенот до кој конструктивистите ја имаат развиено теоријата на меѓународна безбедност е ограничен. Тоа ги издвојува конструктивистите од другите критички теоретичари (чија концепција на безбедност е дефинирана како посветеност на еманципација) и од реалистите (чија теорија за светската политика како целина е во значителна мера теорија на политика на безбедност и моќ). Од перспективата на реалистот, една проминентна (иако донекаде погрешно насочена) перцепција е дека конструктивизмот главно избегнува фокусирање на безбедносната политика на моќ и, наместо тоа, се фокусира на развојот на бенигни норми на управување со натпреварот меѓу државите и на институционализирање на пошироки форми на политичка заедница.[46] Таквата перцепција навестува посветеност на реалистите на една тесна концепција на безбедноста, дефинирана преку држави, војски и употреба на закана со сила. Но, таа е и малку повеќе од карикатура на конструктивизмот во меѓународните односи. Конструктивистите сметаат дека нивниот пристап практично овозможува пософистицирано и поцелосно разбирање на динамиката која традиционално се поврзува со реалистичките пристапи кон безбедноста, почнувајќи од оној на природата на моќта воопшто, па до безбедносната дилема и рамнотежата на моќ[47].

---

[46] Mearsheimer, John J., 'The false promise of international institutions', *International Security*, стр. 19(3): 5–49, 1994/1995

[47]За повеќе, види кај: Barnett, Michael and Robert Duvall (eds), *Power in Global Governance*, Cambridge: Cambridge University Press, 2005.

Во тој контекст, Фридрих Кратохвил и Александар Вент, истакнуваат дека конструктивистичките пристапи можат да ги прифатат периодите на структурни промени што ги овозможуваат стратегиските актери во светската политика, од кои како најистакнат се посочува крајот на Студената војна. Ова ги става таквите пристапи во една посебно силна позиција во однос на структуралистичките теории, како што е неореализмот, кои претпоставуваат низа интереси на сите актери кои ги создава природата на самиот меѓународен систем[48].

Исто така, можен пристап за концептуализирање наконструктивистички приод кон безбедноста, претставува перцепцијата самата безбедност да се сфати како т.н. „крупен означувач“[49]. Тоа подразбира, елиминирање на припишувањето конкретно значење на безбедноста (како, на пример, „еманципација“ или „територијално зачувување на државата“) и, наместо тоа, фокусирање на тоа каква конкретна политичка функција има безбедноста во општествениот живот. Според Хајсманс[50], дефиницијата за безбедноста „артикулира конкретно разбирање на нашите односи кон природата, другите луѓе и кон самите себе. Затоа, безбедноста се однесува на поширока рамка на значења во која се организираат одредени форми на живот.“ Со други зборови, различните артикулации на безбедноста навестуваат различни дефиниции на политичката заедница и основните вредности на таа заедница.

Другите конструктивисти се фокусирани на можноста безбедносната дилема да се подобри во различни контексти. Ова е очигледно во литературата која ги испитува можностите за појава и развој на „безбедносни заедници“, имено група актери (обично држави) за кои употребата на сила во решавањето меѓусебни спорови со текот на времето станала незамислива.

Во контекст на претходното, европската соработка на полето на безбедноста од 1945 година наваму може да се перципира како симбол за можноста да се изградат алтернативни безбедносни идиини преку развојот и институционализацијата на заеднички норми.[51] Овој фокус на сличен начин почива врз препознавањето на фактот

[48] Види кај Kratochwil, Friedrich, 'The embarrassment of changes: neo-realism as the science of realpolitik without politics', *Review of International Studies*, 19(1), 1993
и Alexander Wendt, "Anarchy Is What States Make of It: The Social Construction of Power Politics," *International Organization*, Vol. 46, No. 2, Spring 1992.

[49] Huysmans, J., Security! What do you mean? From concept to thick signifier. *European Journal of International Relations*, *4*(2), стр. 226-255,1998

[50] *Ibid*, стр.228

[51] За повеќе во врска со Безбедносните заедници, види кај Георгиева. Лидија. *Европска Безбедност*. Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје. Филозофски факултет. 2010. стетр.41-46

дека безбедносната дилема и претпоставката за заемна недоверба врз која таа почива не е неизбежна одлика на светската политика што е производ на анархија. Наместо тоа, на тоа треба да се гледа како на општествена конструкција која е специфична за одредени историски моменти и одредени форми на политика на идентитет. Накусо, конструктивистите веруваат дека безбедноста е општествена конструкција, што во различни контексти значи различни работи. Безбедноста се сфаќа и како механизам за преговори и натпревар, во кои актерите се натпреваруваат во дефинирањето на идентитетот и вредностите на одредена група на начин на кој ќе се даде основа за политичко дејствување. Идентитетот и нормите се сметаат за централни во студиите за безбедноста, заедно со обезбедувањето граници за изводливо и легитимно политичко дејствување. Конечно, органите и структурите се заемно воспоставени и, поради тоа што светот е онаков каков што ние го обликуваме, дури и структурни промени се секогаш можни, иако е тешко да се спроведат. Постојат разлики кои не се неважни меѓу критичките и конвенционалните конструктивистички пристапи во однос на концептуалните и емпириските прашања, вклучувајќи епистемологија и идентитет, но основната заедничка посветеност на идејата на безбедност како општествена конструкција овозможува дискусија за „конструктивистички пристап кон безбедноста“.

Самиот конструктивизам треба да се сфати во неговата *конвенционална* и *критичка* варијанта, при што последната е поцврсто поврзана со критичката општествена теорија. Желбата на конвенционалниот конструктивист да презентира алтернатива на главните текови во теоријата на меѓународни односи наложува подлабок истражувачки пристап. Таквата програма вклучува конструктивистичко реконцепционализирање на теоријата за рамнотежа на заканите, безбедносната дилема, неолибералната теорија на соработка и демократскиот мир. Предмет на интерес на конструктивистичкиот правец претставуваат и прашањата поврзани со идентитетот во светската политика, како и теоретизацијата на домашната политика и култура, од аспект на теоријата на меѓународни односи.

### [illegible]

Наспроти фактот дека сите конструктивисти ја делат увереноста за централното значење на идентитетот во однос на изградбата на безбедноста, различни правци на конструктивизмот имаат сосема различни погледи на односот меѓу идентитетот и

безбедноста. Всушност, дебатите во врска со „идентитетот" се корисен начин за истражување на разликата помеѓу „конвенционалните" и „критичките" конструктивистички рамки.[52]

*Критичкиот конструктивизам*, од друга страна укажува на важноста на формите на застапеност во создавањето на „реалниот" свет. За *конвенционалните конструктивисти*, главната грижа при дефинирањето на односот меѓу безбедноста и идентитетот е да се укаже на тоа како националниот идентитет (и поврзаното историско искуство или културен контекст) помага во утврдувањето на содржината на интересите на една држава и, според тоа, на начинот на кој таа ќе „се однесува" во глобалната политика.

Тука, идентитетот е нешто што треба да се открие или да се изнесе на виделина преку соодветна анализа. Овој став е доследен со посветеноста на позитивистичката епистемологија: верување дека аналитичарот може евентуално да ја крене свесноста за цел еден свет „таму, надвор". Во тие рамки, идентитетите се дефинирани како релативно стабилни или седиментирани, овозможувајќи му на аналитичарот да истражи „зошто" државите се однесуваат така како што се однесуваат, на начини кои навестуваат причинска врска меѓу идентитетот и интересите. Трудовите на Питер Каценштајн[53] и Александар Вент[54] се симболични за ваквиот пристап: и двата навестија можност за работа во епистемолошки и методолошки рамки на традиционалната теорија за меѓународни односи, а и двете конечно ги позиционираат конструктивизмот како замислена замена на материјалниот пристап во рамките на дисциплината.

За *критичките конструктивисти*, главната грижа при истражувањето на односот меѓу безбедноста и идентитетот е да се утврди како описите на националниот идентитет (и, на пример, претставувањето на историјата) стануваат доминантни во одреден контекст. За возврат, тие помагаат во утврдувањето на границите за легитимно или изводливо политичко дејствување. Овде, идентитетот е инхерентно стабилен, условен и област на постојан натпревар. Претставувањето на безбедноста и заканите може да имаат главна улога во овој поглед, со тоа што служат за дефинирање на тоа кои сме „ние" и кои се „другите" од кои „нам" ни е потребна заштита. Со тоа, студиите на идентитетот

[52]Ted Hopf, 'The promise of constructivism in International Relations theory', *International Security*, 23(1) ,стр.181-185, 1998

[53]Види Katzenstein, Peter J., *Cultural Norms and National Security*, Ithaca, NY: Cornell University Press, 1996.

[54] Wendt, Alexander, *Social Theory of International Politics*, Cambridge: Cambridge University Press, 1999

стануваат студии на различните претстави, кои се натпреваруваат едни со други во обидот да дадат реално објаснување за тоа која е некоја одредена група и како таа група треба да се однесува. За критичките конструктивисти, аналитичарите кои се обидуваат да го дефинираат „националниот идентитет“ на некоја нација-држава ризикуваат да се вклучат во оваа борба на политичка моќ со тоа што ќе привилегираат одредени дефиниции на идентитетот, а ќе маргинализираат други.

### [illegible] Конструктивизмот и [illegible] на ЕУ

Како мировен проект на интеграција без преседан, ЕУ во текот на изминатите две декади усвои идентитет на „нормативна сила“[55] и се впушти во проект на дејствување како меѓународен цивилен актер, кој применува инструменти како што се дипломатија, убедување и условување, врз основа на договорни односи како правилниот начин на промовирање безбедност. И покрај тоа што усвојувањето на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП) во 1999 година ѝ даде валидност на улогата на ЕУ во градењето безбедност со тоа што ја опреми со оружени сили, во оваа теза ЕУ се смета за поинаков безбедносен играч, кој применува различен пристап кон безбедноста во Западниот Балкан. Овој аргумент се развива во конструктивистичката теорија, која се чини дека има потенцијал да го анализира уникатниот начин на ЕУ на воспоставување мир и безбедност, со оглед на тоа што „фокусот на верувањата, идентитетот и нормите отвора нови патишта за анализирање на меѓународниот капацитет на ЕУ.“[56]

Конструктивистите тврдат дека е важно да се има поширок концепт на безбедноста.[57] Во таа насока, Бузан, Вивер и Де Вајлд го прифаќаат аргументот на реалистите дека безбедноста мора да се однесува на опстанокот но, притоа истовремено не прифаќаат дека единствениот, ниту, пак, најдобриот начин да се обезбеди опстанокот е прибегнување кон воена опција.[58] Нивната теза е дека безбедноста и заканите не се фиксни цели, туку се резултат на општествени конструкции. Всушност, едно прашање станува закана или безбедносно прашање кога ќе биде презентирано како такво од страна на некој актер, преку она што тие го нарекуваат секуритизација. Според тоа, концептот на безбедност кај конструктивистите е пофлексибилен и во состојба да ги

[55]Manners, I., Normative Power Europe: A Contradiction in Terms?, 40 J. Com. Mkt. Stud., 2002, стр. 235-258, 2002.
[56]C. Archer, the European Union, стр..17, Routledge 2008.
[57] R. D. Lipschutz, On Security, Colorado University Press, 1995; види и Huysmans, J., Security! What do you mean? From concept to thick signifier. *European Journal of International Relations*, *4*(2), стр. 226-255, 1998.
[58]Buzan Barry, Ole Wæver and Jaap de Wilde, *Security: A New Framework for Analysis*. Boulder: Lynne Rienner, стр. 7, 1998

опфати промените во перцепцијата на закана и безбедносните инструменти. Според конструктивистите, ЕУ има развиено безбедносна политика и тоа се случило и покрај фактот што најголемите земји-членки и натаму имаат поинаков став во однос на одредени теми од меѓународната политика. Според нивните аргументи, ЕУ има безбедносна политика, затоа што се стекнала со одреден степен на автономија, затоа што претставува важен актер на сеопфатната безбедност и затоа што има воен капацитет.[59] Во однос на првиот аспект, конструктивистите тврдат дека ЕУ има одредена автономија, но не може да се смета за унитарен актер. Во ЕУ се одвива процес на постепено воспоставување на заеднички правила, норми и институции.
Ресурсите и способностите се поврзани со тие институции. Со текот на времето, ЕУ се стекна со способноста да ги ограничува и да влијае врз агендите и сфаќањата на безбедносните политики на земјите-членки. Литературата за европеизација на земјите-членки делумно се занимава со овој процес, во рамките на кој основните аспекти на ЕУ постепено се менуваат.[60] Државите се прилагодуваат на нивната средина или преку менување на безбедносниот дискурс и политики на национално ниво или преку обиди да се изменат и да се влијае врз безбедносниот дискурс и политики на ниво на Европа. Во одредена смисла, во ЕУ е трансформирана самата идеја на сувереност. Државниот монопол во однос на носењето закони веќе не постои, а државниот монопол врз силите е ограничен преку, на пример, воведувањето заедничко именување функционери на позиции на полето на надворешната и безбедносната политика, како што е позицијата на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика. Иако оваа позиција нема целосни овластувања во однос на земјите-членки, таа сепак ја утврдува агендата и, со тоа, влијае и ги засега политиките на земјите-членки во оваа област. Конструктивистите тврдат дека ЕУ има безбедносна политика која ги надминува воените инструменти. Според конструктивизмот, важно е да се има отворен пристап кон безбедноста, за да се опфати целиот спектар на инструментите на безбедносната политика на ЕУ. Тоа може да се постигне со анализа на начинот на кој заканите се презентираат во документите на ЕУ и какви политики се креираат за да се елиминираат тие закани.

Емпириските студии покажуваат дека ЕУ ги трансформира во безбедносни прашања и внатрешните и надворешните закани и дека има развиено одредени контра-мерки, т.е.

---

[59] Ricker, P., EU Security Policy: Contrasting Rationalism and Social Constructivism, стр. 9, Norwegian Inst. Intl. Affairs, paper no 659, 2004.
[60] *Ibid.*

одговори во однос на истите. Внатрешните превентивни мерки се однесуваат на областа на Правдата и внатрешните работи (III столб од архитектурата на ЕУ), особено по 11 септември, на пример во однос на јакнењето на соработката на домашната полиција во борбата против меѓународниот криминал и тероризам.[61] Надворешните превентивни мерки, пак, се однесуваат на процесот на проширување и импликациите кои истиот ги продуцира во однос на безбедноста и стабилноста. Според конструктивистите, ЕУ поседува и манифестира свои автохтони начини и пристапи кон креирањето и заштитата на безбедноста. Во тој контекст, нагласувајќи ја моќта на нормите во обликувањето на интересите и идентитетот на актерите и пропишувајќи одредени начини на однесување на меѓународната сцена, конструктивистите истакнуваат дека врз надворешните постапки и пристапот кон создавањето безбедност на ЕУ, во голема мера влијаат токму имплементираните норми во нејзините основачки договори. Водена од своите основни либерално-демократски начела на слобода, демократија, владеење на правото и почитување на човечките права и основни слободи, ЕУ прифати дека нејзината главна меѓународна улога е промовирањето и ширењето на тие универзални вредности во светот.[62]

Според конструктивистите, врз пристапот на ЕУ за управување со безбедноста соодветно влијание има и почитувањето на меѓународниот закон и нормите на Обединетите нации (ООН), кои од нејзина страна се прифатени како основна насока во пристапот кон креирањето безбедност. Прифаќајќи ја „заштитната и безбедносната функција“,[63] вклучувањето во спречувањето на насилни конфликти и промовирањето мир и стабилност, како на својата територија, така и надвор од неа, ЕУ го прифати како своја автентична мисија. Нормите врз основа на кои се организира нејзината институционална структура и од кои се обезбедуваат информациите за нејзините стратегии,пропишуваат претежно цивилен облик на пристап кон управувањето со кризи, во зависност од мисиите за одржување на редот и јакнењето на владеењето на правото, кои се суштински фактори, особено во регионот на Западниот Балкан. Влијанието на нормите врз претпочитаните стратегии и безбедносните политики на ЕУ е особено видливо во содржината на нејзината Стратегија за безбедност (ЕСБ), според која ЕУ е силно „посветена на одржувањето и развојот на меѓународното право“,

---

[61] *Ibid*, стр.10

[62] Договор за Европската Унија – Лисабон (2010), консолидирана верзија 2010, Службен весник на ЕУ, C115/13 (9 мај 2008),
http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2008:115:0013:0045:EN:PDF (пристапено на 20 април 2013).

[63] Ова е концепт на Обединетите нации.

притоа, прифаќајќи ја основната рамка на Повелбата на Обединетите нации како камен темелник за своите надворешни дејствија и меѓународни односи.[64]

Како дополнување на настојувањата за остварување на нормативните цели, ЕСБ ја истакнува потребата од ефективна мултилатерална соработка во нивното остварување. Притоа, прифаќајќи ја безбедноста како предуслов за развој и фокусирајќи се на сиромаштијата, болестите и гладта како извори на несигурност, ЕУ го прифаќа и концептот на хумана безбедност, како задолжителна карактеристика на својот нормативен пристап кон безбедноста. Во таа насока, ЕУ претставува еден од клучните меѓународни актери кои го имаат прифатено концептот за човекова или т.е. хумана безбедност, при што во извештајот за европските безбедносни способности, познат како Извештај од Барселона-2003, констатира дека посочениот концепт претставува најсоодветна безбедносна стратегија за ЕУ. Притоа, во настојувањата за формулирање специфичен и единствен пристап во однос на безбедноста, Извештајот ги идентификува принципите на мултилатерализмот и почитувањето на човековите права, како водечки принципи во остварувањето на безбедноста.

Инаку, во однос на современите безбедносни закани и ризици, се истакнува дека безбедносната политика на ЕУ иницираше комбинирана примена на воени и цивилни капацитети, во контекст на реализација на утврдените цели во оваа сфера, имајќи во предвид притоа дека ниту една од новите, неконвенционални закани не може да „се решат единствено со воени средства".[65]

Врз основа на увереноста дека „ширењето добро управување, подржувањето општествени и политички реформи, справувањето со корупцијата и злоупотребата на моќта, воспоставувањето владеење на правото и заштитата на човековите права" се "најдобрите начини на јакнење на меѓународниот ред" и безбедност, стратегијата на ЕУ ги промовира преговарањето, дипломатијата, условувањето преку договорни врски, убедувањето, мултилатералноста и промовирањето демократија како основни елементи во сопствениот спектар на безбедносни инструменти. На тој начин се иницира стратегија која почива на холистички пристап, кој привилегира мерки на „мека моќ", искористувајќи го „целиот свој арсенал инструменти, преку партнерства и

---

[64]Council of the European Union, A Secure Europe in a Better World, European Security Strategy (ESS), DOC 10881/03 (Brussels 2003)
Подетално на: www.consilium.europa.eu/uedocs/cmsUpload/78367.pdf (пристапено на 20 април 2011).
[65]*Ibid*, стр.7

мултилатерални инструменти, за целите на перманентна политика на превенција и стабилизација".[66]

Под теории за интеграција се подразбира поле на теориска дебата за процесот и резултатот на (европската) интеграцијата, додека под теориски пристапи се подразбираат индивидуалните начини на расправа и разбирање на интеграцијата, од кои само некои можат да се наречат целосни теории на интеграција. Теоријата на интеграција пружа основи за подобро разбирање на формалните институции на ЕУ, бидејќи овие сознанија откриваат како истите биле воспоставени и како функционирале/функционираат согласно одредбите на разните договори.[67]

Претставниците на теориите за интеграции своите тези и гледишта ги базираат низ призмата на институционализмот. Во тој контекст, тргнувајќи од фактот дека институционализмот го објаснува влијанието на меѓународните односи врз формирањето и креирањето на норми, права и обврски за меѓународните организации и институции, притоа секогаш промовирајќи ја потребата за решавање на проблемите и недоразбирањата преку меѓународните или регионалните институции и организации, вниманието на теориите за интеграции е насочено кон анализа на историскиот институционализам со цел објаснување на суштината на регионалната интеграција, како што впрочем е и примерот со ЕУ. Во оваа насока, еден од најеминентните теоретичари на неофункционализмот, Ернст Хаас, интеграцијата ја објаснува како процес во кој политичките актери од неколку посебни национални средини стануваат убедени дека треба да ја поместат својата лојалност, очекувања и политички активности кон еден нов центар, чии институции остваруваат или бараат јурисдикција над националните држави.[68] Со оваа дефиниција, својствено на неофункционалистичкиот пристап, Хас го потенцира социјалниот елемент на интеграцијата.

Ваквата широка дефиниција ги вклучува во себе и општествените (поместувања на лојалноста) и политичките аспекти (донесување на одлуки за создавање на нови

[66]Council of the European Union, Report on the Implementation of the European Security Strategy (ESS) – Providing Security in a Changing World, DOC 17104/08: http://www.consilium.europa.eu/ueDocs/cms_ Data/docs/pressdata/EN/reports/104630.pdf (пристапено на 20 мај 2013).

[67]Ванковска, Б.,: Институции на Европската Унија, Филозофски факултет, Скопје, 2008, стр.69.

[68] Haas, E.,: The Uniting of Europe: Political, Social and Economic Forces 1950-1957, Stanford University Press, 1958, стр.16.

политички институции, кои имаат директен ефект и надлежност над дел од државните работи на членките). Спротивниот пристап, наречен интерговерментализам, инсистира само на политичките аспекти на интеграцијата и важноста на суверената волја на државите-членки.[69]

Генерално, според покласичните погледи на интеграцијата, истата претставува процес преку кој земјите делегираат одредени права, легитимност и суверенитет во напорите да се приклучат кон една меѓународна (регионална или глобална) организација или институција.

Врз основа на презентираното, може да се констатира дека главниот предмет на интерес на овие теории претставува процесот со кој државите кои се членки на некоја од меѓународните владини организации (МВО), го делегираат целиот или дел од својот суверенитет во нејзините рамки. Од овој аспект, несомнено е дека теориите за интеграции пружат соодветна рамка за анализа за развојот на ЕУ како мировен проект. Тука треба да се истакне дека за примерот со ЕУ, евидентно е постоењето на широка теоретска литература, која се обидува да го објасни, интерпретира и класифицира комплексниот развој на ЕУ кон целите на Римскиот договор за постигнување на едно „поблиско соединување".[70]

Во таа насока, според претставниците на овие теории, регионалната интеграција ја сочинуваат константни колективни мерки на институционализмот со цел државите-нации да постигнат политичка и стратегиска кохезија и соработка. Во овој случај институционализмот (особено историскиот), се смета како влијателен фактор врз настаните во процесите на развој на формалните и неформалните институции, со цел обезбедување на политичко и стратегиско единство на земјите членки, кои се дел од овие институции. Од тука, произлегува дека теориите за интеграции своите основи, пред сè ги влечат од институционализмот, но и од регионализмот и регионалните институции. Актерите – државите на меѓународната сцена во недостаток на интегративните процеси се неспособни да ги наметнуваат своите интереси, т.е. политичките и стратегиските цели. Некои од овие држави се обидуваат преку формирање или соединување на две или повеќе земји во различни регионални институции, да ги унапредуваат своите интереси на субнационално, национално или на супранационално ниво, што вклучува лимитирани права и обврски преку нивните национални претставници во регионалните институции.

---

[69]Ванковска, Б.,: Институции на Европската Унија, Филозофски факултет, Скопје, 2008, стр.69.

[70]Подетално види кај: Dimitris N. Chryssochoou, "Theorizing European Integration", London, Sage, 2001.

Начелно, според теориите за интеграции, целта на регионалните тела е унапредување на односите помеѓу земјите-членки на регионалните институции, но и воспоставување на механизми за комуникација и помош на земјите кои се надвор од овие институции, а настојуваат да станат членки на истите. Регионалните теории за интеграции, настојуваат да го разбираат овој процес, преку историските и развојните аспекти.

Инаку, како неопходни услови за формирање, водење и развој на една регионална или меѓународна организација и институција, овие теории ги посочуваат следните:

а) регионалната интеграција ќе се раздвижува со преземање на колективни напори и консензус помеѓу земјите-членки со помош на примена на долгорочна политика, каде целта е формирање на стратегија предложена од меѓународна организација и институција;

б) Државите-членки ќе ги институционализираат преземените колективни чекори со цел нивна имплементација преку различни форми на договори и спогодби помеѓу себе, но и со помош на регионалната организација или институција.

Низ призмата на функционализмот како теориски правец со најголемо влијание врз развојот на теориите за интеграции, се истакнува дека процесот на соработка помеѓу државите од првичната и ограничената функционална и техничка соработка во однос на специфични полиња, со текот на времето нужно се проширува и на економски и на социјален план, при што на крај не се занемарува ниту сферата на политичката соработка.[71] Така, според најистакнатиот претставник на функционализмот, Дејвид Митрани, неполитичките врски и релации кои се воспоставуваат преку функционална соработка, пред сè во економската и социјалната област имаат круцијално значење за понатамошната интеграција на државите. Од тука, стабилниот светски мир на најдобар начин може да се одржи и унапреди, само доколку државите се ангажираат околу заедничките функционални потреби.[72] Во таа насока, Митрани ги истакнува прашањата кои се однесуваат на сообраќајот, здравството, научната соработка, културните активности и трговијата, како алтернативни области кои нудат можности за релативно лесно соединување на државите и нивно насочување кон заедничка соработка.

Во тој контекст, Митрани предлага воспоставување на соодветна специјализирана

[71] David Mitrany, A Working Peace System, Chicago: Quadrangle Books, 1996.

[72] Braillard CTP : Philosophie et rélations internationales, Institut Universitaire de Hautes Etudes Internationales, Genéve, 1974, стр. 125

меѓународна организација за секоја област од човековото делување, која надминајќи го регионалниот, ќе има универзален карактер и ќе настојува да инкорпорираа што е можно повеќе држави на доброволна основа. Основниот став на функционализмот е дека во општествените односи, секогаш предност треба да има соработката во однос на конфликтите и дека луѓето можат да ја контролираат сопствената судбина преку еволутивни постапки и чекори кои ќе водат кон помирен и подобро уреден свет.

Според овој теориски правец, по почетните позитивни резултати и натамошното јакнење на соработката во повеќе сфери, државите ќе пристапат кон трансфер на нивните овластувања на координаторите и носителите на таа соработка т.е. на специјализираните меѓународни организации, со што освен унапредување на светскиот мир, ќе се креираат и можности за подобро меѓусебно разбирање и евентуална реализација на повисоки облици на меѓународна соработка. Преку решавање на основните предизвици на светскиот развој, како: неразвиеноста, сиромаштијата и нееднаквоста помеѓу народите, според функционалистите ќе се креира едно целосно функционално меѓународно општество во чии рамки наместо околу територините, основните единици ќе се соединуваат околу функциите. Таквото соединување помеѓу субјектите околу функционалните прашања и проблеми, на крај треба да продуцира и поголема доверба и соединување и помеѓу политичарите, т.е. помеѓу политиките на државите.[73] Како што претходно беше истакнато, областите за ефикасна функционалната соработка, Митрани ги лоцира во сферата на т.н. "ниски политики" (low politics) на економско-социјалниот живот. Затоа, просперитетот остварен преку глобална економска интеграција, се перципира како значаен предуслов за стабилниот и мирољубив меѓународен систем, при што економското соединување конечно може да продуцира и политичко и безбедносно соединување. Примерот со ЕУ во потполност ја потврдува оваа теза, ако се земе во предвид еволуцијата на нејзиниот интегративен процес: 1) економска интеграција (Заедницата за јаглен и челик и Европската економска заедница); 2) политичка интеграција; и 3) безбедносна интеграција (Договорот од Мастрихт и формирањето на ЗНБП, 1991 година и Договорот од Ст.Мало и формирањето на ЕБОП, 1999 година). Практично, примерот со западно-европскиот интегративен процес во втората половина на минатиот век, во потполност соодветсвува со следните главни претпоставки на неофункционализмот:

- процесот на интеграција се одвива линеарно, при што главната движечка сила е

[73] Viotti CTP., Kauppi M.: International Relations Theory, (4th Edition), Allyn and Bacon, London,2009, стр. 212

ефектот на прелевање (spill over). Притоа, поимот прелевање се дефинира како ситуација во која одредена акција, насочена кон постигнување на некоја специфична цел, создава околности во кои оригиналната цел може да се обезбеди само доколку се преземат понатамошни акции, кои пак за возврат создаваат натамошни услови и потреба за повеќе нови акции и тн..[74] Во тој контекст, Е.Хаас го предвидел создавањето на Европската економска заедница (ЕЕЗ), како резултат на ефектот на прелевање од Европската заедница за јаглен и челик (ЕЗЈЧ) и истото го објаснувал како „експанзивна логика на секторската интеграција". Конкретно, според него, либерализацијата на трговијата во рамки на една царинска унија, ќе води до хармонизација на општата економска политика, која потоа ќе се прелее во политичката сфера и ќе води до создавање на некаков вид политичка заедница.

- Интеракциите на елитите ја следат логиката на прелевање (во вид на надградба на заедничкиот интерес);
- Интеграцијата функционира одоздола кон горе, т.е. од т.н. *ниска политика* (low politics) кон т.н. *високата политика* (high politics). Во оваа насока, треба да се истакне дека Агендата на ЕУ, т.е. збирот на приоритетни прашања за кои е потребна одлука или акција, се формира на два начина: одозгора-надолу и одоздолу-нагоре. Првиот начин, имплицира согласност на највисоко политичко ниво и заедничко утврдување на приоритетите и правците на дејствување, па оттука истиот е познат и како т.н. *висока политика.* Другиот начин се поистоветува со т.н. ниска политика и истиот произлегува од логиката и потребите на секторското поврзување и барањата на технократските и експертските кругови. Сепак, препораките и барањата на ова ниво се упатуваат до политичките нивоа, па оттука ниската политика може постепено да резултира во висока политика. Притоа, отворена е можноста функционалната поврзаност на различните сектори да предизвика прелевање во други сектори. Во тој случај станува збор за функционално прелевање кое во примерот со денешната ЕУ може да се објасни низ призмата на прелевањето на соработката и интеграциите од економската, преку политичката до безбедносната сфера.

Наспроти неофункционализмот, интерговерментализмот се јавува како негова теориска критика. Според претставниците на овој правец, кои се всушност претставници на

[74] Leon, N.: The Political Dynamics of European Integration, Stanford University Press, 1963, стр.10.

реалистичката и неореалистичката школа на меѓународни односи, државите се главни актери и арбитри во текот и процесот на интеграцијата. Затоа, интересите на националните влади реално ја ограничуваат моќта на супранационалните организации.[75]

Оттука, за разлика од неофункционализмот кој ја застапува тезата за постепено слабеење на државниот суверенитет и национализмот, интерговерментализмот истакнува дека дури и во контекст на интегративните процеси, главниот збор, сепак го имаат државите водени од нивните национални интереси. Врз основа на главните претпоставки на овој правец:

- интеграцијата е можна само кога тоа го дозволува гео-политичката ситуација;
- интеграцијата одоздола кон горе никогаш не може да го достигне нивото на високата политика;
- трајната интеграција не е можна заради трајното чувство на взаемна недоверба помеѓу државите,

Според изнесеното произлегува дека европската интеграција (денешната ЕУ), претставува инцидентен, случаен феномен.[76]

Во поново време, како алтернатива на класичниот интерговерментализам, сè поголемо влијание има либералниот интерговерментализам, кој интеграцијата ја перципира како „конвергенција на национални интереси".[77] Оттука, произлегува дека државите би соработувале само ако имаат, т.е. споделуваат заеднички интереси, при што наднационалните институции се формираат за точно определени цели и истите се под контрола на оние што ги формирале. Во овој случај, супранационалните институции немаат независна егзистенција надвор од онаа што им ја определиле државите, што ја отвора можноста истите да го загубат супранационалниот карактер и предзнак, доколку така одлучат примарните актери, т.е. државите. Од историски аспект во функционирањето на денешната ЕУ, не може да стане збор за ваков конкретен предизвик по нејзиниот супранационален карактер. Во поновата историја, само неприфаќањето на Уставниот договор (Франција и Холандија), може да се посочи како пример кој има корелација со ставовите на либералниот интерговерментализам, но сепак ваквиот предизвик беше надминат со усвојувањето на Лисабонскиот договор од 2009 година.

---

[75] Ванковска, Б.: Институции на Европската Унија, Филозофски факултет, Скопје, 2008, стр.77.
[76] Ibid.
[77] Moravcsik, A.:"Negotiation the Single European Act: National Interests and Conventional Statecraft in the European Community", International Organization, No.45, 1991.

# ГЛАВА ТРЕТА

## ЕВРОПСКА БЕЗБЕДНОСТ: КОНЦЕПТ, ИСТОРИЈА И РАЗВОЈ

## 3.1 Промените во концептот за безбедност

Во рамките на овој дел од трудот, вниманието е насочено кон анализа на еволутивниот развој на концептот за безбедност низ призмата на дефинициите за безбедноста. Во таа насока, стандардната и класичната дефиниција за безбедноста, датира од 1962-та и истата произлегува од Арнолд Волферс, според кој: „*Безбедноста, во објективна смисла, го мери отсуството на закани по стекнатите вредности, а во субјективна смисла, отсуството на страв дека тие вредности ќе бидат нападнати*“[78] Развивајќи ја оваа дефиниција, Дејвид А. Болдвин смета дека безбедноста е „*ситуација во која постои мала веројатност да се оштетат стекнатите вредности*“[79]. Од денешен аспект, несомнен е ограничениот пристап на посочените дефиниции, врз кои секако соодветно влијание има и тогашното меѓународно безбедносно опкружување.

Сепак, голем дел од аналитичарите на светската политика по 1945 година целосно ја споделуваат истата перцепција за концептот на безбедноста, иако не може да стане збор за една општо прифатена и универзална дефиниција за безбедноста. Речиси во текот на целиот студеновоен период, безбедноста се перципира низ призмата на концептите на заштита и за одбрана, па следствено на тоа, безбедноста претпоставува дел од следните констатации:

> *"дека една држава е слободна од заканата со војна; дека една држава е во состојба да се стреми кон своите „национални интереси“ и да ги сочува своите основни вредности; како и дека се чувствува безбедна во поглед на потенцијалните агресори (односно, се верува дека војна е неверојатна, но, доколку дојде до неа, државата во прашање не очекува пораз). Овие традиционални идеи во врска со безбедноста почиваат на три претпоставки: верувањето дека главната тема на безбедноста е државата, дека безбедносната политика настојува да ја сочува состојбата на статус кво, и дека воените закани и*

[78] Arnold Wolfers, Discord and Collaboration: Essays on International Relations, Baltimore: and New York: Clarendon Press, 1984, стр.150

[79] David A. Baldwin, "The Concept of Security" in: Review of International Studies, Vol.23, no.1, Cambridge: British International Studies Association, January 1997, стр. 13

*потребата ефективна воена одбрана се главните грижи."*[80]

Како резултат на посоченото, безбедносната политика на државите е во тесна корелација со воената сила и со карактеристиките на меѓународното опкружување и меѓусебните односи помеѓу државите. Во текот на Студената војна, безбедносните и одбранбените политики на западноевропските држави во голема мера се формулирале според логиката на Вестфалскиот модел. Концептот на колективна безбедност требало да се сфати во таа смисла. Колективната безбедност генерално се дефинира како систем на меѓународен мир и попрецизно се разбирала на следниот начин: *„ставот дека на агресивната и незаконска употреба на сила од страна на една нација против друга ќе биде одговорено со здружената сила на сите други нации. Сите ќе соработуваат во контролирањето на некој што го нарушува мирот. Тие ќе постапуваат како еден за сите и сите за еден. Нивните здружени сили ќе бидат гарант на безбедноста на секој од нив."*[81]

Сепак, настаните (пред сè во економската и еколошката сфера), во текот на осумдесеттите години од минатиот век, иницираат растечко незадоволство во однос на ваквото традиционално сфаќање на безбедноста, кое ги привилегира државата и воената сила. Во тој контекст, сè погласни стануваат барањата и определбите за надградување или проширување на концептот за безбедност надвор од воената димензија . Од тука, се промовираат следните перцепции за безбедносниот концепт: *„како прво, концепт на безбедност кој се фокусира не само на државата, туку кој ги вклучува поединците и светската заедница како целина; второ, концепт кој не е ориентиран кон статус кво, туку кон иднината и кој настојува да се воведуваат прогресивни промени; и трето, концепт кој вклучува широка агенда на закани (како, на пример, економски, еколошки и човечки права) со кои се спречуваат луѓето да живеат исполнет и слободен живот."*[82]

Во однос на безбедносниот концепт од аспект на меѓународните односи како научна дисциплина, исто така не може да стане збор за постоење на една општо-прифатена и универзална дефиниција за безбедноста. Според проф.д-р Б. Ванковска:

[80] Ken Booth and Nicholas Wheeler, "Contending philosophies about security in Europe" in: Colin McInnes (ed.), Security and strategy in the new Europe, London and New York: Routledge, 1992, стр. 4

[81] Hassan Faruk Al Imran, "Collective security system of UN at a glance", The Daily Star: http://archive.thedailystar.net/law/2003/11/03/depth.htm (пристапено во март 2013)

[82] Ken Booth and Nicholas Wheeler, "Contending philosophies about security in Europe" in: Colin McInnes (ed.), Security and strategy in the new Europe, London and New York: Routledge, 1992, стр. 4

*„. . . безбедноста е еден од оние изрази кои, поради инфлацијата на нивната употреба, поврзана со голем број дефиниции, на крајот доживуваат негативен ефект во однос на првичната намера. Наместо разјаснување, се случува замаглување. . .* “[83].

Најголемиот дел од научниците кои се занимаваат со меѓународните односи ја употребуваат дефиницијата за безбедност која вклучува активности за намалување на идентификуваните вредности. Дефинирана на таков начин, безбедноста е неизбежно политичка, односно, таа игра витална улога при одлучувањето: кој, што, кога и како добива во светската политика[84]. Ваквиот пристап, вклучува толкување на минатото (конкретно на тоа како различните групи ја сфаќале и ја практикувале безбедноста), разбирање на сегашноста и обиди за влијаење врз иднината. Како таков, концептот на безбедност се споредува со адут во борбата за распределба на ресурси. Без сомнение, безбедноста е „*моќна политичка алатка за привлекување внимание кон приоритетни ставки во натпреварот за вниманието на владата. Исто така, безбедноста помага и во вградувањето свест за важноста на така етикетираните прашања во умовите на пошироката јавност*“[85]. Следствено на тоа, во голема мера е важно кој има право да одлучи што значи безбедноста, кои прашања доспеваат на безбедносните агенди, како треба да се решаваат тие прашања и, она што е суштински важно, што се случува кога се судираат различните визии за безбедноста.

Според, Едвард А. Колоѕиеј, безбедноста претставува „*специјален облик на политика – вид на општиот род на политиката*“, но не сите политички прашања се безбедносни, додека сите безбедносни прашања се политички[86]. Прашањето на безбедноста во политиката е инкорпорирано во агендата кога „*актер или актери во политички спор се закануваат со примена на сила за да го добијат тоа што го сакаат*“[87]. Политичките спорови или проблеми кои не содржат елементи на закана или на примена на сила не се вклучуваат во безбедносните прашања. Сепак, секогаш кога постои употреба на сила или барем закани за употреба на сила, проблемот автоматски станува прашање на безбедност. По пропаста на Сојузот на советски социјалистички републики (СССР) и крајот на периодот на Студената војна, безбедносните прашања се здобија со огромно

[83] Ванковска, Билјана, *Меѓународна безбедност:Критички пристап*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, Филозофски факултет, 2011, стр.11

[84] Фамозниот цитат на американскиот политички научник Харолд Ласвел. За повеќе детали, види: Lasswell, Harold D., *Politics: Who Gets What, When and How*, New York: McGraw-Hill, 1936

[85] Buzan, Barry, *People, States and Fear: An Agenda for International Security Studies in the Post-Cold War Era* (London: Harvester Wheatsheaf, 2nd edn), 1991, стр.370

[86] Edward A. Kolodziej, Security and International Relations, Cambridge: University Press, 2005 стр. 22

[87] *Ibid*, стр.22

значење, затоа што светот стана посложен, поради исчезнувањето на рамнотежата што ја обезбедуваше биполарниот светски ред во периодот на Студената војна, а етничките, религиозните, секташките спорови преминуваат во војни и терористички активности[88].

Во однос на дефиницијата за концептот на безбедност, Јан Белами истакнува дека станува збор за:

„ . . . *релативна слобода од војна, во комбинација со високи очекувања дека поразот не би бил последица од евентуална војна што би се случила. . .* ".[89]

Колоsиеј, од друга страна, ја објаснува безбедноста како концепт кој:

„ . . . *имплицира и средства на принуда да се задржи агресор и сите начини на убедување, потпомогнати со изгледите за заемни придобивки, за непријателството да се трансформира во соработка. . .* "[90]

Посочените ставови можат да се сметаат за релевантни за периодот на двете светски војни, т.е. за периодот во текот на кој доминантна е перцепцијата дека државите се во постојана битка за моќ. Сепак, во ерата по Студената војна, концептот за безбедност стана многу повеќеаспектен и сложен. Во својата книга „Луѓе, држави и страв", Бери Бузан, истакнува дека во претходниот период концептот за безбедност бил „*претесно основан*"[91], при што неговата цел била да понуди „*поширока рамка на безбедност*"[92], во која ќе бидат вградени концепти за кои претходно не се сметало дека се дел од безбедносната агенда, како што е регионалната безбедност, или општествените и еколошките сектори на безбедноста. Како таков, пристапот на Бузан е интересен, од причина што истиот ја разгледува безбедноста од повеќе аспекти, движејќи се од микро кон макро димензијата, опфаќајќи ги во исто време општествените аспекти на безбедноста и на начинот на кој луѓето или општествата ги конструираат заканите или ги претвораат во безбедносни прашања.[93]

---

[88]Collins, Alan, "Contemporary Security Studies", Oxford: Oxford University Press, 2007, стр. 2. За повеќе детали, види: Георгиева, Лидија, *Европска Безбедност,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филозофски факултет, 2010

[89]Bellamy, Ian, "Towards a Theory of International Security", *Political Studies*, 29/1, 1981, стр. 102

Edward A. Kolodziej, Security and International Relations, Cambridge: University Press, 2005 стр. 25

[91]Buzan, Barry, *People, States and Fear: An Agenda for International Security Studies in the Post-Cold War Era* (London: Harvester Wheatsheaf, 2nd edn), 1991, стр. 8

[92]*Ibid*

[93]*Ibid*

Во постстуденовоениот период, колапсот на биполарниот свет исто така иницира соодветно преформулирање на концептот за безбедност. Така, распадот на Варшавскиот договор продуцираше и отфрлање на дотогашната главна воена закана (од СССР) врз која беа градени мноштвото безбедносни и одбранбени политики на Западна Европа по крајот на Втората светска војна. Практично со елиминирањето на Советската закана, се отвори можноста Западот да ја намали својата воена подготвеност, да го намали бројот на своите војници и оружја и до одреден степен да ги редуцира финансиски оптоварувања во оваа сфера.

Сепак, основниот карактер на меѓународната политика и понатаму останува непроменет. Воената моќ и натаму игра улога на стариот континент, како што беше јасно демонстрирано во текот на судирите на Балканот, во кои доминантна беше употребата на воената сила. Истовремено, географската положба на Русија не се промени, ниту исчезна нејзината потенцијална моќ, а нуклеарното вооружување сè уште постои. „*Но, иако воената моќ може, на некој сложен начин, да придонесе кон тежината на државите во нивните меѓусебни односи во Западна Европа, воената моќ не игра улога во тие односи во директна смисла. Тоа е реалниот безбедносен систем во Западна Европа.*“[94]

Генерално, како резултат на новите безбедносни ризици и закани по крајот на Студената војна, се појавуваат нови и алтернативни сфаќања и перцепции на безбедноста. Во тој контекст,сè повеќе е присутен ставот дека безбедноста не може да се анализира единствено низ призмата на воената сила, бидејќи истата ја надминува таа димензија. Така, напуштајќи го акцентот врз одбраната на територијата на една нација-држава од надворешна воена закана, дискусиите за безбедносната и одбранбената политика сè позасилено почнуваат да се фокусираат на таканаречените нетериторијални закани и да опфаќаат еден проширен безбедносен концепт. Надградувајќи се на идејата дека концептот на безбедност треба да се прошири, во студиите и на европската и на меѓународната безбедност сè побројни се концепти како „сеопфатна безбедност“, „човекова безбедност“, „десекуритизација“, „мека сила“ и „мека безбедност“. Овие нетериторијални закани, кои на тој начин претставуваат главни закани за европската безбедност во иста мера како и воените закани од територијалните држави, се поврзани со бројни, многу разновидни прашања.

[94] Dieter Mahncke, Chaillot Papers: Parameters of European Security, n°10, Paris: Institute for Security Studies / Western European Union, September 1993, стр. 3-4

Тие варираат од општествени и економски нееднаквости до тероризам, ширење на оружјата за масовно уништување, еколошки проблеми, човечки катастрофи, етнички судири, меѓународен криминал, па дури и миграција. Често дефинирани како безбедносни прашања со еднаква важност за воените прашања, нетериторијалните закани се исто толку важни, а во одредени ситуации можеби претставуваат и поважни безбедносни ризици отколку заканата од надворешна воена инвазија. Како резултат на тоа, новата политичка ситуација ја проширува дебатата, придонесувајќи кон концептуалната нејасност на поимот безбедност и кон брзата промена на нејзината дефиниција[95]. Освен тоа, треба да се наведе и дека колективната безбедност еволуираше заедно со концептот на безбедноста, вклучувајќи поширок спектар на закани.

Врз основа на претходно презентираното, може да се истакне дека современото сфаќање и дефинирање на безбедноста се базира врз неколку елементи кои можат да дадат објаснување и на процесот на европските безбедносни интеграции и формирањето европски (безбедносен) идентитет. Во тој контекст, првиот елемент е поврзан со дводимензионалноста на безбедносниот концепт, па од тука, безбедноста претставува комбинација од:

- прво, безбедност на државата поврзана со суверенитетот, и
- второ, социеталната безбедност, поврзана со идентитетот.[96]

Оттука, безбедноста се дефинира како отсуство на закани кои воспоставените клучни вредности. Во објективна смисла, безбедноста го одразува отсуството на закани кои овие вредности, додека во субјективна смисла, отсуството на страв дека вредностите ќе бидат загрозени.

Вториот елемент се однесува на нејзиното хоризонтално проширување кое не подразбира перцепција и сфаќање на безбедноста единствено низ призмата на воениот сектор, туку нејзино поимање и преку политичката, економската, социеталната и еколошката сфера.

На тој начин се потенцираат различните интеракции во рамките на секторите, при што: во воениот сектор тоа е насилството со употреба на сила; во политичкиот сектор тоа е односот помеѓу моќта, обликот на владеење и признавањето; во економскиот сектор

[95]Helene Sjursen, Arena Working Papers: Changes to European Security in a Communicative Perspective, WP 1/04, Oslo: Arena, 2004, стр.1-2;15-16, Helene Sjursen, Arena Working Papers: New Forms of Security Policy in Europe, WP 01/4, Oslo: Arena, 2001, стр. 4-5

[96] Концептот за социетална безбедност е поврзан со опстанокот на групите/заедниците кои споделуваат заеднички идентитет, култура и јазик.

тоа е односот помеѓу трговијата, производството и финансиите; во социеталниот сектор станува збор за односот кон колективниот идентитет; и во еколошкиот сектор, тоа е односот помеѓу човекот и биосферата.[97]

Третиот елемент е посветен на продлабочувањето на концептот за безбедност. Имено, наспроти ставот на традиционалните безбедносни студии дека државата е примарен објект на безбедноста и дека следствено на тоа националната безбедност е во центарот на интересот за безбедноста, со продлабочувањето на концептот за безбедност се инкорпорираат нови нивоа на анализа, и тоа: меѓународно/глобално ниво, регионално и субрегионално ниво, национално, субнационално и индивидуално ниво.

Во контекст на претходно посоченото, посебно од аспект на вториот и третиот елемент, концептот за европската безбедност може да се анализира од повеќе аспекти. Имено, несомнено е дека терминот европски/а може да биде предмет на анализа од географска, политичка, економска, воена и социетална (формирањето на европскиот идентитет), гледна точка. Натамошното внимание е насочено кон активностите и пристапот на ЕУ во однос на воено-безбедносните прашања, па затоа во делот што следи се анализираат развојните фази, целите и инструментите на концептот за европска безбедност.

## 3.2 Развојни фази на европскиот безбедносен концепт

Тргнувајќи од тезата на конструктивизмот дека за адекватно разбирање на актуелните процеси и настани, неопходно е познавање на околностите и условите кои иницирале нивна појава и развој, во рамките на овој дел разбирањето на современата европска безбедносна проблематика, се следи и анализира преку развојот на европските безбедносни интеграции. Во тој контекст, можат да се идентификуваат неколку фази на развојот на европскиот безбедносен концепт. Тие се следните:

Првиот период (1945-1954 год.), ја претставува рамката во која дебатата помеѓу европските држави во однос на прашањата на војната и мирот се фокусира кон разрешување на проблемот на суверената независност во однос на националната безбедност, при што решението се бара во формирањето поефикасни меѓународни безбедносни институции. Два значајни процеси кои имале директно влијание врз иницирањето на ваквиот пристап на безбедносните предизвици, претставуваат:

[97] Георгиева, Л.: Европска безбедност, Филозофски факултет, Скопје, 2010, стр.70.

неможноста да се ограничи и да се спречи нацистичката експанзија на Германија, како и перцепцијата за неможност да се спречи советското влијание во иднина. Врз основа на посоченото, во 1948 година е потпишан Брселскиот договор[98] со кој е формирана Западно Европската Унија (ЗЕУ), додека во 1952 година, се склучува и договор за Европски одбранбен сојуз, кој доколку се реализираше, требаше да продуцира формирање европска армија со заедничка командна структура.

Втората фаза ја претставува периодот од 1954 до 1962 год., во рамките на кој карактеристична е негативната одлука на францускиот парламент во однос на ратификувањето на Европскиот одбранбен сојуз, со што практично се запира процесот на оформување на специфичен европски одбранбен сојуз базиран врз сопствени одбранбени капацитети. Поради тоа, со пристапувањето ан Сојузна Република Германија во НАТО, како и со преземањето на обврските за соработка и за заедничко планирање на одбраната во рамките Алијансата, процесот на формирањето на Европски одбранбен сојуз, се пренасочува кон потпирање врз лидерството на САД во остварувањето на безбедноста на европските држави.

Третата фазасе однесува на периодот од 1962 до 1968 год, и карактеристично за истата е заговарањето на идејата за формирање на Европски столб во рамките на НАТО. Главната причина за тоа, произлегува од зголемениот интерес на САД за споделување на одговорноста со европските сојузници во однос на реализирањето на стратегијата за одвраќање. Притоа, соработката на планот на одржувањето на нуклеарните капацитети се перципира како инструмент кој треба да ја гарантира безбедноста на сојузниците, но и како инструмент кој треба да го спречи ширењето на нуклеарното вооружување.

Четвртата фаза, т.е. периодот од 1968 до 1978 год., ја карактеризира посебното и одвоено анализирање на стратегијата на одвраќање од една страна и европската соработка на безбедносен план од друга страна. Во тој контекст, според едниот аспект, во овој период вниманието треба да биде насочено кон унапредување на споделувањето на обврските помеѓу сојузниците, а другиот аспект, ја истакнува можноста за зголемување на европското влијание во рамките на НАТО. Во прилог на вториот аспект во посочениот период, е и намалената и разнишана репутација на американската администрација по Виетнамската војна.

---

[98] Договорот е потпишан на 17 март, 1948 година од страна на Велика Британија, Франција, Белгија, Луксембург и Холандија, и истиот се базира врз нивната заедничка одбранбена стратегија и економско-културната соработка.

Следната, петта фаза е период од 1978 до 1987 год., во рамките на кој, помеѓу европските држави се повеќе стануваат присутни убедувањата за постоењето на различни интереси помеѓу сојузниците. Во тој контекст, карактеристични се разликите помеѓу Европа и САД во однос на стратегиската одбранбена иницијатива и радикалните предлози за нуклеарно разоружување на самитот во Рејкјавик. Како резултат на тоа, се актуализираат иницијативите за ревитализација на ЗЕУ како инструмент каде ќе можат да се дискутира за европските интереси без присуство на САД.

Периодот од 1987 до 1991 год, е шестата фаза од развојот на европскиот безбедносен концепт. Оваа фаза ја карактеризираат најдраматичните промени кои суштински влијаеа врз дебатата за европската безбедност. Во таа насока, како клучни настани во овој период, можат да се посочат: обединувањето на Германија, и интегративните процеси во Западна Европа од една страна и дезинтеграциите на Варшавскиот договор и СССР и на поранешна Југославија од друга страна.

Последната декада од XX век (1991-2001год.), ја сочинува седмата фаза, во чии рамки се интензивира дебатата за безбедносните предизвици поврзани со внатрешните конфликти и различните форми на насилство во рамки на истите. Притоа, вниманието е насочено и кон изнаоѓање на нова улога на меѓународните безбедносни институции, пред се на НАТО. Во посочениот период, НАТО за прв пат ја надминува неговата операционалната зона со интервенцијата во конфликтот во Босна и Херцеговина, а потоа и со интервенцијата во Косово. Покрај НАТО, на значајни институционални модификации, со цел креирање адекватни капацитети за одговор на новите безбедносни предизвици, беа изложени и ООН, ЕУ и ОБСЕ. Во однос на влијанието на безбедносното опкружување врз европскиот безбедносен концепт во овој период, Антон Гризолд ги истакнува следните карактеристики: 1) крајот на Студената војна, наместо очекуваниот мир, стабилност и безбедност, продуцираше конфликти со деструктивни пристапи и процеси; 2) поради различното, пошироко сфаќање на концептот за безбедност, се јавува потребата за развивање на заеднички и сеопфатен европски безбедносен поредок; 3) основите за новиот безбедносен поредок во Европа се базираат врз сфаќањето дека судирот на интереси помеѓу европските држави е помалку присутен отколку во периодот на Студената војна и следствено на тоа, вниманието треба да биде насочено кон примена на принципот на соработка во разрешувањето на меѓусебните спорови; 4) безбедноста во Европа ја градат повеќе меѓународни организации, како: НАТО, ЕУ, ЗЕУ и ОБСЕ, при што нивното

функционирање треба да овозможи покривање на воените и на невоените аспекти на безбедноста во Европа.[99]

Осмата фаза ја сочинува периодот од 2001 до 2008 година. Станува збор за период во кој по терористичките напади од 09.11.2001 год., САД како директна жртва на тероризмот, иницираат нов пристап и формулирање на нова безбедносна стратегија. Во тој контекст, во 2002 година САД усвојуваат нова безбедносна стратегија во која новата улога на САД е дефинирана како отскокнување и пренасочување од хегемонистичката кон империјалистичка политика, со лидерско место во борбата против тероризмот. Сепак, во овој период, разликите во безбедносните перцепции кон новите закани, но и во однос на способностите за справување со нив, исто така креираа различни погледи помеѓу ЕУ и САД, кои особено се изостриja при интервенцијата на САД врз Ирак.

Во рамките на оваа фаза, неминовна е и потребата за прилагодување на Европскиот безбедносен комплекс кон сѐ повеќе развиената меѓународна ситуација, во која глобализацијата игра сѐ поголема улога и која со себе носи нови видови закани, меѓу кои и меѓународниот тероризам, кој го предизвикуваат не само традиционалните, туку и нови актери. Сепак, тука треба да се истакне дека европскиот безбедносен комплекс се разликува од останатите по тоа што неговата главна динамика е интеграцијата, која влијае врз сите други прашања, особено врз начинот на кој актерите го прилагодуваат и го трансформираат европскиот безбедносен систем.

Во текот на 2008 година, два настани иницираат нов поглед кон креирањето на европскиот безбедносен концепт. Имено, самитот на НАТО во Букурешт и интервенцијата на Русија во Грузија, најавуваат враќање на Русија на меѓународната безбедносна сцена. Во тој контекст е и предлогот на тогашниот руски претседател Медведев за иницирање нов модел на европска безбедност, кој ќе се базира врз принципи на колективната безбедност и на кој подоцна ќе можат да му се приклучат и други безбедносни организации.

Исто така, во контекст на денешното актуелно безбедносно европско опкружување, несомнено е дека главниот предизвик за безбедноста улога на ЕУ, претставува нејзиниот пристап за менаџирање и надминување на украинската криза. Пристапот на ЕУ во однос на посочената криза, подетално е анализиран во рамките на четвртото поглавје од овој труд.

[99] Grizold, A.: Evropska varnost, FDV, 1999,стр.27-35

Врз основа на сето претходно презентирано, може да се констатира дека едно од главните безбедносни прашања на Европа, претставува стремежот за трансформација на мултиполарна Европа во похомогени единици. Актуелноста на ова прашање особено доаѓа до израз по завршувањето на Студената војна[100]. Од историски аспект, тоа, меѓудругото и поради влијанието на европската интеграција врз унапредувањето на процесот на помирувањето меѓу регионалните актери во Европа.
Во таа смисла, ЕУ функционира како безбедносен систем, дефиниран како цврсто поврзана безбедносна заедница, со внатрешни, но и надворешни безбедносни функции. Според тоа, ЕУ, со нејзините напори да го придвижи процесот на интеграција, мора да се смета за важен актер на десекуритизацијата во еден европски безбедносен комплекс, кој е сè уште доста хетероген и во кој дифузните закани, освен воената закана, добиваат сè поголемо значење. Освен ЕУ, и покрај тоа што таа е најважниот фактор кој придонесува кон трансформацијата на Европа во една похомогена единица, и другите безбедносни институции, исто така, играат улога во еволуирачкиот безбедносен комплекс на Европа во напорите на еден или на друг начин Европа да се направи похомогена од аспект на безбедноста. Со оглед на тоа што европската безбедност денес сè повеќе се остварува преку мултилатерални институции, може да се забележи една растечка институционализација на односите меѓу европските држави[101].

*„Со Европа од Јалта замината во историјата, од суштинска важност е да не дојде до враќање кон Европа од Версај. Крајот на поделбите во Европа треба да биде точката од која ќе се тргне кон обликувањето на поголема и сè поинтегрирана Европа, зајакната со проширено НАТО [Северноатланска алијанса] и уште побезбедна како резултат на конструктивен безбедносен однос со Русија."*[102]
На овој начин, Збигњев Бжежински, во неговата книга „Големата шаховска табла: американската превласт и нејзините гео-стратегиски императиви" во 1997 година ја оцени претстоечката еволуција на европскиот безбедносен концепт. Тоа беше околу

[100]Имено, според одлуките на Самитот на ЕУ во Мастрихт,1991 година, архитектурата на ЕУ се збогатува со уште два столбови: ЗНБП и правда и внатрешни работи.
[101]Helene Sjursen, Arena Working Papers: Changes to European Security in a Communicative Perspective, WP 1/04, Oslo: Arena, 2004, стр.16-18
[102]Zbigniew Brzezinski, The Grand Chessboard: American Primacy and its Geostrategic Imperatives, New York: Basic Books, 1997, стр. 86

седум години по крајот на биполарниот свески поредок, кој го обликуваше стариот континент речиси половина век, и во тоа време еволуцијата на безбедносниот систем во Европа сè уште беше под знак прашање, како што, во најголема мера, е и ден-денес.

Особено на почетокот на деведесеттите години од минатиот век, набргу по крајот на Студената војна, воопшто не беше јасно каков облик ќе заземе безбедносниот систем на стариот континент. Крајот на Студената војна радикално ја смени безбедносната рамка во Европа. И, како што често се случува по ерата на војните и неизвесноста, по Студената војна постоеше и прашањето на преиспитување на безбедноста од сите нејзини аспекти низ цела Европа, па дури и надвор од неа.

Во таа насока, според Бери Бузан:

*„. . . во текот на наредните неколку декади, Европа речиси сигурно ќе стане уште еден регион во еден вистински глобален, мултиполарен меѓународен систем. Таквото губење на централно значење означува длабока промена на состојбите во европската безбедност и голема можност, ако не и потреба од нов начин на размислување и нови политики. . .“*[103]

Генерално, во овој период настапува редефинирање на процените за најважните безбедносни предизвици за Европа. Во таа насока, кај европските, а особено кај западноевропските држави, сè повеќе се прифаќа тезата за можноста нивната национална безбедност да биде загрозена по пат на директна воена закана. Поради тоа, фокусот се насочува кон подифузни безбедносни предизвици, како што се општествените и економските нееднаквости, тероризмот и ширењето на оружјето за масовно уништување, еколошките проблеми, хуманитарните кризи, етничките судири и меѓународниот криминал.

*„. . . Паралелно со тоа, во Европа се разви дебата околу легитимноста на употребата на воена сила во други контексти или за други цели освен за одбрана на националната територија. Во тој контекст, ЕУ изникна како актер на национална безбедност, особено во ситуации во кои се бараа колективни решенија, како и во ситуации во кои постоеше потреба од политички и економски инструменти, а не воена сила. Во одредена смисла, ЕУ може да се сфати како отелотворување на кооперативен приод кон безбедноста, поттикнат од „новата“ европска безбедносна агенда. Во клучните аспекти, таа успешно ја „вдоми“ безбедноста кај своите сопствени земји-членки. Од друга страна, се очекуваше дека НАТО, кој беше изграден*

[103]Buzan, Barry Morten Kelstrup and Pierre Lemaitre, The European Security Order Recast: Scenarios for the Post-Cold War Era, London and New York: Pinter Publishers, 1990, стр. 32

*врз основа на традиционално сфаќање на безбедноста и одбраната, ја надживеал својата улога. . .* "[104].

Во оваа насока е и размислувањето на Антони Фостер *(Anthony Foster)*, за европското безбедносно опкружување по Студената војна. Имено, според него настаните и промените од крајот на 90-тите години на минатиот век, претставуваа трансформација на односите кои дотогаш ги обележуваа релациите на просторот на Европа. По распаѓањето на советскиот сојуз и Варшавскиот договор, исчезнаа дотогашните безбедносни и одбранбени нишки, додека распадот на Советот за заемна економска помош, означи и распаѓање на економските нишки и релации помеѓу источноевропскиот блок на држави. [105]

Од аспект на самата констелација на односи на европскиот континент во спомнатиов период, станува факт дека Русија ја презема улогата на голема сила од поранешниот Советски Сојуз по неговото распаѓање во 1991., при што и понатаму ја зема во предвид потребата од експанзивните барања и цели на нејзината сопствена национална безбедност. Затоа, како и САД, и таа продолжува да ја перципира Европа како значаен фактор во сопствените безбедносни калкулации.

Од друга страна пак, во овој период карактеристичен е и процесот на европската политичка и економска интеграција, кој што продолжи да зема сила на почетокот од деведесеттите години, пред сè како последица на Единствениот европски акт, воспоставувањето на монетарна и политичка унија, како и натамошното проширување на ЕУ, главно кон северот и истокот (со приклучувањето на Шведска, Финска и Австрија кон ЕУ во 1995.). Како настан со иницијално влијание врз ваквите процеси, може да се посочи обединувањето на Германија, кое несомнено овозможи формирање на нов движечки потенцијал кој ги поттикна интегративните и процесите на проширување, како во ЕУ, така и во рамките на НАТО.

Наспроти посочените негативни и позитивни активности кои го обележија крајот на Студената војна, колапсот и распаѓањето на претходниот светски поредок и констелацијата на меѓународни односи карактеристична за време на Студената војна, директно не иницираше соодветен и јасен патоказ за насоките според кои ќе се трансформираат западноевропските безбедносни структури. Имено, по распаѓањето на СССР, исчезна надворешната закана за ЕУ, во оној облик во кој беше перципирана за

[104]Helene Sjursen, Arena Working Papers: The Common Foreign and Security Policy: an Emerging New Voice in International Politics?, WP 99/34, Oslo: Arena, 1999, стр. 3

[105] Foster, A.: Cooperative Security Structures of the Western World-Challenges to Western Security in the 21 Century, in: Rethinking European Order:West European Response, 1997, Oxford University Press,стр.321.

време на Студената војна. Всушност, за разлика од заканите во тој период, западноевропските држави, од една страна почнуваат да се соочуваат со надворешни кризи, како оние во поранешна Југославија, во БиХ и Косово, како и со закани од типот на инвазијата на Ирак врз Кувајт од друга страна. Притоа, во однос на заканите, карактеристично е тоа што во справувањето со истите, дотогашното политичко лидерство на САД во однос на западноевропските држави се менува и ослабува, поради што на крајот на XX век, се јавува потребата за развивање и јакнење на капацитетите на западноевропските држави за ефикасно дејствување во оваа сфера.

Всушност, справувањето со југословенската криза во голема мера ја илустрираше состојбата со безбедносните капацитети и способности на ЕУ во постстуденовоениот период. Притоа, една од причините за инволвирањето на ЕУ во таа криза, произлегува од незаинтересираноста на останатите меѓународни актери за нивно поактивно учество во истата. Имено, од една страна, Советскиот Сојуз, а потоа и Русија, *„имаше долгогодишен интерес на Балканот, но Советскиот Сојуз веќе беше навлезен во своите претсмртни маки, при последниот здив беше воениот преврат во август 1991."*[106]

Од друга страна, како што претходно беше истакнато, Соединетите Држави, ја препуштија сферата на дејствување на самите европејци, тргнувајќи од ставот дека ниту еден од нејзините национални интереси не е доведен во опасност и следствено на тоа, дека вмешувањето на САД, не би било во корелација со ниту еден нејзин национален интерес.

Ваквата констелација на односи, директно ја отвори можноста за дејствување и интервенција на самата ЕУ. Во тој контекст, нејзиниот ангажман на Балканот може да се анализира од неколку причини. Една од причините, произлегува од европскиот стремеж за подобро реагирање и интервенирање во поранешна Југославија, наспроти нивната несоодветна инволвираност во Заливската војна во 1990 – 1991 година. Сепак, главниот предизвик за ЕУ во овој период претставува фактот дека таа беше сред преговори за Договорот од Мастрихт кога започна кризата во Југославија. Во тој контекст, договорот од Мастрихт, требаше да обезбеди поголема улога на европскиот и на одбранбениот идентитет. *„За разлика од Единствениот европски акт, Договорот од Мастрихт отиде понатаму од чисто преточување на постојна практика во Договор,*

[106]Michael Mihalka, "Political Economy, Weltanschauung and the Transformation of European Security" in: European Security, Vol.10, No.3, London: Frank Cass & Co Ltd, Autumn 2001, стр. 7

*и практично постави нови модели за развој на надворешната и безбедносната политика.*"[107]

Исто така, во тој период карактеристично е и уверувањето дека како резултат на економската и политичката моќ, ЕУ е поспособна да се справи со распадот на Југославија. Сепак, европскиот проблем без сомнение беше проблем на организација и лидерство. Европејците, немајќи „природен лидер", немаа организациска инфраструктура соодветна на директни европски сили. Европа отсекогаш имала интереси и средства, но секогаш ѝ недостигала волја и организација. Освен тоа, во продолжение на Договорот од Мастрихт, Западноевропската Унија [WEU] во 1991 година започна да ги јакне своите институции и да развива воени способности. Таканаречената „Петербуршка декларација", со која се дефинираа безбедносните задачи на WEU така што вклучија и хуманитарни операции и операции на спасување, конвенционално миротворство, како и операции на борбени сили во управувањето со кризи, вклучително и миротворни операции, беше донесена по состанокот во Петербург во јуни 1992 година. Сепак, Европската Заедница, која стана Европска Унија откако Договорот од Мастрихт стапи на сила во ноември 1992 година, не успеа да оформи такви сили во деведесеттите години од минатиот век. Кон тоа уште повеќе придонесе и тоа што *„не дојде до институционално прилагодување кон надворешните промени со очекуваната или посакуваната ефикасност."*[108]

Оттука, неуспехот на ЕУ во своите првични обиди да издејствува мир во поранешна Југославија не беше вистинско изненадување за многумина. Па сепак, ЕУ продолжи со своите напори да донесе безбедност на Балканот. Освен што го презеде управувањето со градот Мостар, што обезбеди силна економска помош за регионот и што соработуваше тесно со Обединетите нации преку Меѓународната конференција за поранешна Југославија, западноевропските држави испратија голем број војници во мисиите на ООН во Хрватска и во Босна и Херцеговина.[109]

Од друга страна, во однос на пристапот на САД, многу европејци, особено Французите, сметаа дека тие ќе се вратат во својот стар изолационизам како што слабее заканата од Советите. Почетоците на југословенската криза се чинеше дека ја потврдува таквата претпоставка. Но, во рок од неколку години и по пат на промена на

---

[107] Helene Sjursen, Arena Working Papers: The Common Foreign and Security Policy: an Emerging New Voice in International Politics?, WP 99/34, Oslo: Arena, 1999, стр. 4

[108] *Ibid*, стр.4

[109] Michael Mihalka, "Political Economy, Weltanschauung and the Transformation of European Security" in: European Security, Vol.10, No.3, London: Frank Cass & Co Ltd, Autumn 2001, стр. 7-10

власта во Белата Куќа, пристапот на Соединетите Држави кон европската безбедност целосно се преориентираше од неореалистички приод, кој се фокусира на сфери на влијание, во пристап на кооперативна безбедност, со акцент на либерализам. Владата на Бил Клинтон, која дојде на власт на 1 јануари 1993 година, драстично се разликуваше по својата идеолошка ориентација од онаа на Џорџ Буш постариот. Таа начелно беше неореалистичка т.е. државите ги сметаше за главните актери во меѓународната политика, а моќта, особено воената моќ, за аргумент во меѓународните односи, додека владата на Бил Клинтон беше првенствено вилсонска, па поради тоа се застапуваше за ширење на демократијата како најдобар начин на обезбедување на безбедноста на САД. Така, неовилсонскиот пристап на владата на Клинтон ги објаснува причините поради кои САД станаа многу поинволвирани во југоисточна Европа во деведесеттите години од минатиот век, додека владата на Буш постариот водеше политика на „лесе фер" кон балканската криза, верувајќи дека поранешна Југославија е област за која одговорноста треба да ја преземат Европејците. Американската влада под водство на Клинтон стана сè позаинтересирана за настаните што се случуваа на Балканот. Додека го разгледувал планот составен од американскиот преговарач Сајрус Венс и неговиот колега од ЕУ Дејвид Овен, Вашингтон, за разлика од Брисел, бил за воздушни напади, со цел да се поддржат опколените босански муслимани, доколку босанските Срби продолжат со притисокот кон нив. Натамошна американска вмешаност може да се види во склучувањето на Вашингтонскиот договор од март 1994 година. Со тој договор за ставање крај на муслиманско-хрватските непријателства беше склучен под покровителство на Вашингтон и со него се поставија темелите за муслиманско-хрватската федерација. Поддршката на САД за Хрватите и за босанските муслимани почна да произведува резултати по извесно време. И навистина, додека ситуацијата на ООН изгледаше сè понесигурна, при што босанските Срби ги држеа миротворците на ООН во заложништво, ситуацијата на теренот се влошуваше. Хрватска ја зазеде Западна Славонија во мај 1995 година, а Краина два месеци подоцна. Успесите на хрватската офанзива и на офанзивата на босанските муслимани на теренот, во комбинација со воздушните напади на НАТО, доведоа до тоа босанските Срби да почнат да преговараат. На крајот, беше склучен Дејтонскиот договор во декември 1995., под закрила на САД. [110]

[110] *Ibid*, стр.9-14

Наспроти тоа, САД имаа доминантна улога во решавањето на конфликтот БиХ. Ваквиот американски ангажман, може да се сфати и како определба за враќање на старата стратегија и започнување на период за повторно јакнење на НАТО како рамка за воена и политичка интеграција на Европа. На тој начин, се иницира состојба за насочување на вниманието на ЕУ кон чисто економски прашања, како резултат на што „забавува и процесот на политичката интеграција на ЕУ".

Војната во поранешна Југославија, особено војната во Босна, влијаеше и врз развојот на надворешната и безбедносната политика на ЕУ. Третманот на војната во Босна од страна на Унијата беше критикувана во голема мера, поради неуспехот по пат на преговори да изнајде мирно решение. Конфликтот во Босна го обелодени целосниот недостиг на воена сила на позицијата на ЕУ.

Наспроти тоа, „новиот НАТО" се сметаше за естаблишмент кој е многу поспособен да ги прифати предизвиците со кои се соочуваше Европа по крајот на Студената војна отколку што тоа можеше да го реализира самата ЕУ. Освен тоа, во рамките на ЕУ, обидите да се постигнат аспирациите на Договорот од Мастрихт се движеа бавно. Меѓувладината конференција [IGC] во 1996/1997 година, која резултираше со Амстердамскиот договор, кој стапи на сила на 1 мај 1999., се сметаше за триумф на Евроатлантистите.[111] Првите процени на Амстердамскиот договор беа доста негативни. Всушност, како и во случајот на Договорот од Мастрихт, се сметаше дека и овој договор му дава само второстепена важност на прашањето на одбраната.

Во јули 1998., Обединетото Кралство, под водство на Премиерот Тони Блер, спроведе „Анализа на стратегиската одбрана", во која ја нагласи важноста на Заедничката надворешно безбедносна политика на Унијата. Одлуката на Лондон сериозно да ја сфати европската одбрана беше апсолутно суштинска за натамошните настани. Промената на приодот на Британија доведе до француско-британската Декларација од Сент Мало на 4 декември 1998. Со оглед што, меѓу другото, ја нагласува улогата на ЕУ во одбраната, како и врвната потреба на ЕУ да ги подобри капацитетите за распоредување сили, врската помеѓу подобрувањето на одбранбените капацитети и улогата на Унијата во светот и релевантноста на НАТО, декларацијата од Сент Мало нашироко се смета за почетокот на европскиот одбранбен проект. По новата можност што ја создава декларацијата од Сент Мало, многу набргу уследија систематски дискусии меѓу земјите-членки за практичното обликување на соработката на полето на

---

[111] Helene Sjursen, Arena Working Papers: The Common Foreign and Security Policy: an Emerging New Voice in International Politics?, WP 99/34, Oslo: Arena, 1999, стр. 6

безбедноста и одбраната. Седницата на Советот на Европа одржана во Келн во Јуни 1999. година влијаеше кон дополнително развивање на идејата иницирана во Сент Мало, при што овој пат петнаесет земји-членки се согласија со истата. Заклучоците од Келнскиот самит нагласија дека ЕУ мора да ги развие потребните капацитети за да ги оствари целите на заедничката безбедноста и одбранбена политика, како и дека „*мора да има капацитет за самостојно дејствување, поддржано од уверливи воени сили.*"[112]

На тој начин,на самитот во Келн, ЕУ ја поставува институционалната рамка која беше неопходна за процесот на политичко одлучување во врска со безбедносните и одбранбените прашања, а на седницата на Советот на Европа во Хелсинки на 10 и 11 декември 1999., уште повеќе го придвижува процесот, преку дефинирање на нови крајни безбедносни цели (Headline goals), според кои до крајот на 2003 година, членките ќе треба да бидат способни во рок од 60 дена да распоредат и во период од една година да одржуваат сили во капацитет од 50 до 60.000 војници. Сепак, при реализацијата на оваа цел, ЕУ се соочи со проблеми, посебно на планот на стратегискиот транспорт, логистиката, командата и контролата и операционалното планирање. Во однос на цивилниот кризен менаџмент, ЕУ дефинираше четири приоритетни области: полиција, владеење на правото, цивилна администрација и цивилна заштита. Во тој контекст, според првичните проекции до 2003 година, капацитетите за цивилен кризен менаџмент на ЕУ, треба да се базираат врз: 5000 полициски офицери за меѓународни мисии во делот на превенцијата на конфликти и справување со кризи кои ќе ги распореди во рок од 30 дена, како и врз 1000 професионалци и помошен персонал особено во областа на владеењето на правото и цивилната администрација.

Врз основа на сето претходно презентирано за карактеристиките на европското безбедносно опкружување по Студената војна, а од аспект на Антон Гризолд, можат да се истакнат следните неколку карактеристики:

- крајот на Студената војна, наместо очекуваниот мир, стабилност и безбедност, продуцираше конфликти со деструктивни пристапи и инструменти;
- иницирана е потребата за развивање на заеднички и сеопфатен европски безбедносен поредок, пред сè заради различното пошироко сфаќање на концептот за безбедност. Ваквото сфаќање се наметнува преку прифаќањето на новото значење на безбедноста кое се наметнува во рамките на меѓународните

[112]Седница на Советот на Европа во Келн, 3 и 4 јуни 1999а: Анекс III §1

безбедносни студии и кое Бузан го дефинира како проширен и продлабочен концепт за безбедност;

- основите на новиот безбедносен поредок во Европа се базираат врз сфаќањето дека судирот на интереси помеѓу европските држави е помалку присутен отколку во периодот на Студената војна. Западноевропските држави сметаат дека принципот на соработка во разрешувањето на меѓусебните спорови е поефикасен во однос на дотогашниот компететивен пристап и во таа насока дека воената несигурност не е веќе главен извор на нестабилност во Европа. Оттука , главните извори на нестабилност се перципираат во економската сфера и во политичката нестабилност на новите демократии. Како резултат на тоа, произлегува потребата при креирањето на мултилатералниот безбедносен систем, како и во стратегиите на западноевропските безбедносни институции, да бидат вклучени и државите од Централна и Југоисточна Европа коишто се определија за политичка и економска трансформација согласно западноевропските вредности.
- Безбедноста на Европа ја градат повеќе меѓународни организации, како: НАТО, ЕУ, ЗЕУ и ОБСЕ. Нивното функционирање треба да овозможи покривање на воените и на невоените аспекти на безбедноста во Европа со што ќе се овозможи европскиот безбедносен систем да не ја дели Европа на подрачја со различен степен на безбедност, а паралелно со тоа, ќе ги задржи САД како активен партнер и учесник и ќе овозможи соработка и партнерство со Русија за виталните европски безбедносни прашања.
- Искуствата од кризите при распаѓањето на СССР и на Југославија се болни и трауматични за европските држави и народи. Употребата на сила и насилство беа основен начин да се остварат различните интереси. Иако од различни аспекти, разрешувањето на посочените кризи се толкува различно, сепак доминантно е мислењето дека кризите можеа да се спречат, а страдањата да се намалат. Ваквото мислење е застапено особено кај аналитичарите кои сметаат дека искуството на западноевропските држави по Втората светска војна, со кое тие преку соработка, заеднички вредности, економски и политички интеграции успеаја да ги надминат меѓусебните проблеми, може да се примени и во градењето на заедничкиот европски безбедносен поредок по Студената војна. [113]

[113] Grizold, A.: Evropska varnost, FDV,1999, стр.27-35

Според искажаното, може да се констатираат две генерални групи на карактеристики на европските безбедносни релации по Студената војна. Имено, од една страна е групата со негативни карактеристики, која ја сочинуваат:

- новите безбедносни проблеми и појавата на слаби држави;
- положбата на малите држави и новите сфери на влијание;
- политика и употреба на сила.

Од друга страна е групата со позитивни карактеристики на пост-студеновоеното безбедносно опкружување, која ја сочинуваат:

- отстранетата опасност од голем вооружен судир;
- развојот на безбедносната соработка;
- регионализација на безбедносната соработка.

Негативните аспекти на пост-студеновоеното европско безбедносно опкружување, можат да се опишат како фактори кои на различни нивоа (индивидуално, национално, регионално, меѓународно), влијаат врз продуцирањето на нови безбедносни проблеми. Притоа, како еден од најсложените проблеми, кој се манифестира како на национално, така и на регионално ниво е нестабилноста и несигурноста со која се соочуваат државните однатре, т.е. комплексот фактори кои креираат т.н. слаба држава чии безбедносни проблеми во голема мера се поврзани со транзициските процеси, но и со безбедносните проблеми од извори и жаришта кои во минатото ги оптоварувале државите.[114] Покрај тоа, иако блоковската поделеност претставува минато, сепак истото не може да се констатира и за политиката на формулирање на нови сфери на влијание на европскиот безбедносен простор. Тоа особено важи за просторот на Централна и Југоисточна Европа.

Од друга страна, во однос на позитивните аспекти, несомнено е дека најзначајна карактеристика претставува генералната констатација дека опасноста од голем вооружен судир во Европа е надмината, пред сè, како резултат на процесите на соработка и мирното решавање на проблемите. Таквите процеси, директно ги елиминираа конфронтацијата и недовербата помеѓу европските држави. Исто така, позитивен аспект претставува и принципот на соработка помеѓу европските партнери не само во рамките на ЕУ, туку и во рамките на НАТО, ОБСЕ и ООН. Процесот на регионализација на планот на безбедноста, ја отвори и можноста државите од европските региони директно и конкретно да дискутираат за проблемите кои

[114]Георгиева, Л.: Европска безбедност, Филозофски факултет, Скопје,2010, стр.87

претставуваат специфичен интерес. Во оваа насока, особено позитивен пример, претставува соработката помеѓу нордиските држави.

## 3.3 Предизвици за европскиот безбедносен концепт во XXI век

Слично како и претходно посочените различни перцепции и ставови за европскиот безбедносен концепт, како и за безбедносниот концепт воопшто, различни толкувања и ставови се присутни и во однос на предизвиците за европскиот безбедносен концепт во XXI век. Во таа насока, несомнено е дека децениските конфронтации и вооружени судири помеѓу европските држави и искуствата од двете светски војни, креираа перцепција за Европа, како за континент кој покрај тоа што претставува ризница на најголемите цивилизациски достигнувања, претставува и простор на кој се имаат случено најголемите страдања. Голем број аналитичари кои ги анализираат европските интеграции, потенцираат дека процесот на обединување на европските држави, вклучувајќи ги и денешните интегративни процеси, претставуваат исполнување на вековниот стремеж на европските народи и држави за воспоставување на мир и за надминување на конфликтите и недоразбирањата. Притоа во денешни услови, неминовно е дека реализацијата на таквиот стремеж, мора да се базира и врз новото сфаќање на безбедноста во XXI век. Притоа, во рамките на овој дел од трудот, предизвиците за европската безбедност, генерално анализирани се низ призмата на предизвиците за безбедносната улога на ЕУ во XXI век, како главен европски актер во оваа сфера.

Во тој контекст, значајно е да се истакне дека поширокото сфаќање на безбедноста во денешната ера на глобализација, упатува на рефокусирање на политиката од заканите кон ризиците, а со тоа и кон воведување на превенцијата како норма на безбедносната политика насочена за спречување и редуцирање на длабоките причини за конфликтите. Во однос на посоченото, треба да се потенцира дека уште на стартот од XXI век, Европската комисија во рамките на ЕУ, усвои *Комунике за превенција на конфликти*, во чии рамки се разгледуваат главните инструменти во оваа сфера и се истакнуваат препораките за спроведување на специфичните активности. Во таа насока, со овој документ се предлага поконсолидиран и реалистичен пристап кон превенцијата на конфликти од страна на ЕУ, при што се препорачуваат серија конкретни предлози за јакнење на нејзините активности и програми на овој план. Оттука, целите на

Коминикето, поконкретно се насочени кон справување со безбедносните предизвици во XXI век, главно преку:

- посистематско и координирано користење на инструментите на ЕУ, посебно на програмите за надворешна соработка;
- подобрување на ефикасноста на акциите преку развивање на посебни методи за идентификување и борба против основните причини за конфликти во нивната почетна фаза, наспроти само посочувањето на симптомите и карактеристиките за време на акутната криза;
- подобрување на капацитетот на ЕУ заради побрза реакција во однос на конфликтите, при првите симптоми;
- промовирање на меѓународната соработка со сите поважни партнери на ЕУ во оваа сфера.

Врз основа на овие цели, се истакнува дека употребата на инструментите за справување со основните причини за конфликтите во XXI век, треба да биде насочено кон: сиромаштијата, социјалната нееднаквост, етничките и религиозните тензии, слабите социо-политички структури, експлоатацијата, недозволената трговија и конфликтите за природни ресурси, како програмите за помош и соработка на ЕУ. Во таа насока, во Коминикето идентификувани се повеќе препораки кон кои треба да бидат насочени активностите на ЕУ за реализација на долгорочна и краткорочна превенција на современите безбедносни предизвици. Групата за долгорочна превенција, ја сочинуваат следните препораки:

- поголем приоритет за регионалната интеграција, а посебно на регионалните организации кои имаат јасна задача во спречувањето на конфликти. Во однос на оваа препорака, како значајни се Договорите на ЕУ за стабилизација и асоцијација со државите од Западен Балкан, како и помошта што ЕУ ја пружа на Советот за регионална соработка во ЈИЕ (лоциран во Сараево);
- обезбедување развојна политика и други програми за соработка, кои ќе бидат јасно фокусирани кон основните причини за појава на конфликти;
- користење соодветни индикатори од стратегиските документи во анализата на потенцијалните конфликтни ситуации;
- развивање на практични програмски средства за насочување на мерките при превенција на конфликти во рамки на програмите за соработка со т.н. држави со ризик;

- кофинансирање со Светска банка и Меѓународниот монетарен фонд на инструменти кои би ја поддржале имплементацијата на стратегиските документи за намалување на сиромаштијата во државите со зголемен ризик од појава на конфликти;
- имплементирање на пофокусирани активности во земјите со зголемен потенцијал од ризик, онаму каде е соодветно, за да се отвори пат кон поповолна демократска средина. Притоа, акцентот е посебно ставен на поддршката на изборните процеси, парламентарните активности и правната администрација;
- унапредување на улогата на ЕУ во безбедносниот сектор, преку форми на активности насочени кон подобрување на полициските активности, разоружувањето, спречувањето на пролиферација на конвенционалното и на оружјето за масовно уништување и сл.;
- унапредување на улогата на ЕУ во постконфликтните ситуации преку активности за консолидација на мирот и за превенција на идни конфликти. Тука, како значајни се посочуваат програмите за рехабилитација, за разоружување, демобилизација и реинтеграција (ДДР), како и програмите кои го поддржуваат процесот на помирување;
- фокусирање кон природните извори и деградацијата на животната средина преку билатерални и регионални програми и засилување на поддршката во имплементацијата на мултилатералните договори за животната средина;
- продлабочување на дијалогот и соработката со специјализираните организации, како: Меѓународното биро за миграции (IOM) и Високиот комесар за национални малцинства на ООН (UNHCR).[115]

Во групата на препораки за краткотрајна превенција, инкорпорирани се следните:

- редовни процени на потенцијалните конфликтни зони, заедно со Генералниот секретар/Високиот претставник, вклучувајќи и воспоставување механизми за рано предупредување;
- иницирање на дебата со Советот за начините на оспособување на ЕУ во планирањето и имплементирањето на превентивните санкции;
- посистематска употреба на политичкиот дијалог во услови каде кризата е неизбежна. Таквиот дијалог треба да се базира врз силна политичка основа и

[115] Извор: http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:52001DC0211

истиот треба да е пофокусиран, пофлексибилен со време и поинтензивен за разлика од претходните пристапи на ЕУ на овој план;

- охрабрување на земјите-членки да работат заедно со ООН и ОБСЕ на тренинзи и обуки во сферата на владеење на правото и јавната администрација за персоналот кој треба да учествува во меѓународни мисии.[116]

Врз основа на презентираните препораки за долгорочна и краткорочна превенција, може да се констатира дека пристапот на ЕУ во безбедносна сфера, т.е. во справувањето со современите безбедносни ризици и закани во XXI век, се базира врз поширокото сфаќање и перципирање на безбедносниот концепт. Потврда за тоа, меѓудругото претставува и содржината на посочените препораки во кои се истакнува дека ефикасното справување со идните безбедносни ризици и закани, мора да се базира врз комбинирана употреба на воени и невоени (политички, економски, развојни, еколошки и сл.) инструменти. Во тој контекст, се подоминантно е сфаќањето дека во XXI век, безбедноста како базичен концепт не е само состојба на државата и производ на меѓународното безбедносно опкружување, туку истата претставува и социјална конструкција и последица на повеќе фактори кои истовремено влијаат и врз безбедноста на поединецот, т.е. индивидуата.

Врз основа на спомнатава платформа, безбедносната стратегија на ЕУ[117], ги идентификува следните безбедносни закани и ризици за европската безбедност во XXI век: тероризам, ширење на оружје за масовно уништување, регионални конфликти, распаѓање на државите и организиран криминал. Заканите можат негативно да влијаат како врз националната и регионалната, така и врз индивидуалната, т.е. човековата безбедност, при што нивните карактеристики и влијание врз посочените видови на безбедност, подетално се анализирани во четвртата глава од трудот.

Може да се констатира дека, со почетокот од XXI век, ЕУ почнува да креира една посоодветна рамка за развој на нејзината безбедносна улога во контекст на современото безбедносно опкружување. Тука, како особено значајни се: Коминикето за превенција на конфликти (2001 год.) и Европската безбедносна стратегија (2003 год.), кои ги идентификуваат безбедносните предизвици за европската безбедност во новото време, како и начините и инструментите за справување на ЕУ со истите. Сепак, наспроти тоа, несомнено е дека посочената рамка не се покажа како единствено

[116]Текстот на Коминикето е достапан на: http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:52001DC0211

[117]Стратегијата е усвоена на Самитот на ЕУ во Гетеброг, 2003 година.

доволна за иницирање на проактивна улога на ЕУ во однос на два настани кои се случија во нејзиното безбедносно опкружување. Имено, станува збор за интервенцијата на Русија во Грузија во 2008 година и за украинската криза (2014 год.) која е сѐуште активна. Украинската криза мошне јасно ја истакнува потребата за дополнителен развој и унапредување на капацитетите и инструментите на ЕУ како безбедносен актер. Поконкретно, ваквата потреба е анализирана во следната четврта глава од трудот, во делот којшто се однесува на активностите на ЕУ кои се насочени кон реализација на целите на нејзината безбедносна стратегија.

Инаку, со оглед на фактот дека современите безбедносни ризици и проблеми, меѓудругото, директно го свртеа вниманието и очекувањата кон водечките меѓународни безбедносни институции, т.е. кон нивните активности во оваа сфера, во делот што следи, поконкретно се анализирани токму нивните карактеристики и безбедносни улоги.

## 3.4 Карактеристики на меѓународните безбедносни институции (МБИ)

Меѓународните безбедносни институции (МБИ), претставуваат значајна подгрупа на меѓународните институции, а во таа насока и на политичките институции воопшто. Притоа, како и многу други теми во меѓународната политика, изразите „меѓународна безбедност“ и „меѓународни институции“ имаат повеќекратни значења. Во контекст на формулацијата на проблемот на истражување на овој труд, терминот меѓународна безбедност се сфаќа низ призмата на елиминирање и отстранување на намерни, политички мотивирани дејствија на физичко насилство насочено од еден политички актер против друг, кое обично, но не и исклучиво, ги надминува меѓународните граници. Оттука, меѓународните безбедносни институции, претставуваат институции чие внимание и активности се насочени кон регулирање на:

a) употребата на закана со инструменти (оружје) за политички цели, кои се дизајнирани да предизвикаат повреда или смрт на човечки суштества и штета или оштетување на физички објекти, како и одговори на такви закани и употреби од страна на други актери;

b) производството, поседувањето, размената и трансферот на оружја од различен вид; и

c) мирновременско распоредување и активности на воени сили вооружени со такви оружја.[118]

Сепак, може да се истакне дека многу меѓународни безбедносни институции работат и на прашања кои ги надминуваат посочените области. Во тој контекст, во теоријата не постои една општо прифатена и универзална дефиниција за меѓународните безбедносни институции. Така, институционалната теорија издвојува два вида безбедносни институции и тоа:

- класични сојузи (alliances), формирани според намерата за справување со заканите; и
- безбедносни институции за справување со ризиците.

Во објаснувањето на разликите помеѓу спомнатите видови на безбедносни институции, институционалистите тргнуваат од претпоставката дека според фактот што институциите треба да се справат со различни безбедносни проблеми, логично е дека треба да се очекуваат и различни институционални решенија. Во тој контекст, оние институции кои треба да се справат со безбедносните закани, потребно е да воспостават правила, норми и процедури со кои ќе дадат, но во исто време и ќе добијат соодветни информации и податоци. Врз таа основа, овие институции ќе ги менаџираат споровите и ќе создаваат предуслови и можности да се одбегне иницирањето на т.н. безбедносна дилема.

Во пристапот на Валандер и Кеохан, исто така се разликуваат два вида на меѓународни безбедносни институции: *инклузивни и ексклузивни*, според тоа дали ги опфаќаат сите држави кои можат да продуцираат ризици и закани, или пак некои од нив остануваат надвор од институционалната рамка.[119] Според тоа, договорите за колективна безбедност се дефинираат како *инклузивни безбедносни институции*, затоа што се организирани за справување со закани помеѓу самите држави-членки. Наспроти нив, сојузите/алијансите, претставуваат *ексклузивни безбедносни институции*, бидејќи истите се насочени кон одвраќање и одбрана од надворешни, екстерни закани. Карактеристиките на инклузивните и ексклузивните безбедносни институции, подетално се анализирани во следното поглавје на трудот.

---

[118] Георгиева, Л.: Европска безбедност, Филозофски факултет, Скопје, 2010, стр.47

[119] Keohane, R., Wallander, C., Security Institutions over Time and Space, Oxford University Press, 1999, стр.2

Инаку, од аспект на претходното, произлегува дека успешна безбедносна институција е онаа институција која ги почитува следните правила:

- таа е инклузивно ориентирана за да се справи со ризиците;
- таа е воспоставена врз високо-институционализирана практика, односно врз ефикасни институционални решенија.

Сепак, во однос на самите безбедносни институции, треба да се истакне дека онака како што се дефинирани теориски, често не можат да се формираат во идеална форма во практиката. Затоа, присутен е ставот дека меѓународните безбедносни институции се несовршени заедници. Најчесто тие немаат образложени и систематски организациски облици, а многу често се менуваат и тоа на начин којшто е непредвидлив и за самите државите што ги основале и што ги поддржуваат истите. Затоа, во одредени ситуации, државите ги игнорираат нормите и процедурите инкорпорирани во институциите, а исто така, возможни се и ситуации во кои државите манифестираат сосема различни интереси за постигнување договор за начинот и оправданоста за ангажирање на институциите во поглед на конкретен безбедносен проблем. Како резултат на тоа, моќта и сопствените национални интереси, често претставуваат значаен фактор за креирање на безбедносните релации во рамките на меѓународните безбедносни институции.

Во насока на различните теориски погледи за дефинирањето на меѓународните безбедносни институции е и разликата која упатува на тоа дали институциите се свесно креирани од страна на државите, како што се конкретни повелби и договори, или пак истите имаат спонтано еволуирано, со понизок степен на намера за таквиот процес, како сувереноста и многу закони на војната. Потесно поврзана разлика е таа меѓу институциите кои се состојат од формални правила и процедури и оние кои главно се состојат од интерсубјективни норми. Повторно, со цел да се ограничи проблемот, оваа глава ќе се фокусира на релативно формално и свесно воспоставените „низа правила чија цел е да го регулираат меѓународното однесување"[120], посебно оние кои државите ги договориле и ги одобриле.

Овој концепт, за возврат, го иницира прашањето за односот помеѓу меѓународните институции и меѓународните организации. Во таа насока, Роберт Кеохан ги вклучува формалните организации во својата влијателна дефиниција на меѓународните

[120]Simmons, B. A. and Martin, L. L., International organizations and institutions, in *Handbook of International Relations*, ed. W. Carlsnaes, T. Risse, and B. A. Simmons. London: Sage, 2002, стр.194

институции[121], додека Оран Јанг категорично ги разликува институциите и организациите, кои ги дефинира како „материјални ентитети кои поседуваат физички локации (или седишта), канцеларии, вработени, опрема и буџет"[122]. Исто така, важно е да се препознаат материјалните квалитети, но и прашањето за влијателната моќ на меѓународните организации, кои може да станат важни меѓународни актери по сопствена заслуга. Меѓутоа, мнозинството меѓународни организации имаат цврста основа во правилата кои ги дефинираат нивните улоги, функции, овластувања и капацитети. На пример, Советот за безбедност на ООН и неговите процедури се регулирани во Повелбата на ООН. Генерално, може да се констатира дека прифатливоста за тоа дали една меѓународна организација може да се смета за институција или за актер, ќе зависи директно од конкретното прашање/ситуација за кое се бара одговор.

Како што претходно веќе беше истакнато, меѓународните безбедносни институции може да се разликуваат врз основа на две фундаментални основи. Првата и најпозната разлика е разликата помеѓу инклузивните и ексклузивните МБИ, која ги одразува основните различни ориентации во поглед на целите. Во тој контекст, инклузивните или внатрешно ориентираните МБИ главно имаат за цел да ја зајакнат безбедноста на нивните учесници во однос еден на друг, преку намалување на можностите за директен воен судир меѓу нив. Оттука, истите ги вклучуваат: системите за колективна безбедност, забраната за употреба на сила, договорите за контрола на вооружувањето, како и други можни аранжмани помеѓу фактичките или потенцијалните непријатели.[123] Наспроти тоа, ексклузивните или надворешни ориентираните МБИ главно служат за да обезбедат безбедност за нивните учесници во однос на надворешните субјекти кои се перципираат како фактичка или потенцијална физичка закана. Нивната крајна цел е да се изврши влијание врз однесувањето, намерите, како и/или капацитетите на учесниците. Алијансите и аранжманите/договорите за ограничување на извозот на

[121]Keohane, R. O., 1989. International Institutions and State Power: Essays in International Relations Theory. Boulder, Colo.: Westview Press, стр. 3-4

[122]Young, O. R., International Cooperation: Building Regimes for Natural Resources and the Environment. Ithaca, NY: Cornell University Press, 1989, стр. 32

[123] За повеќе детали, види: Георгиева, Лидија, *Европска Безбедност*, Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филозофски факултет, 2010

оружје или на стоки и технологии со воена примена на трети страни, ја сочинуваат оваа категорија.

Без оглед на тоа на која група и припаѓаат, несомнено е дека најважното прашање што треба да се постави во врска со МБИ е дали тие имаат некакво влијание врз меѓународната политика. Во оваа насока, доколку одговорот на прашањето не е позитивен, се иницира дилемата за оправданоста да се дискутира за природата и детерминантите на МБИ, како и за механизмите преку кои може да ги остварат таквите ефекти.

Сепак, од друга страна неоспорен е и фактот дека големиот број МБИ кои постоеле, како и демонстрираната подготвеност на државите да инвестираат значително време, енергија и ресурси во истите, претставуваат *prima facie* доказ за важноста на МБИ. Меѓутоа, и покрај тоа, сè уште не постои издвоена теорија во врска со ефектите од МБИ.

Емпириската статистика истакнува дека тие имале забележителни ефекти од различен вид, преку разновидни причински механизми. Тие ефекти варираат од модификации на однесувањето на државата предизвикано со присуството на меѓународни правила, автономните активности на меѓународни организации и промените на интерните карактеристики на државите преку нивната вклученост во МБИ.

Иако може да се понудат одреден број илустрации на таквите ефекти, постојните истражувања сепак оставаат неколку прашања без одговор. сè уште не е можно да се каже многу во врска со тоа:

a) кога или колку често ќе се јават одредени ефекти;
b) колку се значајни одредени ефекти во поглед на целокупната природа, однесување и безбедноста на засегнатата држава;
c) како може различните видови ефекти и механизмите преку кои се остваруваат да се разликуваат кај разните основни типови на МБИ; и
d) како тие може да се разликуваат или да не се разликуваат во различни МБИ и меѓународни институции во други области.

Исто така, наспроти бројните форми и функции, МБИ неопходно е да поседуваат еден суштински ресурс за остварување на поставените цели, а тоа е меѓународна легитимност. Со институционално воспоставената легитимност, се отвара и можноста за поголема соработка и помал степен на спротивставување од страна на другите држави. Степенот на важност, меѓудругото произлегува и од комплексните примери низ кои минаа Соединетите Држави за да добијат меѓународна поддршка за

интервенциите во Ирак. Исто така, тоа значење може да се перципира и од тоа колку напори мораше да вложи владата на Буш работејќи преку ООН пред конечно да решат да извршат инвазија без овластување.

Конечно, некои постојни МБИ се карактеризираат со тоа што поседуваат значителен степен на прилагодливост, во одредени неопходни ситуации за интервенирање. Значаен пример претставува и развивањето и континуираното проширување на мировните операции под покровителство на ООН, како и интервенциите на НАТО надвор од операционалната зона утврдена со чл.5 од Вашингтонскиот договор.

## 3.5 Предизвици за европските безбедносни институции – *Несовршените унии*

Несомнено е дека архитектурата на европската безбедност се базира врз широк спектар на институции кои иако поседуваат одредени карактеристики на единство, сепак во реалноста ситуацијата е често спротивна, пред сè како резултат на недоволната соработка или пак дуализмот во реализацијата на целите, што иницира и определно нивно меѓусебно ривалство. Според тоа, етикетата „несовршена унија"[124], која им беше припишана на меѓународните безбедносни организации кон крајот на деведесеттите години од минатиот век од страна на институционалните аналитичари, сè уште е валидна и денес. Оттука неминовно се наметнува прашањето за причината/те за таквата состојба.

Во тој контекст, една од причините за попречување и ограничување на заемната соработка, може да се лоцира во т.н. софистицираната „мрежа на институции кои се преклопуваат функционално и географски" и која наликува на лавиринт.[125] Во однос на тоа, Алтер и Муние истакнуваат дека посочениот пример особено корелира со случајот на Европа: „[која] е светски регион во кој мрежата на безбедносни институции е најгуста."[126]

[124]Види кај Haftendorn, H. *et al.* (ed.), *Imperfect Unions. Security Institutions over Time and Space*, Oxford University Press, Oxford, 1999

[125]Biscop, Sven, 'The EU, the OSCE and the European Security Architecture: Network or Labyrinth?, *The Helsinki Monitor Conference Paper*, Vienna, 9 September 2005, пристапено на http://www.egmontinstitute.be/papers/lecture-OSCE-090905.htm

[126]Vennesson, P., Breuer, F., de Franco, C and Schroeder, U., 'Is There a European Way of War? : Role Conceptions, Organizational Frames, and the utility of Force', *Armed Forces & Society*, Vol. 35, No. 4, July, 2009, стр. 628

Хеико Борчерт, тргнувајќи од тезата дека – „висок степен на сложеност, продуцира низок степен на координација“[127] го објаснува постоечкиот проблем кој ја попречува соработката помеѓу евроатланските безбедносни институции. Секако дека ваквата констатација може да се перципира како прифатлива, но тука треба да се има во предвид и фактот за нејзината прифатливост доколку истата се постави во спротивен контекст, т.е. дали „низок степен на сложеност, продуцира висок степен на координација“. Токму низ призмата на оваа теза, може да се воочи ривалството во едно партнерство кое вклучува само два безбедносни актери.

Во таа насока, постои и размислување кое се фокусира на трајното ривалство меѓу државите и според кое: „почетокот и крајот на трајните ривалства се тесно поврзани со моментот на големите политички шокови [...]“[128]

Ваквото толкување отвора четири многу важни прашања, кои се многу значајни за тековните односи меѓу ЕУ и НАТО.[129]

Како прво, неоспорен е фактот дека терористичките напади на САД во 2001 година, претставуваат настан којшто директно влијаеше врз креирањето на меѓународното безбедносно опкружување на почетокот од XXI век. Според Гертнер и Катбертсон, 9-ти септември, 2001 година, претставува „историски настан кој иницираше длабоките промени кои драматично ја променија традиционалната динамика на меѓународните односи.“[130]

Според моделот на Герц и Дил, ривалството може да се класификува како: трајно, пра-ривалство или спорадично ривалство. Во оваа насока, ривалството помеѓу ЕУ и НАТО дефинитивно би соодветствувало со најмалку штетната категорија на ривалство од континуумот, која вклучува најмногу два воени судира во временска рамка од 10 години.[131] Сепак, тука треба да се имаат во предвид и мноштвото трајни проблеми помеѓу двете организации, кои може да се окарактеризираат како „трајни

---

[127]Borchert, H., 'Strenghtening Europe's Security Architecture: Where Do We Stand? Where Should We Go?' in Gärtner, H. *et al.* (ed.), *Europe's New Security Challenges*, Lynne Rienner Publishers, London, 2001, стр. 174

[128]Goertz, G. and Diehl, P.L., 'The Initiation and Termination of Enduring Rivalries: The Impact of Political Shocks', *American Journal of Political Science*, vol. 39, no.1, Feb., 1995, стр. 30-52, стр. 30

[129]„Тековниот однос меѓу ЕУ и НАТО" ги означува нивните заемни односи од 1999. наваму, кога настана ЕБОП.

[130]Gärtner, H. and Cuthbertson, I.M., (ed.), *European Security and Transatlantic Relations after 9/11 and the Iraq War*, Palgrave Macmillan, Basingstoke and New York, 2005, стр. 1-19, стр. 1

[131]Goertz, G. and Diehl, P.L., 'The Initiation and Termination of Enduring Rivalries: The Impact of Political Shocks', *American Journal of Political Science*, vol. 39, no.1, Feb., 1995, стр. 32-33

неефикасности".[132] Бирман го класифицираше ривалството помеѓу ЕУ и НАТО како „отворено, т.е. со среден интензитет, со јасни сигнали, но сепак и со соодветно ниво на воздржаност".[133]

Четврто, последното прашање се однесува на детектирање на можноста за ограничување на компететивниот однос помеѓу ЕУ и НАТО. Во тој контекст, доколку навистина се прифати дека ЕУ и НАТО се вклучени во некој вид „игра без резултат"[134], тој натпревар може наскоро да заврши, затоа што кон крајот на 2008 година, вниманието на светот се насочи кон справување со финансиската криза, слична со онаа по крахот на Вол Стрит во 1929 год.. Сепак, посочената криза може да се перципира како еден „системски шок", при што „одредени [...] ривалства завршуваат затоа што едниот не е во состојба да се натпреварува во изменетите околности."[135]

Како и да е, поконкретна анализа на односите и релациите помеѓу ЕУ и останатите меѓународни организации, пред сè НАТО и ОБСЕ, направена е во следната, четврта глава од овој труд, во рамките на делот посветен на ефикасниот мултилатерализам како трета стратегиска цел на безбедносната стратегија на ЕУ.

---

[132]Hofmann, S.C., 'Overlapping Institutions in the Realm of International Security: The Case of NATO and ESDP', *Perspectives on Politics*, Vol. 7, No. 1, March 2009, стр. 45-53, стр. 49

[133]Biermann, R., 'Rivalry Among International Organizations. Bringing Power Back In', *Paper for the Panel 'The European Union and Transatlantic Relations'*, Turin, 14 September 2007, стр. 31

[134] Howorth, J., 'The European Union. A Power in the World-Not (Yet) a World Power?' in Serfaty, S. (ed.), *A Recast Partnership? Institutional Dimensions of Transatlantic Relations*, The CSIS Press, Washington, D.C., 2008, стр. 95-115

[135]Цитиран кај Powell, W.W. and DiMaggio, P.J. (ed.), *The New Institutionalism in Organizational Analysis*, The University of Chicago Press, Chicago and London, 1991, стр. 36

# ГЛАВА ЧЕТВРТА

# БЕЗБЕДНОСНАТА И ОДБРАНБЕНАТА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

## 4.1. Воведни напомени

Во рамките на овој дел од трудот, анализирана е безбедносната улога на ЕУ, генерално низ призмата на Заедничката надворешна и безбедносна политика, Европската безбедносна и одбранбена политика и посебно од аспект на Европската безбедносна стратегија. Посочените политики се избрани од причина што истите го иницираат и трасираат развојот на безбедносната улога на ЕУ од крајот на Студената војна, па се до денес. Во тој контекст, може да се истакне дека формулирањето на безбедносната улога на ЕУ и нејзиното пролиферирање како безбедносен актер, по завршување на Студената војна се базира врз следните елементи:

- концептуализацијата на новата безбедносна улога со Договорот од Мастрихт, 1992 год.;
- воведувањето на Заедничката надворешна и безбедносна политика и иницирање на процес за нејзина институционализација;
- иницирањето на Европската безбедносна и одбранбена политика на самитот на ЕУ во Сент Мало, 1999 година;
- усвојувањето на Европската безбедносна стратегија на самитот на ЕУ во Гетенбург во 2003 година; и
- проектирањето безбедност и надвор од своите граници.[136]

Како резултат на овие процеси, перцепцијата за ЕУ како безбедносен актер е присутна и денес, со тоа што за разлика од 1992 година (договорот од Мастрихт), денес безбедносната улога на ЕУ е многу поамбициозна и покомплексна. Притоа, сепак не треба да се занемари значењето на Договорот од Мастрихт, (уште познат и како Договор за ЕУ), бидејќи истиот иницира нова етапа во односите помеѓу европските држави.Всушност, може да се истакне дека тој го заокружува процесот на економска и политичка соработка во претходната-студеновоена ера и утврдува нова фаза во односите помеѓу државите-членки. Новата фаза се однесува на суштинската трансформација која започна на почетокот од 90-тите години на минатиот век со воспоставувањето на ЕУ, чија структура се базира врз три столбови: 1) Европска економска заедница; 2) Заедничка надворешна и безбедносна политика (ЗНБП); и 3) правда и внатрешни работи. Во делот што следи, конкретно анализирани се карактеристиките на вториот столб, т.е. на ЗНБП.

[136]Договорот од Мастрихт е усвоен на 7-ми февруари, 1992 година, а истиот стапува на сила на 11-ти ноември, 1993 година.

## 4.2 Воспоставување и развој на Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ

Со стапувањето на сила на Договорот од Мастрихт во ноември, 1993 година, ЗНБП постанува составен дел од Договорот за ЕУ и тоа како меѓувладин столб опфатен во глава V од истиот. Конкретно, во Договорот од Мастрихт се наведува дека „Заедничката надворешно безбедносна политика (ЗНБП) ги вклучува сите прашања поврзани со безбедноста на Унијата, вклучително и конечното формирање заедничка одбранбена политика...“.[137] На тој начин, ЗНБП постанува и еден од инструментите за екстерните односи на ЕУ, која дури со Договорот од Мастрихт, добива правни основи.[138] Тука веднаш треба да се напомене дека ЗНБП не претставува и единствен инструмент за надворешните односи кои ЕУ ги воспоставува со држави кои не се нејзини членки, бидејќи таквите односи се реализираат и во рамките на првопосочениот столб – Европска економска заедница. Всушност, до усвојувањето на Договорот од Мастрихт, екстерните односи се однесуваа исклучиво на економските релации со трети држави. Проширувањето на екстерните односи добива сериозни размери по усвојувањето на посочениот Договор, ако се земе во предвид дека на почетокот од XXI век, ЕУ веќе има воспоставено релации со речиси сите држави во светот и истата претставува значаен меѓународен партнер. Во тој контекст, во рамките на нејзиниот прв столб, поставени се двата од најмоќните нејзини инструменти за надворешни релации: капацитетот за склучување меѓународни договори и одредбите за финансиска и економска асистенција.[139]

Ваквите инструменти, секако дека можат да бидат употребени од страна на Унијата и за остварување на политички цели, односно за унапредување на односите со партнерските држави, како и да се обезбеди почитување на демократските принципи и човековите права.

Со воспоставувањето на ЗНБП посочените екстерни релации, ЕУ ги проширува и со прашања од безбедносната и одбранбената сфера. Во таа насока, преку таа политика, ЕУ воспоставува правна рамка и ги дефинира правилата со кои ќе ги регулира

[137]Council of the European Union, "The Treaty on the European Union," in: Official Journal of the European Union, Notice No 1992/ O JC 191, Title V, Article J.4 No. 1 (Brussels 1992). http://eurlex.europa.eu/en/treaties/dat/11992M/htm/11992M.html - пристапено на 5 декември 2013.

[138] Karen, E.: EU External Relations, 2003во Cini, Michelle, (ed.) European Union Politics. Oxford University Press, Oxford стр.229-243.

[139]Унијата може да склучи три вида на договори: за трговија, за соработка и за асоцијација.

екстерните односи и на овој план. Според чл.11 од Договорот од Мастрихт, како основни цели на ЗНБП, се истакнуваат:

- заштита на заедничките вредности, основните интереси, независноста и интегритетот на Унијата во согласност со принципите на Повелбата на ООН;
- унапредување и јакнење на безбедноста на Унијата;
- заштита на мирот и јакнење на меѓународната безбедност во согласност со принципите на Повелбата на ООН, како и со принципите на завршниот документ од Хелсинки (формирањето на КЕБС, 1975 год.) и на Париската повелба;
- промовирање на меѓународната соработка;
- промовирање и консолидирање на демократијата и владеењето на правото, почитувањето на човековите права и основните слободи.[140]

Во однос на посочените цели на ЗНБП, треба да се истакне дека тие се нагласени и во чл.2 од Договорот, според кој истите треба да обезбедат промовирање на идентитетот на Унијата во меѓународни рамки, при што во чл.17, дополнува дека ЗНБП може да прерасне во заедничка одбрана на државите-членки.[141] Имено, посочениот член 17, предвидува развој на заедничка одбранбена политика, како и заедничка политика во вооружувањето, доколку тоа е прифатливо за државите-членки.

Во контекст на процедурата за донесување одлуки, за разлика од првиот столб каде што се одлучува според принципот на мнозинство, во рамките на вториот столб (ЗНБП), се применува процедурата за донесување одлуки по пат на консензус.

Наспроти посочените цели и карактеристики на ЗНБП на ЕУ, може да се констатира дека од нејзиното стапување на сила во 1993 година, па се до самитот на ЕУ во Амстердам, 1997 год., освен креираната рамка за нејзиниот развој, сепак не се забележливи видливи и значајни функционални промени во поглед на практикувањето на надворешната и безбедносната политика на ЕУ. Имено, наспроти низа на усвоени заеднички позиции, сепак, во спомнатиов период Унијата се покажа како недоволно подготвена и ефикасна во однос на растечките кризи. Најдобар пример за тоа претставува неефикасната улога на ЕУ во решавањето на југословенската криза, особено на конфликтот во БиХ, како и во решавањето на конфликтот во Руанда.

Затоа, со Договорот од Амстердам, 1997 година, предвидени се одредени реформи во сферата на ЗНБП, кои на државите-членки треба да има овозможат пристап кон

---

[140] Hauser, G.: The ESDP: The European Security Pillar; Ashgate, 2006, стр.39.

[141] Текстот на Договорот е достапен на http:.//Europa.eu/legislation

создавање и практикување на поефикасна, покохерентна и повидлива политика на овој план. Во тој контекст, со стапување на сила на Договорот од Амстердам иницирани се следните активности:

- зајакнување на процесот на донесување одлуки во вториот столб со два нови механизми: конструктивна апстиненција и квалификувано мнозинство. Покрај тоа, воведен е и нов инструмент, т.е. заедничка стратегија која се донесува со едногласна одлука, односно со консензус во рамките на Европскиот совет. Сепак, одлуките кои произлегуваат од заедничката стратегија, како што се заедничките позиции и заедничките акции, се донесуваат со процедура на квалификувано мнозинство. Основната цел на заедничката стратегија е да овозможи воспоставување кохерентност и конзистентност на надворешната политика на ЕУ;
- воспоставена е позицијата Висок претставник за ЗНБП, која ја извршува Генералниот секретар на Европскиот совет;
- формирана е Единица за политичко планирање и рано предупредување, со цел унапредување на ефикасноста на Високиот претставник. Во таа насока, истата е задолжена за подготвување предлози до Европскиот совет за прашања поврзани со ЗНБП;
- се зајакнува улогата на Европскиот совет преку зголемување на неговите компетенции во однос на донесувањето препораки и во безбедносната и одбранбената сфера. Всушност, со Договорот од Амстердам, предвидено е интегрирање на Западноевропската унија (ЗЕУ) во рамките на ЕУ, доколку таквата потреба биде утврдена од страна на Европскиот совет.[142]

Решенијата во Договорот од Амстердам, овозможија подобрување на процесот на донесување одлуки и резултираа со институционални зајакнувања. Во тој контекст, Европскиот совет во периодот од 1997 до 2000 год. усвои три заеднички стратегии, за: Русија (1999г.), Украина (1999 г.) и Медитеранот (2000 г.). Притоа, улогата на заедничките стратегии се зголемува откако на барање на Високиот претставник за ЗНБП, во истите се инкорпорираат и приоритетите за идна акција, а не само прегледот на тековните активности на Унијата.

Во однос на конкретните активности на ЕУ во безбедносната и одбранбената сфера, вниманието по Договорот од Амстердам е насочено кон развој на сопствени

[142]Текстот на Договорот од Амстердам е достапен на:http://www.europarl.europa.eu/topics/treaty/pdf/amst-en.pdf

капацитети кои треба да овозможат преземање на автономна акција, базирана врз кредибилна воена сила, заради ефикасен одговор на меѓународните кризи. За таа цел, на Самиот на ЕУ во Ст.Мало се поставуваат основите на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП), додека на следните самити: Келн, Хелсинки (1999), Санта Марија де Феира (2000) и Ница (2000) се утврдуваат т.н. крајни цели за развојот на капацитетите во рамките на ЕБОП.

## 4.3 Воспоставување на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП)

Од денешен аспект, Европската безбедносна и одбранбена политика се перципира како најдинамична област од европскиот проект, имајќи во предвид дека во период од една деценија во рамките на истата се развиени капацитети, структури и институции кои го овозможуваат дејствувањето на ЕУ како безбедносен актер. Во однос на воспоставувањето на ЕБОП, два настани можат да се посочат како особено значајни. Имено, тоа се самитите (т.е. одлуките што се усвоени на овие самити) на ЕУ во Ст.Мало во 1998 год. и Келн, 1999 год.. Тоа од причина што во Декларацијата од Сент Мало во 1998 год., Велика Британија и Франција заедно застанаа зад ставот дека ЕУ треба да може да дејствува самостојно, поддржувајќи ги своите активности и со воени сили, доколку е потребно.[143] Британско-француската иницијатива од Сент Мало беше важен чекор, заради вкрстеното влијание на повеќе фактори: „согледувањето на воените слабости на Европа во поглед на кризата на Косово, која ги увери сите влади во потребата од тоа да се развие капацитет на ЕУ за справување со кризи; потоа, фундаменталната промена на британската политика; и ставот за поддршката на САД."[144] Според Трине Флокарт:

„. . .Сент Мало ја отвори можноста за зачекорување по патот кон безбедносно и одбранбено интегрирање, кое беше политички воведено во Договорот од Амстердам. Речиси веднаш по Сент Мало, ситуацијата на Косово започна бргу да се влошува. Конфликтот ја нагласи потребата од ЕБОП и растечкиот јаз во поглед на капацитетите

[143]Види David T. Armitage, (Jr.), A Comparative Analysis of US Policy Toward European Defense Autonomy: Enduring Dilemmas in Transatlantic Relations, New York: Edwin Mellen Press, 2008, стр. 114-116.
[144]Fraser Cameron, The Foreign and Security Policy of the European Union, Sheffield: Sheffield Academic Press, 1999, стр.80.

на Американците и на Европејците. Резултатот беше брзо донесување низа одлуки. . .“[145]

На следниот Самит на седницата на ЕУ во Келн (јуни 1999 год.), се поставуваат темелите на ЕБОП. Имено, примарниот исход на посочениот Самит, беше заклучокот дека ЕУ има потреба од независен капацитет за справување со кризи и проширување на воените капацитети. Во тој контекст, шефовите на државите од ЕУ во Келн усвоија Декларација за зајакнување на заедничката европска политика за безбедност и одбрана, во која беше наведена главната цел на ЕБОП, „Спроведувањето на операции за справување со меѓународни кризи и воспоставување на неопходните структури и потребните цивилни и воени капацитети.“[146]

Исто така, во рамките на Самитот констатирано е дека ЗЕУ претставува дел од ЗНБП. Друга значајна одлука е тоа што Хсавиер Солана е назначен за Висок претставник на ЗНБП и во тој контекст со неговото стапување на должност, ЗНБП добива свој лик и гласноговорник кој другите можат да го поистоветат со самата ЗНБП.

Во декември 1999год., препораките од Келн иницираат соодветна дебата во рамките на Самитот на ЕУ во Хелсинки. Конкретно, во Декларацијата на Советот стои дека „Советот на Европа ја подвлекува својата решеност да се развие автономен капацитет за носење одлуки и, онаму каде што НАТО не е вклучен во целост, да започне и да спроведува воени операции предводени од ЕУ, во одговор на меѓународни кризи. НАТО и натаму останува основата на колективната безбедност на нејзините членки и ќе продолжи да игра важна улога во справувањето со кризи. Ќе се вложат натамошни напори за да се обезбеди заемна консултација, соработка и транспарентност со НАТО.“[147]

Со тоа, Советот изречно го избегна непотребното удвојување на напорите на двете организации. Понатаму, ЕУ ја подвлече својата желба за стратегиска алијанса, врз основа на заедничкото разбирање дека и двете организации имаат потреба од тоа меѓусебно да се надополнуваат, наместо да се натпреваруваат. Советот се договори и да ги надгради капацитетите кои се неопходни за таквите операции до 2003 година.

---

[145] Trine Flockart, "Europe," in: Superpower to Besieged Global Power, Restoring World Order after the Failure of the Bush Doctrine, ed. Edward E. Kolodziej, Roger E. Kanet, Georgia: The University of Georgia Press 2008, стр. 148.

[146] Auswärtiges Amt, European Security and Defense Policy, Berlin 2009, стр. 17.

[147] EU Institute for Security Studies (ISS), "European Council Helsinki, " in: From St. Malo to Nice (Chaillot Paper 47, European Defense Core Documents, Volume II compiled by Maartje Ruttem, Paris 2001, стр. 82-84. http://www.iss.europa.eu/uploads/media/cp047e.pdf - пристапено на 19 септември 2013.

Во текот на Самитот на ЕУ во Феира, Португалија, земјите-членки постигнаа договор и околу главната цивилна цел во рамките на ЕБОП и во таа насока договор за воспоставување инструменти за цивилно справување со кризи.[148]

Несомнено е дека посочените самити, ја креираат првата фаза од воспоставувањето и развојот на ЕБОП, која го опфаќа периодот од 1998 до 2002 година. Имено, како што беше истакнато, во оваа фаза, во 1998 год. се дефинираат рамката и целите на ЕБОП (самитот во Ст.Мало), потоа во Келн (1999 г.), Хелсинки (1999г.) и Фиера (2000г.) се воспоставуваат воената и цивилната компонента на ЕБОП, а на самитот во Ница (2000г.) воспоставени се и постојани структури во рамките на Советот на ЕУ за прашањата од сферата на ЕБОП и за одбранбените релации со други држави и со НАТО.

Значајноста на одлуките од самитите во Хелсинки и Ница, произлегува од фактот дека со истите се воспоставува воена компонента на ЕБОП. Имено, со одлуките на Хелсиншкиот самит на ЕУ, определени се крајните цели според кои Унијата треба да распореди 60.000 трупи во рок од 60 денови и истите да ги одржува во тек на една година. Во тој контекст, членките на Унијата треба да бидат способни за распоредување на помали, но високо подготвени сили кои треба да бидат самоодржливи, со команда, контрола и способност за разузнавање, логистичка и други елементи за поддршка, вклучувајќи ги и воздушната и поморската поддршка. Притоа, во однос на крајните цели, на овој самит договорено е и формирање на наменски сили за нивно реализирање (Headline Goal Task Force).[149] Истите се познати како Сили за брза реакција (RRF), кои не се наменети за формирање на европска армија, при што нивното распоредување и употреба, се базира врз одлуката на државите членки на Унијата.

Цивилната компонента на кризниот менаџмент во рамките на ЕБОП, воспоставена е со одлуките од самитите на ЕУ во Фиера (2000 год.) и Гетеборг (2001 год.). Конкретно, донесените одлуки на овие самити, иницираа развој на четири инструменти кои се заемно поврзани:

- **воспоставување јавен ред**, преку обезбедување на повеќе од 5.000 полицајци, вклучувајќи и дополнителни 1.000, во рок од 30 денови за задачи кои се

[148]Види Институт на ЕУ за безбедносни студии (ISS), изд.: Седница на Советот на Европа во Хелсинки, стр. 136. Глава 3 од монографијата дава детали за развојот на воените и цивилните капацитети.

[149] Крајните воени цели се дизајнизарани за обезбедување на неопходните воени капацитети и способности на ЕУ за спроведување на целиот спектар на мисии опфатени со Петерсбуршките задачи. Хелсиншките крајни цели за 2003 година, достапни се на: http://www.consilium.europa.eu/uedocs/cmsUpload/Helsinki%20Headline%20Goal.pdf

однесуваат на возобновување на редот во соработка со воените сили, како и на обуки и тренинзи на локалната полиција;

- **зајакнување на владеење на правото**, преку способност за обезбедување 200 судии, извршители и други експерти од тоа поле;
- **воспоставување цивилна администрација**, преку способност за обезбедување тим кој ќе воспостави или ќе гарантира избори, даноци, образование, и сл.;
- **обезбедување цивилна заштита**, преку можноста да им се помогне на хуманитарните актери во итни операции и др.. Во тој контекст, предвидено е ЕУ да биде способна за период од три до седум часови да обезбеди два или три тимови за процена, кои ќе бидат составени од околу 10 експерти, како и тимови за интервенција, составени од околу 2.000 луѓе.[150]

Во декември 2004 година, кон погоре наведените четири инструменти се додава и мониторингот како алатка која треба да се применува при превенција на конфликти, решавање или менаџирање со кризи, како и во ситуации на градење на мирот. Притоа, за реализацијата на истиот во рамките на ЕУ, предвидени се околу 500 лица.

Инаку, за подобрување на релациите помеѓу воениот и цивилниот кризен менаџмент, во рамките на ЕУ формиран е комитет за цивилни аспекти на кризниот менаџмент. Овој комитет, обезбедува соработка со Европската комисија и на тој начин овозможува користење на соодветни инструменти и од првиот столб од структурата на ЕУ.

Во однос на самите процедури за реализација на кризниот менаџмент во рамките на ЕБОП, исто така дефинирани се посебни процедури и инструменти кои поединечно се однесуваат на секоја фаза од ескалација на кризата/кризите и кои треба да овозможат соодветна цивилно-воена координација. Во тој контекст, фазите се поставени на следниот начин:

- **Рутинска фаза**, во рамките на која предвидени се активности на ЕУ поврзани со мониторинг, планирање и рано предупредување;
- **Евидентирање на кризата и формулирање на концептот за кризен менаџмент,** во оваа фаза Политичко-безбедносниот комитет[151] може да констатира дека е потребна акција на ЕУ, при што под негово лидерство се формулира концептот за менаџирање на кризата во кој се опишуваат

[150] Извор: https://www.consilium.europa.eu/uedocs/cmsUpload/090702%20Civilian%20aspects%20of%20crisis%20management%20-%20version%203_EN.pdf

[151] Политичко-безбедносниот комитет е формиран во јануари, 2001 год. и истиот го сочинуваат претставници на амабасадорско ниво од сите држави-членки на Унијата. Повеќе за Комитетот во делот од овој труд кој ги анализара структурите и капацитетите на ЕБОП.

политичките интереси на ЕУ, задачите и целите, како и главните стратегиски опции за одговор на кризата и можните излезни стратегии;

- **Одобрување на концептот за менаџирање на кризата и развивање на стратегиски опции,** Концептот за менаџирање на кризатата се усвојува од страна на Советот на ЕУ, при што Политичко-безбедносниот комитет го задолжува Воениот комитет да развие воени стратегиски опции, кои исто така, може да бидат потребни и за полициска или за воена акција;
- **Донесување формална одлука за акција и подготовка на нацрт-документ,** подразбира и формално донесување одлука од страна на Советот за акција која треба да се преземе од страна на ЕУ. Притоа, со ваквата одлука се потврдува стратегијата, како и ланецот на командување, а може да се определи и специјален претставник на Унијата. Командантот на операцијата е надлежен за развој на концепт на операцијата и на оперативен план што ги усвојува Политичко-воениот комитет. Потоа, Советот на ЕУ ја донесува одлуката за започнување на операцијата и за распоредување на сили;
- **Имплементација на утврдените мерки,** претставува фаза во која под раководство на Советот на ЕУ, Политичко-безбедносниот комитет ја спроведува политичката контрола и стратегиските одлуки за операцијата. Притоа, доколку е именуван, специјалниот претставник и командантот на операцијата вршат постојано известување на Политичко-безбедносниот комитет.[152]

Врз основа на сето претходно истакнато, ЕБОП се прогласува за операционална на Самиот на ЕУ во Лејкен 2001 год.,при што во 2002 год. на Самитот во Севилја во оваа област се вклучува и борбата против тероризмот. Како резултат на првата развојна фаза на ЕБОП, на 1-ви јануари, 2003 година, ЕУ ја презема и првата операција за менаџирање на кризи (European Union Police Mission-EUPM) во Босна и Херцеговина.

Значаен придонес кон тоа има и потпишувањето на договорот Берлин Плус во 2002 год., кој ја предвидува можноста ЕУ да ги користи оперативните капацитети на НАТО. Во тој контекст, ЕУ една година подоцна ја објави својата подготвеност да ја преземе контролата врз воените операции во Македонија и во Босна. Во јануари 2003год., Полициската мисија на ЕУ (ПМЕУ) започна со извршувањето на своите задачи во Босна, како првата цивилна мисија на ЕБОП. Во март 2003., ЕУ ја презеде првата воена

[152] Giovani, G., Damien, H., Daniel, K.:European Security and Defence Policy-The First 10 Years; Institute for Security Studies-European Union, 2009, стр.98-112.

операција на справување со кризи во рамките на „Берлин Плус“. Таа операција, наречена Конкордија, ја презеде од НАТО мисијата Сојузничка хармонија, која се одвиваше во Македонија.[153]

Постојат три главни аспекти на ЕБОП кои ги одразуваат нејзината намера и нејзините ограничувања. Од самиот почеток, ЕБОП беше задолжена да покрива и цивилни и воени аспекти на управувањето со кризи. Тоа е „корпоративниот идентитет“ што ѝ дава уникатност на ЕБОП во споредба со други организации и кој е дел од општиот, сеопфатен безбедносен приод на ЕУ. Хсавиер Солана значајно го нагласи овој идентитет:

„. . . *Мојата цел, од самиот почеток... беше да ја промовирам ЕУ како глобален политички играч, способен да ги мобилизира сите расположливи ресурси. Според тоа, неопходно беше да се започне со развивањето...и цивилни и воени инструменти и капацитети, кои беа неопходни за ЕУ да добие меѓународен кредибилитет . . .*“[154]

Може да се констатира дека како дел од ЗНБП, ЕБОП е интегрирана во меѓувладината сфера. Притоа, забележлива е тенденцијата на земјите-членки одлуките во поглед на безбедносните и одбранбените прашања да останат во рамките на национална одговорност. Дури и Лисабонскиот договор (2009г.) не вклучува планови за промена на гласањето со квалификувано мнозинство во однос на прашања од областа на безбедноста и одбраната.[155] Следствено на тоа, земјите-членки и натаму се одлучувачкиот фактор во формулирањето стратегии и носење одлуки за започнување операции врз основа на процес на носењӗедногласни одлуки., при што учеството во операциите и мисиите е на доброволна основа.

Капацитетите и структурата која во рамките на ЕБОП овозможува преземање на такви мисии и операции, анализирани се во делот што следи.

Структурата и институциите кои ја сочинунуваат ЕБОП, претставуваат составен дел од структурата и процедурите за донесување одлуки во рамките на самата ЕУ. Во тој

[153]Види Анекс IV за целосна слика на тековните и минатите мисии на ЕУ во рамките на ЕБОП
[154]Solana, Javier, "Preface," in: EU Security and Defense Policy – The First Five Years (1999 – 2004), ed. Nicole Gnesotto, EU Institute for Security Studies, Paris 2004, стр. 6.
Council of the European Union, "Treaty of Lisbon," in: Official Journal of the European Union, Notice No 2007/C 306/01 (Brussels 2007)
http://eur-lex.europa.eu/JOHtml.do?uri=OJ:C:2007:306:SOM:EN:HTML – пристапено на 4 октомври 2012.

контекст, истите се под ингеренција на Европскиот совет и на Советот за општи и надворешни прашања (GAERC).[156] Во однос на самите процедури за одлучување во сферата на ЕБОП, треба да се истакне дека тој процес се базира на принципот на консензус, поради што процедурата во оваа област на ЕУ, се разликува од останатите.

Самата структура на ЕБОП, може да се анализира низ призмата на три области: 1) политичко-воена структура на Европскиот совет; 2) интегрирана структура; и 3) агенциска структура.

Политичко-воената структура на Европскиот совет во рамките на ЕБОП, ја сочинуваат следните тела и субјекти:

**Политичко-безбедносен комитет - ПБК** (*Political and Security Committee -PSC)* – формиран е во 2001 година со одлука на Европскиот совет и претставува водечка институција во делот на ЗНБП и ЕБОП. Го сочинуваат претставници од сите државичленки на амбасадорско ниво и според чл.25 од Договорот за ЕУ, истиот може да добие легитимитет од страна на Европскиот совет за спроведување политичка контрола и за давање стратегиски насоки за операциите кои се реализираат во рамките на ЕБОП. ПБК, тесно соработува со Воениот комитет и со Комитетот за цивилни аспекти на кризниот менаџмент (Committee on civilian aspects of crisis management CIVCOM), на кои им дава директиви, но и од кои може да добива совети. Исто така, ПБК е задолжен да ја следи меѓународната состојба во областа на ЗНБП и ЕБОП, како и да спроведува политички дијалог на различни нивоа.

**Воен комитет - ВК** *(Military Committe)* – претставува највисоко воено тело на Европскиот совет кое го сочинуваат шефовите на воениот персонал кои се состануваат на неделните средби на Комитетот. Со овој Комитет, претседава офицер-претседавач кој е поставен од страна на Советот за период од три години. Во текот на својот мандат, тој учествува во работата на Политичко безбедносниот комитет(ПБК) и на Советот за општи и надворешни прашања, при што преку неговиот ангажман Воениот комитет дава совети и препораки на ПБК за сите воени аспекти на ЕБОП.[157]

**Комитетот за цивилни аспекти на кризниот менаџмент** (CIVCOM) – функционира како работна група на Советот која дава препораки и совети на ПБК, а кои се поврзани со различните аспекти на цивилниот кризен менаџмент, односно со полицијата, владеење на правото, цивилната администрација и цивилната заштита. Комитетот е одговорен за развој на концепти, инструменти и капацитети за цивилен кризен

[156] Повеќе за овој Совет, види на: http://ec.europa.eu/external_relations/gac/
[157] Извор: http://eeas.europa.eu/csdp/structures-instruments-agencies/eumc/index_en.htm

менаџмент, како и за планирање, следење и преиспитување на стратегиските прашања кои се од интерес за Генералниот секретаријат на Советот.[158]

**Политичко-воена група** (Political military group-PMG) – претставува работна група на ПБК, задолжена за анализа и обработка на прашањата поврзани со цивилната и воената компонента, пред истите да бидат изнесени во рамките на ПБК.

**Група на советници за екстерни релации** (RELEX) – претставува интерстолбовска група на советници за екстерни релации од сите постојани претставување во ЕУ. Улогата на Групата е да се справува со хоризонталните аспекти на реализацијата на ЗНБП и ЕБОП и во таа насока, особено да се справува со институционалните, правните и буџетските прашања во посочените политики.

Во рамките на интегрираната структура на ЕБОП, влегуваат следните субјекти:

**Генерален секретар/Висок претставник за ЗНБП** – претставува функција која како што веќе беше истакнато е воспоставена со Договорот од Амстердам, 1997 година, со тоа што на функцијата генерален секретар на Европскиот совет, се додава и функцијата Висок претставник за ЗНБП. Неговата улога е да му асистира на Европскиот совет во однос на формулирањето и имплементацијата на одлуките во сферата на ЗНБП, при што на барање на Советот, може да реализира и политички дијалог со трета страна. Со договорот од Лисабон (2009 год.), оваа функција е заменета со функцијата-Висок претставник за надворешни прашања и безбедносна политика.[159]

**Служба за ЗНБП и ЕБОП на Генералниот секретаријат на Европскиот совет** – генералниот директорат за екстерни акции ги обединува службите на Генералниот секретаријат на Советот кои се одговорни за екстерните релации и за ЗНБП/ЕБОП. Во овој случај, заменик-генералниот директор е одговорен за ЕБОП која е распределена помеѓу Директоратот за одбрана (воен кризен менаџмент) и Директоратот за цивилен кризен менаџмент.[160]

**Единица за политичко планирање и рано предупредување** – е формирана со Договорот од Амстердам (1997 год.) и истата е под директна одговорност на Високиот претставник за ЗНБП. Единицата овозможува колективен капацитет за анализа на стратегиските приоритети и определување на следните акции на Унијата во делот на ЗНБП. Исто така, таа подготвува и политички опции кои претставуваат основа за

---

[158] Ibid.

[159] European security and defence policy: the civilian aspects of crisis management; European Union,2003, стр.8.

[160] Георгиева, Л.: Европска безбедност; Филозофски факултет, Скопје, стр.201.

одлучување на ПБК. Единицата ја сочинуваат 40-тина претставници од државите-членки, од Генералниот секретаријат и од Европската комисија.

**Ситуациски центар** – претставува центар кој е директно поврзан со Генералниот секретаријат на Советот и кој за потребите на ЗНБП и ЕБОП на ЕУ, овозможува разузнавачки информации, анализи и рано предупредување. Исто така, тој служи и како комуникациски центар помеѓу Високиот претставник за ЗНБП и специјалните претставници на ЕУ.[161]

**Воен персонал на ЕУ** – е сочинет од воениот персонал кој го упатуваат државите-членки во рамките на Генералниот секретаријат на Советот. Претставува извор за воена експертиза и работи под надлежности на Воениот комитет. Како основни негови функции, се посочуваат: рано предупредување, проценување ситуации и стратегиско планирање на мисиите.[162]

**Цивилно-воена ќелија** – функционира во рамките на воениот персонал на ЕУ, со основна функција за поврзување на цивилните и воените компоненти на ЕУ за прашања поврзани со превенцијата и менаџирањето на кризите. Во таа насока, цивилно-воената ќелија може да формира и Центар за операции, кој ќе ги планира и ќе ги спроведува автономните европски мисии.

Агенциската структура на ЕБОП, ја сочинуваат следните субјекти:

**Сателитски центар на ЕУ** – формиран е во 2001 година со основна функција рано предупредување и мониторинг на кризи во рамките на ЗНБП и ЕБОП. Истиот е под контрола на ПБК, а со него раководи директор. Извештајот за работата на Центарот, се доставува до Европскиот совет.

**Европска одбранбена агенција** – формирана е во 2004 година со цел овозможување поефикасна координација при градењето на одбранбените капацитети, како и овозможување рационализација при обезбедување на ресурсите и набавките за одбраната на европските држави. Исто така, Агенцијата треба да овозможи и долгорочна поддршка на политиката за градење и развој на капацитети, за истражувања и вооружување, со цел да се олесни приспособувањето на националните политики на европските држави.[163]

---

[161] Извор: http://eeas.europa.eu/csdp/structures-instruments-agencies/eumc/index_en.htm
[162] Ibid.
[163] Ibid.

## 4.4 Трансатлантскиот однос помеѓу ЕУ/ЕБОП и НАТО

Една од значајните сфери на дејствување на ЕБОП, претставува и нејзиниот фокус кон работата и дејствувањето со партнерските субјекти, како: Обединетите нации (ООН), Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), Африканската Унија (АУ) и НАТО. Во рамките на овој дел од трудот, вниманието конкретно е насочено кон анализа на односот на ЕБОП со НАТО. Тоа, меѓудругото и поради фактот дека извештајот за спроведување на Европската стратегија за безбедност, јасно ја истакнува потребата за продлабочување на стратегиското партнерство со НАТО.[164]

Односот помеѓу ЕУ и НАТО е значаен заради стратегиската важност на трансатлантските односи и во тој контекст поради фактот што НАТО останува гарант на безбедноста на неговите европски земји-членки. Според Даниел Кеохан, односот на ЕУ со НАТО претставува многу поголем стратешки и политички предизвик, отколку интеракцијата на ЕУ со други меѓународни организации.[165]

Од друга страна, според Стивен Лараби, во корист на САД исто така е да имаат силен европски партнер, кој ќе помогне во справувањето со новите безбедносни закани, од кои најголемиот дел доаѓа надвор од границите на Европа.[166]

Сепак, уште од самиот почеток на ЕБОП, се истакнува дека Вашингтон е против тоа ЕБОП да се развива на начин кој би ја намалил важноста на НАТО, па оттука тие силно се спротивставуваат на секој обид за развивање на автономни европски капацитети кои не се тесно поврзани со НАТО.[167]Главната загриженост на овој план, се базира врз ставот дека ЕБОП може да ја загрози функцијата на НАТО и лидерската позиција на САД во Алијансата, посебно ако се земе во предвид дека барањата и ресурсите за ЕБОП би ги ограничиле националните расходи за потребите на НАТО.[168]

Во однос на истото, Асл Тоје, истакнува дека постои одредено ново чувство во САД за соодветна поддршка на напорите на ЕУ во оваа сфера. Всушност, тој потенцира дека:

---

[164]Council of the European Union, Report on the Implementation of the European Security Strategy (ESS) – Providing Security in a Changing World, DOC 17104/08, стр. 4 и стр. 16.

[165]Daniel Keohane, "*ESDP and NATO*," in: *European Security and Defense Policy – the First 10 Years (1999 – 2009)*, ed. Giovanni Grevi, Damien Helly, Daniel Keohane, EU Institute for Security Studies, Paris 2009, стр. 127.

[166]Stephen F. Larrabee, "*The United States and the Evolution of ESDP*," in: *What Ambitions for European Defense in 2020?*, ed. Alvaro de Vasconcelos EU Institute for Security Studies, Paris 2009, стр. 45.

[167]*Ibid*, стр.45

[168]Esther Brimmer, *Seeing Blue. American Visions of the European Union*, Chaillot Paper No. 105, ed. EU Institute for Security Studies, Paris 2007, стр. 19.

„. . . се поприсутни се уверувањата на одлучувачките структури во САД дека една посилна одбранбена политика на ЕУ ќе биде во функција на надополнување на НАТО . . .“[169]

Во оваа насока, посебно специфична е изјавата на американскиот амбасадор во НАТО, Викторија Нуланд, која во говорот одржан во февруари 2008-та во Парискиот прес клуб, истакна дека:

„. . . Европа има потреба, Соединстите Држави имаат потреба, НАТО има потреба, и целиот демократски свет има потреба од посилен, поспособен одбранбен капацитет на Европа. . .“[170]

Може да се истакне дека природата на ваквите ставови претставува одраз на посеопфатното разбирање на ЕБОП и НАТО и истата може да се објасни низ призмата на неколку причини.

Како прво, неколкугодишната директна соработка на САД со ЕУ, посебно во однос на прашањата поврзани со распадот на поранешна Југославија, директно иницираше поинаква, позитивна американска перцепција за потребата од воспоставување и развој на автономни капацитети на ЕУ во воено-безбедносната сфера. Второ, ЕБОП, со своите сè поголеми оперативни активности, може да делува и со ограничени воени капацитети или преку цивилни мисии онаму каде што САД или НАТО како целина немаат интерес да се инволвираат или каде што би било тешко Алијансата или Соединетите Држави да се ангажираат.[171]Трето, воените капацитети на ЕУ и во догледна иднина ќе останат ограничени, со што нема да се развијат во сериозен конкурент на НАТО. Четврто, во смисла на ЕСБ, ЕБОП не е осмислена да постане сила спротивставена и конкурент на Соединетите Држави и на НАТО, а НАТО и натаму ќе остане основата на колективната одбрана во годините што доаѓаат. Петто, за разлика од претходната, негативна перцепција за ЕБОП, политичарите на САД почнаа да сфаќаат дека ЕУ, со својот фокус кон цивилните капацитети, нејзиниот цивилно-воен пристап и широкиот спектар на алатки за справување со кризи, има што да понуди, дури и да не може многу да

[169]Asle Toje, *The EU NATO and European Defense – A Slow Train Coming*, ed. EU Institute for Security Studies (ISS), Occasional Paper No. 74, Paris, December 2008, стр. 14.
[170]*Ibid.*, стр.2
[171]Види See Jamie Shea, "*Ten Years of ESDP: A NATO Perspective*," in: *European Security and Defense Policy 1999 – 2009*, ESDP Newsletter, special issue, ed. General Secretariat of the Council of the European Union, Brussels October 2009, стр.44 and Stephen F. Larrabee, *The United States and the Evolution of ESDP*, стр. 49.

придонесе во справувањето со конфликти во поглед на технички софистицирани и сложени операции.[172]

Во таа насока, Ксимена Куровска истакнува дека:

„ . . . Соединетите Држави еволуираа во важен поддржувач на ЕБОП. Тие сега ја сметаат ЕБОП за инструментална политика во ситуации во кои нивниот статус на единствена супер сила и нивниот поврзан меѓународен имиџ ги спречува ефективно да се справуваат со кризи . . ."[173]

Во тој поглед, ЕУ се смета за посоодветна заедница, која ги промовира истите вредности, но на помалку конфронтациски начин, поради што нејзиното инволвирање во одредени региони е сосема прифатливо за САД и за НАТО.

Од друга страна, треба да се истакне и фактот дека и на двете страни од Атлантикот, постои заедничко разбирање дека сложените безбедносни предизвици на XXI век не може да ги решава само еден актер и само преку употреба на воени средства.[174]Тоа е одразено и во говорот на Државниот секретар Хилари Клинтон пред Советот за надворешни односи на САД во јули 2009 година, кога таа изјави дека:

„ . . . со сè повеќе држави кои се соочуваат со заеднички предизвици, имаме можност, како и длабока одговорност, со американско водство да решаваме проблеми во соработка со други. Ниту една нација не може самата да се справи со светските предизвици. . ."[175]

Во оваа насока треба да се истакне дека сличен став промовира и Европската безбедносна стратегија (која е анализирана во делот што следи), наведувајќи дека: „ниту една земја не може самата да се справува со денешните сложени проблеми целосно потпирајќи се на сопствените сили."[176]

Во тој поглед, Џејми Ши изнесува убедлив аргумент во однос на потребата од тесна соработка меѓу НАТО и ЕУ, истакнувајќи дека:

„со оглед на тоа што одговорот на новите безбедносни предизвици, како што е вооружувањето, сајбер одбраната, енергетските ресурси и сл., мора нужно да биде

[172]Larrabee, Stephen F. "*The United States and the Evolution of ESDP*," in: *What Ambitions for European Defense in 2020?*, ed. Alvaro de Vasconcelos, EU Institute for Security Studies (ISS), Paris 2009, стр. 46

[173]Kurowska, Xymena. "*The Role of ESDP Operations*," in: *European Security and Defense Policy. An Implementation Report*, ed. Michael Merlingen, Rasa Ostrauskaitė, New York, 2008, стр. 39

[174]За повеќе, види: Asle Toje, *The EU NATO and European Defense – A Slow Train Coming*, ed. EU Institute for Security Studies (ISS), Occasional Paper, No. 74, Paris, December 2008, стр. 14.

[175]Цитирано од Derek Reveron, "Obama's National Security Strategy Unfolding," in New Atlanticist– Policy and Analysis Blog, Washington D.C. 16 July 2009. http://www.acus.org/new_atlanticist/obamasnational-security-strategy-unfolding - пристапено на 23 март 2014.

[176]Совет на Европската Унија, „ЕСБ – безбедна Европа во подобар свет", стр. 2.

сложен, здружениот пристап на НАТО и ЕУ ќе станува сè поважен, доколку сакаме вредностите на Северна Америка и на Европа да преовладуваат во еден мултиполарен свет, во кој моќта се придвижува кон Азија.“[177]

Според Даниел Кеохан:

„. . .Лидерите на ЕУ и НАТО разбираат дека потесната соработка меѓу НАТО и ЕУ во голема мера би придонесла кон тоа Соединетите Држави и Европејците поефективно да работат заедно . . .“.[178]

Во насока на јакнење на соработката помеѓу ЕУ и НАТО, соодветно значење има и реинтеграцијата на Франција во интегрираните воени структури на НАТО во април 2009. Во тој контекст, францускиот претседателот Никола Саркози иницира нова трансатлантска политика, застапувајќи го ставот дека можноста за светски придобивки на Европа е ограничена доколку истата нема добри односи со Соединетите Држави. Како резултат на тоа, настапи период на значително намалување на претходните франко-американски тензии во врска со улогите на ЕУ и НАТО.[179]

Во контекст на придонесот за позитивниот развој на односите помеѓу ЕУ и САД во воено-безбедносната сфера, значајно влијание има и формалниот договор за стратешко партнерство „Берлин Плус“ од 2002 година. Имено, Договорот овозможува сигурен пристап на ЕУ до планирачките капацитети и средства на НАТО и истиот беше успешно спроведен во рамките на Мисијата на ЕУ во Република Македонија (КОНКОРДИЈА, од март до декември 2003.) и воената операција на ЕУ во Босна (ЕУФОР АЛТЕА, од декември 2004.). Посочените примери, претставуваат соодветна потврда за доброто функционирање на договорот „Берлин Плус“. Притоа, неформалните политички контакти, заедно со прагматизмот на теренот, исто така имаат значајно влијание врз развојот на соработката помеѓу ЕУ и НАТО.

Позитивниот придонес на таквата соработка ќе дојде до израз и во текот на 2005 и 2006 година кога ЕУ презема мисија во Авганистан. Имено, денес, ЕУПОЛ АВГАНИСТАН работи заедно со операцијата ИСАФ на НАТО на развојот на клучни области за обучување на полицијата, а Комисијата на ЕУ обезбедува значителни

---

[177] Jamie Shea, "*Ten Years of ESDP: A NATO Perspective*," in: *European Security and Defense Policy 1999 – 2009*, ESDP Newsletter, special issue, ed. General Secretariat of the Council of the European Union, Brussels October 2009, стр. 45.

[178] *Ibid.*, стр.134

[179] *Ibid.*, стр.135

средства за невоени активности, како што се судиите, хуманитарните работници и администраторите, во рамките на тимовите на НАТО за обнова на провинциите.[180]

Во таа насока, поранешниот генерален секретар на НАТО, Џејми Ши, истакнува дека:

„ . . . Капацитетите на ЕУ станаа неопходно дополнување на ангажманите на Алијансата во речиси сите операции на НАТО и тешко е денес да се замисли поголема операција на НАТО во која не би била присутна и ЕУ, со значително комплементарна улога. . . "[181]

Сепак, наспроти позитивните примери кои иницираат афирмативен развој на односите помеѓу ЕУ и НАТО, треба да се потенцираат и главните предизвици кои го ограничуваат таквиот процес. Имено, како прв предизвик за воспоставување на вистинско стратешко партнерство меѓу ЕУ и НАТО, претставува нерешениот проблем помеѓу Турција и Кипар. Во тој контекст, забележителен е пристапот на Турција за спречување на потесна соработка на НАТО и ЕУ, како и за блокирање на сите формални договори за соработка на стратегиско ниво меѓу ЕУ и НАТО, без оглед дали се станува збор за операции или за развој на капацитетите.[182]

Од друга страна, Кипар е членка на ЕУ, но не и на Алијансата и нема договор за безбедноста со НАТО. Оттука, ЕУ и НАТО не се во состојба да споделуваат чувствителни разузнавачки информации, со што се попречува нивната способност да соработуваат на прашања од стратегиска важност и да склучуваат формални стратегиски договори за операции надвор од „Берлин Плус".[183]На тој начин, соработката е сведена на „прагматични решенија" на работно ниво и на теренот, па, и покрај поконструктивниот тон и на двете страни во Брисел, соработката меѓу ЕУ и НАТО не е толку ефективна колку што би можела да биде.[184]

Оттука, политичката волја за потесна и прагматичната соработка во областите во кои НАТО и ЕУ работат заедно, и тоа во одредени делови доста успешно, не е доволна за

---

[180]Ibid, стр. 44.
[181]Ibid, стр. 45.
[182]Larrabee, Stephen F. "*The United States and the Evolution of ESDP,*" in: *What Ambitions for European Defense in 2020?*, ed. Alvaro de Vasconcelos, EU Institute for Security Studies (ISS), Paris 2009, стр. 51.
[183]Турција се противи Кипар да учествува во какви и да е дискусии меѓу НАТО и ЕУ кои вклучуваат размена на разузнавачки или други чувствителни информации. Со тоа што ЕУ одбива да дозволи исклучување на која и да е од нејзините членки од таквите состаноци, значајните дискусии на политичко и стратешко ниво се практично блокирани (под површината на ставот на Турција се причините поврзани со нејзината пријава за членство во ЕУ и прашањето на поделениот Кипар). Види Derek E. Mix, "*NATO-EU Relations,*" in: *NATO's 60the Anniversary Summit*, ed. Paul Belkin, DOC 7-5700 (Washington D.C.: Congressional Research Service, 20 March 2009), стр.11-12.
[184]Daniel Keohane, "*ESDP and NATO,*" in: *European Security and Defense Policy – the First 10 Years (1999 – 2009)*, ed. Giovanni Grevi, Damien Helly, Daniel Keohane, EU Institute for Security Studies, Paris 2009, стр. 137.

јакнење на нивното меѓусебно стратегиско партнерство. Во таа насока, неопходно е подобрување на раната координација и транспарентност, како и заедничко разбирање на начините на кои различните, но силни страни на НАТО и на ЕБОП, можат да бидат меѓусебно комбинирани со цел обезбедување на максимален бенефит. На тој начин, би се намалил ризикот од дуализам, т.е. од започнување на некоординирани, но слични мисии, што би продуцирало и непотребно удвојување на расходите, средствата, ресурсите и капацитетите.

Оттука, неминовно е дека одржливо и суштинско подобрување на стратегиското партнерство меѓу ЕУ и НАТО може да се постигне само доколку се реши спорот меѓу Турција и Кипар. Притоа, иако на оперативно ниво се вложуваат големи напори, сепак, ова прашање не може да се реши на бирократско ниво. Затоа, како неопходна се истакнува потребата за политичка интервенција на високо ниво. Во оваа насока, треба да се истакне дека новиот Генерален секретар на НАТО му даде посебно значење на ова прашање, меѓутоа, интензивните преговори со Анкара сè уште не успеале да доведат до конкретен и воочлив резултат. Од друга страна и европските лидери ќе мора да покажат поголема флексибилност во решавањето на барањата на Турција и да извршат поголем институционален притисок на грчките Кипрани во решавање на кипарското прашање.[185]

Во основа, НАТО и ЕУ треба да развијат и соодветни механизми за координација и политички консултации кои за возврат ќе овозможат нивна подобра меѓусебна соработка. На тој начин, директно ќе се влијае и врз унапредувањето на транспарентноста, со што би се елиминирале непотребните активности. Сепак, и натаму останува неспорно дека само НАТО, со својата воена интеграција и способноста да се потпре на воените капацитети на Соединетите Држави, е подготвен за високоинтензивно војување од големи размери во догледна иднина. ЕБОП, во рамките на ЕУ, може да ја додаде силата на цивилно-воените инструменти на ограничените воени капацитети, кои се исто така, адекватни за автономни ангажмани.

Сепак, неприфатливо е креирањето строга граница помеѓу улогата на НАТО само за воени ангажмани, и на ЕУ и ЕБОП само во случаи на цивилни мисии. Меѓудругото, таквата поделеност на улогите не би била во контекст ниту на определбата на САД за егзистирање на ЕБОП „со мускули“, ниту на определбата на ЕУ за поактивна улога и во сферата на воениот кризен менаџмент. Затоа, тука се јавува потребата за еден

[185] Stephen F. Larrabee, "*The United States and the Evolution of ESDP,*" in: *What Ambitions for European Defense in 2020?*, ed. Alvaro de Vasconcelos EU Institute for Security Studies, Paris 2009, стр. 51.

флексибилен пристап кој ќе овозможи правилно комбинирање и искористување на капацитетите и ресурсите и на НАТО и на ЕБОП на ЕУ, во насока на ефикасно справување со современите безбедносни ризици и закани. Според поранешниот Генерален Секретар на НАТО, Јап де Хоп Шефер:

„ . . . Станува сè појасно дека НАТО и ЕУ имаат специфични способности кои конечно може да промовираат позитивни промени во кризните региони, но само доколку работат заедно . . ."[186]

Во таа насока, секако дека постоењето на една функционална ЕБОП, со соодветни воени и цивилни капацитети и надополнета со воената сила на НАТО, ќе има позитивно влијание врз флексибилноста при реагирањето во кризни ситуации. Тоа, практично би значело дека одлуката дали во некоја криза, треба да реагира НАТО или ЕУ преку ЕБОП, во голема мера ќе биде детерминирана од политичкиот контекст, географската локација, како и од воените и цивилните нужности. Оттука, таквата опција овозможува пофлексибилен одговор на сложени предизвици. Затоа, каде и да се веќе ангажирани НАТО или ЕУ, прифатлив би бил и ангажманот на другата организација во улога на поддржувач, со што би се постигнала вистинска комплементарност помеѓу НАТО и ЕУ. На тој начин би се елиминирал т.н. непродуктивен „натпревар заради докажување" меѓу двете организации. Тоа, меѓудругото и поради фактот дека светот се соочува со доволно меѓународно безредие кое овозможува и двете организации да бидат со години ангажирани на кохерентен начин и без натпревар.[187]

Исто така треба да се истакне дека утопистички би било да се очекува дека Соединетите Држави и Европејците секогаш ќе делат истото мислење и ставови во однос на одделни безбедносни прашања и ризици. Сепак, таквата состојба не треба да влијае негативно врз потребата за соработка и консултации помеѓу ЕУ и НАТО во контекст на справувањето со предизвиците на безбедносната и одбранбената политика.

[186]Jaap de Hoop Scheffer, *NATO and the EU: Time for a New Chapter*, Keynote Speech by NATO Secretary General Jaap de Hoop Scheffer', Berlin, 29 January 2007. http://www.nato.int/docu/speech/2007/s070129b.html -пристапено на 12 април 2013.

[187]Kenneth Payne, *The European Security and Defense Policy and the Future of NATO*, ed. BBC News Analysis and Research , London 2003., стр. 29.

## 4.5 Европска стратегија за безбедност (ЕСБ)

Во рамките на овој дел од трудот, анализиран е придонесот на третопосочениот документ, т.е. на Европската стратегија за безбедност кон пролиферацијата и унапредувањето на безбедносната улога на ЕУ. Во тој контекст, трудот ги анализира историските околности и фактори кои го иницираа развојот на безбедносната стратегија, а потоа и нејзините фундаментални карактеристики, посебно идентификуваните закани и стратегиски цели кои треба да се реализираат на овој план. Согласно на тоа, треба да се истакне дека безбедносните предизвици со кои во поблиското и поширокото опкружување се соочи ЕУ кон крајот на XX век и почетокот на XXI век (Косово, 1999 г., Македонија, 2001 г., терористичките напади на САД, 2001 г., Ирак и Авганистан, 2003 г.), можат да се идентификуваат како фактори кои имаа директно влијание врз иницирање на потребата за воспоставување на соодветен стратегиски концепт, кој ќе овозможи јасно изразување на целите на Европската безбедносна и одбранбена политика. Во тој контекст, споредувајќи ги карактеристиките на современите закани од воена и невоена природа и неопходноста кон нив да се дејствува со комплексен мултилатерален пристап, Тарди констатира дека дури и на теориски план е тешко некој од меѓународните актери да ги задоволи неопходните критериуми, но дека сепак ЕУ од тој аспект е во предност.[188] Таквата предност, делумно се должи токму на усвојувањето на Европската безбедносна стратегија во 2003 година. Како резултат на овој документ, ЕУ се поставува како глобален актер кој е подготвен да придонесе кон глобалната безбедност и да надмине некои од дилемите со коишто претходно се соочуваше на тој план. Всушност, Стратегијата ја отвори можноста за репозиционирање на ЕУ, посебно по терористичките напади и безбедносното опкружување по 11-ти,септември,2001 година. Исто така, со овој документ се отвори и можноста за надминување на јазот кој се појави помеѓу членките на ЕУ и на НАТО и САД во однос на намерата за формулирање на посебен европски одбранбен идентитет и политика, како и за надминување на стратегиската фрагментација, која се појави во самата ЕУ, посебно во периодот на Ирачката криза.

---

[188]Tardy, T., (2009). European Security in a Global Context: Internal and External Dynamics. New York: Routledge,стр.236

Во таа насока, може да се истакне дека одредени теоретичари ја застапуваат тезата дека ЕСБ претставува одговор на Стратегијата за национална безбедност на САД (СНБ) од септември 2002. Или, како што истакнува Кристофер Хил:

„ . . . *ЕСБ беше изготвена делумно со цел да се изврши прилагодување на новите околности, но исто така и за да се убедат Американците дека Европа не е целосно заглавена во нереално размислување само за „мека сила" . . .*[189]

Како што е наведено и во самиот стратегиски документ -ЕСБ служи како основа и за стратешки дијалог со најзначајните партнери на ЕУ, особено со Соединетите Држави, и за дефинирање на заедничките безбедносни интереси на ЕУ. Исто така, таа е перципирана и како прв документ во кој, на начин разбирлив за општата јавност, е изложена рамката на ЗНБП, како и функцијата на ЕБОП, која и натаму ќе ги обезбедува неопходните насоки за земјите-членки и за институциите во воено-безбедносната сфера.[190]

Усвојувањето на документот ЕСБ претставува официјализирање на генералната насока за ЕУ, во кој се изјавува дека:

„ . . . *со над 450 милиони луѓе кои произведуваат една четвртина од светскиот Бруто национален производ (БНП), ЕУ е глобален актер; таа треба да биде подготвена да преземе дел од одговорноста за глобалната безбедност . . .*"[191]

Во контекст на претходно истакнатото, произлегува дека т.н. тензија помеѓу зголемената стратешка свест и незадоволувачки резултати на ниво на ЕУ, дополнително е поттикната и од внатрешните и надворешните случувања, кои заедно ја креираат позадината за основање на ЕСБ во 2003.

Од внатрешен аспект, тенденцијата на ЕУ поврзана со потребата за кохерентност и конзистентност во ЕБОП, се зголемува за време на Конвенцијата а особено со иницирањето на првите операции. Имено, *Конкордија* беше преземена во Македонија во март 2003.[192] Истата година, беше преземена и првата автономна воена операција

---

[189] Christopher Hill, "Britain and the European Security Strategy," in: German Foreign Policy, A Quarterly E-Newsletter on German Foreign Policy No. 5, Berlin 2004, стр. 24-13, Берлин 2004, 13.

[190] Auswärtiges Amt, European Security and Defense Policy, Berlin 2009, стр. 13.

[191] Council of the European Union, A Secure Europe in a Better World, European Security Strategy (ESS), DOC 10881/03 (Brussels 2003), стр. 2-5.

[192] Council of the EU, Joint Action on the European Union military operation in the Former Yugoslav Republic of Macedonia (Concordia), 2003/92/CFSP, Brussels, 27 January 2003.

*Артемис* во ДР Конго. На тој начин успешната операционализација на ЕБОП, иницираше ситуација во која отсуството на основна стратегија беше перципирано во негативен контекст.

Од надворешен аспект, 11 септември ја промени перцепцијата на меѓународната безбедносна агенда особено во САД. *Националната Безбедносна Стратегија на САД (NSS*[193]*)* од 2002 ја изрази новата визија и оценка на САД за безбедносното опкружување после 11 септември, 2001 година. Во однос на истата, карактеристично е тоа што и покрај фактот дека најголемиот број на европејци во голема мера се согласни со анализата на заканата направена од NSS, сепак истовремено тие сметаат дека предложените средства за справување со нив се во голема спротивност со европскиот пристап. Тука, вниманието е особено насочено кон поврзувањето на демократскиот идеализам со превентивен ангажман и оправданост на вознемиреноста иницирана од еднострана акција.[194] Во тој контекст, истото е перципирано како закана за трансатлантските односи и системот на ООН.

Интервенцијата во Ирак, исто така има соодветно влијание врз непосредното опкружување за развој на ЕСБ. Дискусиите во 2002/2003 за можна интервенција предизвика појава на жестоки трансатлантски разлики. Сепак, наместо причина, прашањето за Ирак беше катализатор за ерупција на трансатлантските разлики во периодот по завршување на Студената Војна.

Од почетокот на 90-те години на минатиот век, забележлива е соодветна разлика на процената за безбедносното опкружување помеѓу САД и Европа. Имено, наспроти фактот дека најголемиот дел од европските држави постепено ја напуштаат дефиницијата за безбедност карактеристична за Студената војна, со нејзиниот фокус врз воената димензија за сеопфатен концепт за безбедност, при што развојот на ваквиот пристап во САД е со послаб интензитет. Разликите во текот на 90-те за прашања како што се Меѓународниот кривичен суд или Договорот за мини го покажуваат трансатлантскиот јаз во однос на основните прашања за меѓународните односи, кои открија повеќе разлики во светските гледишта. Од оваа перспектива, спорот во Ирак, може да се сфати само како еден од чекорите во т.н. „реафирмирање на односите помеѓу трансатлантските партнери".

[193]Security Council (NSC), The National Security Strategy of the United States of America. Washington DC, September, 2002. www.whitehouse.gov/nsc/nss.html (пристапено во ноември 2013).
[194]*Ibid*, стр.6,9,20

Како значајна карактеристика на Ирачката криза, е преклопувањето на трансатлантскиот со т.н. внатре-европски судир. Противниците на воените интервенции - главно Франција, Германија, Белгија и Луксембург – се соочија со другите европски земји кои ја подржаа интервенцијата, пред сè со Велика Британија.

На почетокот од 2003, се повеќе се зголемува интензитетот на посочените трансатлантски несогласувања, како и оние во рамките на Европа. Имено, начинот на кој противниците и поддржувачите на американската политика ги артикулираа своите позиции, често еднострано и без претходни консултации со партнерите, придонесе за продлабочување на трансатлантските и внатре-европските судири.[195]

Од друга страна, поддршката на САД, како што е „Писмото од осумте" потпишано од земјите членки и земјите кандидатки на ЕУ во јануари 2003,[196] или „Писмото Вилниус" потпишана од земјите кандидатки и други европски земји кои не се во ЕУ во февруари 2003,[197] беше претставено како неправичен акт.

Американската администрација ги подгреа тие тензии со спротивставување на „старата Европа" главно Франција и Германија како противници на војната и т.н. „нова Европа" поддржувач на воените интервенции и на САД. Може да се истакне дека ваквата ситуација продуцираше негативно влијание и врз самата ЗНБП/ЕБОП. Во таа насока, еклатантен пример претставува Европскиот самит за одбрана кој ги собра противниците на војната Франција, Германија, Луксембург и Белгија, во април 2003 во Тервурен.[198] Изнесените идеи беа насочени кон зајакнување на европската безбедност и соработката во одбраната и беа делумно консензуални како на пример прашањето поврзано со стратешкиот воздухопловен транспорт. Од друга страна, предлогот за создавање на т.н. *„ јадрена колективна способност за планирање и спроведување на активности"*, наиде на сериозни критики, особено од Велика Британија и САД. Тоа придонесе за продлабочување на тензиите особено помеѓу Франција и Германија од една страна и Велика Британија од друга страна.

Наместо Ирачката криза да биде перципирана како можност за манифестирање на кохерентна ЕУ политика, во практиката, истата иницираше истакнување на нејзината

---

[195] Haugevik, K. M., Strategic Adaptation or Identity Change? An Analysis of Britain's Approach to the ESDP 1998-2004. Research Paper 688/2005, Norwegian Institute of International Affairs 2005, стр.35f

[196] The Times, Europe and America Must Stand United. 30 January 2003.

[197] Vilnius Group Countries, Statement, Novinite Sofia News Agency, 5 February 2003. http://www.novinite.com/view_news.php?id=19022 (пристапено на 20 Декември 2013).

[198] Тервурен самит исто така погрешно нарекуван подоцна „Чоколаден самит". Тоа исто така алудира на фактот дека на овој самит се состанале земји кои произведуваат чоколада но исто така ги отфрла и нивните капацитети и експертиза во однос на прашања од одбраната.

слабост. Затоа, надминувањето на таквите предизвици во иднина, е детектирано како значаен фактор во насока на унапредување на реализацијата и ефикасноста на ЗНБП/ЕБОП. Во тој контекст, во рамките на неформалната средба во Кастелорицио, Грција, министрите за надворешни работи на државите-членки на ЕУ, на Високиот претставник за ЗНБП, Хсавиер Солана, му ја доверуваат задачата да го менаџира процесот со изработка на автохтон европски стратешки концепт.[199]

На состанокот во Кастелорицио, иницирaн е уникатен процес на подготовка на европски стратешки концепт, во кој покрај персоналот на Високиот претставник (ВП) за ЗНБП и земјите членки, активно е вклучена и меѓународната заедница. Во таа насока, можат да се издвојат три главни чекори кои го покриваат периодот од: почетокот на ЕСБ во мај 2003, преку презентација на првиот нацрт во јуни 2003, па до неговото усвојување од страна на Европскиот Совет во декември 2003.

Првопосочениот период започнува со неформалната средба на ЕУ министрите за надворешни работи во Кастелорицио, 2-3 мај 2003 и истиот е познат како зачеток на ЕСБ. Во рамките на таа средба, министрите на државите членки на ЕУ и нивните колеги од земјите кандидатки се согласија дека на Унијата и е потребна „заедничка стратегија за одбрана на Европа“ со цел истата во иднина да може да реагира покохезивно и побрзо.[200] Притоа, токму ВП, Х.Солана беше задолжен да изготви таков документ и да го презентира на следниот Европскиот Совет.[201]

Генерално, се смета дека ваквата идејата е иницирана од Франција, Германија и Велика Британија, како резултат трилатералната средба во Брисел, на која министрите за надворешни работи на овие држави се согласија околу потребата за заедничка инцијатива на овој план, со цел да се избегне распаѓање на ЗНБП/ЕБОП. Ваквиот предлог од трилатералната средба, за време на грчкото претседателство со ЕУ се инкорпорира во агендата на состанокот во Кастелорицио. Притоа, за истакнување е дека Х.Солана не беше службено назначен од Советот, туку истиот е именуван на

[199] Greek EU Presidency, Informal General Affairs and External Relations Council (Gymnich), May 2-3 2003: Изјава во печатот, http://www.eu2003.gr/en/articles/2003/5/3/2662/, (пристапено мај 2013).
[200] Greek EU Presidency, Introduction to the contributions for the Informal Meeting of the EU foreign ministers in Kastellorizio, 2-3 May 2003; p.1; www.eu2003.gr/en/articles/2003/5/1/2620/ (пристапено во Јануари 2014).
[201] Greek EU Presidency, Informal General Affairs and External Relations Council (Gymnich), May 2-3 2003: Press Statement, http://www.eu2003.gr/en/articles/2003/5/3/2662/, (пристапено Јануари 2014).

неформален начин од министрите за надворешни работи. Оттука, тој не беше обврзан да ги користи официјалните работни канали кои често ризикуваат да го комплицираат процесот на донесување на одлуки. Секако дека ваквиот уникатен мандат му овозможи на Солана да одржува блиска и директна контрола врз процесот на изработка на стратешкиот концепт. Притоа, иако одредени совети се бараа и од надворешни експерти, особено ISS ЕУ, сепак, нацртот во првата фаза е чуван под строга контрола на неколку поединци под надлежност на Кристоф Хеусген, раководител на Одделението за политика. Единствено, непосредно пред Самитот во Солун (јуни 2003), нацрт текстот е презентиран пред Комисијата за политики и безбедност (PSC), амбасадорите и министрите за надворешни работи.[202]

Второпосочениот чекор, т.е. период се карактеризира со самитот на Европскиот Совет во Солун, 20 јуни 2003 и презентација на првиот нацрт на ЕСБ. Резултатот од овој процес, (документ од 16-страни), беше претставен пред Европскиот Совет.[203] Во тој контекст, Советот го поздрави нацрт предлогот на Солана и го задолжи да:

> *"ја претстави својата работа [...] во поглед на поднесување на Стратегијата за безбедност на ЕУ [...] која треба да се усвои од Европскиот Совет во декември".*[204]

Оттука, се отвори потребата Солана да работи „во блиска соработка со земјите членки и Комисијата" со цел предефинирање на стратегијата:

> *"која треба[...] да ги поттикне интересите на земјите членки и приоритетите на граѓаните и претставува жив документ кој е предмет на јавна дебата".*[205]

Третопосочениот чекор го опфаќа периодот од јуни до декември 2003 и во рамки на истиот карактеристична е потребата за понатамошен развој на нацртот кој следи по самитот во Солун, при што земјите членки беа поканети да ги претстават пред Солана своите приоритети во однос на ЕСБ. Притоа, дополнително се проширува и тимот за изработка на стратешкиот документ. Инаку, процесот во рамките на последната фаза од изработката на концептот, генерално е поделен на две компоненти:

---

[202] GAERC, 2519th Council Meeting, General Affairs. Luxembourg 16 June 2003. 10370/03. 10370/03, стр.9
[203] Solana, Javier, A secure Europe in a better world. EU High Representative for the Common Foreign and Security Policy, European Council, Thessaloniki. 20 June 2003.
http://ue.eu.int/ueDocs/cms_data/docs/pressdata/EN/reports/76255.pdf (accessed January 2012).
[204] Council of the EU, Thessaloniki European Council, 19-20 June, Presidency Conclusions (revised) 11683/03. Brussels, 1 October 2003, стр.17
[205] *Ibid*

(I) септември - октомври 2003: барање инпут од заедницата за истражување и за практичарите;

(II) ноември-декември 2003: продолжување на дискусиите во блиска соработка со земјите членки и Комисијата.

***Фаза I. септември- октомври 2003: инпут од академици и практичари***

Со цел вклучување на меѓународната заедница за истражување, ISS на ЕУ беше овластена да координира три конференции во Рим (септември), Париз (октомври) и Стокхолм (октомври), со фокус на: заканите; целите на ЕУ; и нејзините способности и кохерентност. Конференциите овозможија средба на над 200 академици и практичари од Европа и надвор од неа, со тоа отворајќи ја можноста за широка дискусија за нацрт предлогот и за развивање на предлози за преработка на нацртот. Тоа, ја продуцираше и потребата за оценување на оние кои беа одговорни за изработката, како дел од персоналот на Солана.[206]

***Фаза II. Октомври- декември 2003: вклучување на земјите-членки и Комисијата***

Иако земјите членки беа активни во промовирање на нивните интереси за време на целиот период на изработката, сепак, особено во последната фаза се одржаа меѓувладините консултации како и дискусиите со Комисијата. Комисијата за политики и безбедност се состана при формирањето на политичките директори. Притоа, министрите за надворешни работи беа информирани за развој на нацртот.[207] Како последица на тоа, одреден број на измени беа договорени за верзијата на Солун. GAERC ја овласти ЕСБ на 9 декември 2003 и го достави до Европскиот Совет за усвојување.[208] Сосема на крај, на самитот на Европски Совет во Гетеборг на 12 декември 2003, се пристапи и кон официјално усвојување на Европската безбедносна стратегија.

---

[206] European Union Institute for Security Studies , European Defence: A Proposal for a White Paper. Report of an independent Task Force. Paris, May 2004.

[207] GAERC, 2541st Council Meeting, External Relations. Brussels 17 November 2003. 14500/03, стр.7

[208] GAERC, 2553rd Council Meeting, External Relations. Brussels, 9 December 2003. 15536/03, стр.11

Во стратегијата, вниманието е насочено кон глобалните предизвици и ризици, како и кон расположливите инструменти на ЕУ за справување со истите. Во таа насока, може да се истакне дека најголемото значење на Европската безбедносна стратегија произлегува од констатацијата дека истата и дефинитивно може да се перципира како заеднички одговор на државите членки за проценување на современите безбедносни ризици и за утврдување на начините за справување со истите. Во тој контекст, низ призмата на три целини, структурата на стратегијата опфаќа:

- Анализа на актуелното безбедносно опкружување;
- Идентификување на стратегиските цели на ЕУ, и
- Идентификување на политичките импликации за ЕУ.[209]

Во однос на актуелното безбедносно опкружување, стратегијата ги препознава негативните глобализациски аспекти во однос на зголемувањето на сиромаштијата, појавата на болести, искористувањето на ограничените ресурси и глобалното затоплување, како фактори коишто имаат соодветно влијание врз безбедноста на државите-членки[210]. Тие аспекти во голема мера ја зголемуваат меѓузависноста и вулнерабилноста т.е. ранливоста на интерконекциските структури во транспортот, енергетиката, информациите, како и во другите области. Тука, посебно значајно е и прашањето за енергетската зависност од нафта и природен гас, за кои се проценува дека од сегашните 50%, увозот до 2030 година, ќе се зголеми на 70%.[211] Од друга страна, денес може да се очекува зголемување на актуелноста на прашањето за енергетската зависност од природен гас од Русија, во зависност од пристапите за решавање на Украинската криза. Освен енергетската зависност, стратегијата како глобална закана ги препознава и проблемите со коишто се соочуваат земјите во развој како сиромаштијата, болестите и пандемиите. Според истата, во денешни современи услови, можноста за агресија од поголем размер кон некоја од членките на ЕУ, речиси е целосно исклучена, но сепак, неопходно е кај државите-членки да се развива свеста за променетите карактеристики на заканите, коишто стануваат покомплексни, помалку препознатливи и потешко предвидливи.

---

[209] A Secure Europe in a Better World – European Security Strategy, 2003. Текстот на Стратегијата е достапен на:https://www.consilium.europa.eu/uedocs/cmsUpload/78367.pdf
[210] Ibid,стр.2-3.
[211] Ibid.

Во однос на зголемување на способностите и капацитетите за дејствување кон современите безбедносни ризици и закани, ЕСБ се залага развојот на истите да се реализира во рамките на ЕБОП. Од ЕСБ и од извештајот за спроведување, произлегуваат три критериуми за воените способности и тоа: потребата да се стори повеќе во поглед на клучните способности за примена на брза реакција, систематско користење на здружените и на заедничките средства и ефективно користење на ресурсите. За цивилните капацитети, клучниот критериум е потребата за зголемен капацитет за користење на цивилните ресурси за справување со кризни и посткризни ситуации.[212]

Европската безбедносна стратегија идентификува пет клучни закани кои се меѓусебно поврзани. Тие се: 1) тероризам, 2) ширење на оружје за масовно уништување, 3) регионални конфликти, 4) распаѓање на државите, и 5) организиран криминал.[213]

Тероризмот, како „болест" на демократските држави, наметнува големи трошоци и според ЕСБ, тој настојува да ја поткопа отвореноста и толеранцијата на европските општества. Во рамките на стратегијата, тероризмот се идентификува како растечка стратегиска закана за цела Европа, која ја иницираат мноштво комплексни причини, како: притисокот врз модернизацијата, културните, социјалните и политичките кризи, маргинализацијата на младите луѓе во различни општества и сл.. Исто така, зголемениот технолошки напредок и прекуграничниот карактер на терористичките акции, имаат соодветно влијание врз пролиферацијата на тероризмот како примарна закана за европската безбедност. Притоа, се потенцира дека европските држави истовремено претставуваат цели на напад, но и база на тероризмот, поради што неопходна е заедничка европска акција кон истиот.[214] Од денешен аспект, потврда за тоа, претставуваат терористичките напади во Шпанија, 2004 год., Велика Британија, 2005 год., Франција, 2015 год., како и откриените ќелии на Ал Каеда во: Велика Британија, Италија, Германија, Шпанија и Белгија. Во однос на оваа закана, со Планот

[212]Совет на Европската Унија, ЕСБ – Безбедна Европа во подобар свет, 11-12 и Совет на Европската Унија, Извештај за спроведувањето на ЕСБ, стр. 15. Како упатување на ЕСБ, Главната воена и цивилна цел 2010 исто така ги одразуваат тие главни критериуми за развој на капацитетите, покрај другите детално опишани цели.

[213]Безбедносна стратегија на ЕУ: Побезбедна Европа во подобар свет, 2003, стр.3

[214] Ibid.

за активности за борба против тероризмот, ЕУ ја истакнува одговорноста на секоја од државите за активно учество во борбата против сите форми на тероризам во сите аспекти на нејзината надворешна политика. Инаку, според стратегијата најзастрашувачко сценарио би настапило доколку терористичките групи имаат пристап до оружје за масовно уништување, поради нивната подготвеност да употребат неограничено насилство за да предизвикаат масовни жртви.

Наспроти тероризмот, оружјето за масовно уништување, според стратегијата е идентификувано како потенцијално најголема закана за ЕУ. ЕСБ особено ја изразува опасноста од ширење на WMD во Средниот Исток. Според извештајот, иако „ меѓународните договори и спогодбите за контрола на извозот, го забавија ширењето на WMD и системите на испорака", сепак, тоа не доволно истото да се држи под контрола.[215] Според стратегијата, одговорот на ЕУ кон оваа закана мора да се базира врз поширока основа, вклучувајќи ја и Стратегијата против ширењето на оружјето за масовно уништување, исто така усвоена во 2003 година.[216] Посочената стратегија, идентификува две нивоа за справување со оружјето за масовно уништување: 1) јакнење на мултилатералните договори за неширење и јакнење на режимите за контрола и верификација, решавање на тензиите и споровите кои произлегуваат од оваа сфера преку политички решенија и регионални договори за контрола на оружјето и за разоружување; и 2) само доколку претходните мерки не вродат со плод, преземање на присилни мерки согласно Глава VII од Повелбата на ООН.[217]

Регионалните конфликти во меѓународни рамки (Индија-Пакистан околу Кашмир, потоа Бурунди, Д.Р.Конго, Кенија, Руанда, Танзанија и Уганда околу регионот на Големите езера во Африка, Северна и Јужна Кореја околу Корејскиот полуостров и сл.), како и оние во соседството на ЕУ, според безбедносната стратегија имаат директно или индиректно влијание врз европските интереси. Интензитетот на нивното значење посебно се зголемува ако се земат во предвид последиците кои истите ги предизвикуваат. Имено, освен човечките страдања и загуби, уништувањето на социјалната и на физичката инфраструктура, кршењето на основните слободи, на човековите и малцинските права, исто така претставуваат сериозен извор на екстремизам и тероризам кои водат и кон распаѓање на државите. Појавата на одредени непредвидливи нови закани во овој контекст, може да се поврзе со неадекватното

[215]A Secure Europe in a Better World – European Security Strategy,2003, стр.3
[216]Текстот на оваа стратегија е достапен на:
http://register.consilium.europa.eu/doc/srv?l=EN&f=ST%2015708%202003%20INIT
[217] Ibid.

справување со постари проблеми на определен регионален конфликт.[218] Секој регионален конфликт има потенцијално насилство и тој ризик лесно може да се поврзе со тероризмот и WMD. Откако еднаш ќе започне, многу е тешко да се спречи бранот на насилство. Во овој контекст, линкот помеѓу овие клучни закани очигледно бара концентрирани акции во ЕУ и земјите членки треба да постапуваат усогласено. Од денешен аспект, секако дека еден од најголемите предизвици за ЕУ во контекст на посочената закана, претставува нејзината улога во однос на менаџирањето на Украинската криза.

Четвртата идентификувана закана според безбедносната стратегија на ЕУ, претставува распаѓањето на државите, кое првенствено произлегува како резултат на лошото владеење и корупција, злоупотреба на примената на насилни средства и инструменти, неефикасните и слаби институции, отсуството на одговорност, како и од цивилните конфликти кои однатре ги еродираат државите.[219] Сериозноста на оваа закана, се базира и врз фактот дека колапсот на институциите и во таа насока и на самите држави, има директно влијание и врз регионалната нестабилност. Затоа, ваквата закана се перципира и низ призмата на слабеење на глобална власт и јакнење на регионалната нестабилност која може да ја постави основата за други закани како тероризмот и регионалните конфликти.[220]

Петтата закана, т.е. организираниот криминал, во рамките на стратегијата се дефинира како внатрешна закана за стабилноста на државите-членки на ЕУ, но со јасни екстерни димензии: прекугранична трговија со дрога, жени, нелегални емигранти и оружје. Затоа и во однос на оваа закана, потенцирана е потребата за примена на еден мултидимензионален пристап кој се базира на: заштита на надворешните граници на ЕУ преку визните и политиките за азил и имиграција; судска соработка во граѓанската и кривичната област; полициска и царинска соработка; борба против дискриминацијата, расизмот, ксенофобијата и антисемитизмот; борба против перењето пари, организираниот , компјутерскиот, финансискиот и економскиот криминал. Сепак, во однос на оваа закана, се истакнува и фактот за постоење на големи разлики во однос на вулнерабилноста т.е. ранливоста на државите од ЕУ во однос на поедини криминални активности. Имено, во проценката за заканата од организиран криминал (воспоставена по препорака на Хашката програма AFSJ 2004-2009), идентификувани се

[218]Simon Duke, "The European Security Strategy in a Comparative Framework: Does It Make for Secure Alliances in a Better World?", European Foreign Affairs Review 2004, 9 (4), стр.466
[219]A Secure Europe in a Better World – European Security Strategy, 2003,стр.4
[220]*Ibid*

пет критични области со широко влијание врз криминалната динамика во ЕУ. Првата е северозападната област која делува како дистрибутивен центар за хероин, кокаин и синтетички дроги и со доминантно влијание врз Велика Британија, Ирска, Франција, Шпанија, Германија, балтичките и скандинавските земји. Втората е југозападната област околу Иберискиот полуостров, карактеристична по трговијата со кокаин, луѓе и илегалната имиграција. Третата е североисточната област која граничи со Русија и Белорусија и за која е карактеристична трговијата со луѓе (сексуална експлоатација), илегални емигранти, цигари, фалсификувана стока и синтетичка дрога. Четвртата е јужната област со седиште во Италија, каде покрај трговијата со дрога и нелегалната имиграција, актуелна е и трговијата со цигари и фалсификувани евра, додека петтата е југоисточната област, позиционирана во Бугарија и Романија и истата вклучува трговија со хероин, фалсификувани евра и платежни картички. Според безбедносната стратегија на ЕУ, најсериозна радикална безбедносна закана би претставувало поврзувањето на организираниот криминал со тероризмот и со оружјето за масовно уништување.

Врз основа на дефинираните закани, ЕУ истакнува дека ќе се справува со широк спектар на воени и невоени средства и инструменти. Во оваа насока, конкретно прецизирани се три стратегиски цели кон чија реализација ќе тежнее ЕУ во периодот што следи. Стратегиските цели, анализирани се во следниот дел од трудот.

Врз основа на проценките за актуелното безбедносно опкружување и идентификуваните закани, третиот дел од безбедносната стратегија на ЕУ ги утврдува основните стратегиски цели. Во тој контекст, се истакнуваат следните цели:

*1.* справување со заканите;

*2.* градење безбедносно соседство; и

*3.* воспоставување меѓународен поредок базиран врз ефикасен мултилатерализам.

Од аспект на формулираниот предмет на истражување во трудот, анализата на посочените стратегиски цели е особено значајна бидејќи низ призмата на активностите и придонесот на Р.Македонија кон реализацијата на истите, трудот ја истражува и нејзината улога во остварувањето на европската безбедност. Во тој контекст, во однос на првата стратегиска цел, т.е. *справувањето со заканите*, придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност се анализира преку усвоените резолуции за поддршка, но и

за активно учество во мисиите одржување на мирот и безбедноста, кои се предводени од страна на ЕУ. Притоа, како студија на случај во однос на претходното конкретно анализирано е учеството на Р.Македонија во најголемата воена мисија на ЕУ, мисијата АЛТЕА во Босна и Херцеговина. Студијата на случај, меѓудругото, има за цел да истражи дали е возможен, и каков е придонесот на малите држави (каква што впрочем е и Р.Македонија) кон реализацијата на стратегиските цели на Европската стратегија за безбедност, а во тој контекст и каков е нивниот придонес кон европската безбедност. Во однос на втората стратегиска цел, т.е. *градење безбедносно соседство*, придонесот на Р.Македонија се анализира низ призмата на поддршката која Р.Македонија ја дава на напорите и пристапите на ЕУ за воспоставување на демократски управувани земји кон Медитеранот и кон Истокот. Од друга страна, имајќи ја во предвид посочената стратегиска цел, тука треба да се истакне дека активностите кои ги презема Р.Македонија во национални рамки за унапредување на сопствените демократски процеси, исто така индиректно може да се сметаат како соодветен придонес кон реализација на безбедносната стратегија на ЕУ. Целосното почитување на Повелбата на ООН, како и активната поддршка и учество во меѓународните активности и мисии, предводени пред сѐ од ООН и ОБСЕ во безбедносната сфера, ја сочинува суштината на придонесот на Р.Македонија кон реализацијата на третата стратегиска цел на безбедносната стратегија, т.е. кон постигнувањето на *ефикасен мултилатерализам*. Врз основа наистакнатото, произлегува потреба од анализа на суштината на самите стратегиски цели на Европската безбедносна стратегија.Оттука, во делот што следи, анализирани се карактеристиките на трите стратегиски цели.

Во однос на првата стратегиска цел, се истакнуваат неколку значајни иницијативи. Имено, по терористичките напади од 11.09.2001 год.,ЕУ усвои мерки (European Arrest Warrant) во однос на финансирањето на тероризмот и заемната правна помош со САД. Потоа, ЕУ пристапи и кон утврдување програма за унапредување и јакнење на Меѓународната агенција за атомска енергија, како и за постигнување на зајакнат и ефикасен меѓународен режим за контрола во оваа сфера. Исто така, започнувајќи од 2003 год., ЕУ презема и соодветни воени и цивилни мисии за справување со регионалните безбедносни закани и ризици. Во тој контекст, денес актуелни се следните нејзини воени мисии: EUFOR ALTHEA во Босна и Херцеговина; EUTM во Мали; EUFOR RCA во Централната Африканска република; како и две мисии во Сомалија: EU NAVFOR и EUTM. Од друга страна, актуелни се и повеќе цивилни мисии на ЕУ како глобален безбедносен актер. Тие се: EUMM (2008г.) во Грузија;

EUPOL(2007 г.) во Авганистан; EUSEC (2005 г.) во Д.Р.Конго; EUPOL (2007 г.) во Д.Р.Конго; EULEX (2008 г.) во Косово; EUCAP SAHEL (2012 г.) во Нигер; EUCAP NESTOR (2012 г.) во Кенија, Сомалија и Сејшели; EUBAM (2013г.) во Либија; и две мисии на палестинска територија EUBAM RAFAH (2005г.) и EUPOL COPPS (2006 г.).

Инаку, наспроти големите и лесно воочливи закани во периодот на Студената војна, Европската безбедносна стратегија потенцира дека актуелното безбедносно опкружување го карактеризираат закани коишто не се доминантно воени, ниту пак во однос на кои може да се интервенира исклучиво со воени средства. Затоа, според ЕУ, современите комплексни закани го надминуваат традиционалниот концепт креиран за самоодбрана од агресија и истите нужно ја поместуваат првата одбранбена линија, надвор од границите на ЕУ.

Во рамките на втората стратегиска цел, потенцирана е важноста за креирање на опкружување од демократски управувани земји, пред се кон Исток и кон Медитеранот. Во тој контекст, прашањето за стабилноста на Балканот, јужниот Кавказ, Израелско-арапскиот конфликт, а во контекст на актуелната состојба во Украина и прашањето за менаџирање на тамошната криза, претставуваат дел од поширокото внимание на ЕУ.

Третата стратегиска цел ја истакнува потребата за воспоставување на ефикасен мултилатерален систем, посилна меѓународна заедница и во тој контекст, функционални меѓународни институции и меѓународен систем заснован врз меѓународното право. Затоа, тука неопходна е соработката помеѓу ЕУ со НАТО, ООН, ОЕБС, како и со други меѓународни организации во однос на прашањето за креирање ефикасен мултилатерализам. Во рамките на овој дел од стратегијата, Повелбата на ООН се перципира како фундаментална рамка за меѓународните односи, а Советот за безбедност на ООН, како тело со примарна одговорност за одржување на меѓународниот мир и безбедност. Исто така, стратегијата не ја исклучува можноста за употреба на сила заради спречување на производство и развој на оружје за масовно уништување и заради неопходни превентивни интервенции, но сепак, истата ја потенцира рамката во која може да се реализира тоа – ООН и Советот за безбедност.

Во сферата на кризниот менаџмент, соработката на ЕУ со ООН, формализирана е во 2003 година со заедничка декларација по воспоставувањето на мисијата Артемис во Д.Р.Конго. Истата година, ЕУ и ООН воспоставуваат заеднички управувачки комитет за менаџирање на кризи. Практично, ЕУ од тогаш започнува со поорганизирана оперативна, финансиска и политичка поддршка на мировните мисии предводени од ООН. Притоа, бенефициите од меѓусебната соработка за ЕУ, генерално се базираат врз

политичкиот легитимитет „доделен" од Советот за безбедност, додека бенефициите за ООН, произлегуваат од кредибилитетот и оперативните капацитети на ЕУ.

Стратешкото партнерство и соработка помеѓу ЕУ и НАТО во оваа сфера се темели на т.н. Берлин плус аранжман, усвоен во 2002 година. Тргнувајќи од фактот дека државите-членки на двете организации поседуваат само еден систем на вооружени сили *(single set of forces)* и ограничени ресурси, Берлин плус аранжманот овозможува при реализирањето на мисии од сферата на кризниот менаџмент, ЕУ да ги користи капацитетите и средствата на НАТО. Прв практичен пример за примена на Берлин плус аранжманот е мисијата Конкордија во Р.Македонија во 2003 год., која воедно претставува и прва воена мисија предводена од ЕУ. Истата година, во Босна и Херцеговина, ЕУ воспоставува и полициска мисија која ги презема обврските од дотогашната мисија на ООН. Активна соработка помеѓу ЕУ и НАТО, постои и во сферата на развојот на воените способности, каде вниманието е насочено кон развој на взаемно компатибилни способности и капацитети. Во тој контекст, во 2003 година, воспоставена е заедничка работна група на НАТО и ЕУ (NATO-EU Capability Group), задолжена за развој на заедничките воени способности.

Воспоставените стратегиски цели, треба да овозможат прогрес кон кохерентната надворешна политика и кон ефикасен кризен менаџмент на ЕУ. Во тој контекст, се истакнува потребата за поактивна, поефикасна и кохерентна политика, која што ќе се реализира заедно со партнерите од меѓународната заедница.

Само четири години по усвојувањето на ЕСБ, т.е. во декември, 2007 година, земјите членки на ЕУ го задолжија Високиот Претставник за ЗНБП „да ја испита имплементацијата на Стратегијата со цел да се определат и предложат соодветни елементи и инструменти за подобрување на истата." Како резултат на тоа, во 2008 год. усвоен е документ, насловен како: „*Извештај за имплементација на Стратегијата за безбедност во Европа: Обезбедување на безбедноста во променливиот свет*", ефективно ја потврдува трајната важност на ЕСБ од 2003, како и потребата да „*се биде поспособен, покохерентен, и поактивен*" со цел обезбедување на целосниот потенцијал на ЕУ на овој план.

Во посочениот документ, т.е. Извештај, инкорпорирана е т.н. *„Изјава за јакнење на меѓународната безбедност"*, во која се истакнуваат дополнителни детали за принципите и целите кои треба да се опфатат за справување со идентификуваните посочени закани во ЕСБ. Во изјавата се повторува т.н.*„незапирливата решеност"* за борба со сите манифестации на тероризам, и повици за надградба на алатките за рана детекција на радикализмот и поблиската соработка за финансирање на тероризмот. Особено, изјавата става акцент на борба против тероризмот, но „со должна почит кон човековите права, меѓународното хуманитарно право, и правото на азил" – елемент кој недостасуваше во ЕСБ. Во контекст на оваа закана, се препознава растечката моќ на интернетот и следствено на тоа се истакнува потребата за воспоставување на *„европска платформа за алармирање"*, со цел идентификување на регрутирањето и поттикнување на тероризам преку интернет како кривично дело. Исто така, во рамките на извештајот истакната е и партнерската улога на Авганистан и Пакистан во борбата против тероризмот.[221]

Во однос на заканата од пролиферација на оружјето за масовно уништување, во рамките на Извештајот вниманието посебно е насочено кон политиката на Иран на овој план. Значи, претходно идентификуваната нуклеарна закана (во рамките на безбедносната стратегија од 2003 год.) првенствено од Северна Кореја, со извештајот од 2008 год., надополнета е и со Иран. Во контекст на идентификуваната закана, освен дијалогот, извештајот ја истакнува и потребата од дополнителни мерки за зголемување на притисокот доколку Иран не постапи согласно насоките на Советот за безбедност на ООН. Во насока на унапредување на придонесот на невоените инструменти и механизми(кои не се дел од ЕСБ) кон справувањето со нуклеарната пролиферација. Тука, како особено значајни се истакнуваат: Сеопфатниот Договор за забрана на (нуклеарни) проби (CTBT), Пост-стартешкиот договор за намалување на оружјето (START), Договорот за не –пролиферација (NPT), Договорот за укинување на фисионен материјал и Хашкиот Кодекс на однесување. Извештајот исто така повикува на целосна имплементација на Конвенцијата за хемиско оружје (CWC) и Конвенцијата за биолошко оружје (BWC) и ги наведува напорите за контрола на мало и лесно оружје.

[221]Во рамките на Европската стратегија за безбедност од 2003 год., Пакистан не се спомнува како држава-партнер во борбата против тероризмот.

Извештајот за имплементација на безбедносната стратегија, исто така ја истакнува и значајноста на родовата димензија во безбедноста. Во тој контекст, како неминовна се истакнува потребата за ефективна имплементација на Резолуцијата на ООН- UN SCR 1820 за сексуално насилство во ситуации на вооружени конфликти. Според извештајот, родовата димензија во безбедносната сфера се базира и врз соодветната улога на жените во градење на мирот, па во тој контекст се истакнува дека неопходна е ефективна имплементација на Резолуцијата на ООН-UN SCR 1325 за мирот и безбедноста на жените, како и на Резолуцијата-UN SCR 1612 за децата во вооружени конфликти. Ова претставува значаен чекор во безбедносната политика на ЕУ, бидејќи ЕСБ не ја споменува UN SCR 1325, ниту пак ја признава улогата на жените како носители, туку многу повеќе ги препознава истите како жртви.

Извештајот ги детектира и предизвиците со кои се соочува ЕУ пред сè во односите со Русија, откако тие „се влошија“ со конфликтот во Грузија во 2008 год.

Во однос на *ефикасниот мултилатерализам*, извештајот истакнува дека вообичаените односи помеѓу ЕУ и НАТО „не напреднале“ и дека е потребна подобра оперативна соработка. Исто така, во однос на заедничката стратегија на Африка и ЕУ (2007), која има за цел да ги подржи способностите на Африка и ЕУ за менаџирање на кризи, во извештајот е дадена мала оценка која укажува на предизвиците кои се уште остануваат во новиот упад во мултилатерализмот со недостатокот на Африка во поглед на финансиски средства за капацитетите. Слично за Азискиот регион, беше „развиено“ вклучување – но многу малку анализа.

Извештајот истакнува дека воспоставените и од 2007 год. целосно функционални борбени групи (Battle Groups)[222] на ЕУ го подобрија нејзиниот капацитет за брзо дејствување. Сепак, се нагласува и потребата за нивно распоредување и во Дарфур и Д.Р.Конго. Конкретно во однос на развојот и унапредувањето на капацитетот на ЕУ за дејствување во оваа сфера, се истакнува дека е потребно активностите да бидат насочени кон поседување:

• способност за распоредување на 60 000 трупи во рок од 60 дена;

[222]Повеќе за борбените групи на ЕУ, види на:https://www.consilium.europa.eu/uedocs/cms_data/docs/pressdata/en/esdp/91624.pdf

• способност за спроведување на две истовремени операции до 10 000 војници за 2 години;

• способност за две операции со брз одговор со користење меѓу другото и на борбените групи;

• способност за цивилно- воена хуманитарна помош и мисија до 90 дена;

• способност за преземање повеќе цивилни мисии (во рамките на ЕБОП) од различни формати, со главна мисија (до 3000 експерти) во траење од неколку години.

Развојот на посочените способности е особено значаен од аспект на спроведеното истражување од *Мировните операции,* според кое, на глобално ниво само 3 до 5% од капацитетите за воена копнена сила се користат за управување со кризи (мировни) операции.[223] Во тој контекст, извештајот го охрабрува Високиот претставник за ЗНБП да воспостави една цивилно-воена структура за стратешко планирање за ЕБОП операции и мисии. Исто така, во рамките на истиот предвидено е и основање на европска воздухопловна флота, воздухопловна команда и воздухопловна база за европските сили. Во оваа насока, како позитивна е оценета и идејата за развивање на т.н. воен Еразмус, како и за подобрување на функциите на Колеџот за безбедност и одбрана на Европа, во контекст на потребите за обука и тренинг.

## [illegible]

Во рамките на овој дел од трудот, анализирани се предизвиците за ЕСБ, посебно во контекст на националната безбедносна стратегија на САД.

Во таа насока, ако се земе во предвид фактот дека од теориски аспект безбедносниот концепт ја изразува целта, природата и основните задачи за безбедноста на конкретенсубјект (држава, организацијата и сл.), како и дека ги идентификува централните карактеристики на безбедносното опкружување, едновремено определувајќи ги елементите на пристапот на субјектот кон безбедноста, произлегува дека ЕСБ јасно ги исполнува посочените критериуми.[224]

Тука треба да се истакне дека од терминолошки аспект, традиционално, терминот „стратегија" упатува на користење на воени средства за постигнување на политички крајни цели. Притоа, акцентот на политиката како извор на цели за стратегија

[223]Donald C.F Daniel , "Why So Few Troops from Among So Many?" in *Peace Operations: Trends, Progress and Prospects*. Georgetown University Press: Washington D.C. 2008, стр.47.

[224]Потекнува од NATO Strategic Concept, 24 April 1999, Press Release NAC-S (99) 65, дел I/5

покажува дека не станува збор за навлегување во воените активности и сфера, по нивна сопствена волја. Во таа насока, политичките цели начелно можат да се движат од одвраќање на непријателски сосед или друга држава, па се до подготовка на хуманитарна интервенција. Во традиционална смисла, стратегискиот документ се очекува да ги дефинира фактичките цели и да постави приоритети за постигнување на целите на политиката. Тој, исто така треба да објасни кои средства може да се користат, и под кои услови, за да се исполни одредена цел.[225]

Врз основа на посоченото, ЕСБ заостанува зад овие критериуми. Како што нагласува Сајмон Дјук, ЕСБ изгледа повеќе како „инспиративна скица".[226] Со оглед на тешкотиите поврзани со здружувањето на сили за брза реакција на ЕУ и со борбените групи, забележлив е недостатокот на референции за употребата на сила. Од друга страна, сите стратегии бараат да воспостават врска помеѓу воените и политичките средства, во контекст на ефикасно справување со безбедносните ризици и закани[227]Во тој контекст, забележливо е дека ЕСБ не нуди дури ни најгруби насоки и проценки за ситуацијата во која нејзините сили можат да интервенираат.

Во желбата да се создаде консензус, ЕСБ се приближува до „де-милитаризација на Европската Унија" – спротивно од насловот на есејот на Ана Дејтон.[228] Значи ако тој не е традиционален стратегиски документ, се наметнува дилемата за можноста која ЕСБ ја нуди на ЕУ во сферата на безбедноста. Бидејќи стратегијата како што нагласува Г-дин Хеусген беше напишана со директно упатување на 2002 NSS, двата документа се нераскинливо поврзани и потребно е да се испитуваат заедно. Сепак, тука треба да се има во предвид фактот дека двата документи се различни во смисла на должина и целна публика. Роберт Е.Хантер нагласува дека ниту NSS ниту ESS не ги опфаќа сите основни елементи на стратегија на ЕУ или САД.[229]

Тие сепак, ги допреа клучните прашања за меѓународната безбедност при крајот на минатиот век, определени во четири основни термини од ЕСБ: *стратешка култура, пропаднати држави, превентивно вклучување и ефективен мултилатерализам.*

---

[225]За кратка дискусија на ЕСБ како голема стратегија види Barry Posen, 'The European Security Strategy – Practical Implications', 1/1 *Oxford Journal on Good Governance*, 2004

[226]Simon Duke, "The European Security Strategy in a Comparative Framework: Does It Make for Secure Alliances in a Better World?", European Foreign Affairs Review 2004, стр. 2

[227] Види Tarak Barkawi, 'Strategy as a Vocation: Weber, Morgenthau and Modern Strategic Studies', 24/2 *Review of International Studies*, 1998

[228] Anne Deighton, 'Militarising the European Union' , *Research Notes*, Centre d'études des politique étrangères et de sécurité (CÉPÉS), 2000

[229] Robert E. Hunter, 'The US and the EU: Bridging the Strategic Gap?' *The International Spectator, 2004 (1)*,стр. 36

Во очигледна контрадикција со избегнување на воени мерки, ЕСБ ја нагласува „потребата да се развие стратешка култура која поттикнува рана, брза и кога е потребно, одлучна интервенција".[230] Од првиот пат кога е воведен од Џек Снајдер во 1977 во извештајот за истражување на Советските и Американските нуклеарни стратегии, терминот „стратешка култура" е дел од речникот на меѓународни односи. Снајдер ја дефинира стратешката култура:

„ . . . како збир на идеи, условени емоционални реакции, и модели на вообичаено однесување кои членовите на [националната] стратешка заедница ги споделуваат во однос на [нуклеарната] стратегија . . . ".[231]

Стратешката култура е вградена во историјата на земјата, во нејзината политичка култура, и во ставовите на воените лидери. Во тој контекст, најголем дел од научниците се согласуваат дека стратешката култура се состои од бихевиористички фактор кој може да се проследи во спроведувањето на фактичката политика, како и од посуптилен културен фактор кој се состои од заеднички изрази за идеи, очекувања, вредности и ставови.[232]

Одреден број на стратешки култури можат да ко-егзистираат – да бидат вградени на пример во ЕУ, НАТО или во националната држава – во било кое дадено време. Притоа, силата на секоја од нив зависи од степенот до кој идеите, очекувањата, итн. содејствуваат во рамки на моделите на однесување и обратно. Со други зборови, стратешката култура овозможува рамка во која учесникот пристапува кон прашањата за закана (или употреба) на сила – и поширокото прашање за капацитетите за силна моќ како политички ресурси. Во избегнувањето на спојувањето на воени средства со политичките цели, безбедносната стратегија на ЕУ, сама по себе неминовно ја наметнува потребата за развој на стратешка култура на ЕУ.

Во моментов ЕУ заостанува, особено во поглед на „културната" компонента на терминот. Постои голем недостаток на согласност за *тоа кога, каде и од кои причини*

[230] A Secure Europe in a Better World – European Security Strategy (2003), стр. 11

[231] Види Jack Snyder, 'The Soviet Strategic Culture: Implications for Limited Nuclear Options', a project Air Force report prepared for the United States, Santa Monica, CA: RAND Corporation, R-2154-AF, September 1977.

[232] Види Per Martin Martinsen, 'The European Security and Defence Policy (ESDP) – A European Strategic Culture in the Making', presented at the ECPR Conference, Marburg, 19 September 2003

ЕУ треба да прибегне кон вооружена сила. Скратувањето на недостатоците на воените капацитети на ЕУ, го пренасочува вниманието од многу поважната суштина, односно од тоа дека ЕУ пропушта да договори *цели* врз основа на кои би се применувале *средствата*.[233]

Генерално, можат да се идентификуваат два правци на размислување за географскиот и мисионерскиот делокруг на безбедносната политика на ЕУ. Едниот правец се состои од помалите држави и во истиот доминираат неутралните Ирска и Австрија кои настојуваат функционирањето на ЕБОП да продолжи да се базира врз принципот на консензус, а иницијативите за интервенции во кризни ситуации, да бидат регионално ориентирани. Од друга страна, на ваквиот пристап се спротивставуваат две европски големи воени сили, Велика Британија и Франција, кои се залагаат за поширок спектар на мисии на глобално ниво од страна на коалиции предводени од ЕУ. Германија се фокусира на потребата за мандати од ООН и за заедничка оценка на мисиите преферирајќи да ја видат ЕБОП помалку како алатка за проектирање на моќ, отколку како средство за продлабочување на европската интеграција.

Џефри Едвардс и Пол Корниш заземаат оптимистички поглед, нагласувајќи дека ЕУ стекнува воени капацитети додека во одржувањето на својот карактер, таа првенствено претставува цивилен актер.[234] Спротивставен поглед е дека ЕУ е премногу хетерогена да развие значајна стратешка култура и дека терминот е иницирал да опфати нов мотив за политичка интеграција наместо истиот да се сфати како вистинска намера за одбрана или одвраќање.

Третото гледиште претставувано од Стен Рунинг, тврди дека ЕУ нема капацитет да стане „либерална сила" и затоа мора да биде водена од големите сили во неограничен број на коалиции.[235]

Главната пречка за развивање на стратешката култура е што актуелниот начин на донесување заеднички одлуки не ги застапува и прашањата поврзани со брзите интервенции. Изминатите пет години бележат постепен премин кон зголемена политичка координација помеѓу Британија, Германија и Франција.[236] Ова е директно

[233] Robert Kagan, 'Power and Weakness', *Policy Review*, 2002, стр. 113

[234] Geoffrey Edwards and Paul Cornish, 'Beyond the EU/NATO dichotomy: The beginnings of an EU strategic culture', 77/3 *International Affairs 2001*, стр.. 587–603. Истотака види и Steven Everts, Lawrence Freedman, Charles Grant, François Heisbourg, Daniel Keohane and Michael O'Hanlon, 'A European Way of War', *CER pamphlet*, Centre for European Reform, London 2004..

[235] Sten Rynning, 'The European Union: Towards a Strategic Culture?' 34/4 *Security Dialogue 2003*, стр.. 494. Истотака види и Julian Lindley-French, 'Terms of Engagement: The paradox of American power and the transatlantic dilemma post-11 September' 52 *Chaillot Paper 2002*.

[236] 'Charlemagne', *The Economist* 1–7 May 2004.

признавање на речиси невозможноста за формулирање на безбедносни политики со 28 држави кои потенцијално може да стават вето. Ирачката војна ги покажа тешкотиите кои се присутни во градењето консензус во време на криза. Соодветно, трите земји подготвија терен за дирекција која во иднина би можела да го формира нуклеусот за формирање на безбедносната политика на ЕУ. Така „Советот за безбедност на ЕУ" јасно би бил поефективен при креирањето на политиката наместо „Генералното Собрание" сочинето од претставници на 28 држави. Сепак, тука главната дилема е дали аспирациите на трите најголеми држави се поистоветуваат со оние на ЕУ во целост. Исто така, прашање е како идејата за дирекција се вклопува во повторливата тема на „мултилатерализам" како основа на Унијата и средствата кон кои треба да се придржува меѓународниот поредок.

Повикот да се развие стратешка култура на ЕУ го привлекува вниманието на конструктивистички основи на ЕСБ. Се претпоставува дека со одраз на нашите искуства, ние го градиме нашето сопствено разбирање за светот во кој живееме. Според таа логика, стратешката култура може да се изгради со акт на волја. Конструктивистите ги критикуваат реалистите што имаат „функционален императив" – дека однесувањето на државата се раководи од стимулации кои ги нуди државниот систем. Конструктивистите од друга страна се отворени кон критиките дека општествените императиви каде државата постапува врз основа на идеи генерирани на национално или супра-национално ниво имаат слично место во нивното размислување.[237]

Ограничениот успех на тековниот проект за активно охрабрување на формирањето на европскиот идентитет укажува на тоа дека развивањето на европската стратешка култура нема да биде ни најмалку лесно.[238]

За споредба, стратешката култура на НАТО била изградена за јасна надворешна закана и со поддршка на бениген хегемон, водејќи ги на крајот земјите членки.[239] ЕСБ очекува ваквата култура да се материјализира како резултат на искуство и ЕСБ со право нагласува дека „проценките на заедничките закани се најдобра основа за заедничко дејствување".[240]

---

[237]Sten Rynning, 'The European Union: Towards a Strategic Culture?' 34/4 *Security Dialogue*, стр. 481

[238]За критичка процена на напорите за градење на идентитет види Peter van Ham, 'Europe's Postmodern Identity'38/1 *International Politics 2001.*

[239]Thomas Risse, *Cooperation among Democracies – The European influence on U.S. Foreign Policy*, Princeton University Press, New Jersey, 1995.

[240] A Secure Europe in a Better World – European Security Strategy (2003), стр. 12

Една од најважните цели за првата безбедносна стратегија на ЕУ беше да се определи што е безбедноста за ЕУ и што е политиката за одбрана на практично ниво. Притоа, треба да се им во предвид и фактот дека ЕСБ не го поседува последниот збор во однос на прашањата за европската безбедност. Унијата исто така во иднина ќе биде соочена со тешки избори во однос на употребата на сила. Со тоа што се избегнува да не се наведе кредибилна алтернатива за колективно донесување на одлуки, ЕСБ ја сместува одговорноста за овие избори цврсто во рацете на владите на земјите членки, кои во прва инстанца ќе одлучат за тоа како ќе се имплементира стратегијата.

Крајот на Студената војна, иницираше и отстранување на биполарната рамнотежа врз која се базираше европската безбедносна архитектура. Сепак, со распадот на Советскиот Сојуз, се појави нов спектар на закани. Во тој контекст, ЗНБП и ЕБОП можат да се перципираат како автентичен одговор на ЕУ кон промените во глобалната безбедносна средина. Оттука, може да се очекува и ЕСБ да посвети многу повеќе внимание на дефинирање на „заканите и предизвиците" за Европската безбедност. Притоа, во однос на трансатлантската врска помеѓу заканите и предизвиците, може да се истакне дека ЕСБ посветува 5 од 14 страници за идентификација на заканите, додека американскиот пристап, односно NSS, ја ограничува анализата на неколку реченици. Сепак, наспроти посочената значајна разлика, стратегиите се многу слични во нивните заклучоци. Двата документа се фокусираат на опасностите поставени од тероризмот, неуспешни/пропаднати држави и пролиферација на оружја за масовно уништување (WMD).

NSS ги идентификува „непријателските држави" како примарна закана под претпоставка дека ваквите држави може да обезбедат засолниште и поддршка на терористичките организации. ЕСБ ја отсликува оваа теорија. Во „клучните закани" како поодделни закани пред сè, се истакнуваат: тероризмот, пролиферацијата на WMD и непријателските држави, додека опасноста од регионалните конфликти и криминални мрежи се анализира низ призмата на нивната поврзаност со тероризмот и со WMD.[241]. Конкретно, трите закани се очекува да конвергираат во ситуација каде

[241]*Ibid*, стр.5-6

WMD доаѓа во раце на терористите со посредство на пропаднатите/непријателските држави.[242] Додека NSS наведува дека:

„. . . Ние мораме да бидеме подготвени да ги запреме непријателските држави и нивните клиенти-терористи пред да можат да се заканувaат или употребат оружје за масовно уништување против САД и нашите сојузници и пријатели . . .“ ,

додека, ЕСБ истакнува дека:

„. . . имајќи ги предвид сите различни елементи заедно – тероризмот посветен на максимално насилство, достапноста на оружје за масовно уништување, организираниот криминал, слабеењето на државниот систем и приватизацијата на сила – ние можеме да бидеме соочени со навистина многу радикална закана . . “.[243] Притоа, релативно јасно е конципирано дека тероризмот примарно се однесува на меѓународни мрежи излезени од „калапот" на Ал Каеда (*al Qaida)*. Кога станува збор за WMD, напорите за не –пролиферација покажуваат дека и ЕУ и САД се примарно загрижени за нуклеарното оружје. Третиот елемент е значително понејасен. Непријателските држави на кои САД упатуваат десетина пати во NSS, не се исти како пропаднатите држави на кои се упатува седум пати во ЕСБ. Сепак, генерално и двата термини се нејасни. Имено, NSS наведува пет „критериуми за непријателство" кога станува збор за држава: малтретирање на сопствените граѓани, стремеж за набавување на WMD; поддршка на тероризмот, не почитување на човековите права, и она што е исто кака особено важно е дека државата има затегнати односи со САД. Оваа листа во моментот ги вклучува Северна Кореја, Либија, Куба, Иран и Сирија. Овие режими немаат многу заеднички работи освен нивната издржливост што е во спротивност на она што ги држи пропаднатите држави заедно. Терминот „пропадната држава“ е синоним кој се однесува на внатрешните работи на државата, а не на перспективата на надворешната политика. Во рамките на ЕСБ, таквата состојба е перципирана како „лошо владеење – корупција, злоупотреба на сила, слаби институции и недостаток од одговорност“.[244] Притоа, листата на ЕУ со вакви држави е очигледно подолга од онаа на САД. Разликата е во тоа што додека NSS гледа на непријателските држави како на чинители на хаосот, ЕСБ гледа на пропаднатите држави како на подржувачи на таквиот процес. NSS само еднаш упатува на пропаднати држави но има знаци за промена на политиката кон позицијата на ЕУ. Искуствата во Ирак забележително ја

[242]The White House, 'The National Security Strategy of the United States of America', Washington D.C., September 2002, стр.6
[243] A Secure Europe in a Better World – European Security Strategy (2003), стр.. 5.
[244]*Ibid*, стр.5

свртуваат американската агенда од „управувањето со кризи и задржувањето на рана дијагноза и превенција“.[245]

Врамувањето на безбедносната политика на ЕУ започна со фокусирање врз лекции за управување со кризи научени од југословенската граѓанска војна од 1990-те и еволуираше со агенда за меѓународната безбедност. Оваа поента заслужува да биде забележана бидејќи ЕУ во одреден број на области од политиката, смета дека е тешко да одговори на новите предизвици. Во тој контекст, несомнено е дека стравот од нарушување на тешко стекнатиот консензус во одреден број на случаи, доведе до тоа ЕУ да се заглави во неефикасни политики. Различни европски земји се соочуваат со различни закани и оттука тежнеат кон нивно различно оценување. Така, радикалниот Ислам претставува посериозна закана за Франција отколку за Словачка. Нуклеарните отпади на полуостровот Кола се повеќе „јасни и претставуваат опасност“ во Хелсинки отколку во Атина. Со потпишување на истите клучни закани како САД, ЕСБ дава некои од неговите оригинални *raison d'être* за тоа што иницијативата е фокусирана на „различни“ предизвици за безбедноста од НАТО.

Врз основа на сето претходно истакнато, разликата во јасноста на пристапот помеѓу американска агенда во делот за „клучните закани“ и недостатокот од јасност и структура во листата на дефинираните „предизвици“ за ЕУ, укажуваат на зависност на ЕУ од САД во поставувањето на агендата за безбедност во догледна иднина.

## 4.6 Безбедносната улога на ЕУ по Лисабонскиот договор (2009)

Генерално, Договорот од Лисабон може да се перципира како обид и начин за надминување на проблемите кои произлегоа како резултат на неуспехот од претходниот т.н. Уставен договор (Договор за воспоставување на европски устав), за кој негативно се изјаснија граѓаните на Франција и Холандија. Во тој контекст, треба да се истакне дека со одлуките од Договорот од Лисабон не се креира сосема нова договорна основа за ЕУ (како што беше предвидено со Уставниот договор), туку, пред сè, се менуваат нејзините основачки договори (Договорот за ЕУ и Договорот за ЕЗ). Врз основа на тоа, Договорот за ЕУ го задржува насловот, додека Договорот за ЕЗ се менува во Договор за функционирање на ЕУ, додека Договорот за Европска заедница

[245] Pinar Bilgin and Adam Morton, 'From rogue to failed states? The fallacy of shorttermism', 24/3 *Politics, 2004*

за атомска енергија, начелно останува непроменет, освен во делот што се однесува на институционалните решенија. Исто така, со Договорот од Лисабон се брише разликата помеѓу Европската заедница и Европската унија, при што се задржува само името Европска унија. Со овој Договор, таа добива правен субјективитет кој претходно беше својствен само за Европската заедница, а со самото тоа, добива и право за склучување меѓународни договори.

Во однос на безбедносната улога на ЕУ, може да се истакне дека ЗНБП која беше воспоставена со Договорот од Мастрихт и беше дефинирана како втор столб на Унијата, исто така претставува дел и од Договорот од Лисабон. Имено, во Договорот од Лисабон се преземени одредбите кои се однесуваа на ЗНБП и ЗБОП, при што во истите се инкорпорирани одредени измени. Конкретно во Глава V од Договорот од Лисабон, воведени се т.н. Општи одредби за надворешното функционирање на Унијата и посебни одредби за ЗНБП. Оттука, Општи одредби, ги дефинираат следниве цели на ЗНБП:

- обезбедување на заедничките вредности, темелните интереси, безбедноста, независноста и интегритетот;
- зацврстување и поддршка на демократијата, владеење на правото, заштита на човековите права и начелата на меѓународното право;
- зачувување на мирот, спречување конфликти и јакнење на меѓународната безбедност во согласност со целите и начелата на Повелбата на ООН, Хелсиншкиот завршен документ и Париската повелба;
- поддржување на одржлив економски и општествен развој, заштита и зачувување на животната околина, особено во државите во развој со цел искоренување на сиромаштијата;
- поттикнување на економската интеграција преку либерализација на меѓународната трговија;
- заштита и одржување на животната околина и на природните извори во согласност со начелата на одржливиот развој;
- помош на населението и на регионите изложени на природни и други катастрофи;
- унапредување на меѓународниот систем заснован врз цврста меѓународна соработка за постигнување заедничко добро.[246]

[246] Текстот на Договорот достапен е на:http://ec.europa.eu/archives/lisbon_treaty/full_text/index_en.htm

Договорот од Лисабон, исто така ја прифаќа и продолжува претходно воспоставената практика, во меѓународните односи ЕУ како глобален актер да претставува централен дел од процесот на европските интеграции, при што се истакнува и потребата ваквата нејзина улога постојано да се развива и унапредува, особено од аспект на ефикасноста на нејзините надворешни активности. Таа практика претставува резултат и на потребата и стремежот на државите-членки за се поголем ангажман на Унијата во справувањето со меѓународните предизвици. Во тој контекст, ЗНБП и нејзината Заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП)-новоименувана според Договорот од Лисабон, се перципираат како суштински аспекти на надворешните активности на Унијата во рамките на истиот.

Посебните одредби на ЗНБП (чл.23-41 од Договорот), се однесуваат на спектарот на заеднички одредби и одредбите за ЗБОП. Во тој контекст, според Договорот од Лисабон, надлежностите на Унијата во областа на ЗНБП, ги вклучуваат сите подрачја кои се однесуваат на безбедноста на Унијата, вклучувајќи ја и можноста за постепено обликување на заедничката одбранбена политика, која би иницирала и евентуална заедничка одбрана.[247]

Од аспект на консолидирањето на институционалната структура, посебно во контекст на безбедносната улога на ЕУ, Договорот од Лисабон, вклучува одредени нови решенија и пристапи. Во тој контекст, како "прва новост", е новоименуваната позиција-Претседател на Европскиот совет.[248] Него го избира Европскиот совет со квалификувано мнозинство за период од две години и шест месеци и со можност за уште еден реизбор. Притоа, основната задача на Претседателот е обезбедување подготовка и континуитет на работата на Европскиот совет, како и олеснување на постигнувањето консензус (што е особено значајно во поглед на прашањата од безбедносно-воената сфера). Исто така, според Договорот од Лисабон, предвидено е Претседателот да ја претставува Унијата во нејзините екстерни релации, како и за прашањата поврзани со ЗНБП. Генерално, оваа нова позиција има за цел обезбеди подобра прегледност и стабилност во *„подготовката и континуитетот на работа на Европскиот Совет"* и *„надворешното претставување на Унијата на прашањата за ЗНБП"*.[249] Сепак, тука главниот предизвик е поврзан со реалната моќ на таа позиција

[247] Ibid.
[248] Прв, оваа позиција ја извршуваше поранешниот белгиски премиер Херман Ван Ромпуј.
[249] *Ibid*, став 6

во практиката, што делумно зависи од самата личност која ја спроведува функцијата и степенот до кој земјите членки дозволуваат да презема иницијатива.

Со Договорот од Лисабон, Европскиот совет прераснува во институција, но без можност за спроведување на законодавна функција. Тој го поттикнува функционирањето на Унијата и ги определува општите политички насоки и приоритети. Во неговата работа, покрај останатите учествува и Високиот претставник за надворешни прашања и безбедност.

Во насока на обезбедување конзистентност и единство на екстерните релации на Унијата, со Договорот од Лисабон се воведува и позицијата Висок претставник за надворешни прашања и безбедносна политика[250]. Генерално, Високиот претставник е одговорен за надворешната и заедничката одбранбена политика на Унијата и во тој контекст, ја претставува истата во меѓународните односи по прашањата од сферата на ЗНБП. Конкретно, Високиот претставник надлежен е за реализација на следните задачи:

- придонесува за развојот на ЗНБП;
- дава предлози за ЗНБП која ќе ја спроведува според мандатот на Советот, но и ќе се грижи за имплементација на одлуките коишто ќе бидат усвоени на овој план;
- претседава со Советот за надворешни прашања;
- како еден од потпретседателите на Европската комисија, делува во насока на јакнење на конзистентноста на екстерните акции на Унијата;
- ја претставува Унијата во однос на прашања поврзани со ЗНБП, спроведува политички дијалог со трети држави и ги застапува позициите на Унијата во меѓународните организации и конференции;
- управува со Европската служба за екстерни акции и со делегациите на Унијата во трети држави и меѓународни организации.[251]

Европската служба за екстерни релации (EEAS) е формирана со цел пружање помош на Високиот претставник во спроведувањето на конзистентноста и координацијата на екстерните акции на Унијата, како и за подготвување предлози и водење грижа за нивно спроведување откако истите ќе бидат усвоени од страна на Советот. Притоа, составена од претставници на Советот, Комисијата и дипломатските служби на земјите

[250] Кетрин Ештон е првиот Висок претставник за надворешни прашања и безбедносна политика.
[251] Договор од Лисабон, текст достапен на:http://ec.europa.eu/archives/lisbon_treaty/full_text/index_en.htm

членки, EEAS го насочуваат надворешното дејствување на ЕУ во содејство со сите кои се вклучени во надворешните работи.

Одредени промени, Договорот од Лисабон иницира и во поглед на процедурата за донесување одлуки. Имено, Унијата за прв пат добива правен статус и може да потпишува договори или меѓународни акти. Сепак, ваквата можност Унијата ја има само во обем и во оние области кои ги определиле државите-членки, а процедурата во однос на ЗНБП, сè уште е управувана од специфичните процедури за донесување одлуки. Така, во процесот на донесување одлуки во делот за ЗНБП, предвидено е наместо терминот заеднички позиции, да се применува инструментот – позиции на Унијата, како и наместо терминот заеднички акции, да се употребува терминот-акции на Унијата.

Договорот од Лисабон, исто така предвидува уште еден исклучок од правилото за донесување одлуки со консензус во сферата на ЗНБП, од причина што државите-членки ќе треба да ги спроведат одлуките кои на предлог на Високиот претставник за Надворешни работи и безбедносна политика (НРБП) или заедно со Комисијата, ќе бидат донесени во согласност со процедурата за квалификувано мнозинство. Ваквата процедура, овозможува надминување на евентуалното вето, но доколку некоја од членките не прифати одлучување со квалификувано мнозинство, поради т.н. витални причини или пак истата не се придржува кон конструктивната апстиненција, тогаш таа може да го отвори прашањето пред Советот каде што се одлучува со консензус. Посочената одредба за конструктивна апстиненција во процесот на донесување одлуки, овозможува државите-членки да апстинираат од гласање и да не го блокираат овој процес во поглед на одлуките за кои е неопходен консензус во сферата на ЗНБП. На тој начин, се овозможува афирмирање на улогата на државите-членки во оваа област.

Одредени новини Договорот од Лисабон инкорпорира и во однос на прашањето за соработката помеѓу државите-членки на ЕУ. Договорот воведува одредби со кои на оние членки кои сметаат дека соработката во оваа сфера треба да се зголеми, им се овозможува примена на механизмот за *зајакната соработка*. Овој механизам е воспоставен со Договорот од Амстердам и Ница и истиот им овозможува на членките да ја зајакнат соработката во сферата на ЗНБП. Всушност, со овој механизам се предвидува дека е потребна поддршка од една третина од членките, односно од девет членки на чие барање ќе се примени развивање на зајакната соработка со Советот, кој треба да даде согласност за истата.

Со Договорот од Лисабон се воведува и механизам за постојана структурна соработка кој е дизајниран специфично за ЗНБП и истиот претставува флексибилна, единствена и постојана мерка за која не е потребна поддршка како во процедурата за зајакната соработка. Имено, според Договорот, членките на Унијата кои исполнуваат критериуми и располагаат со повисоки воени способности, како и кои воспоставиле и дефинирале взаемни обврски во оваа сфера и во однос на најсложени мисии, имаат можност за воспоставување на постојана структурна соработка во рамките на Унијата. Државите кои имаат повисоки критериуми и кои располагаат со неопходната воена способност, по консултација со Високиот претставник, за својата намера треба да го известат Советот. Врз основа на тоа, Советот ќе донесе одлука за иницирање на механизмот на постојана структурна соработка, врз основа на процедурата за квалификувано мнозинство. Притоа, Договорот предвидува, оние држави кои ќе одлучат подоцна да се придружат кон овој механизам, прво да упатат барање до Советот, а потоа постоечките членки кои го применуваат механизмот, со квалификувано мнозинство да донесат одлука во однос на истото. Исто така, предвидена е и можноста за суспендирање на членка која подоцна нема да биде во можност да ги исполнува бараните критериуми, односно механизмот на постојана структурна соработка може да се перципира како движечки мотор за мотивирање на повеќе членки на Унијата за ваков тип на соработка во безбедносно-воената сфера.

Генерално и двата посочени механизми за соработка во специфични домени на безбедноста и одбраната, т.е. „зајакнатата соработка" и „постојаната структурирана соработка" поседуваат соодветен потенцијал за забрзување на развојот на воените способности на Унијата како поддршка на нејзината безбедносна улога во меѓународни рамки. Во насока на зајакнување на европската солидарност, Договорот од Лисабон воведува и *клаузула за солидарност* која предвидува помош во случај на терористички напад и човечка или природна катастрофа (член 222), како и клаузула за взаемна помош во случај на воен напад против земја членка (член 42.7).[252]

Во однос на одлуките и иновациите инкорпорирани со Договорот од Лисабон, може да се истакне дека нивната имплементација, може да има клучно значење во напорите на Унијата за градење на нејзиното политичко и воено влијание како се понезависен политички и стратешки актер во глобалната сфера.

---

[252]За повеќе детали за европската солидарност во CFSP/CSDP, види Laura C. Ferreira-Pereira and A.J.R Groom, Mutual Solidarity' within the European Union's Common Foreign and Security Policy: What is the Name of the Game?', *International Politics*, Vol. 47, No. 6, December 2010, стр. 596-616.

# ГЛАВА ПЕТТА

# МАКЕДОНСКАТА ПЕРСПЕКТИВА НА ЕВРОПСКАТА БЕЗБЕДНОСТ

## 5.1 Воведни напомени

Во рамките на оваа глава од трудот, анализиран е придонесот на Р.Македонија кон реализација на целите на Европската безбедносна стратегија, а оттука и нејзиниот придонес кон европската безбедност. За таа цел, анализата е поделена на два дела: во првиот, вниманието е насочено кон пристапот и политиките на ЕУ кон државите од т.н. група на Западен Балкан (во кој спаѓа и Р.Македонија), додека во вториот дел, низ призмата на националните определби, политики и активности во безбедносната сфера, конкретно се анализира поврзаноста и придонесот на Р.Македонија кон Европската безбедносна стратегија. Целта на ваквата анализа е да се креира една јасна слика за взаемното влијание, најпрво на ЕУ, а потоа и на државите од Западен Балкан кон европската безбедност и стабилност во изминатиот 25-годишен период. Потребата за тоа, произлегува од фактот дека во посочениот период, посебно во последната декада на XX век и почетокот на XXI век, ЕУ се јавува како еден од меѓународните субјекти кои преземаат одредени активности насочени кон безбедносна стабилизација на регионот, што е во согласност со втората стратегиска цел на ЕСБ, т.е. градење безбедносно соседство. Од друга страна, карактеристично за државите од Западен Балкан е тоа што откако првенствено беа реципиенти, т.е. корисници, меѓудругото и на меѓународна помош во безбедносната сфера, во последните десет години, истите се јавуваат и како контрибутори (согласно сопствените капацитети и ресурси) кон меѓународната, а со тоа и кон европската безбедност.

Во таа насока, заради обезбедување на појасна перцепција и докажување на придонесот на Р.Македонија на овој план, во рамките на вториот дел од ова поглавје на трудот, направена е и анализа на случај која го опфаќа учеството на Р.Македонија во најголемата воена операција на ЕУ, АЛТЕА, во Босна и Херцеговина. Таа операција е земена како предмет на анализа на случај, од причина што истата, од една страна претставува еден од механизмите на ЕУ за справување со дефинираните закани и со причините за истите во рамките на ЕСБ (посебно со регионалните конфликти и распаѓањето на државите), додека од друга страна, истата претставува и еден од инструментите за реализација на втората стратегиска цел во рамките на ЕСБ, т.е. градењето безбедносно соседство. Врз основа на тоа, анализата низ призмата на ЕСБ има за цел да докаже дали и каков е придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност.

## 5.2 Регионален пристап на Европската Унија кон Западен Балкан

Западниот Балкан како регион во политичка смисла на зборот, ги опфаќа Албанија и државите од поранешна Југославија без Словенија, т.е.: Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Косово и Р.Македонија.[253]

Во однос на ова поглавје од трудот, исто така треба да се истакне дека согласно теориските анализи на концептот за безбедност и во таа насока, посебно во контекст на ставовите на Копенхагенската школа во постстуденовоениот период ЕУ применува еден поширок регионален пристап кон Западниот Балкан, кој базирајќи се пред сè врз економската, развојната и политичката сфера, настојува да иницира безбедносна стабилизација на државите од овој регион, а потоа и нивна европска интеграција. Во таа насока, сите преземени иницијативи на ЕУ во политичката, економската, развојната и еколошката сфера, можат да се анализираат и како составен дел од претходно посочениот поширок регионален пристап на ЕУ, за стабилизација, мир и развој на Западниот Балкан. Инаку, ваквиот пристап, меѓудругото се манифестира и преку дијалог и асиметрични преговори во контекст на надворешните односи на ЕУ, како и со внатрешни компромиси со цел зачување на консензусот во процесот на донесување на одлуки.

Во изминатиот 25-годишен период, во насока најпрво на елиминирање на безбедносните закани во регионот, а потоа и кон обезбедување стабилност, просперитет и развој, ЕУ иницира развој на поблиски релации со државите од Западен Балкан, главно преку активности во економската, развојната и надворешно-политичката сфера.

Како прва иницијатива на ЕУ на овој план, може Роајамонскиот процес, инициран во декември, 1996 година, со цел стабилизирање на Југоисточна Европа. Во таа насока, иницијативата главно беше фокусирана на промоција на регионални проекти на полето на цивилното општество, културата и човековите права.

Неколку месеци по иницирањето на Роајамонскиот процес, во април, 1997 година, ЕУ го усвојува т.н. регионален пристап, воспоставувајќи политички и економски услови за

[253]Во терминологијата на Европската Унија, терминот Западен Балкан се употребува рамноправно со терминот Југоисточна Европа од 90-ите години на минатиот век. Својата структурно-политичка форма, терминот ја добива во 1999 год. На самитот на ЕУ во Хелсинки, каде е усвоен т.н композитен документ на Европската Комисија во кој Западниот Балкан е дефиниран како регион што и е сосед на Европската Унија.

развој на билатералните односи со државите од Западен Балкан. Овие услови, вклучуваа: почитување на демократските принципи, владеење на правото, заштита на малцинствата, реформи на пазарната економија и регионална соработка.

Паралелно со тоа, ЕУ иницира и одредени програми и фондови кои треба да овозможат полесен пристап на државите од Западен Балкан кон посочените критериуми. Во таа насока, една од првите програми на ЕУ наменети како за државите од ЈИЕ, така и за поранешните комунистички земји од Централна и Источна Европа, беше програмата ФАРЕ. Програмата беше насочена кон пружање финансиска помош на земјите во транзиција, од поранешните комунистички системи.[254] Во тој контекст, започнувајќи од 1997 година, ФАРЕ целосно се фокусира врз стратегијата за претпристапување, како одговор на Луксмебуршкиот Совет, кој го започна тековниот процес на проширување. Како резултат на тоа, програмата целосно се фокусира врз претпристапните приоритети, нагласени во насоките и партнерствата за пристап, кои ги поставуваат главните приоритети кон кои земјата мора да се насочи за да се подготви за пристапувањето, како и ресурсите кои треба да им стојат на располагање. Притоа, како главни цели на програмата се наведуваат: 1) зајакнување на јавната администрација и институциите за ефективно функционирање во рамките на ЕУ; 2) унапредување на конвергентноста со законодавството на ЕУ и намалување на потребата од периоди на транзиција; и 3) унапредување на економската и социјалната кохезија.

Сепак, како многу поконкретни програми на ЕУ за државите од Западен Балкан, можат да се посочат: ОБНОВА и КАРДС.

Основата цел на програмата ОБНОВА беше реконструкција, економска обнова и повторно создавање на јавната администрација во земјите на поранешна Југославија, кои беа во војна. Со потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор и завршувањето на војната во БиХ, оваа програма е заменета со програмата КАРДС (Community Assistance for Reconstruction, Development and Stabilization). Оваа нова програма беше директно насочена кон реконструкција, развој и стабилизација на целиот регион на Западен Балкан и истата беше воведена како дел од новата стратегија на ЕУ кон овој регион. Начелно, КАРДС претставува фонд кој овозможува финансиска поддршка која се распределува врз основа на утврдени стратегии (едногодишни и повеќе годишни програми) во четири приоритетни области: демократија и владеење на правото, економски и социјален развој, судство и природни ресурси. Тука, како особено

[254] Justice and Home Affairs: "Pre-Accession Assistance", Brussels, 1999.

значајно за државите од Западен Балкан е тоа што започнатите проекти од КАРДС програмата и покрај воведувањето на ИПА продолжува се до нивната целосна реализација.[255]

Инаку, целта на оваа програма на ЕУ за земјите од Западен Балкан, претставува изградба на:

1. заедничка правна и процедурална рамка во овие земји, и
2. елиминација на двојните работи и на конфузијата од нејзиното совпаѓање со претходните програми ФАРЕ и ОБНОВА.

Притоа, главниот критериум на оваа програма е регионалниот пристап. Во однос на условите кои се бараа од земјите од Западниот Балкан за добивање финансиска помош од оваа програма, покрај стандардните, КАРДС одреди и нови услови, специфични за околностите на самиот регион. Така, во почетокот беше иницирана потребата, земјите да ги исполнат познатите услови, кои се бараат од сите претенденти за зачленување во ЕУ и тоа:

- демократизација;
- владеење на правото;
- пазарна економија;
- човекови права; и
- регионална соработка.

Ако се земе во предвид новото проширено перципирање на концептот за безбедност во периодот по Студената војна (кое беше анализирано во втората глава од овој труд), произлегува дека посочените критериуми и услови можат да се перципираат и како дел од безбедносниот пристап на ЕУ кон Западен Балкан.

Генерално, во однос на пристапот на ЕУ кон Западен Балкан во спомнатиот период, може да се истакне дека почетните фази од вклучувањето на ЕУ на Балканот, првенствено беа реализирани со дипломатски активности, а потоа и со постепено вклучување во мисиите за чување на мирот. Во однос на почетниот, т.е. дипломатски пристап, политички инструменти на ЕУ, начелно беа составени од делегации, мултилатерални посредништва, политички инцијативи, економска и развојна помош и комбинација од мултилатерални и билатерални пристапи, како и невоени санкции преку ембарго за оружје и трговски санкции. Сепак, ефективноста на ваквите мерки не се покажа како доволна за надминување на проблемите. Наспроти тоа, координацијата

[255] Р.Македонија е корисник на оваа програма од 1996 година.

на политиките согласно ЗНБП, беше ад хок и фрагментирана, поради што политичките иницијативи на ЕУ, често беа удвоени или пак спротивставени од билатерални акции.[256]

Од друга страна, состојбата во Западен Балкан беше перципирана како значаен предизвик за ЕУ интеграцијата, пред сè во смисла на конституирањето на директни закани за дестабилизација на тековите и ризиците за безбедноста на надворешните граници на ЕУ. Континуираната нестабилност на регионот, иницираше и насочување на напорите кон развој на неопходните капацитети на ЕУ за справување со различни безбедносни прашања и закани. Во тој контекст, како што беше истакнато во 4-тата глава, во декември 1999, Европскиот Совет донесе одлука за формирање на сили за брза реакција на ЕУ од шеесет илјади воен персонал, кој треба да биде способен за распоредување во рок од шеесет дена и да биде инволвиран во операција најмалку една година.[257] Покрај тоа, во насока на одржување политичката контрола и стратешката насоки во кризни ситуации, во декември 2000 Европскиот Совет креираше нови постојани политички и воени структури: Комитет за политики и безбедност (PSC), Воена Комисија на Европската Унија (EUMC), и Воен персонал на Европската Унија (EUMS). Институционализацијата на воените капацитети на ЕУ, иницираше зголемување на централизацијата на земјите членки во справување со безбедносните непредвидливости надвор од територијалните граници. [258]

Инаку, паралелно со воведувањето и промовирањето на терминот Западен Балкан (1999 год.), Европскиот совет за прв пат ја истакнува и перспективата на истиот за негова интеграција во рамки на ЕУ. Во таа насока, на Самитот во Фиера, јуни 2000 година, Европскиот совет ја охрабри соработката помеѓу државите од регионот, така што регионот како целина треба да постигне поголема економска и политичка стабилност и да се надминат конфликтите кои го оптоваруваа многу долго за потоа истиот да може да се интегрира во Унијата. Всушност, охрабрувањето на регионалната соработка, претставува значајна димензија на политиката на Унијата кон регионот. Таа беше поддржана политички и финансиски, преку донации и преку долгорочните стратегии, како: Пактот за стабилност, Процесот за стабилизација и асоцијација и претходно посочената КАРДС програма.

[256]Stefanova, B., The European Union as a Security Actor: Security Provision through Enlargement, стр..168 World Affairs, 59, 2005
[257] http://www.europarl.europa.eu/summits/hel1_en.htm (оценет 20 април 2014).
[258]Стефанова, супра бр.19 на стр.59

Пактот за стабилност, беше дизајниран да ги интегрира балканските држави помеѓу себе и во рамките на ЕУ, така што регионот во пакет може да стане дел од ЕУ следејќи еден општоприфатен пристап кон европеизацијата. Притоа, во комплексните услови, стабилноста е перципирана како функција на одржлива демократија, економска добросостојба и безбедна средина.[259]Конкретно, Пактот за стабилност, претставува еден постконфликтен проект со цел враќање на довербата, стабилноста, мирот, просперитетот, демократијата, почитувањето на човековите права и регионалниот усогласен развој. Затоа, неговата првична идеја беше промоција на демократијата, безбедноста и регионалната соработка помеѓу земјите од регионот. Со ваквиот пристап, ЕУ упати конкретна и јасна порака до земјите од регионот, а тоа дека е првично е потребна нивна стабилизација, а дури потоа и интеграција во нејзини рамки.

Подоцна, ваквиот пристап беше надополнет со Процесот за стабилизација и асоцијација (SAP), кој конкретно ја отвори можноста за членство во ЕУ на земјите од Западен Балкан, откако претходно истите ќе задоволат „релевантни услови".[260] Ваквиот пристап е особено значаен, бидејќи ЕУ за прв пат во историјата, официјално ја отвори можноста за членство во Европската Унија на сите земји од Западен Балкан. Инаку, главните елементи на овој процес беа предложени од страна на Европската комисија во мај, 1999 година. Потоа на Самитот во Загреб, 24-ти ноември, 2000 година, во финалната декларација беше креиран целиот спектар на услови и цели на Процесот. Во таа насока, тој ги поддржува земјите од Западен Балкан во нивниот развој и подготовка за нивното идно членство во ЕУ, преку комбинација на три главни инструменти: 1) договори за стабилизација и асоцијација; 2) трговски мерки и 3) значителна финансиска помош.[261]

Всушност, во насока на имплементацијата на Процесот (посебно во поглед на економските прашања) и потребата за подготовка на земјите од Западен Балкан за пристапување во ЕУ, од страна на ЕУ беа усвоени две одлуки. Првата, беше примена на асиметричен трговски договор со сите земји, при што ЕУ еднострано ги укина сите давачки и ограничувања за речиси секој увоз кој потекнува од регионот. Втората одлука се однесуваше на размената на програмите ФАРЕ и ОБНОВА, со единствена правна рамка, која веќе беше претходно посочена и која е позната како *Помош на*

[259]D. Kostovicova, Study Group on Europe's Security Capabilities: The Balkans Background. Paper Brussels meeting, 17-18 March 2004, Ctr. Stud. Global Governance, LSE 2004.
[260]W. Bartlett, Regional Integration and Free-Trade Agreements in the Balkans: Opportunities, Obstacles and Policy Issues, 42 Econ. Change & Restructuring, стр. 25-46, 2009.
[261] Bechev, D.: Between Enlargment and CFSP: The EU and the Western Balkans, Paper prepared for the LSE European Foreign Policy conference, 2-3 June, 2004, стр.4-5

*заедницата за обнова, развој и стабилизација (CARDS)*. Во 2007, посочениот пристап е заменет со *Инструментот за прет-пристапна помош (IPA)*. Оттука, произлегува дека трговските и финансиските инструменти од страна на ЕУ се употребувани и како алатки за подобрување на стабилноста и безбедноста во државите од Западен Балкан. Како што веќе беше истакнато, ваквиот пристап сосема соодветсвува со поширокото сфаќање на безбедноста во пост-студеновоениот период.

Инаку, регионалната соработка исто така останува во средиштето на Процесот, при што истата е перципирана како клучен индикатор за подготвеноста на земјите од Западен Балкан да се интегрираат во ЕУ. Во тој контекст, годишните извештаи за Процесот на стабилизација и асоцијација се клучен инструмент преку кој се цени подготвеноста на земјите од Западен Балкан кон нивниот евро-интегративен пат. Во нив, конкретно се сумира прогресот направен за референтниот период за секоја земја поединечно, се набљудува развојот на регионалната соработка и исто така, се анализира и соодветното влијание на инструментите од овој Процес.

Во мај, 2003 година, во документот на Комисијата насловен како „Западен Балкан и европската интеграција", се предлага зајакнување на политиката на Унијата кон регионот со елементи земени од процесот на проширување со нагласена цел за членство во ЕУ на државите од Западен Балкан. Во таа насока, на Самитот помеѓу ЕУ и државите од Западен Балкан, одржан во Солун, 2003 година, ЕУ им даде и конкретна надеж на земјите од регионот за нивната европска перспектива. На овој Самит, беше промовирано Европското партнерство за државите од Западен Балкан, кое ги назначува поединечно за секоја држава, краткорочните и среднорочните приоритети. За возврат, државите се обврзаа за поголема меѓусебна соработка за клучните прашања, вклучувајќи ја борбата против организираниот криминал и корупцијата, развојот на поробусна регионална инфраструктурна мрежа и либерализирање на трговските режими.

Во тој контекст, стратегијата за проширување, може да се посочи како најсилен инструмент на ЕУ за промовирање на мирот и стабилноста во соседството. Како што тврди Стефанова „ова исполнува две групи на функции." Од една страна, посочената стратегија претставува соодветен одговор на потребите за безбедноста и во таа насока на потребите за подобрување на надворешната безбедност на Унијата од страна на спречување на прелевањето на нестабилноста."[262]

---

[262]Стефанова, супра бр. 19, на стр.57.

Секој регионален конфликт во Западен Балкан познат како *„дворот на Европа"*, не само што ќе овозможи директно инфицирање на земјите од регионот со истиот, туку исто така, тој ќе претставува и директна закана за безбедноста на Европа.[263] Оттука, географската затвореност на регионот, ја направи ЕУ поодлучна во одржувањето на мирот и стабилноста со цел да се спречи веројатноста за прилив на емигранти и нови економски оптоварувања.

Значајноста на ваквиот пристап, особено дојде до израз по последните две проширувања од 2004 и 2007, кога границите на ЕУ беа проширени на Исток.[264] Јасно е дека ЕУ ќе биде најмногу под влијание на турбуленцијата на Балканот. Оттука, стратегијата за превенција на конфликтите, има за цел обезбедување стабилност не само на Западен Балкан, туку паралелно и во земјите на ЕУ.

Во оваа насока, значајна политичка иновација претставува токму Стратегијата за интеграција, која се операционализира преку извештајот на Европската комисија за регионот, насловен како: „Западен Балкан кон ЕУ: консолидирање на стабилноста и зголемување на просперитетот". Притоа, обезбедувањето на безбедноста преку зачувување на мирот (поединечно и во соработка со меѓународните институции) се унапредува и преку традиционалните цели на интегративниот процес. Главна цел за оваа фаза на вклученоста на ЕУ во Западен Балкан, е да придонесе кон градење на нација надвор од границите на територијалноста преку парадигмата на интеграција. Како што тврди Стефанова „моделот се базира на три домени: градење на доверба, условеност и политичка екстернализација, и директна интервенција за цели на зачувување на мирот и разрешување на конфликтот."[265]

Креирањето на партнерства за интеграција е главниот институционален инструмент во процесот. Втората компонента е насочена кон зголемена политичка соработка со ЕУ, директно поврзана со екстернализација на политиките во областа на безбедноста и надворешната политика. Во овој контекст, во 2003, Европската Комисија препорача дека „земјите од Западен Балкан треба да бидат поканети за здружување и поблиски релации со ЕУ декларациите, заедничките позиции и други документи на ЗНБП.'[266] Посочената препорака е од особено значење за предметот на истражување во овој труд,

[263] G. Noutcheva, EU Conditionality and Balkan Compliance: Does Sovereignty Matter?, стр.228, Докторска дисертација Универзитетот во Питсбург, 2006
[264] A. Berbec, Reassessing European Union Limits:What Role for the New Regional Partnerships? 10 Romanian J. European Affairs, стр. 69-78, 2010
[265] Стефанова, супра бр.19 на стр.60
[266] European Commission, *Communication from the Commission to the Council and the European Parliament*, COM, 285, 2003.

од причина што со истата се отвора можноста за пружање соодветен придонес на државите од Западен Балкан (вклучувајќи ја и Македонија) во однос на прашањата поврзани со ЗНБП.

Започнувајќи од таа година, директната интервенција на ЕУ во регионот на Западен Балкан ги консолидира следниве активности: следење на политичката стабилност (во Албанија, Македонија, Босна и Херцеговина, и Косово), спроведување на законот (во Македонија и Босна и Херцеговина) и чување на мирот во полн обем (во Македонија и Босна и Херцеговина).

Како резултат на новиот регионален интегративен пристап на ЕУ, забележливи се позитивни ефекти во безбедносната сфера во регионот на Западен Балкан. Имено, примерот за студија на случај на Западен Балкан, сугерира дека прогресивното проширување на ЕУ има значително влијание врз унапредување на регионалната безбедност. Дополнително, креирањето мрежи за соработка со ЕУ, ја отвора можноста за трансформирање на потенцијалните конфликти и за негување на долгорочна консолидација на процесот за градење на мир во регионот.[267]

Ваквиот пристап на ЕУ, е во тесна корелација со претходно истакнатите тези на институционалистите и на теориите за регионална интеграција, според кои поблиската регионална интеграција особено на полето на трговијата, може да ги намали безбедносните тензии помеѓу соседите и да промовира стабилност. Во тој контекст, големиот број на иницијативи подржани од ЕУ, кои беа иницирани на Балканот, имаа за цел стимулирање на регионалната соработка".[268] Тие беа поттикнати и како обид да се „европеизира" Балканот до степен до кој „војната станува незамислива".[269]

Ваквиот процес на европеизација и овозможува значителна моќ на ЕУ во процесот на трансформација на земјите апликанти кон нејзините принципи, норми, и правила како и при обликување на нивните институционални и административни структури. Многу луѓе во Европа ја нагласуваат „трансформативната моќ" на ЕУ, која е „широка и длабока"; бидејќи по стапувањето во сферата на влијание, земјите се променуваат засекогаш".[270] Во таа смисла, доминантниот аспект од пост - 1999 европски поредок

---

[267]R. Rummel, *The European Union's Politico-Diplomatic Contribution to the Prevention of Ethno-national conflict*, in *Preventing Conflict in the Post-Communist World*, A. Chayes & A. Handler Chayes eds., Brookings Inst. 1996

[268] Види: Andrew J. Pierre, *De-Balkanizing the Balkans - Security and Stability in Southeastern Europe*, USIP Special Report, United States Inst. Peace 1999.

[269]S. Vucetic, The Stability Pact for South Eastern Europe as a Security Community-Building Institution, 2 Southeast European Pol., стр.109–134, 2001.

[270]F.Turhan, *The Europeanization of the Western Balkans: Is it Just a Dream? p.*54 Seta Policy Br.2011

може да се нарече „обезбедување на западни норми“ преку процесот на социјализација“.[271] Оваа социјализација создаде услови земјите од Западен Балкан да усвојат стандарди, норми и вредности кои конвергираат со оние на ЕУ, охрабрувајќи ги да се стабилизираат, демократизираат и гарантираат слободи и безбедност за нивните народи и пошироко. Во таа насока, Џексон и Соренсен, истакнуваат дека:

„. . . мислата дека сте вклучени во меѓународната безбедност е далеку поважна од физичките средства кои се вклучени бидејќи тие средства немаат значење без интелектуалната компонента: тие се само предмети сами по себе. . . “[272]

Оттука, со или без полноправно членство станува збор за степен на социјализација, усвоени норми, стандарди и вредности кои го гарантираат патот на Западен Балкан кон мирот и стабилноста. Оттука, гравитационата тежина на ЕУ има одлучувачки ефект во стабилизацијата на Западен Балкан, и врши влијание врз текот на развојот, забрзувајќи го ширењето на западните норми во целиот регион.

Генерално, врз основа на сето претходно презентирано, може да се констатира дека безбедносните политики на ЕУ кон Западен Балкан се базираат на еден поширок пристап кон безбедноста. Имено, пристапот на ЕУ на овој план го истакнува значењето на економските, социјалните, политичките, правните и сл., реформи, кои врз основа на концептот за структурна стабилност, треба да обезбедат долгорочна стабилност, развој и безбедност во регионот на Западен Балкан.

## 5.3 Р.Македонија во постстуденовоениот период

Р.Македонија помина низ две значајни историски трансформации од својата независност во постстуденовоениот период. Имено, консолидацијата на државата на внатрешен и регионален план, меѓуостанатото иницираше и страв од потенцијална дестабилизација на земјата. Карактеристично за двете консолидации е тоа што беа насочени и кон полноправно членство на Р.Македонија НАТО и во Европската Унија.

Сепак, во однос на внатрешната консолидација, треба да се истакне дека до 2001, главниот предизвик за стабилноста на државата на внатрешен план, претставува етнички мешаниот состав на населението. Тоа од причина што, Македонија на внатрешен план се соочи со барањето на припадниците на албанската заедница за

---

[271] *Ibid*

[272] G. Sørensen & R. Jackson, *Social Constructivism*, in *Introduction to International Relations: Theories and Approaches*, R. Jackson & G. Sørensen eds., Oxford University Press 2007

еднакво партиципирање и искористување на можностите на национално ниво, започнувајќи од образовните до социо- економските прашања.

Наспроти внатрешната, од аспект на регионалната консолидација, главните предизвици се лоцираат во економското ембарго наметнато од Грција во 1994-5 год., како и во влијанието на трговското и економското ембарго на ООН наметнато врз Србија. Посочените предизвици, имаа сериозно влијание врз слабеењето на македонската национална економија. Како резултат на тоа, повеќето од овие предизвици ја иницираа потребата, Македонија едновремено да преземе длабоки институционални реформи кои често пати бараа повеќе сестрани пристапи.

Покрај тоа, процесот на осамостојување и развој на независната македонска држава во постстуденовоениот период е обременет и со прашањето за идентитетот. Ова прашање беше иницирано од спорот со Грција. Дополнително, посочениот проблем беше обременет и со оспореното постоење на македонскиот јазик од страна на Бугарија, а потоа и на Македонската православна црква, од страна на Србија. Како последица на тоа, независноста на Македонија се базираше околу изградбата на една етничка културна држава преку која граѓанските слободи беа истиснати настрана.

Во такви услови, развојот на македонската држава согласно принципите на либералната демократија, мораше да биде потпомогнат и од страна на меѓународната заедница. Во тој контекст, во делот што следи, вниманието е насочено кон меѓународната помош во креирањето на современа македонска држава.

## 5.4 Релациите помеѓу Р.Македонија и ЕУ

Интеграцијата на Р.Македонија во ЕУ претставува една од стратегиските цели на државата. Тоа, меѓудругото и поради фактот дека полноправното членство на Р.Македонија во ЕУ, треба да продуцира стабилност, мир, економски просперитет, демократски развој и сл.. Притоа, особено карактеристичен за ваквата стратегиска цел, претставува фактот дека во изминатиот 25 годишен период од осамостојувањето на Р.Македонија, вклучувајќи ги и моментите на најтешките предизвици со кои се таа се соочи, овој стратегиски интерес и оваа цел, никогаш не беа доведени во прашање. Напротив, силната определба за ЕУ, граѓаните и државните институции на Р.Македонија, ја преточија во неколку документи во насока на унапредување на релациите и соработката со ЕУ. Конкретно од историски аспект, релациите помеѓу Р.Македонија и ЕУ, можат да се претставаат на следниот начин:

- 1995 година, воспоставување на дипломатски односи на Р.Македонија со ЕУ;
- 1996 година, Р.Македонија постанува членка на програмата ФАРЕ;
- 1998 година, Парламентот на Р.Македонија донесува Декларација за развој на односите со ЕУ, а потоа, од страна на сите политички партии е донесена и Декларацијата за Интегрирање во ЕУ, што претставува директен одраз на општиот консензус и цврстата определба за интеграција во нејзини рамки;
- 2001 година, Р.Македонија и официјално станува првата земја во регионот која ја има потпишано Спогодбата со ЕУ, која ја отвора перспективата за нејзино полноправно членство во ЕУ;
- 2004 година, Советот на министри во Брисел ја ратификува Спогодбата за стабилизација и асоцијација, откако 15 држави-членки на ЕУ го одобрија нејзиното стапување на сила. Оваа Спогодба станува операционална од 1-ви април, 2004 година, со што Р.Македонија станува придружна членка на ЕУ;
- Март, 2004 година, Р.Македонија, во Ирска ја поднесува својата апликација за членство во ЕУ. На тој начин се отвора повисокото ниво на односи за Македонија и поголема обврска кон европските партнери;
- По поднесувањето на барањето на Р.Македонија за полноправно членство во ЕУ, министерскиот совет на ЕУ на 17 мај, 2004 година, донесе одлука со која ја задолжи Европската комисија (ЕК) да подготви мислење за македонската апликација. Притоа, во согласност со вообичаената практика, ЕК изготви прашалник кој на Р.Македонија и беше доставен на 1-ви октомври, 2004 година. Во однос на истиот, Р.Македонија ги комплетира одговорите и на 14-ти февруари, 2005 година, ги предаде одговорите од прашалникот.
- На 9-ти ноември, 2005 година, ЕК даде препорака Р.Македонија да се стекне со статус на земја-кандидат;
- 15-17.12, 2005 година, на Самитот на Европскиот совет, Р.Македонија добива статус на земја-кандидат за членство во ЕУ. Со тоа е направен значаен чекор напред кон остварувањето на еден од стратешките приоритети на Р.Македонија;
- 12-ти октомври, 2009 година, ЕК дава препорака за започнување на пристапни преговори помеѓу Р.Македонија и ЕУ;
- 19-ти декември, 2009 година, министрите за внатрешни работи и за правда на земјите-членки на ЕУ, со дво-третинско мнозинство, изгласаа одлука за укинување на визите за македонските граѓани;

- декември, 2010 година, Советот на ЕУ ја потврди оценката на Европската комисија дека Р.Македонија доволно ги исполнува политичките критериуми и ЕК ја потврди својата препорака за почеток на преговори со Р.Македонија;
- октомври, 2011 година, ЕК по трет пат ја потврдува препораката за почеток на преговори со Р.Македонија;
- октомври, 2012 година, ЕК по четврти пат ја потврдува препораката за почеток на преговори со Р.Македонија;
- 15-ти март, 2012 година, Владата на Р.Македонија и Европската комисија го започнаа **Пристапниот дијалог на високо ниво** (ХЛАД). Неговата цел е иницирање на нова динамика во процесот на реформите за пристапување кон ЕУи со тоа да ја зајакне довербата и да ја поттикне европската перспектива на земјата.[273]
- октомври, 2014 година, ЕК по шести пат ја потврдува препораката за почеток на преговори со Р.Македонија.

Врз основа на прегледот на развојот на односите помеѓу Р.Македонија и ЕУ, произлегува дека во моментов приоритетна надворешно-политичка цел, претставува добивањето датум за почеток на преговорите за членство во ЕУ. Во тој контекст, особено значајно е остварување на што е можно поинтензивен политички дијалог со најзначајните субјекти во меѓународните односи, како на билатерален, така и на мултилатерален план. Притоа, посебно внимание треба да биде посветено на земјите кои претседаваат со ЕУ, генерално преку зајакнување или обезбедување дипломатско присуство на Р.Македонија во главните градови на тие земји.

Во однос на релациите помеѓу Р.Македонија и ЕУ во безбедносната сфера, може да се истакне дека Р.Македонија има активен придонес кон ЗНБП и ЕБОП, што конкретно се манифестира преку:

- прилагодување на националното законодавство со она на ЕУ во контекст на ЗНБП;
- придружување кон декларациите на ЕУ и одлуките на Советот во поглед на ЗНБП;
- придружување кон рестриктивните мерки за трети земји, а предложени од ЕУ во контекст на актуелни воено-политички настани и процеси;

[273] Нацев, З., Петрески, Т.: Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика, Европа-92, Кочани, 2013, стр.165-167

- преземање активности во контекст на не-пролиферацијата на оружјето и распрснувачки материјали; и
- учеството на Р.Македонија во цивилно-воените операции на ЕУ за управување со кризи.[274]

Во таа насока, соодветно внимание Р.Македонија мора да посвети на сопствените капацитети и подготвеноста истите да ги стави на располагање во акциите на ЕУ за превенција на конфликти, операции за чување на мирот, хуманитарни и спасувачки операции, како и за употреба на борбени сили во управувањето со кризи и операции за градење на мирот. Затоа, градењето и развојот на воени капацитети и обуката на човечките ресурси, останува една од најважните цели не само во периодот до пристапувањето во ЕУ, туку, уште повеќе и по добивањето на полноправното членство. Р.Македонија ја декларираше својата определба за активно партиципирање во ЕБОП, преку употреба на сопствените расположливи капацитети. Конкретен пример во овој контекст, преставува учеството на Р.Македонија во воената операција на ЕУ, Алтеа.

Придонесот на Р.Македонија во оваа сфера, уште повеќе е зајакнат и со нејзиниот деклариран придонес во рамките на ЕУ Каталогот на сили, кој како земја кандидат ќе го даде во правец на зајакнување на воените капацитети на Унијата. Придонесот поконкретно е анализиран во делот од оваа глава на трудот, кој се однесува на општиот придонес на Р.Македонија кон европската безбедност. За таа цел, трудот најпрво ги анализира нормативната и легитимната рамка на Р.Македонија за нејзиниот придонес кон европската безбедност, а потоа предмет на анализа претставува и самиот придонес кој Р.Македонија која пружа во контекст на реализација на целите на Европската стратегија за безбедност и европската безбедност воопшто.

## 5.5 Нормативни аспекти на уредувањето на безбедносно-воената област во Р.Македонија

Во рамките од овој дел од трудот, анализирана е нормативната рамка на воено-безбедносниот сектор во Р.Македонија. Посочената анализа е од особено значење за предметот на истражување на овој труд, бидејќи истата е во функција на докажување на легитимитетот и оправданоста на активностите кои ги презема Р.Македонија во

[274] Извештаи на Европската комисија за напредокот на Република Македонија

поглед на Европската безбедносна стратегија и согласно на тоа кон унапредувањето на самата европската безбедност.

Кога станува збор за нормативното уредување на безбедносно-воената област во Р.Македонија, на самиот почеток треба да се истакне значењето на Уставот на Р.Македонија од 17-ти ноември, 1991 година. Имено, базирајќи се врз граѓанскиот концепт на општеството, како и врз современите европски стандарди, покрај останатите области, Уставот го уредува и воено-безбедносниот сектор. Во таа насока, почетна основа претставуваат уставните одредби според кои суверенитетот и територијата на државата претставуваат неделиви, неотуѓиви и непреносливи компоненти. Ваквите основни претпоставки за организирање на безбедноста и одбраната на Р.Македонија, конкретно се регулирани во глава VII од Уставот на Р.Македонија.[275]

Во тој контекст, започнувајќи од чл.122 во Уставот, се истакнува дека задолжени за заштита на територијалниот интегритет и независноста на Р.Македонија се нејзините вооружени сили и дека одбраната на државата се регулира со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници. Членот 123, пак истакнува дека никој нема право да признае окупација на Р.Македонија или на некој нејзин дел, додека со следните членови 124 и 125 се регулирани прашањата за воената и вонредната состојба.

Согласно чл.122 од Уставот, на 01.06.2001 год, Р.Македонија усвојува Закон за одбрана[276], со што дополнително и поконцизно нормативно се регулираат прашањата во оваа сфера. Така, според посочениот закон, одбраната на државата се организира како систем за одбрана на независноста и територијалниот интегритет на Републиката. Притоа, неа ја остваруваат граѓаните, органите на државната власт и вооружените сили (Армија на Р.Македонија). Покрај посочените субјекти, определени задачи во областа на одбраната, можат да извршуваат и трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите и единиците на локалната самоуправа. Сепак, нивниот ангажман е предвиден во точно утврдени ситуации, заради избегнување на можноста за евентуална злоупотреба на нивните ресурси.

Исто така, како значајно треба да се истакне дека според Законот, а во контекст на уставните определби, одбраната на Републиката може да се остварува и преку

---

[275] Устав на Р.Македонија,1991 год.,Глава VII.

[276] Закон за одбрана на Р.Македонија, текст достапен на: http://www.morm.gov.mk/wp-content/uploads/ZAKON-ZA-ODBRANA-Precisten-tekst.pdf

соработка со колективните системи за безбедност и одбрана во кои Македонија настојува да пристапи или пак веќе има пристапено.[277] Согласно тоа, воено-безбедносниот систем на Р.Македонија се базира врз три главни компоненти: 1) вооружени сили; 2) цивилна одбрана и 3) вклучување во системите за колективна безбедност и одбрана.

Токму третата компонента има особено значење за предметот на истражување во овој труд, бидејќи покрај останатите (ООН, НАТО, ОБСЕ), Р.Македонија ја идентификува и ЕУ како неопходен субјект за соработка во поглед на заштитата и унапредувањето на националната, регионалната и меѓународната безбедност. Ваквиот пристап за вклучување на повеќе субјекти (вклучително и меѓународни) во контекст на безбедносните цели и интереси на Р.Македонија, е во склад со новата перцепција и сфаќање на безбедноста по Студената војна. Имено, во постстуденовоениот период, безбедноста се помалку се перципира единствено низ призмата на воената безбедност, што иницира проширување и продлабочување на концептот за безбедност. Проширувањето се однесува на перцепцијата и сфаќањето на безбедноста низ призмата на повеќе сектори: воен, политички, економски, социетален и еколошки, додека продлабочувањето на концептот се однесува на вклучувањето на поголем број безбедносни актери, започнувајќи од најниско, т.е. индивидуално ниво (човекот), преку национално ниво (државата) се до глобално, т.е. меѓународно ниво (меѓународните организации и институции).

Инаку, врз основа на претходно посоченото треба да се истакне дека реализацијата на третата компонента на воено-безбедносниот систем на Р.Македонија, подразбира и нејзино активно учество надвор од националните граници во мисии предводени од меѓународните организации. Во тој контекст, учеството на Р.Македонија во ваков тип на мисии е регулирано во глава IX од Законот за одбрана. Имено, членот 41 од Законот, истакнува дека согласно ратификуваните меѓународни договори,активниот воен и цивилен персонал и припадниците на резервните сили на Армијата, на служба во Армијата и вработени во Министерството за одбрана, можат да учествуваат во вежбовни активности и обука и во хуманитарни или мировни операции и надвор од територијата на Р.Македонија.[278] Притоа, одлука за испраќање на единици на Армијата надвор од националната територија, но за учество во вежбовни активности, обука и

[277] Пречистен текст на Законот за одбрана на Р.Македонија, чл.1., Службен весник на Р.Македонија,бр.185, 30.12.2011.

[278] Закон за одбрана на Р.Македонија, чл.41, Глава IX. Текстот на Законот е достапен на: http://www.morm.gov.mk/?page_id=27963&lang=mk

хуманитарни операции, донесува Владата на Р.Македонија. Од друга страна, Собранието на Р.Македонија, донесува одлука за испраќање единици на Армијата надвор од националната територија за учество во мировни операции. Одлуката пак за испраќање на вработени од министерството за одбрана, надвор од националните граници, донесува Министерот за одбрана. Во овој контекст треба да се истакне дека во единиците од постојаниот состав на Армијата кои се испратени надвор од територијата на Републиката, заради учество во вежбовни активности и обука и во хуманитарни или мировни операции, не можат да учествуваат војници кои се на отслужување на доброволниот воениот рок. Ваквата определба не се однесува и за припадниците на резервните сили на Армијата кои со нивна согласност можат да бидат ангажирани во посочените мисии.

## 5.6 Рамка за придонесот на Р.Македонија кон меѓународниот мир и безбедност

Наспроти посоченото нормативно регулирање на третата компонента на воено-безбедносниот систем на Р.Македонија, со Уставот и со Законот за одбрана, овој сегмент дополнително е регулиран и со: Националната концепција за безбедност и одбрана од 2003 година, Стратегијата за интеграција на Р.Македонија во ЕУ од 2004 година, Стратегијата за национална безбедност од 2008 година, Стратегијата за одбрана од 2010 година и Белата книга на одбраната од 2012 година. За таа цел, овој дел од трудот ја анализира легитимната рамка која посочените документи ја креираат во поглед на придонесот на Р.Македонија кон меѓународниот мир и безбедност.

Во тој контекст, може да се истакне дека Националната концепција за безбедност и одбрана на Р.Македонија, која е усвоена од страна на Собранието, претставува документ кој што ги синтетизира националните (уставни) интереси и определби на Р.Македонија со конкретните цели, можности и ресурси на државата во сферата на националната безбедност и одбраната. Конкретно, Концепцијата како основен документ на Р.Македонија во областа на безбедноста и одбраната, е заснована врз проценката за меѓународното опкружување и положбата на Р.Македонија, загрозувањата по нејзината безбедност и врз таа основа усогласените цели и насоки за водење на националната безбедносна политика. Оттука, Националната концепција е

составена од четири главни делови и тоа: 1) интереси на Р.Македонија; 2) безбедносно опкружување; 3) политика на национална безбедност и 4) одбрана.[279]

Компонентите упатуваат на констатацијата дека Р.Македонија, промовира еден сеопфатен (проширен и продлабочен) пристап кон регулирањето на безбедноста и одбраната во државата. Таквиот пристап е особено карактеристичен за вториот и третиот дел од концепцијата во рамките на кои како значајни за безбедноста и одбраната покрај останатите компоненти се посочуваат и: меѓународното и регионалното опкружување, потоа, надворешната, економската и политиката за заштита на животната средина.

Од аспект на конкретниот предмет на истражување во овој труд, значајно е тоа што уште во рамките на првата компонента, т.е. *интереси на Р.Македонија*, се истакнува дека покрај останатите, значаен витален интерес претставува и политичко-одбранбена интеграција во НАТО, политичка, економска и безбедносна интеграција во Европската унија, како и во другите системи за колективна безбедност. Во контекст на виталниот интерес како и на придонесот кон меѓународниот мир и безбедност, Националната концепција идентификува и неколку важни интереси како:

- изградба и развој на сите форми на соработка со соседите, а во интерес на мирот, безбедноста и развојот на Р.Македонија и нејзините соседи;
- сопствен придонес за зачувување и унапредување на мирот и стабилноста во Југоисточна Европа (ЈИЕ) заради зајакнување на зоната на демократија, безбедност и просперитет на сите земји во регионот;
- учество во изградбата на мирот и стабилноста во регионот, Европа и светот, како и превенција и изградба на инструменти за рано предупредување на тензиите и кризите, со цел-навремено и ефикасно решавање по мирен пат;
- зачувување и напредок на меѓународниот поредок заснован врз праведност, взаемно почитување на меѓународниот поредок втемелен врз меѓународното право, како и политичка и економска рамноправност на државите.[280]

Значајно е да се истакне дека Концепцијата предвидува Р.Македонија истите да ги остварува со доследно почитување на човековите права и слободи, демократските принципи и почитување на меѓународното право, што од своја страна треба да

[279]Национална концепција за безбедност и одбрана на Р.Македонија. Текстот на Концепцијата е достапен на: http://arhiva.vlada.mk/files/Vladina_koncepcija_za_bezbednost.pdf

[280]Национална концепција за безбедност и одбрана на Р.Македонија,2003г.,чл.7,Глава I. Текстот е достапен на: http://arhiva.vlada.mk/files/Vladina_koncepcija_za_bezbednost.pdf

овозможи решавање на спорoвите по мирен пат, унапредување на мирот и стабилноста и јакнење на угледот на државата во демократскиот свет.

Во однос на втората компонента, т.е. ***меѓународното опкружување***, главниот акцент на Националната концепција за безбедност и одбрана е ставен на анализа на предизвиците од процесот на глобализацијата, потоа врз процесот на развој на европската безбедност, како и кон улогата на ЕУ, НАТО, ООН и ОБСЕ во новото безбедносно опкружување. Во таа насока, во рамките на концепцијата се истакнува дека како резултат на брзите и динамични промени со кои се соочува светот и кои со себе носат нови и често непредвидливи безбедносни ризици и опасности, државите нужно се предодредени на соработка и кооперативен пристап кон безбедноста. Всушност, како резултат на негативните карактеристики на меѓународното безбедносно опкружување, Концепцијата истакнува дека безбедноста треба да се анализира низ призмата на динамичниот и адаптивен развој на државите кон новите облици на соработка, т.е. кон предизвикот да се најдат себе си во новиот поредок, при што треба да се има во предвид фактот дека меѓународната заедница и нејзините институции понекогаш се соочуваат и со определени сериозни воени и невоени ризици и опасности.

Во однос на процесот за изградба и развој на европската безбедност, Концепцијата истакнува дека главната цел е креирање на безбедносна средина заснована врз кооперативни односи и взаемно координирани активности од областа на безбедноста, одржувањето на стабилноста, превенцијата и решавањето на кризи, со соодветна улога и на НАТО, ООН и ОБСЕ. Притоа, треба да се истакне дека пристап на НАТО на овој план е комплементарен со развојот на европскиот безбедносен и одбранбен идентитет и со ЕБОП. На овој процес соодветна поддршка дава и ОБСЕ чија работа е најмногу фокусирана во областа на човековите и малцинските права, развојот на демократијата и владеењето на правото. Сепак, најшироката рамка за однесувањето на државите во нивните меѓународни релации и соработка заснована врз меѓународното право и понатаму ја овозможува ООН со соодветна зајакната улога и подобрени механизми и инструменти за дејствување.

Од аспект на позициите и положбата на Р.Македонија за посочениот процес, Концепцијата ја потенцира потребата, државата да продолжи со активна поддршка на развојот на истиот (во рамките на НАТО преку Партнерството за мир (ПзМ) и Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАПС), додека во ОБСЕ и ООН во кои Р.Македонија е полноправен член, преку нивните соодветни механизми и

инструменти).[281] Во рамките на ЕУ, активностите на овој план, предвидено е Македонија да ги реализира согласно целите на ЗНБП и ЕБОП. Тука, треба да се истакне дека Националната концепција за безбедност и одбрана на Р.Македонија е усвоена пред донесувањето на Европската стратегија за безбедност, па затоа во истата, придонесот на Р.Македонија кон меѓународната, а во тој контекст и кон европската безбедност конкретно е трасиран преку ЗНБП и ЕБОП.

Како резултат на карактеристиките на меѓународното и регионалното опкружување, Националната концепцијата потенцира дека Р.Македонија е свесна дека истото нуди многу можности, но паралелно со тоа и многу нови предизвици , ризици и опасности. Токму затоа, новите предизвици, ризици и опасности бараат нови одговори, кои наспроти индивидуалните напори на Р.Македонија, се единствено можни, токму преку соработка и со помош на сите земји од регионот, Европа и светот.

Оттука, како ***безбедносни можности*** на Р.Македонија, меѓуостанатите, концепцијата ги посочува и:

- активната партиципација во ширењето на мирот и стабилноста во функција на зголемување на општата безбедност во регионот и Европа, со перманентно зголемување на можностите и капацитетите за превенција и справување со кризи;
- вклучувањето во сите меѓународни, глобални, политички, економски, социјални и други текови, предводени од меѓународните институции и организации;
- целосната партиципација и интеграција во Евроатлантските безбедносни структури, во функција на ширење на стабилноста и безбедноста, изразена преку процесите и активностите за подготовка за членство во НАТО и ЕУ, но и со континуирана и тесна соработка и со ОБСЕ и ООН;
- перманентното унапредување и развој на добрососедските односи и регионалната соработка во функција на подобрување на безбедносната состојба и опкружување, како и политичка и економска стабилност и напредок.[282]

Посочените безбедносни можности, исто така го потврдуваат легитимитетот кој Националната концепција за безбедност и одбрана го овозможува за активниот придонес на Р.Македонија кон регионалната и меѓународната, а во тој контекст и кон европската безбедност.

---

[281] Ibid.
[282] Ibid.

Третата компонента на Националната концепција ја чини политиката на националната безбедност која претставува сложен и меѓузависен збир на мерки, активности, планови и програми, кои ги презема Р.Македонија заради заштита, одржување и унапредување на безбедноста на државата и нејзините граѓани. Притоа, според Концепцијата, ваквите активности треба да се преземаат во согласност со расположливите ресурси, како и со активна соработка со меѓународната заедница. Тука, треба да се наспомене дека политиката на национална безбедност промовира еден широк пристап кон безбедноста што произлегува од фактот дека истата во себе системски ги има инкорпорирано: политичката, економската, одбранбената, внатрешно безбедносната, социјалната, еколошката и други области. Конципирана на овој начин, основната и долгорочна цел на политиката на национална безбедност е да ја заштитува, одржува и унапредува безбедносната состојба на државата, создавајќи амбиент за остварување на националните интереси на Р.Македонија.

Како насоки за реализација на политиката на национална безбедност, концепцијата ги идентификува следните:

- активно и реално вклучување во меѓународните напори за креирање и подобрување на мирот и безбедноста, имајќи во предвид дека безбедноста е неделива и не зависи само од една држава;
- суверено право на самоодбрана и гарантирање на својата безбедност со право на сопствено одлучување за приклучување кон сојуз/и;
- право на неприфаќање на одделни обврски и договори за кои ќе се процени дека можат да ја загрозат безбедноста на Р.Македонија и/или негативно да влијаат врз безбедноста на други држави;
- компатибилност на националната безбедност во согласност со уставните и законските решенија, како и со меѓународните стандарди и ратификуваните меѓународни договори;
- вградување во националното законодавство и дипломатска активност тоа да го направат сите соседи, на општоприфатените норми и стандарди во сите области на меѓународното право и нивна доследна примена во практиката;
- посебните институции задолжени за безбедност иако и натаму имаат клучно место и улога во современото сфаќање на безбедноста, не се повеќе единствено надлежни за заштита, одржување и изградба на безбедносното опкружување и состојба. Затоа, оценката, мерките и активностите за заштита, одржување и унапредување треба да се гледаат како систем на сложени и меѓузависни

фактори, како што се: политичките, економските, одбранбените, внатрешно-безбедносните, социјалните, еколошките и други;

- постојана демократска и цивилна контрола и надзор врз институциите и силите чија дејност е безбедност и одбрана на државата;
- превенција, односно мерки и активности кои овозможуваат превенција на ризиците, опасностите и кризите, нивна навремена идентификација и отстранување;
- координација на мерките, активностите и безбедносните капацитети со примена на навремена и целесообразна употреба на способностите и ресурсите за справување со кризи, како и можност за давање, односно примање на помош и соработка;
- перманентна одговорност на органите на државната власт, како и учество во остварувањето на политиката на национална безбедност на локалната самоуправа, политичките партии и другите правни и економски субјекти, невладиниот сектор и другите асоцијации, како и сите граѓани, согласно нивната положба и улога во општеството.[283]

Од денешен аспект, може да се констатира дека Р.Македонија во изминатиот период има преземено повеќе активности во оваа сфера. Имено, започнувајќи од јануари 2003 година, Р.Македонија има активно учество во мировните операции: „Слобода за Ирак" и „ИСАФ". Покрај тоа, Р.Македонија има активно учество и во мисиите: АЛТЕА (во Босна и Херцеговина, започнувајќи од 2006 год.) и УНИФИЛ (во Либан, започнувајќи од 2007 год.). На тој начин, Р.Македонија и конкретно и активно е вклучена во меѓународните напори за креирање и подобрување на мирот и безбедноста.

Во рамките на оваа трета компонента на Националната концепција, се истакнува дека надворешната политика е насочена кон заштита, одржување и унапредување на интересите на Р.Македонија во однос на другите држави. Во тој контекст, Р.Македонија тргнувајќи од определбата за добрососедски односи со сите земји од непосредното и поширокото соседство, активно учествува во иницијативите за регионална соработка и континуирано се ангажира за продлабочување на односите и креирање на безбедноста во рамките на ООН, ЕУ, ОБСЕ и другите меѓународни организации и институции.

[283] Ibid.

Имајќи во предвид дека витален интерес за Р.Македонија претставува токму интеграцијата во Европската Унија, концепцијата ја потенцира потребата за насочување на вниманието кон хармонизација на законодавството, решенијата и процедурите со оние во ЕУ, притоа ангажирајќи ги сите расположливи способности и капацитети. Тука, исто така треба да се истакне дека Р.Македонија целосно го уважува стремежот и процесот за развој на Европски безбедносен и одбранбен идентитет, при што во согласност со сопствените можности се истакнува дека државата е подготвена да земе активно учество во овој процес. Исто така, истакнато е дека во интерес на мирот и стабилноста, Р.Македонија е подготвена да ги имплементира сите меѓународни аранжмани кои се однесуваат на контрола и неширење на оружјето за масовно уништување, меѓународните аранжмани за други видови оружје, како и аранжманите за надзор врз извозот на технологијата и оружје. Посочените определби и активности, секако дека го потврдуваат легитимитетот и придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност.

Четвртиот дел од Националната концепција се однесува на одбраната на Р.Македонија и во негови рамки се опфатени основите и насоките за развој на истата. Во тој контекст, се тргнува од ставот дека Р.Македонија својата одбрана треба да ја изгради како систем кој ќе и овозможи оптимално обезбедување и заштита на нејзиниот траен интерес, како и учество и помош во заштитата на нејзините витални интереси. Притоа, се истакнува дека системот на одбраната се заснова врз изградбата и развојот на вооружените сили, способни да водат вооружена борба, потоа врз цивилната одбрана, изградена во оптимален сооднос и која треба да обезбеди континуитет на функционирањето на државата и нејзиниот политички и економски систем и заштита на населението, како и врз интеграцијата во меѓународните организации и институции. Поставена на тој начин, според Националната концепција за безбедност и одбрана, одбраната на Р.Македонија не е насочена против ниедна друга земја, туку, во својата основа е одбранбена и насочена кон одвраќање од агресија, но и кон одбрана на Р.Македонија во случај на агресија од било каков вид и со било каква цел. Од аспект на предметот на истражување на овој труд , карактеристично е тоа што и во рамките на овој дел од концепцијата се истакнува значењето на интеграцијата на Р.Македонија во меѓународните безбедносни институции, како и значењето на нејзините активности во насока на заштита и унапредување на меѓународниот мир и безбедност.

Врз основа на сето претходно истакнато, несомнено е дека Националната концепција за безбедност и одбрана нуди соодветен легитимитет за активностите на

Р.Македонија кон јакнење на европската и меѓународната безбедност. Покрај тоа, таа ја истакнува и потребата за активен ангажман на Р.Македонија на овој план.

Значаен документ кој ги разработува стратегиските проекции за учеството и придонесот на Р.Македонија кон Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ, претставува и „Стратегијата за интеграција на Република Македонија во ЕУ".[284] Конретно во поглавјето 2.6. од Стратегијата се истакнува дека: „Македонија во потполност ги прифаќа основните принципи на Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ и дека во рамките на своите активности во периодот пред влегувањето во ЕУ, како и потоа, ќе ги дефинира и ќе ги спроведува заедничките политики и активности согласно оние на Унијата, како и дека ќе работи на обезбедување висок степен на соработка на сите полиња од меѓународните односи".[285]

Во рамките на Стратегијата се истакнува дека Р.Македонија ќе ја спроведува ЗНБП, преку:

- ***Дефинирање на општите насоки на дејствување*** (што ќе се изврши по донесувањето на Европскиот устав и согласно истиот дефинираните насоки на дејствување на Европскиот совет и одлуките усвоени од министерскиот совет, вклучувајќи ги и прашањата со одбранбени импликации. Притоа, се до конечното зачленување во Унијата, Македонија ќе врши постојани консултации и договарање со ЕУ за преземените и планираните активнсоти во земјата, регионот и пошироко, на кој начин би се обезбедила целосна транспарентност и би се продолжило со зголемување на довербата и соработката меѓу Р.Македонија и ЕУ).
- ***Придружување кон одлуките на ЕУ и прифаќање на истите, а кои се однесуваат на:*** активностите на Унијата; позициите на унијата; и примената на активностите и позициите.
- ***Јакнење на системската и институционалната соработка со земјите-членки и со институциите на ЕУ*** (што подразбира дека покрај следење, поддржување и имплементирање на активностите и позициите на ЗНБП на ЕУ, надлежните институции во Р.Македонија за креирање и спроведување на надворешната и безбедносната политика ќе одржуваат средби, консултации и усогласување на ставовите со креаторите и одговорните за ЗНБП на Унијата.

[284] Стратегијата е усвоена во 2004 година од страна на Владата на Република Македонија. Текстот на стратегијата е достапен на: http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/Nacionalna_strategija%2006.09.04.PDF
[285] Ibid.p.43

Ова посебно се однесува одржувањето редовни средби и политички дијалози со Европскиот парламент и Европската комисија).[286]

Во рамките на стратегијата се истакнува и дека Р.Македонија ќе ги координира своите активности со оние на унијата и во рамките на меѓународните организации и конференции. Притоа, до конечното зачленување во Унијата, активностите, позициите и ставовите на Унијата ќе се поддржуваат активно и безрезервно, при што основа ќе бидат национланите интереси на Р.Македонија, како и определбите во Повелбата на ООН. Во однос на прашањата кои имаат воени и одбранбени импликации по земјата и/или содржат витални и национални интереси, Македонија истите аргументираноќе ги објаснува и брани, со цел да се респектира и разбере македонската позиција и став. Постојаната размена на информации и донесувањето заеднички оценки ќе влијае врз усогласувањето на ставовите и продлабочувањето на соработката со Унијата.

Според Стратегијата, размената на мислења и консултации по определени прашања од ЗНБП, можат да се одвиваат и преку една од следните форми:

- Средби и конслутации на високи претставници на Р.Македонија со Претседателството на Советот на ЕУ и на Комисијата, како можност за размена на детални мислења за клучните прашања од меѓународните односи од заеднички интерес или за локалните и/или регионалните проблеми и настани, кои имаат влијание врз иднината на Р.Македонија, врз иднината на регионот, како и врз иднината на обединета Европа;
- Консултации со државите од Процесот за стабилизација и асоцијација (ПСА) на сите можни нивоа – парламентарно, министерско, експертско, со посебно внимание врз: процесот на зајакнување и соработка на постојните демократски институции, владеењето на правото и човековите и малцински права, процесот на либерализација на визниот режим, процесот на административни реформи, процесот на хармонизација на соодветните правни системи со оној на Унијата, процесот на соработка во борбата против тероризмот, сите видови организиран криминал, корупција, дрога, шверц, трговија со луѓе итн., процесот на интензивен прекуграничен сообраќај и соработка, начинот и средствата за одржување политички дијалог, како и рз сите проблеми кои имаат регионална димензија и бараат еден регионал пристап;

[286] Ibid.p.44

- Консултации на сите дипломатски нивоа, како и на експертско ниво, со државите кандидати за сите видови соработка регулирани преку релевантните норми на соодветните акти за асоцирање, со посебен акцент на оние кои имаат влијание врз поширокиот регион и кои бараат поширока анализа, организација и разрешување на регионално ниво;
- Брифинзи и консултации за важни и тековни прашања од надворешната политика во Министерството за надворешни работи за потребите на амбасадите на државите членки на ЕУ, оние од земјите кои припаѓаат на ПСА и оние на државите кандидати;
- Брифинзи и консултации за различни прашања поврзани со меѓународните односи, користејќи ја дипломатската мрежа во трети земји, преку мултилатерални или регионални институции и други меѓународни форуми;
- Средби на експертско ниво со надлежните во европските тела и органи за креирање и следење на ЗНБП; и
- Користење на дипломатските канали вклучувајќи и соодветни контакти во трети земји и во централите на соодветните меѓународни институции (на пример ООН, ОБСЕ, СЕ итн.).[287]

Овие проекции во рамките на Стратегијата за интеграција на Република Македонија во Европската Унија, директно ја отвораат можноста за активно учество и придонес на Р.Македонија во унапредувањето на регионалната и европската безбедност. Всушност, овие проекции се во директна корелација и со главната визија на Европската стратегија за безбедност – дијалогот и преговорите секогаш да имаат приоритет наспроти заканите и употребата на насилство.

Во поглед на Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП), како интегрален дел на ЗНБП, Стратегијата истакнува дека Р.Македонија се перцепира себеси како дел од истата и дека во таа насока таа ќе настојува да обезбеди операционален капацитет на цивилните и воените средства за реализирање и учество во мисии надвор од својата територија, чии единствени цели, согласно принципите на Повелбата на ООН, ќе бидат:

- зачувување на мирот,
- превенција на можни конфликти, и
- јакнење на меѓународната безбедност.[288]

[287] Ibid.p.46

Во оваа смисла, задачите би вклучувале:

- заеднички операции на разиоружување,
- хуманитарни и спасувачки акции,
- воени совети и помош,
- превенција на конфликти и операции за зачувување на мирот,
- учество на заеднички сили во кризни ситуации, вклучително изградба на мир и постконфликтна стабилизација.[289]

На овој начин, освен декларативните определби за почитување на декларациите и ставовите на Унијата во безбедносната сфера, Р.Македонија ја креира и неопходната рамка за нејзино директно и активно учество во операциите предводени од ЕУ во сферата на цивилниот и воениот кризен менаџмент.

Друг документ кој исто претставува дел од рамката која го овозможува легитимитетот за придонесот на Р.Македонија кон европската и меѓународната безбедност, претставува „Стратегијата за одбрана на Р.Македонија".[290] Конкретно, стратегијата е усвоена на 1-ви март, 2010 година и истата ги детектира стратегиските насоки за развојот и функционирањето на системот за одбрана на Р.Македонија до 2015 година.[291] Во таа насока, истата произлегува од Уставот на Р.Македонија, Законот за одбрана, Стратегијата за национална безбедност и стратегиската определба на Владата на Р.Македонија за интеграција во Евроатлантските структури. Врз основа на процената за идните безбедносни закани, ризици и предизвици за националната безбедност на Р.Македонија, со овој документ се дефинирани стратегиските одбранбени мисии и насоките за нивно исполнување, како и визијата за развој на способностите на Министерството за одбрана и Армијата на Р.Македонија, при што се идентификуваат и потребните ресурси за одржување и развој на системот за одбрана.

Паралелно со тоа, стратегијата ги усогласува и обврските и одговорностите кои ќе произлезат од членството на Р.Македонија во НАТО и во ЕУ. Во таа насока се истакнува дека преку активното учество во Партнерството за мир (ПзМ), Процесот за планирање и преглед на силите (ПАРП), Акциониот план за членство во НАТП (МАП) и Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП), Р.Македонија треба да

---

[288] Ibid.p.46

[289] Ibid.

[290] Стратегија за одбрана на Р.Македонија, Сл.весник на РМ, бр.30,2010. Текстот на стратегијата е достапен на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/2EDC3A5EF4DD1747A803A4D1FF418F11.pdf

[291] Ibid.

продолжи да реализира широка одбранбена соработка со земјите-членки на НАТО и ЕУ.

**Првиот дел** од стратегијата е посветен на националните вредности и интереси на Р.Македонија. Во тој контекст се истакнува дека националните одбранбени интереси претставуваат вредности и состојби кои директно произлегуваат од темелните вредности утврдени во Уставот на Р.Македонија. Оттука, како и во претходно посочената Национална концепција за безбедност и одбрана од 2003 година и во рамките на оваа стратегија, интересите се поделени во три групи: траен интерес, витални и важни интереси на Р.Македонија.

Во таа насока, траен интерес на Р.Македонија, претставува зачувувањето на независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет и унитарниот карактер на државата како суштествена рамка за зачувување и унапредување на државниот идентитет на Р.Македонија и слободно негување и изразување на етничкиот и културниот идентитет на сите граѓани.[292]Останатите витални и важни интереси се дефинирани на истиот начин како и во претходно посочената Национална концепција за безбедност и одбрана, што значи дека интересите кои се однесуваат на: 1) политичко-одбранбена интеграција во НАТО, политичка, економска и безбедносна интеграција во Европската Унија и активно учество во другите облици на меѓународна соработка; 2) учество во зачувувањето и унапредувањето на мирот и стабилноста во светот, во Европа и во регионот; 3) зачувување и унапредување на меѓународниот поредок врз основа на правилата и принципите на меѓународното право; и 4) развивање и одржување на сите форми на соработка со соседите, во поддршка на виталните интереси на Република Македонија, но и на пошироките регионални и глобални интереси, се директно поврзани со легитимитетот на активностите и придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност. Во таа насока, исто така стратегијата истакнува дека соработката со меѓународните безбедносни организации - ООН, НАТО, ЕУ и ОБСЕ овозможува активно учество во креирањето на глобалната одбранбена политика и подобрување на националните способности за справување со новите закани, ризици и предизвици, како и поефикасно управување со цивилните и воените капацитети.[293]

Соработката на овој план, меѓудругото произлегува и од фактот дека Р. Македонија припаѓа на Евроатлантскиот регион и нејзината безбедност е неделива од безбедноста

[292] Стратегија за одбрана на Р.Македонија, 2010 година, чл.2, Глава I.
[293] Ibid.,чл.5, Глава I.

на НАТО, ЕУ, од регионалната и глобалната безбедност. Во тој контекст, во стратегијата се истакнува дека Република Македонија има широк политички и општествен консензус во поддршката на определбата за активно учество во изградбата на безбедноста и стабилноста во Евроатлантската област. Затоа, како значајна се истакнува потребата за активен придонес за зајакнување на евро-атлантската безбедност преку учество во ООН, НАТО и ЕУ-предводени операции за поддршка на регионалната и меѓународната безбедност и стабилност.Притоа, исто така се потенцира дека долготрајниот придонес во меѓународните операции постепено ќе се зголемува согласно националните интереси и развојот на оперативните распоредливи способности на АРМ.

Конкретно, од аспект на придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност, чл.7 од Стратегијата, посочува дека нашата држава интензивно ќе работи на целосно интегрирање во ЕУ и на остварување активен придонес во развојот на Заедничката надворешна безбедносна политика и Европската безбедносна одбранбена политика.[294]

Поврзаноста помеѓу предметот на истражување на овој труд и втората глава од Стратегијата за одбрана, која се однесува на *безбедносното опкружување*, може да се лоцира во определбата дека справувањето со современите безбедносни ризици и закани, неминовно ја наметнува потребата за заеднички пристап и соработка со ООН, НАТО, ЕУ и ОБСЕ. Притоа, НАТО и ЕУ се идентификуваат како клучни фактори за одржување и зајакнување на регионалната безбедност, стабилност и просперитет. Според стратегијата, политиката на "отворени врати" на НАТО и на ЕУ за проширување со земјите од Западен Балкан, директно придонесува кон позитивен развој на регионалната безбедност. Затоа, предизвикот за членство во НАТО и во ЕУ, претставуваат силни мотивирачки фактори за сеопфатни национални реформи.

Третиот дел од стратегијата кој се однесува на стратегиските мисии на системот на одбрана на Р.Македонија, исто така пружа соодветен легитимитет за активностите на државата кон европската безбедност. Имено, за поддршка на националната безбедност, системот за одбрана на Република Македонија ги дефинира следните стратегиски мисии:

- одбрана и заштита на територијалниот интегритет и независноста на Република Македонија;
- учество во колективната самоодбрана на НАТО;

---

[294] Ibid.,чл.7, Глава I.

- придонес во операции во целокупниот спектар на мисии на ООН, на НАТО, и на ЕУ; и
- заштита на пошироките интереси на РепубликаМакедонија.[295]

Од посочените мисии, конкретно втората и третата се тесно поврзани со предметот на истражување на овој труд, т.е. со придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност. Имено, несомнено е дека НАТО сè уште претставува еден од клучните актери на евро-атлантската и меѓународната безбедност, па оттука преку учество во мисии предводени од НАТО, Р.Македонија може да продуцира соодветен придонес и кон европската безбедност. За таа цел, Р. Македонија спроведува сеопфатни национални реформи согласно барањата на Акциониот план за членство во НАТО и во тој процес активно ги подготвува и своите институции за целосно преземање на одговорностите кои произлегуваат од членството во Алијанса. Третата стратегиска мисија и директно го овозможува легитимитетот на Р.Македонија за активности поврзани со унапредување и заштита на европската безбедност и интереси, бидејќи истата предвидува активно вклучување на државата во мисии предводени од ЕУ. Притоа, според стратегијата, политичките и воените одлуки за активно учество во операциите предводени од ООН, од НАТО од ЕУ или други коалициски партнери ќе се донесуваат од случај до случај, т.е. во зависност од конкретната ситуација. Сепак, тука се потенцира дека навременото и соодветното вклучување во политичкиот и воениот процес за донесување одлуки за конкретната операција има особена важност за Република Македонија во контекст на постигнување активно учество во употребата на меѓународните сили и во процесот на постконфликтната консолидација на земјата-домаќин.[296]

Уште една значајна определба која ја надополнува легитимната рамка за учеството и придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност, конципирана е во чл.5, Глава III, од Стратегијата за одбрана. Имено, според текстот на овој член:

*„. . .За придонес во целиот спектар на операции предводени од ООН, од НАТО и од ЕУ Република Македонија ќе развие и ќе одржува распоредливи способности на ниво од 50% од севкупната структура на копнените сили на АРМ. На барање на НАТО, како свој придонес АРМ ќе распоредува максимална воена сила на ниво на една средна пешадиска баталјонска група и национален елемент за поддршка. Во поглед на*

[295] Ibid.,чл.1, Глава III.

[296] Во рамките на Националната концепција за безбедност и одбрана, ова прашање веќе беше соодветно анализирано, посебно во поглед на надлежностите на Собранието и Владата на Р.Македонија

*долгорочниот придонес во меѓународни операции едновремено ќе учествуваме со единици и воен персонал кој постепено ќе се зголемува до најмалку 8% од севкупната структура на копнените сили на АРМ, соодветно на динамиката на развојот на распоредливите способности. . .*"[297]

Посочениот член, не само што овозможува легитимитет, туку и концизно, од аспект на расположливите средства на државата, го регулира учеството и придонесот на Р.Македонија кон меѓународната, а во тој контекст и кон европската безбедност. Во таа насока, значајно е тоа што Стратегијата за одбрана потенцира дека Р. Македонија, како земја-кандидат за членство во ЕУ, активно ќе учествува во развојот на Европската безбедносна и одбранбена политика, а исто така, во континуитет ќе го задржи нејзиниот придонес во операциите предводени од ЕУ преку Каталогот за капацитетите и борбените групи на ЕУ. Притоа, освен преку конкретното учество во мисиите предводени од ЕУ, придонесот на Р.Македонија кон меѓународната и европската безбедност ќе се обезбеди и преку: одржување регионална и меѓународна одбранбена соработка со земјите членки на ООН, на НАТО, на ЕУ и на ОБСЕ со цел градење доверба и безбедност во регионот и пошироко во евро-атлантската област; обезбедување воено-дипломатска поддршка на сојузниците и на партнерите; учество во воени вежби, конференции, состаноци и други форми на соработка; како и преку исполнување на меѓународните конвенции и договори за контрола и непролиферација на оружјето за масовно уништување и изградба на мерките за доверба и безбедност.

Четвртиот дел од стратегијата се однесува на *развојот на системот на одбраната* низ призма на субјектите кои ја остваруваат истата. Во рамките на овој дел, определбите се идентични како и во рамките на претходно посочената Национална концепција за безбедност и одбрана и затоа анализата конкретно е насочена кон содржината на чл.11, како дополнување на претходно презентираното. Имено, според овој член, највисок облик на организирање борбени сили за распоредување надвор од територијата на Република Македонија ќе претставува средната пешадиска баталјонска група. Баталјонската група ќе биде способна за распоредување и самостојно изведување на борбени дејства во целокупниот спектар на мисии и операции на НАТО, како и за вклучување во повисоки мултинационални формации. Притоа, структурата на баталјонската група ќе се приспособува според барањата на конкретната мисија, со додавање елементи за борбена и за логистичка поддршка кон силите на еден СПБ.

---

[297]Стартегија за одбрана на Р.Македонија,2010, чл.5, Глава III.

Поврзаноста помеѓу шестиот дел од Стратегијата за одбрана, т.е. *преструктурирањето на АРМ* и предметот на истражување во овој труд (во петтиот дел изостанува таква поврзаност), може да се лоцира уште на самиот почеток, т.е. со определбата дека АРМ ќе продолжи со развој на нови воени способности за одбрана на земјата, распоредливи способности за придонес во колективната самоодбрана на НАТО, како и со придонесот во операциите предводени од ЕУ.[298]

Притоа, во развојот на нови воени оперативни способности на АРМ, покрај на останатите, приоритет ќе се даде и на следните области:

- учество во меѓународните аранжмани (мултилатерални, регионални и билатерални) за патролирање на националниот воздушен простор;
- развој на способности за цивилно-воена соработка (CIMIC способности);
- придонес во целиот спектар на операции за поддршка на мирот предводени од ООН, од НАТО, од ЕУ или од пријателски коалиции;
- мултилатерална и билатерална одбранбена соработка.[299]

Покрај, Националната концепција за безбедност и одбрана и Стратегијата за одбрана, потребата за активен придонес на Р.Македонија кон европската безбедност е идентификувана и во рамките на *Долгорочниот план за развој на одбраната 2014-2023 година*.[300] Овој документ претставува основен план на Владата на Република Македонија, кој содржи: визија за развој на одбраната; приоритети за остварување на одбранбената политика; одбранбен буџет потребен за реализација на поставените приоритети и долгорочните развојни цели во насока на развој и унапредување на способностите на Армијата и капацитетите на Министерството за одбрана.[301] Во тој контекст, истиот претставува апликација на современиот менаџмент кој се заснова на принципите на добро владеење и планирање, на оперативните способности на АРМ и на стратегиските мисии. Инаку, покрај останатите, во контекст на предметот на истражување на овој труд, како долгорочни развојни цели во оваа област се истакнуваат: развој, достигнување и воспоставување на поголеми национални стратегиски и оперативни капацитети и способности за достигнување на соодветно ниво на интероперативност, ефикасност, ефективност и флексибилност со НАТО, регионалните и вооружените сили на земјите-партнери; и придонес кон Заедничката

---

[298] Ibid.,чл.2.Глава VI.
[299] Ibid.,чл.3.
[300] Текстот на документот е достапен на:
http://arhiva.vlada.mk/registar/files/Dolgorocen_plan_za_razvoj_na_odbranata_2014-2023.pdf
[301] Текстот на Долгорочниот план за развој на одбраната 2014-2023, достапен е на:
http://arhiva.vlada.mk/registar/files/Dolgorocen_plan_za_razvoj_na_odbranata_2014-2023.pdf

безбедносна и одбранбена политика на ЕУ. Во контекст на посочените цели, Долгорочниот план истакнува дека Р.Македонија, споделувајќи ги заедничките вредности и интереси со НАТО и со ЕУ, во континуитет ја потврдува својата политичка волја и способности за долготраен придонес во регионалната и меѓународната безбедност, како и во мировни и хуманитарни операции. Исто така, се потенцира дека нашата држава континуирано вложува напори за зајакнување на нејзината улога во меѓународните организации–ООН, ОБСЕ и Советот на Европа. Притоа, во насока на зајакнување на планирачките капацитети за учество во одбранбеното планирање на НАТО и на ЕУ, одбранбената соработка и одбранбена дипломатија, Планот предвидува Министерството за одбрана да ги зголеми своите политичко-воени планирачки капацитети за:

- развој на стратегиски концепти, анализи и процени;
- развој на одбранбените капацитети и на воените способности за планирање, како и спроведување на одбранбените реформи;
- поддршка на меѓународните операции; и
- меѓународна одбранбена соработка и одбранбена дипломатија.[302]

Врз основа на сето претходно презентирано, несомнено е дека во Р.Македонија е креирана соодветна т.н. легитимна рамка за нејзин активен придонес кон меѓународната, а во тој контекст и кон европската безбедност. Освен, највисоките нормативни акти, Уставот и Законот за одбрана, таа рамка соодветно е надополнета и со определбите и ставовите усвоени во Националната концепција за безбедност и одбрана и Стратегија за одбрана на Р.Македонија. Во тој контекст, тргнувајќи од принципот на неделивост на безбедноста во Евроатлантскиот регион, Р.Македонија зема активно учество во напорите на меѓународната заедница за заштита на светскиот мир и безбедност. Имено, придонесот на Р. Македонија за глобалната безбедност, мир и стабилност, првенствено се перципира преку вложувањето на сопствените безбедносни способности и капацитети за остварување на заедничките вредности и интереси. Така, во согласност со ратификуваните меѓународни договори, единиците на Армијата од постојаниот и од резервниот состав или нивни делови, како и воени старешини и цивилни лица на служба во Армијата и вработени во Министерството за одбрана, можат да учествуваат во вежбовни активности и обука и во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката. Во тој контекст, првиот

---

[302]Долгорочан план за развој на одбраната 2014-2023, стр.9.

придонес на Република Македонија надвор од нејзините граници започна во 2002 година во рамките на НАТО-предводената мисија ИСАФ во Авганистан. Потоа придонесот постепено се зголемуваше со распоредување на сили во мисијата „Слобода за Ирак" во Ирак, во воената операција „ЕУ АЛТЕА" во Босна и Херцеговина и во мисијата на Обединетите нации „УНИФИЛ" во Либан. Исто така, дополнително, Р. Македонија континуирано од 1999 година обезбедува и постојана поддршка за силите во операцијата „КФОР" на Косово. Следната табела го прикажува квантитативниот придонес (бројност на персонал) на Р.Македонија на овој план.

**Табела, бр.1**

| мисија | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ИСАФ** | 42 | 150 | 262 | 272 | 332 | 405 | 329 | 330 | 2122 |
| **Слобода за Ирак** | 70 | 107 | 96 | 163 | | | | | 463 |
| **АЛТЕА** | | 21 | 74 | 24 | 24 | 24 | 24 | 20 | 211 |
| **УНИФИЛ** | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 6 |
| **КФОР** | / | / | Во центарот се вработени 13 лица | | | | | | 13 |
| **вкупно** | 112 | 278 | 446 | 460 | 357 | 430 | 354 | 351 | **2788** |

**Извор: Бела книга на одбраната на Р.Македонија за 2012 година, стр.61**

Податоците во табелата покажуваат дека започнувајќи од 2005 година, т.е. две години по усвојувањето на Националната концепција за безбедност и одбрана, Р.Македонија согласно сопствените можности и ресурси има активен и континуиран ангажман во поглед на меѓународните безбедносни и мировни мисии, предводени пред сè од НАТО и ЕУ. Учеството на Р.Македонија во посочените мисии, може да се перципира како конкретна потврда за успешноста на реформите во областа на одбраната, но и како потврда за цврстите претходно посочени стратегиски определби за членство во НАТО и ЕУ и за активниот придонес кон меѓународната безбедност. Притоа, конкретно во однос на мисијата АЛТЕА, забележлив е еден континуитет на придонесот на Р.Македонија од аспект на ангажираниот човечки потенцијал. Имено, за разлика од 2007 година кога е реализиран најголемиот ангажман на Р.Македонија во оваа мисија, во периодот што следи, т.е. до 2012 година, нејзиниот придонес е реализиран преку 24 ангажирани лица на годишно ниво. Во делот што следи, придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност и Европската безбедносна стратегија, конкретно е

анализиран низ призмата на декларативната определба на Р.Македонија во оваа сфера (прифаќање на декларациите и позициите на ЕУ), како и низ призмата на севкупниот ангажман на Р.Македонија во операцијата Алтеа.

## 5.7 Република Македонија и ЗНБП на ЕУ

Како што веќе беше истакнато, како одговор на апликацијата на Р.Македонија за членство во ЕУ и добивањето статус на земја-кандидат за членство во декември, 2005 година, започнувајќи од 2006 година, Р.Македонија на годишно ниво добива извештај од ЕУ за нејзиниот реализиран напредок (кој ги содржи соопштенијата на Комисијата до Европскиот парламент и до Советот) во кој се оценуваат нејзините достигнувања и се даваат препораки во однос на исполнувањето на Копенхагенските критериуми.[303] Од аспект на структурата, Извештајот:

- кратко ги опишува односите помеѓу Р.Македонија и ЕУ;
- ја анализира ситуацијата во Р.Македонија во однос на политичките критериуми за членство;
- ја анализира ситуацијата во Р.Македонија врз основа на економските критериуми за членство;
- го разгледува капацитетот на државата за исполнување на обврските од членството, т.е. од acquis-то изнесено во договорите, секундарното законодавство и политиките на Унијата.

Врз основа на тоа, напредокот на Р.Македонија (како и на останатите држави од Западен Балкан) се мери преку донесените одлуки, донесеното законодавство и спроведените мерки. Притоа, по правило не се земаат во предвид законодавството или мерките кои што се во подготовка или пак чекаат да бидат усвоени (од Собранието).

Придонесот на Р.Македонија кон ЗНБП и европската безбедност е анализиран низ призмата на поглавјето бр.31 од Извештајот што Р.Македонија на годишно ниво го добива од ЕУ за реализираниот напредок во сферата на ЗНБП. Значи, во основа анализата се базира врз перцепцијата и проценките на ЕУ за придонесот на Р.Македонија кон ЗНБП и кон европската безбедност.

---

[303] Копенхагенските критериуми беа усвоени на Самитот на ЕУ во Копенхаген во 1993 година и истите се познати како: политички критериуми, економски критериуми и критериуми според кои се цени способноста на конретната земја за преземање на обврските од потенцијалното полноправно членство.

Инаку, може да се истакне дека досегашното искуство од проширувањето на ЕУ, потврдува дека политичките критериуми се поврзани не само со формалните аспекти на различните политички и демократски институции (парламентот, извршната власт и судството), туку и со нивното функционирање и применување низ призмата на различните права и слободи во практичниот, секојдневен живот. Во таа насока, во однос на политичките критериуми, генерално во досегашните извештаи на ЕУ, се констатира дека Р.Македонија претставува функционална демократија со стабилни институции и дека генерално се гарантира владеењето на правото и се почитуваат фундаменталните права. Исто така, во досегашните извештаи се истакнува дека Р.Македонија ги исполнува обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (која има суштинско значење за односите помеѓу Р.Македонија и ЕУ) на задоволителен начин. Сепак, од неа истовремено се бара да вложи дополнителни напори, посебно во однос на изборниот процес, реформите во правосудството, слободата на медиумите и борбата против корупцијата. Инаку, во насока на зајакнување на односите помеѓу Р.Македонија и ЕУ е и одлуката за визната либерализација за граѓаните на Р.Македонија кои патуваат во Шенген зоната, која стапи на сила во декември, 2009 година.

Во средината на март, 2012 година, Владата на Р.Македонија и Европската комисија го започнаа **Пристапниот дијалог на високо ниво** (ХЛАД). Неговата цел е иницирање на нова динамика во процесот на реформите за пристапување кон ЕУ и со тоа да ја зајакне довербата и да ја поттикне европската перспектива на земјата. Во тој контекст, истиот се фокусира на пет клучни области: заштита на слободата на изразување во медиумите; зајакнување на владеење на правото; реформи на јавната администрација; подобрување на изборниот процес; и развој на пазарната економија. Тој, исто така го разгледува и прашањето за добрососедските односи. Инаку, посочениот Пристапен дијалог е значаен и од аспект што истиот обезбеди дополнителна платформа за забрзување на реформите и во економската сфера, согласно потребните критериуми за членство во ЕУ.

Економските критериуми за членство во Унијата, се базираат врз два елементи: постоење на функционална пазарна економија и капацитет за справување со притисокот од конкуренцијата и пазарните сили во рамките на Унијата. Во однос на тоа, во извештаите генерално се констатира дека Р.Македонија има преземено значајни чекори кон воспоставување на пазарната економија. Сепак, исто така се истакнува дека на среден рок, државата нема да биде во можност ефикасно да се соочи со

конкуренцијата и пазарот на трудот во рамките на Унијата. Како генерална констатација во рамките на економските критериуми, се посочува дека ако државата доследно ги спроведува започнатите економски реформи, таа ќе може да ги исполни овие обврски во иднина. Како главни актуелни проблеми и предизвици во оваа сфера се посочуваат: невработеноста, посебно на младата популација, потоа обременетото деловно опкружување со институционални и административни слабости, тешкото спроведување на договорите, корупцијата и релативно ниското ниво на расположливоста на капиталот во државата.

Во однос на третиот критериум, искуствата од проширувањето покажуваат дека за задоволувањето на овој критериум треба да се преземат многу повеќе активности, отколку само едноставното пресликување на законодавството на ЕУ, во рамките на својот национален правен поредок. Во тој контекст, генерална констатација на досегашните извештаи е дека Р.Македонија вложува значителни напори за усогласување на нејзиното законодавство со она на ЕУ, при што се забележува дека тие процеси е потребно да бидат значително забрзани со цел задоволување на бараните критериуми на среден рок.

Инаку, третиот дел, во рамките на поглавјето број 31, лоцирана е и анализата за исполнување на обврските на Р.Македонија кои произлегуваат од Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ. Во тој контекст, овој дел од Извештаите се базира врз констатацијата дека од идните држави-членки на ЕУ се очекува да бидат способни за водење политички дијалог во рамките на ЗНБП, потоа да се придружуваат кон ЕУ-изјавите, да учествуваат во ЕУ-активностите и дејствијата и да ги применуваат договорените санкции и рестриктивни мерки. Всушност, од земјите-кандидати се бара постепено да се усогласат со изјавите на ЕУ, како и да ги применуваат санкциите и рестриктивните мерки кога и каде тоа од нив ќе биде побарано. Целта на ваквиот пристап е креирање на безбедно европско опкружување и развој на капацитетите на државите од Западен Балкан (вклучувајќи ја и Р.Македонија) за нивен активен придонес кон европската безбедност.

По стапувањето на сила на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, се воспоставија Советот за стабилизација и асоцијација и Комитетот за стабилизација и асоцијација во чии рамки се води обемен политички дијалог помеѓу Р.Македонија и ЕУ.[304] Определбата на Р.Македонија е да продолжи со своето активно учество во процесот на

[304] Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Р.Македонија и ЕУ беше потпишана во април, 2001 година, а истата стапи на сила април, 2004 година.

придружување кон заедничките позиции, декларации и изјави на ЕУ, во врска со актуелни меѓународни прашања, било врз основа на добиена покана од ЕУ, било унилатерално. Исто така, во изминатиот период, Р.Македонија ја манифестира определбата да продолжи да биде активен учесник во мултилатералниот политички дијалог со ЕУ, кој се одвива во различни формации на министерско и експертско ниво, заедно со останатите четири земји од Процесот за стабилизација и асоцијација, во рамките на Политичкиот форум ЕУ-Западен Балкан.

Од друга страна, според предвиденото во „Солунската агенда за Западен Балкан", ЕУ редовно ја поканува Р.Македонија да се придружува кон одредени демарши, декларации и заеднички ставови на ЕУ, вклучувајќи ги оние кои се поврзани со ЗНБП. Од денешна перспектива, може да се констатира дека Р.Македонија во изминатиот период има реализирано значајни чекори во оваа сфера и дека општо земено таа всушност ги има направено неопходните чекори за нивна практична примена. Потврда за тоа, меѓудругото претставуваат:

- основаната база на податоци за заедничките позиции и изјави со ЕУ;
- формираната работна група за унапредување на координацијата помеѓу надлежните органи во поглед на процесот на спроведување на рестриктивните мерки;
- усвоениот Закон за меѓународни рестриктивни мерки на 23.03.2011 година;
- формирањето на Координативно тело за следење на спроведувањето на меѓународните рестриктивни мерки (2012) и воспоставувањето на Регистар на меѓународни рестриктивни мерки, во рамките на Министерството за надворешни работи;
- учеството во Васенар аранжманот (започнувајќи од 2012 година);
- формирањето сертифицирана компјутерска единица за пристап до мрежата на ЕУ за електронска размена на класифицирани информации од ЗНБП;
- потпишаните билатерални договори за размена и взаемна заштита на класифицирани информации со повеќе европски држави.

Од друга страна, отворено прашање во сферата на ЗНБП, претставува потпишаниот билатерален договор на Р.Македонија со САД за непредавање на одредени лица (американски државјани) на Меѓународниот кривичен суд (МКС). Конкретно, во однос на ова прашање, ЕУ констатира дека Р.Македонија го има ратификувано Римскиот статут во 2002 година, но исто така, потенцира дека потпишаниот билатерален договор со САД, не е во согласност со нејзиниот (ЕУ) став и пристап по истото, при што се

истакнува потребата за прилагодување на Р.Македонија кон нејзиниот став. Од друга страна, Р.Македонија истакнува дека целосно ја поддржува работата на Меѓународниот Кривичен Суд (МКС) и дека при склучувањето на договорот со САД, земени се во предвид Водечките принципи на ЕУ за склучување аранжмани помеѓу држава-членка на Римскиот статут на МКС и САД околу условите за предавање на лица на Судот. Оттука, во согласност со тие принципи, Р.Македонија зазема став дека Договорот со САД е склучен на нереципрочна основа , односно се применува само за државјани на САД, која не е потписник на Римскиот статут, односно истиот не се применува и за македонски државјани.

Исто така, во поглед на целите на ЗНБП, Р.Македонија во 2004 година усвои одлука за еднострано прифаќање на принципите и критериумите на Кодексот за однесување на ЕУ за извоз на оружје. Покрај тоа, Р.Македонија донесе одлука и за усвојување на заедничкиот став на ЕУ за контрола на посредувањето на трговијата со оружје, по што следеше и одлука за усвојување на програмата на ЕУ за спречување и борба против незаконската трговија со конвенционално оружје. Во таа насока, Р.Македонија има склучено договор и со Меѓународната агенција за атомска енергија во врска со механизмите за следење на усогласеноста со меѓународните обврски за некористење на нуклеарни програми за развој на нуклеарно оружје. Ваквиот договор е во директна констелација со втората идентификувана закана според Европската безбедносна стратегија (НХБ-оружје) и со мерките кои ЕУ ги предвидува во однос на ефикасно справување со истата. Исто така, Р.Македонија е потписничка и на Хашкиот кодекс на однесување против ширењето на балистички проектили, а се придружува и кон изјавата на ЕУ за Контролираниот режим на технологијата за проектили.[305]

Придонесот на Р.Македонија кон ЗНБП, може да се следи и преку нејзината подготвеност и определеност да ги поддржи, да учествува и да дава придонес во операциите за справување со воени и цивилни кризи во рамките на ЕБОП. Во таа насока, во изминатиот период, Р.Македонија презема континуирани напори за надградување на сопствените воени капацитети, а со цел во процесот на пристапување кон ЕУ да биде подготвена за учество во операции за справување со кризи кои ќе бидат предводени од ЕУ. Конкретно, во изминатиот период, започнувајќи од 2003 година, Р.Македонија спроведе сеопфатна реформа на безбедносниот и одбранбениот систем,

---

[305] Извештаи на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во периодот од 2006 до 2014 година. Извештаите се достапни на веб-страната на Секретаријатот за европски прашање при влада на Р.Македонија: http://www.sep.gov.mk/data/file/Dokumenti/Registar-na-dokumenti/

согласно нејзината Национална концепција за безбедност и одбрана и Стратегискиот одбранбен преглед. Врз основа на посоченото, може да се констатира дека учеството на Р.Македонија (од 2006 година), во воената операција на ЕУ – ЕУФОР Алтеа, им дава адекватен кредибилитет на македонските напори за активен придонес кон развојот на Европската безбедносна и одбранбена политика, а во тој контекст и кон европската безбедност.

Покрај тоа, согласно на третата стратегиска цел на Европската безбедносна стратегија, значајно е и учеството на Р.Македонија во операции за чување на мирот предводени и од други меѓународни организации, пред се: ООН, НАТО и ОБСЕ. Во тој контекст, несомнен е придонесот на Р.Македонија во изминатиот период во рамките на мисијата Слобода за Ирак во Ирак и мисијата ИСАФ во Авганистан, предводени од НАТО, како и придонесот во мисијата УНИФИЛ во Либан. Всушност, најголем придонес од аспект на масовност и бројност на ангажирани човечки потенцијали, Р.Македонија продуцира во мисијата ИСАФ во Авганистан, каде во моментов се ангажирани 156 нејзини војници, а вкупно во сите досегашни ротации во рамките на оваа мисија имаат учествувано 790 македонски војници. Тоа покажува дека статусот на т.н. мала земја со слаб економски развој не ја ограничи определбата на Р.Македонија за активен ангажман и придонес кон меѓународниот мир и безбедност. Низ досегашните ротации во рамките на петте меѓународни операции (ИСАФ, Слобода за Ирак, Алтеа, УНИФИЛ и КФОР), до денес активно учествувале преку 1900 македонски војници, што претставува повеќе од ¼ од Армијата на Р.Македонија. Како резултат на тоа, во мисијата ИСАФ во Авганистан, според бројот на изротиран персонал споредбено со глава на жител, Р.Македонија се наоѓа меѓу првите пет контрибуторски земји во оваа мисија.[306] Исто така, Р.Македонија е единствената земја од регионот која не е членка на НАТО, а се наоѓа помеѓу првите десет земји членки на НАТО учесници во ИСАФ.[307]

## 5.8 Придонес на Р.Македонија кон европската безбедност

Во изминатиот период Р.Македонија зема активно учество во надворешната, безбедносна и одбранбена политика на Европската унија. Имено, врз основа на идентично дефинираните вредности на надворешно - политички план со Европската

[306]Според тој критериум, пред Р.Македонија се само: САД, Велика Британија и Данска.

[307]Придонесот на Р.Македонија кон глобалната безбедност, мир и стабилност, Министерство за одбрана на РМ, април,2010. http://www.morm.gov.mk

унија, Р.Македонија настојува да даде соодветен сопствен придонес во промоцијата на мирот и стабилноста на глобален план, како и соодветен придонес (согласно националните капацитети и ресурси) во изградбата на мирот и пост - конфликтната стабилизација - што особено се потврдува со нејзиното учество во операцијата Алтеа во БиХ.

Во таа насока, во овој дел од труд, анализата на придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност се базира на две компоненти: компатибилност и придружување кон европските политики (и во тој контекст и кон ЕБОП) преку прифаќање на заедничките декларации, позиции и изјави на ЕУ и ангажман на Р.Македонија во Борбените групи на ЕУ. Првата компонента манифестира повеќе декларативен придонес на Р.Македонија кон европската безбедност, додека втората компонента го одразува конкретниот нејзини придонес во однос на воената димензија на ЗНБП, ЕБОП и ЕСБ.

Врз основа на првиот посочен аспект на придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност, низ призмата на прифаќањето и придружувањето кон заедничките декларации, изјави и други правни акти на ЕУ, може да се истакне дека во изминатиот период забележлив е одреден континуитет на Р.Македонија на овој план. Тоа, меѓудругото го потврдуваат и податоците во следната табела за периодот од 2010-2014 година.

**Табела.бр.2**

| Прифатени и усогласени декларации на ЕУ и одлуки на Советот поврзани со ЗНБП во % | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
| 100% | 99% (од 67 упатени покани за усогласување, прифатени се 66) | 100% | 94% (од 35 упатени покани за усогласување, прифатени се 33) | 73% (од 45 упатени покани за усогласување, прифатени се 33) |

**Извор:** Извештаи на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во периодот од 2010 до 2014 година. Извештаите се достапни на веб-страната на Секретаријатот за европски прашање при влада на Р.Македонија: http://www.sep.gov.mk/data/file/Dokumenti/Registar-na-dokumenti/

Презентираните податоци за изминатиот 5-тто годишен период, покажуваат дека Р.Македонија, манифестира една континуирана определба за споделување на ставовите и одлуките на ЕУ во однос на одредени конкретни актуелни меѓународни прашања и настани во безбедносната сфера. На тој начин, Р.Македонија има индиректен придонес кон унапредувањето на европската безбедност. Сепак, тука треба да се истакне дека усогласувањето на земјата со декларациите на ЕУ и одлуките на Советот во областа на

надворешната и безбедносна политика, во 2014 година е влошена во споредба со претходните години, па затоа во периодот што следи Р.Македонија мора да преземе соодветни активности насочени кон подобрување на ваквиот пристап.

Исто така, треба да се истакне дека Р.Македонија во изминатиот период активно се придружува и кон применување на Одлуките на Советот на ЕУ со кои се воведуваат рестриктивни мерки (санкции) против држави, ентитети, организации, лица. Овие мерки, во суштина имаат за цел одржување на меѓународниот мир и меѓународната безбедност, почитување на човековите права и основните слободи, развој на демократијата и владеењето на правото. Рестриктивните мерки се еден од механизмите за спречување на финансирање на терористички организации, за контрола на оружјето и спречување на ширењето на оружјето за масовно уништување и за спречување на низа други криминални дејствија.

Тргнувајќи од посоченото значење на рестриктивните мерки, во изминатиот период Р.Македонија презема конкретни чекори за унапредување на процесот за нивно прифаќање и применување. Тоа, меѓудругото го потврдуваат и податоците во следната табела:

**Табела бр.3**

| **Активности на Р.Македонија во сферата на реализацијата на рестриктивните мерки поврзани со ЗНБП** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
| Во рамките на МНР, воспоставена е работна група со цел да го ревидира процесот на спроведување на рестриктивните мерки и да ја зајакне координацијата помеѓу надлежните органи | Усвоен е Закон за меѓународни рестриктивни мерки, кој вклучува повеќе одредби за финансиски мерки и воведува систем за следење на спроведувањето на рестриктивните мерки преку Национално координативно тело | Формирано Координативно тело за следење на спроведувањето на меѓународните рестриктивни мерки. Воспоставен е Регистар на меѓународни рестриктивни мерки, во рамките на Министерството за надворешни работи. | Одржани редовни состаноци на формираното Координативното тело. | Р.Македонија гласаше во корист на Резолуцијата на Генералното собрание на ООН за територијалниот интегритет на Украина, но не се усогласи со одлуките на Советот за воведување рестриктивни мерки како одговор на руското незаконско припојување на Крим и настаните во источна Украина |

**Извор:** Извештаи на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во периодт од 2010 до 2014 година. Извештаите се достапни на веб-страната на Секретаријатот за европски прашање при влада на Р.Македонија: http://www.sep.gov.mk/data/file/Dokumenti/Registar-na-dokumenti/

Податоците во табелата, покажуваат дека во контекст на актуелното безбедносно опкружување во Европа (Украинската криза), во 2014 година Р. Македонија се воздржа од придружување кон Одлуката на Советот на Европската унија, за рестриктивни

мерки во однос на активности за нарушување или загрозување на територијалниот интегритет, суверенитет и независност на Украина како и рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела/органи, поврзани со ситуацијата во Украина. И во текот на 2011 година, Р.Македонија се воздржа од придружување кон Одлуката на Советот на ЕУ, 2011/173/ЗНБП, за рестриктивни мерки во однос на ситуацијата во БиХ. Генерално, изминатиот период беше многу интензивен во контекст на придружување кон одлуки на Советот на ЕУ кои предвидуваат воспоставување на рестриктивни мерки кон трети земји во поглед на случувањата во Арапскиот свет. Како резултат на тоа, во март 2011 год. беше усвоен нов Закон за имплементација на меѓународни рестриктивни мерки којшто има за цел поефикасна примена на санкциите на ООН и автономните рестриктивни мерки на ЕУ. Сепак, наспроти посочените, во сите други ситуации, Р.Македонија манифестира целосна усогласеност со рестриктивните мерки, предложени од страна на ЕУ.

Конкретно, во однос на придржувањето и спроведувањето на рестриктивните мерки, во Р.Македонија надлежен орган претставува Координативно тело за следење на спроведувањето на Меѓународните рестриктивни мерки.[308] Во таа насока, делокругот на активности на ова тело е: следење на спроведувањето на рестриктивните меѓународни мерки во Р.Македонија, обезбедување конзистентност и координираност помеѓу придружувањето, т.е. позициите на Р.Македонија и активностите во областа на рестриктивните мерки преку предлози до Владата на Р.Македонија, обезбедување стручна помош за спроведување на рестриктивните мерки на надлежните органи задолжени за спроведување на истите, како и остварување на соодветна меѓународна соработка. Инаку, со Координативното тело, претседава претставник од Министерството за надворешни работи на Р.Македонија.

Исто така, придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност може да се анализира и низ призмата на нејзиниот ангажман во поглед на втората идентификувана закана во рамките на Европската стратегија за безбедност, т.е. оружјето за масовно уништување. Во тој контекст, треба да се истакне дека Р.Македонија целосно го поддржа донесувањето на Резолуцијата 1540[309] и сродните последователни Резолуции,

---

[308]Коориднативното тело е формирано 30-ти Септември, 2011 година со одлука на Владата на Р.Македонија. Службен весник на Р.Македонија,бр.133,2011.

[309] Резолуцијата 1540 на Советот за безбедност на ООН беше едногласно донесена на 28април 2004 година како одговор на заканите за меѓународниот мир и безбедностпредизвикани од пролиферацијата на нуклеарното, хемиското и биолошкотооружје, како и на средствата кои овозможуват нивно користење, меѓу недржавнит сактери.
Текстот на Резолуцијата е достапен на:

имајќи во предвид дека пролиферацијата на оружјето за масовно уништување (ОМУ) и тероризмот претставуваат едни од најопасните закани за светскиот мир. Притоа, цврстата определба за справување со посочената закана, Р.Македонија ја манифестира и преку активниот ангажман во главните меѓународни инструменти за непролиферација, вклучувајќи ги:

- Договорот за непролиферација на нуклеарно оружје (НПТ),
- Договорот за сеопфатна забрана на нуклеарни проби,
- Конвенцијата за забрана за развој, производство, складирање и употреба на хемиско оружје и негово уништување (КПК),
- Конвенцијата за забрана за развој, производство и складирање на бактериолошко (биолошко) оружје и негово уништување,
- Конвенцијата за сузбивање на акти на нуклеарен тероризам,
- Конвенцијата за физичка заштита на нуклеарни материјали, како и други релевантни инструменти.

Исто така, Р.Македонија има склучено спогодба со Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ), во однос на примена на гаранциите во врска со Договорот за непролиферација на нуклеарно оружје, како и Дополнителен протокол и Протоколот за мали количества. Покрај тоа, Р.Македонија дава значаен придонес кон меѓународните напори за борба против тероризмот и учествува во глобалната коалиција против тероризмот. Р. Македонија е членка и на сите главни договори против тероризмот донесени во рамките на ООН.

Сериозниот пристап на Р.Македонија во однос на ова прашање, може да се перципира и преку фактот што по донесувањето на Резолуцијата 1540, Република Македонија ги измени постојните и донесе нови закони, со цел обезбедување на усогласеност со релевантните инструменти на ООН и ЕУ, како со останатите мултилатерални механизми за непролиферација и документите за контрола на извозот. Така, во февруари 2006 година, започна да се применува Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, кој беше усвоен од Собранието, една година порано, т.е. во септември 2005 година.[310] Законот беше дополнително изменет во 2007, 2010 и 2011 година, во насока на воспоставување строга контрола при извозот, во согласност со Заедничкиот став на Европскиот Совет 2008/94/CFSP од 8 декември 2008 година, со

---

http://arhiva.vlada.mk/registar/files/Nacionalen_akcionen_plan_na_Republika_Makedonija_za_sproveduvanje_na_Rezolucijata_1540_na_Sovetot_za_bezbednost_na_ON_2014-2017.pdf

[310]Текстот на Законото е достапен на: http://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Zakonot-za-kontrola-na-izvoz-na-stoki-i-tehnologii-21-09-2005.pdf

кој се дефинираат заедничките правила со кои се регулира контролата на извозот на воена технологија и опрема. Паралелно со тоа, формирана е Национална комисија за спроведување на Конвенцијата за хемиско оружје (согласно Законот за спроведување на Конвенцијата, усвоен во 2006година), потоа, Национална комисија за извоз на стоки и технологии со двојна употреба, како и Дирекција за радијациона сигурност, со задача за надгледување на радиоактивните материјали.

Во насока на преземањето активности за реализирање на обврските кои што произлегуваат од релевантните конвенции во оваа сфера, треба да се истакне дека Р.Македонија беше меѓу првите 30 земји кои што ја ратификуваа Конвенцијата за забрана на касетна муниција (Oslo Convention - CCM), со што придонесе за нејзиното влегување во сила. Исто така, Македонија зазеде проактивна улога во спроведувањето на обврските кои произлегуваат од оваа Конвенција, посебно на чл. 6 кој се однесува на меѓународна соработка, при што ги понуди своите капацитети за подобрување на регионалната соработка на полето на олеснување на уништувањето на одреден дел од складираната касетна муниција во регионот.

Р.Македонија официјално ја поддржа и иницијативата на Европската комисија за создавање на центри на извонредност за хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни материјали и постројки во регионот од Балканот до Кавказот. Во таа насока, на покана на Европската Комисија, претставници од Министерството за надворешни работи и Министерството за одбрана учествуваа на Конференција за формирање на Регионален центар за управување со ризици и закани поврзани со хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни материјали и постројки за регионот од Балканот до Кавказот, која се одржа во Грузија, Тбилиси во февруари 2011 година.

Во изминатиот период, посебно од 2006 година па до ден денес, постои тесна корелација помеѓу зацртаните цели, определби и активности помеѓу Р.Македонија и ЕУ во однос на заканата од оружјето за масовно уништување. Притоа, активностите на Р.Македонија во оваа сфера, иницираат соодветно позитивно влијание врз заштитата на европската безбедност од посочената закана. Меѓудругото, потврда за тесната соработка помеѓу Р.Македонија и ЕУ во однос на оваа закана, претставува и одржаната работилница во Скопје (3-4 март,2014 год.) во соработка со Европската Комисија, за проценка на националните капацитети и потреби за намалување на ХБРН ризици.

Покрај изнесеното, придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност може да се анализира и преку нејзиниот конкретен ангажман во рамките на цивилниот и воениот кризен менаџмент на ЕБОП. Во таа насока, освен претходно посоченото учество на

Р.Македонија во операцијата Алтеа, како значајни треба да се истакнат и нејзината определба и ангажман во рамките на Европските борбени групи. Тука, треба да се потенцира дека како резултат на веќе декларираниот придонес кон воените капацитети на ЕУ и искажаниот интерес за вклучување на Република Македонија во Концептот на ЕУ за Борбени групи, СР Германија на Координативната конференција за Борбените групи, одржана во октомври 2008 ја објави намерата на Република Македонија за учество во истите, т.е. во ЕУ БГ II/2012, во која во тој период учествуваа Германија, Австрија, Чешка, Ирска и Хрватска. За таа цел во текот на 2009 година следеше усогласување и потпишување на Писмо на намери од страна на министрите на наведените земји и на Република Македонија за соработка во областа на Борбените Групи на ЕУ, како и потпишување на Меморандум за разбирање на земјите учеснички во ЕУ БГ II/2012. Како резултат на тоа, во периодот што следи Р.Македонија зема активно учество на координативните состаноци за ЕУ БГ, како и на конференциите за вежбата *European Endeavour*.

Паралелно со тоа, Р.Македонија реализира и активности од областа на обуката на декларираните сили во ЕУ БГ II/2012 со цел нивно подобро интегрирање во Core BG. Во ова насока, изготвена е Информација за учеството на Република Македонија во ЕУ БГ II/2012 со предлог Одлука за учество на вежбата „European Endeavour 2012", како и предлог Одлука за учество на Република Македонија во втората половина на 2012 година во ЕУ БГ II/2012 со капацитет од 150 лица. Декларираните 150 лица од АРМ за учество во ЕУ БГ II/2012 се во состојба на подготвеност, т.н. стенд бај, започнувајќи од втората половина на 2012 година, стационирани во Р.Македонија, а за евентуално упатување во операција (втората половина на 2012/1 јули – 31 декември 2012), претходно ќе биде потребна Одлука од страна на Собранието на РМ. Инаку, обуката и подготовката на декларираните сили за учество во Борбените групи на ЕУ, во изминатиот период Р.Македонија ја реализираше преку вежбите од циклусот „Македонски Блесок 7 и 8 и 9".[311]

Како резултат на преземените активности во оваа сфера, во текот на 2013 година, Министерството за одбрана на Р. Македонија одговори позитивно на упатената покана од страна Белгија за учество на Р.Македонија во Борбената група на ЕУ БГ 2014-2. Притоа, контрибуцијата на Р. Македонија во ЕУ БГ 2014-2, конкретно се состои од:

- Чета за заштита на силите;

---

[311] Министерство за одбрана на Република Македонија. Податоци достапни на веб-страна: http://www.morm.gov.mk/?page_id=2575&lang=mk

- Штабни елементи
- Национален елемент за поддршка.

Во оваа насока, треба да се истакне дека во контекст на подготовката и сертифицирањето на ЕУ БГ 2014-2, претставници на АРМ учествуваа на Финалната планирачка конференција за вежбата Active Lion (AL) и на Главната планирачка конференција за вежбата Quick Lion (QL) која се одржа од 18-19.12.2013 година во Брисел, Белгија.[312]

Започнувајќи од втората половина на 2014 година, Р.Македонија и официјално учествува во Борбената група на ЕУ/БГ-2014-2.Притоа, во насока на извршување на подготовките за учество во ЕУБГ 2014-2, реализирани се неколку активности:

- на 17.03.2014, воениот претставник на Република Македонија при НАТО и ЕУ присуствуваше на состанок со воените аташеа од земјите контрибутори и клучниот персонал на EUBG 2014-2;
- на 24.03.2014 се официјализираа правните документи во врска со учеството на Армијата на Р.Македонија во Борбената група на ЕУ за вториот семестар од 2014 година - ЕУБГ 2014-2 (беа врачени писмата од Министерството за одбрана за пристапување кон Борбената група - прифаќање на обврските согласно одредбите од Меморандумот за разбирање и двата технички договори).

Исто така, во тој период следеа национални подготовки како и заедничка обука на силите на ЕУБГ 2014-2 за постигнување на потребното ниво на обученост и сертифицирање на силите. Во тој контекст,од 15-24.01.2014 година, 7 офицери на АРМ учествуваа во вежбата „Active Lion" во Белгија, а 3 лица од Р.Македонија, учествуваа и на координативната конференција за ЕУБГ. Завршното сертифицирање на целиот пакет сили на ЕУБГ 2014-2 се изврши преку учеството во Меѓународната вежба (MN LIVEX) „Quick Lion (QL)" која се одржа во Белгија од 02-13 јуни 2014 година, на која АРМ учествуваше со декларираната чета (134 лица). По завршената успешна евалуација на единиците на ЕУБГ 2014-2, започнува фазата на готовност на единиците, т.н. „stand by" фаза, со која истите се на располагање на Европската унија во периодот од 1 јули до 31 декември 2014 година.

Врз основа на сето претходно презентирано, може да се констатира дека учеството на Р.Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) и

---

[312] Ibid.

Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП), како и во реализацијата на целите на Европската безбедносна стратегија (ЕСБ), генерално се базира врз нејзината политичка определба за споделување на целите и приоритетите од овие значајни заеднички политики на земјите-членки на Европската унија и пред нејзиното полноправно членство во Унијата. Имено, Р. Македонија, преку идентификувањето на идентични вредности на надворешно - политички план со ЕУ, настојува да даде соодветен сопствен придонес во промоцијата на мирот и стабилноста на регионален, европски и глобален план.

Во таа насока, соодветно значење на овој план има и формализираниот ***политичкиот дијалог*** помеѓу Р. Македонија и ЕУ преку состаноците на Советот за стабилизација и асоцијација на коишто редовно се дискутира за прашања од доменот на ЗНБП и се утврдуваат заеднички позиции во однос на актуелни прашања од меѓународната политика. Исто така, политичкиот дијалог се одвива и преку учеството на неформалните состаноци на министрите за надворешни работи на ЕУ; неформалните состаноци на министрите за одбрана на ЕУ, односно состаноците за политички дијалог меѓу ЕУ (Високиот претставник на ЕУ) и европските земји кои се членки на НАТО, а не се членки на ЕУ, како и земјите-кандидати за членство во ЕУ); преку консултациите помеѓу ЕУ и земјите-кандидати во однос на мултилатерални прашања; како и преку учеството на редовните состаноци организирани од телата на Европската служба за надворешни работи (ЕСНР) кои се одговорни за ЗНБП/ЗБОП. Во оваа насока, може да се истакне дека во изминатиот период, по покана на претходниот Висок претставник на ЕУ за надворешни прашања и безбедносна политика, Кетрин Ештон, Р.Македонија учествуваше на политичкиот дијалог со европските НАТО членки кои не се членки на ЕУ, како и на земјите кандидати за членство во ЕУ, како и на неформални состаноци на министрите за надворешни работи на земјите-членки на ЕУ. На состаноците се дискутираа теми како напредокот во воспоставувањето на Европската служба за надворешни работи, односите ЕУ-НАТО, развојот на воените капацитети на ЕУ, операцијата EUFOR Libya, мисијата EUFOR Althea во БиХ, Операцијата ATALANTA, одржувањето на воената вежба на ЕУ за управување со кризи MILEX 11, развојот на капацитетите за управување со кризи, како и прашања од заеднички интерес поврзани со случувањата во Авганистан, Пакистан и јужното соседство на Европската унија.

Покрајтоа, значаен придонес кон европската безбедност, Р.Македонија манифестира и преку нејзиниот ангажман во мисиите преводени од страна на ЕУ. Во тој контекст,

особено значаен е нејзиниот ангажман во рамките на операцијата Алтеа. Од јули 2006 год, врз основа на одлуки на Собранието, Македонија учествува во воената операција на ЕУ во Босна и Херцеговина ALTHEA. Ова учество продолжува и во 2015, со 11 лица (10 лица во медицинскиот тим и едно лице помошник правен советник во Правната канцеларија на Командата на ЕУФОР).

Исто така, врз основа на декларираната определба за учество во борбените групи (БГ) на ЕУ, започнувајќи од во втората половина на 2012, Република Македонија учествува во **Борбената група ЕУ БГ II/2012** во која учествуваат Германија (земја лидер), Австрија, Чешка, Ирска и Хрватска. Ваквиот ангажман, како што претходно беше истакнато, Р.Македонија го продолжува и во текот на 2014/15 година.

Во оваа насока, како значаен настан може да се посочи и потпишувањето на *Спогодбата помеѓу Република Македонија и Европската унија за воспоставување рамка за учество на Република Македонија во операциите на ЕУ за управување со кризи*, на 29.10.2012 година Потпишувањето на ова Спогодба придонесува за натамошно развивање на партнерските односи во рамките на Заедничката безбедносна и одбранбена политика на Европската унија, во која Македонија активно придонесува преку учество во неколку мировни операции предводени од ЕУ, како и во развојот на нејзините борбени капацитети.

Конкретно, придонесот на Р.Македонија кон реализацијата на целите на Европската стратегија за безбедност и кон европската безбедност, воопшто, во делот што следи е анализиран низ призмата на нејзиното учество во најголемата ЕУ воена операција-Алтеа.

Во оваа насока, треба да се истакне дека согласно актуелната реална состојба и услови, АРМ е способна да учествува во три операции од мал опсег на единици со вкупно ангажиран воен персонал до 250 лица, со можност за негово постепено зголемување до 2018 година. Имено, Р.Македонија е подготвена да распореди сили во три различни оперативни опкружувања и тоа: војна, конфликт и мир. Во услови на ***војна***, АРМ ќе извршува офанзивни и дефанзивни операции на македонска територија, а доколку војната се случува во регионот или пак тоа го побараат меѓународните организации, пред сè НАТО, Р.Македонија може да учествува со максимум еден пешадиски баталјон. Во услови на ***конфликт***, Р.Македонија ќе презема активности поврзани против нападни активности и бунтови, во мировни и противтерористички операции, при што целта на армијата ќе биде спречување или решавање на конфликтната состојба. Ваквото ниво на учество, Р.Македонија ќе го обезбедува преку

меѓународните операции предводени од НАТО, ЕУ, ООН или коалициските партнери на НАТО. Во услови на мир, ќе бидат преземени активности поврзани со помош при катастрофи, поддршка на цивилните власти, изградба на мирот и поддршка на граѓаните. Исто така, поради лимитираните капацитети, предвидено е силите на АРМ да се употребат на краток рок за поддршка во меѓународните мировни операции. Покрај тоа, како што веќе беше истакнато, Р.Македонија ги направи идните планови (среднорочен и долгорочен план за развој на одбраната) во кои се застапени сегменти кои се однесуваат на нејзиното партиципирање во оние структури каде што е потребна висока борбена подготвеност на единиците, а се однесуваат на „НАТО-Силите за брз одговор" (NATO Response Force)[313] и на „Концептот за борбени групи на ЕУ" (Battle Group Concept).

Посочените карактеристики и определби ја потврдуваат подготвеноста на Р.Македонија и нејзината „мала армија" за учество во широк дијапазон активности за различни видови операции кои ќе се одвиваат во различни безбедносни околности и опкружувања.

Врз основа на анализата во четвртата глава од овој труд, може да се констатира дека по усвојувањето на Европската стратегија за безбедност, како и со зголемувањето на бројот на држави-членки на ЕУ и усвојувањето на нацрт-Уставот на ЕУ, се зголемуваат и амбициите на ЕУ за манифестирање на нејзините капацитети и способности во решавањето на „поголеми" безбедносни проблеми и предизвици. Во оваа насока, мошне прифатлив момент за ЕУ, настапува по одлуката на НАТО за повлекување на неговите сили (СФОР) од Босна и Херцеговина (БиХ). Имено, со одлука на Советот на ЕУ на 12 јули, 2004 година*(Council Joint Action 2004/570/CFSP of 12 July 2004)*, ЕУ ја иницира воената операција во БиХ, позната како Алтеа (ALTHEA).[314]Како резултат на таа одлука, операцијата и формално е воспоставена на 2-ри декември истата година, во рамките на Европската безбедносна и одбранбена политика, со основна цел придонес кон одржување на безбедното и стабилно опкружување во БиХ. Притоа, покрај одлуката за повлекување на НАТО од БиХ, на операцијата Алтеа и претходи и

[313]Повеќе за овие сили види на: http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_49755.htm
[314]http://eeas.europa.eu/csdp/missions-and-operations/althea-bih/mission-description/index_en.htm

усвојувањето на Резолуцијата 1575 од Советот за безбедност на ООН за распоредување на сили на ЕУ (EUFOR) во БиХ.

Од денешен аспект, операцијата Алтеа претставува најголема и најсеопфатна воена операција на ЕУ, во чии рамки се ангажирани околу 7000 војници од 33 држави (22 држави членки на ЕУ и 11 останати партнерски држави, меѓу кои и Р.Македонија). Инаку, операцијата се реализира врз основа на договорот Берлин плус, кој овозможува користење на НАТО средства и капацитети од страна на ЕУ.

Како главни цели на операцијата Алтеа, дефинирани се следните:

- оспособување и обука на вооружените сили на БиХ;
- поддршка на напорите на БиХ за одржување на безбедно и стабилно национално опкружување; и
- поддршка на сеопфатната стратегија на ЕУ за БиХ.[315]

Во таа насока, операцијата ги следи активностите на локалните власти во БиХ и обезбедува соодветна поддршка во реализацијата на задачите поврзани со Дејтонскиот мировен договор, како што се: деминирање, воена и цивилна контрола врз оружјето, муницијата и експлозивните материјали, како и управување со локациите за складирање на оружјето и муницијата. Седиштето на операцијата е лоцирано во базата „Бутмир" во Сараево, но истата преку сопствените тимови за врски и набљудување *(LOT)*, присутна е на целата територија од БиХ.

Ангажманот на Р.Македонија во оваа операција се анализира како студија на случај за придонесот на Македонија кон имплементацијата на Европската стратегија за безбедност (ЕСБ) и кон европската безбедност воопшто. Тоа од причина што според дефинираните цели на ЕСБ, започнувајќи од 2003 година, меѓудругото предвидено е ЕУ да презема и соодветни операции во контекст на воената и цивилната компонента на Европската безбедносна и одбранбена политика. Таквиот пристап на ЕУ е идентификуван како неопходен во поглед на нејзиното ефикасно справување со современите безбедносни закани и ризици, во кои според ЕСБ спаѓаат и регионалните конфликти и распадот на државите. Оттука, активниот ангажман на ЕУ за превенирање е во контекст на нејзиното пролиферирање како глобален безбедносен актер, како и во поглед на заштитата на европската безбедност и стабилност. Затоа, учеството на Р.Македонија во операцијата Алтеа, може да се анализира и низ призмата на нејзиниот придонес кон ЕСБ и кон европската безбедност.

[315] Ibid.

Во тој контекст, учеството на Р.Македонија во воената операција Алтеа, го означува првиот од серијата конкретни и значителни нејзини придонеси во рамките на цивилните и воените операции на ЗБОП, а со тоа и кон зајакнување на капацитетите на ЕУ во оваа сфера. Конкретно, спогодба помеѓу Р. Македонија и ЕУ за учество на Р. Македонија во рамките на операцијата Алтеа е потпишана на 3 јули 2006 во Брисел. Притоа, од аспект на Р.Македонија, нејзиниот придонес кон операцијата Алтеа е значаен и поради фактот дека со овој ангажман, Македонија го потврди сопствениот напредок од земја корисник на првата воена операција на ЕУ (Конкордија 2003) до земја активен придонесувач кон ЗБОП (Алтеа 2006).

Нормативната покриеност на посочената спогодба за учество на Р.Македонија во операцијата Алтеа, произлегува од чл.41 и 41-а од Законот за одбрана, според кои во согласност со претходно ратификуван меѓународен договор, Р.Македонија може да испрати единици на армијата за учество во мировни операции и во операции за колективна одбрана надвор од нејзината територија.[316] Притоа, предвидено е одлуката за ваков ангажман на армијата да биде донесена од страна на Владата на Р.Македонија.

Освен нормативната рамка, легитимитетот за ангажманот на Р.Македонија во посочената операција, произлегува и од нејзините основни документи во воено-безбедносната сфера, како: Националната концепција за безбедност и одбрана и Стратегијата за одбрана. Имено, и во рамките на двата документи, како дел од виталните интереси на Р.Македонија во оваа сфера, се посочуваат:

- сопствен придонес за зачувување и унапредување на мирот и стабилноста во Југоисточна Европа (ЈИЕ) заради зајакнување на зоната на демократија, безбедност и просперитет на сите земји во регионот; и
- учество во изградбата на мирот и стабилноста во регионот, Европа и светот, како и превенција и изградба на инструменти за рано предупредување на тензиите и кризите, со цел-навремено и ефикасно решавање по мирен пат.

Исто така, во контекст на легитимитетот на ангажманот на Р.Македонија во операцијата Алтеа е и делот посветен на стратегиските мисии на државата во рамките на Стратегијата за одбрана. Во тој контекст, во овој дел се истакнува дека стратегиска определба на Р.Македонија, меѓуостанатите е и нејзино учество во операциите за поддршка на меѓународниот мир и безбедност, кои се предводени од НАТО, ЕУ, ООН или ОБСЕ.

---

[316] Закон за одбрана на Р.Македонија,чл.41;41-Службен весник на РМ, бр.185,2011г.

Врз основа на истакнатата нормативна и легитимна рамка за ангажманот на Р.Македонија надвор од националните граници, може да се истакне дека нејзиниот прв придонес кон операцијата Алтеа, започнува во јули 2006 со декларирање на хеликоптерски деташман на АРМ, составен од два хеликоптери Ми-8/17 и персонал од 21 лице. Кон крајот на истата година, Р.Македонија го зајакнува сопствениот придонес кон операцијата со декларирање на еден медицински тим составен од 10 лица за ROLE 1 медицинска поддршка на кампот во Бутмир. Притоа, значајниот придонес на Р.Македонија се потврдува и барањето од ЕУ за продолжување на мисијата на македонскиот хеликоптерски деташман и во рамките на втората и третата ротација, пред сè поради значењето на македонската хеликоптерска поддршка во исполнувањето на задачите и целите на операцијата Алтеа.

Во текот на 2007 година (20-ти јуни), македонскиот придонес е дополнително зајакнат и со декларирањето на едно дополнително лице, воен правник, како помошник правен советник во HQ EUFOR. На тој начин, вкупниот придонес на Р. Македонија кон операцијата Алтеа, вклучувајќи го хеликоптерскиот и медицинскиот капацитет, во средината на 2007 година, беше манифестиран преку 2 Ми-8/17 и вкупен персонал од 32 лица.

Сепак, од овој аспект следната 2008 година, во одредена мера се намалува македонскиот придонес. Имено, во однос на четвртата ротација на хеликоптерскиот деташман (јануари- јуни 2008), а врз основа на претходно извршените анализи и проценки, Р.Македонија донесе одлука за повлекување на едниот хеликоптер Ми-8/17, во насока на достигнување на неопходното ниво на оперативност заради идни придонеси. Како резултат на тоа, четвртата ротација на хеликоптерскиот деташман во мисијата Алтеа во БиХ се состоеше од еден транспортен хеликоптер Ми-8/17 и 12 лица во состав на хеликоптерскиот деташман. Сепак, во февруари 2008 година, Р.Македонија дополнително упатува едно лице-подофицер за превентивна медицина во HQ EUFOR, со што вкупниот нејзин придонес изнесуваше еден транспортен хеликоптер Ми-8/17 и вкупен персонал од 24 лица. По завршувањето на четвртата ротација на хеликоптерскиот деташман во јули 2008 година, донесена е одлука Република Македонија да го заокружи и заврши сопствениот придонес со

хеликоптерски капацитети во операцијата на ЕУФОР во *БиХ*, Алтеа, со вкупно направени четири такви ротации (јули 2006 – јули 2008 година).[317]

Придонесот на македонскиот хеликоптерски деташман во мисијата АЛТЕА, се базира на извршувањето оперативни мисии во дневни и во ноќни услови (со употреба на НВГ-опрема) од доменот на: транспорт на патници и војници, материјални средства, односно внатрешен и надворешен товар, извидување и ВИП-транспорт, во содејство со припадници и со опрема на други контингенти во извршување на различни мисии од типот: SAR, CSAR, CASEVAC и MEDEVAC. Конкретно, учеството во мисијата АЛТЕА со хеликоптерски капацитети, меѓудругото го потврди и потенцијалот на АРМ за учество во мисии надвор од националните граници.

Сепак, тука треба да се истакне дека повлекувањето на хеликоптерскиот деташман, не означи и крај на македонскиот придонес кон Алтеа. Имено, Р. Македонија продолжи да придонесува со медицински тим за ROLE 1 медицинска поддршка на кампот во Бутмир составен од 10 лица, потоа, со едно лице помошник правен советник во Командата на ЕУФОР во БиХ, и еден подофицер за превентивна медицина во Командата на ЕУФОР, или со вкупно учество на 12 лица.

Во текот на следните години (2009, 2010 и 2011), Р. Македонија го продолжува учеството со истиот посочен капацитет. Притоа, треба да се истакне и фактот дека во спомнатиот период, согласно новата структура на силите на ЕУФОР во операцијата Алтеа, истите започнуваат да се намалуваат, а како резултат на тоа, од јануари, 2012 година се укинува и позицијата подофицер за превентивна медицина.

И во текот на 2013 и 2014 година, Р.Македонија го продолжи активното учество во Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП), како важна компонента во надворешната политика на ЕУ, со контрибуција во воената мисија ЕУФОР АЛТЕА во Босна и Херцеговина. Инаку, како што веќе беше истакнато, учеството на Република Македонија во ЗНБП и ЗБОП претставува важен инструмент за интензивирањето на политичкиот дијалог со ЕУ и еден од елементите при оценката на Европската комисија за исполнувањето на критериумите за членство во ЕУ. Исто така, ваквиот ангажман придонесува и за натамошно зајакнување на партнерските односи со ЕУ, што е особено значајно во процесот на европската интеграција.

---

[317] Една од причините за таквата одлука произлегува под трагична хеликоптерска несреќа (12-ти јануари, 2008) кај катлановско Блаце во која животот го загубија 11 припадници на АРМ на самото враќање од успешно завршената мисија во БиХ, а кои беа дел од третата ротација на хеликоптерскиот деташман.

Во моментов, учеството на Р. Македонија во операцијата Алтеа се базира на 11 лица, т.е. медицински тим за ROLE 1 медицинска поддршка на кампот во Бутмир и еден воен правник, помошник правен советник во Командата на ЕУФОР, БиХ . Притоа, припадниците на АРМ ја задржуваат редовна ротација на секои шест месеци, при што во ноември, 2014 година, беше упатена 17-та ротација на медицинскиот тим, а во декември 2014 година се упати и 16-та ротација на помошникот правен советник во Алтеа.

Значи, Р.Македонија, започнувајќи од 2006 година, продуцира еден континуиран придонес во однос на реализацијата на воената операција Алтеа. Генерално, нејзиниот придонес во изминатиот 9-годишен период се базира врз учеството на хеликоптерски деташмани, медицински тим, т.е. персонал и воено-правни советници. Од спроведените активности за време на нивното учество во операцијата, посебно се истакнува ангажманот на хеликоптерските деташмани во поглед на транспортот на патници и војници, на материјални средства, односно внатрешен и надворешен товар, потоа извидувањето и ВИП-транспортот, како и нивното учество во извршувањето на различни мисии од типот: SAR, CSAR, CASEVAC иMEDEVAC. Преку учеството во оваа операција, Р.Македонија директно ги манифестираше сопствената определба за активен придонес кон европската безбедност и стабилност, а паралелно со тоа и делотворноста на сопствените капацитети и способности (посебно хеликоптерските капацитети) во контекст на меѓународните операции за чување на мирот.

Во насока на потврдување на досегашниот македонски придонес кон операцијата Алтеа, а следствено на тоа и кон европската безбедност, може да се истакне дека од страна на претходниот Висок претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика, Кетрин Ештон, во 2014 година Р.Македонија доби покана во која отворена можноста за учество на Македонија во новопоставената советодавна мисија на ЕУ за реформи во цивилниот безбедносен сектор*(EUAM Ukraine)*. Целта на посочената мисија е пружање соодветна поддршка на посветеноста на Украина кон реформите во безбедносниот сектор. Конкретно, станува збор за цивилна мисија со неизвршен мандат која ќе ги набљудува и советува релевантните тела на Украина во изработката на обновените безбедносни стратегии и доследната имплементација на релевантните сеопфатни и кохезивни реформи.

Оттука, произлегува дека и „малите", како и државите со стратегиска определба за членство во ЕУ, не само што можат да пружат соодветен придонес во насока на

унапредување на европската безбедност и стабилност, туку и самата ЕУ како најрепрезентативен европски безбедносен субјект, ја потенцира таквата потреба.

Во рамките на овој дел од трудот преку табеларен приказ е анализиран придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност. Притоа, анализата конкретно се однесува на периодот од 2006 до 2014 година, како резултат на извештаите кои Р.Македонија ги добива од Европската комисија за реализираниот напредок на годишно ниво во поглед на ЗНБП и во таа насока во контекст на пристапот на ЕУ кон европската безбедност. Инаку, анализата го опфаќа придонесот на Р.Македонија по однос на неколку значајни прашања, т.е. сегменти поврзани со реализацијата на ЗНБП. Тие се: 1) придружување кон декларациите на ЕУ и одлуките на Советот поврзани со ЗНБП; 2) прифаќањето и реализирањето на санкции и рестриктивни мерки усвоени од страна на ЕУ во однос на трети држави или региони; 3) не-пролиферацијата на оружјето; 4) соработката со меѓународни организации; 5) активностите поврзани со класифицираните информации од доменот на ЗНБП; и 6) учеството во воените и цивилните операции за управување со кризи.

Посочените сегменти се во директна корелација за промовираниот поширок безбедносен пристап од страна на ЕУ, како и со дефинираните цели во рамките на Европската безбедносна стратегија.

| сегмент | 2006 |
|---|---|
| **Придржување кон декларации и одлуки на Советот** | Усогласување со бројни заеднички ставови и мислење на ЕУ во однос на ЗНБП. Остварен одреден напредок во поглед на правната рамка-донесен Закон за надворешни работи. Ратификувани: Конвенцијата за спречување на терористички бомбардирања и за спречување на финансирање на тероризам; Конвенцијата за нуклеарна безбедност и Конвенцијата за спречување на активности на нуклеарен тероризам. Усвоен Закон за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиско оружје, со што законодавството се усогласува со Конвенцијата на ООН.<br>Сепак, Р.Македонија се уште одржува билатерален договор за имунитет со САД кој овозможува изземање на граѓани на САД од правната надлежност на Меѓународниот кривичен суд, што не е во согласност со Заедничките позиции на ЕУ интегрирани |

| | |
|---|---|
| | во Римскиот статут |
| **Санкции и рестриктивни мерки** | Се уште не е донесен Протоколот на ООН против нелегално производство и трговија со мало оружје и се уште е потребна правна основа за примена на меѓународните рестриктивни мерки. |
| **Не-пролиферација на оружје** | Формирана единица за контрола на оружјето, одговорна за координирање и следење на спроведувањето на меѓународните режими за контрола на оружјето, за негово неширење и за разоружување. |
| **Соработка со меѓународни организации** | Продолжено активното учество во соработката со меѓународните организации (ООН, ОБСЕ, Советот на Европа). |
| **Безбедносни мерки (класифицирани информации)** | / |
| **Учество во цивилните и воените операции за управување со кризи** | Континуирана заложба за учество во операциите за управување со цивилни и воени кризи во рамките на ЕБОП. Донесена одлука од Собранието на Р.Македонија (мај, 2005) за учество во воената операција предводена од ЕУ во БиХ, Алтеа. |
| **Генерална оценка** | Евидентен е одреден напредок во делови од областа на надворешната, безбедносната и одбранбената политика. Структурите на ЗНБП се засилени во рамките на МНР. Формирана Единица на ЗНБП задолжена за координација, под надлежност на секторот за Европска Унија. Сепак, потребно е понатамошно усогласување, посебно во однос на меѓународните рестриктивни мерки. |

| **сегмент** | **2007** |
|---|---|
| **Придржување кон декларации и одлуки на Советот** | Продолжено усогласување со голем број заеднички позиции и извештаи на ЕУ во однос на ЗНБП. Притоа, евидентен е ограничен напредок во однос на административниот капацитет и истакната е потребата за дополнително зајакнување на Одделението за ЗНБП во рамките на МНР, кое е задолжено за националната координација во оваа сфера.<br>Сепак, Р.Македонија се уште одржува билатерален договор за имунитет со САД кој овозможува изземање на граѓани на САД од правната надлежност на Меѓународниот кривичен суд, што не е во согласност со Заедничките позиции на ЕУ интегрирани во Римскиот статут |
| **Санкции и рестриктивни мерки** | Усвоен Закон за Меѓународни рестриктивни мерки. |
| **Не-пролиферација на оружје** | Ратификувани дополнителни протоколи на Конвенцијата за забрана и ограничувања на употребата на одредено конвенционално оружје, како и дополнителните Протоколи кон Спогодбата помеѓу Р.Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија во врска со Договорот за |

| | |
|---|---|
| | неширење на нуклеарно оружје. Формирано и Одделение за контрола на оружјето. |
| **Соработка со меѓународни организации** | Продолжено активното учество во соработката со меѓународните организации (ООН, ОБСЕ, Советот на Европа). Исто така, Р.Македонија постанува држава-членка во рамките на новоформираниот Совет за регионална соработка со седиште во Сараево. Активно и конструктивно учество во преговорите за новиот Централно Европски договор за слободна трговија кој стапи на сила во јули, 2007 година. Ратификувана и Спогодбата за Европска заедничка воздухопловна област (ЕЦАА). |
| **Безбедносни мерки (класифицирани информации)** | Во тек е воспоставување на Сертифицирана компјутерска единица за пристап до ЕУ мрежата за електронска размена на класифицирани информации од ЗНБП. Изменет Законот за класифицирани информации со цел подобрување на безбедносните услови за работа со класифицирани информации. |
| **Учество во цивилните и воените операции за управување со кризи** | Континуирана посветеност за учество во цивилните и воените операции за управување со кризи. Во таа насока, Р.Македонија го продолжува учеството во воената операција на ЕУ-Алтеа, како и учеството во мисиите на НАТО во Ирак и во Авганистан. Одобрена одлука од Собранието на РМ за испраќање на два воени офицери во мировната мисија на ООН во Либан (УНИФИЛ). Во рамки на Министерството за одбрана, формирано е одделение за ЕБОП. |
| **Генерална оценка** | Постигнат е напредок во некои аспекти на надворешната, безбедносната и одбранбената политика. Генерално, правната рамка е воспоставена, но потребни се понатамошни напори за нејзино спроведување. Потребни се дополнителни напори посебно во однос на зајакнувањето на административниот капацитет. |

| сегмент | 2008 |
|---|---|
| **Придржување кон декларации и одлуки на Советот** | Продолжено усогласување со бројни заеднички позиции и извештаи на ЕУ во однос на ЗНБП. Во однос на административниот капацитет, Одделението за ЗНБП во МНР е зајакнато со вработување на дополнителен персонал.<br>Р.Македонија се уште одржува билатерален договор за имунитет со САД кој овозможува изземање на граѓани на САД од правната надлежност на Меѓународниот кривичен суд, што не е во согласност со Заедничките позиции на ЕУ интегрирани во Римскиот статут. |
| **Санкции и рестриктивни мерки** | Спроведувањето на Законот за рестриктивни меѓународни мерки е во тек и истото редовно се ревидира од Работната група за прашања поврзани со ЗНБП при МНР. Унилатерално прифатена Заедничката позиција на Советот 2008/104/ЗНБП за рестриктивни мерки против екстремисти на националната територија, а воведени се и мерки против лицата кои не се |

| | |
|---|---|
| | државјани на Р.Македонија. |
| **Не-пролиферација на оружје** | Ратификувани: Протоколот за борба против недозволено производство и трговија со огнено оружје, нивни делови и компоненти и муниција, кој ја надополнува Конвенцијата на ООН против транснационален организиран криминал; протоколи на Конвенцијата за сузбивање на незаконски дејства против безбедноста на морската пловидба; Протокол за сузбивање на незаконски дејства против безбедноста на фиксните платформи лоцирани на континентален гребен. Исто така, со персонал е опремено и Одделението за контрола на оружјето при МНР, формирано во 2007 година. |
| **Соработка со меѓународни организации** | Продолжено активното учество во соработката со меѓународните организации (ООН, ОБСЕ, Советот на Европа). |
| **Безбедносни мерки (класифицирани информации)** | Се уште не е инсталирана Сертифицираната компјутерска единица за пристап до мрежата на ЕУ (ACN) за електронска размена на класифицирани информации од ЗНБП. Административниот капацитет е зајакнат, но се уште не е доволен, посебно во поглед на човечки ресурси и буџетска поддршка. |
| **Учество во цивилните и воените операции за управување со кризи** | Континуирана посветеност за учество во цивилните и воените операции за управување со кризи. Во тој контекст, Р.Македонија го продолжува учеството во воената мисија ЕУФОР/Алтеа, како и учеството во мисијата на НАТО во Авганистан, како и во мировната мисија во Либан (УНИФИЛ), предводена од ООН. Административниот капацитет на Одделението за ЕБОП во Министерството за одбрана е на задоволително ниво. |
| **Генерална оценка** | Постигнат е одреден напредок во однос на ЗНБП. Генерално, правната рамка е воспоставена, но потребни се понатамошни напори за нејзино целосно спроведување. Исто така потребни се и дополнителни напори за зајакнување на административниот капацитет. |

| сегмент | 2009 |
|---|---|
| **Придржување кон декларации и одлуки на Советот** | Во однос на ЗНБП, забележителен е континуитетот на усогласување на Р.Македонија со заедничките ставови и изјави на ЕУ за трети земји и региони. Во тој контекст, Р.Македонија се усогласи со сите релевантни декларации и заеднички ставови на ЕУ, освен во четири случаи поврзани со: Етиопија, САД, Израел и Нигерија. Исто така, Координативното одделение за ЗНБП е зајакнато со еден новвработен, обезбедувајќи го бројот од вкупно пет вработени лица.<br>Сепак, Р.Македонија се уште одржува билатерален договор за имунитет со САД кој овозможува изземање на граѓани на САД од правната надлежност на Меѓународниот кривичен суд, што не е во согласност со Заедничките позиции на ЕУ интегрирани |

| | |
|---|---|
| | во Римскиот статут. |
| **Санкции и рестриктивни мерки** | Продолжува спроведувањето на рестриктивните мерки и во таа насока, Работната група за прашања од ЗНБП, предводена од МНР, продолжува со ревидирање на спроведувачкиот процес во оваа сфера. Досегашното искуство на овој план, ја истакна и потребата за понатамошна координација помеѓу надлежните органи. |
| **Не-пролиферација на оружје** | Издаден е третиот национален извештај за спроведување на Етичкиот кодекс на ЕУ за извоз на оружје, како и извештајот за спроведување на Акцискиот план на ООН за превенција, борба и искоренување на недозволената трговија со лесно и мало оружје.<br>Во рамките на МВР основан е специјален сектор за справување со нелегалната трговија со оружје, муниција и експлозивни материјали. Како резултат на неговата работа, 300 лица беа обвинети закривични дела од оваа сфера. |
| **Соработка со меѓународни организации** | Продолжено активното учество во соработката со меѓународните организации (ООН, ОБСЕ, Советот на Европа). |
| **Безбедносни мерки (класифицирани информации)** | Инсталирана овластена компјутерска единица за пристап до мрежата на ЕУ (ACN) за електронска размена на класифицирани информации од ЗНБП. Исто така, распределена е и кадровска и буџетска поддршка за задоволително работење и одржување на електронскиот систем. |
| **Учество во цивилните и воените операции за управување со кризи** | Континуирана посветеност за учество во цивилните и воените операции за управување со кризи. Притоа, Р.Македонија ги повлече воените сили од воената мисија ЕУФОР/Алтеа, но го продолжи учеството во истата со еден медицински тим, еден подофицер за превентивна медицина и правен советник во штабот на ЕУФОР во БиХ. Продолжено учеството во мисијата на НАТО во Авганистан, како и во мировната мисија во Либан (УНИФИЛ), предводена од ООН. Исто така, истакната е и подготвеноста на Р.Македонија за учество во борбената група на ЕУ(ЕУБГ), составена од воени сили на Германија (водечка нација), Австрија, Чешка, Ирска и Хрватска. |
| **Генерална оценка** | Постигнат е одреден напредок во однос на ЗНБП, посебно во однос на зајакнувањето на административниот капацитет. Манифестирано усогласување со повеќе декларации и заеднички ставови на ЕУ, како и континуирана заложба за учество во операциите од ЕБОП. Сепак, потребни се континуирани напори за обезбедување напредок во спроведувањето рестриктивни мерки и во обезбедувањето на неширењето на оружјето. |

| **сегмент** | **2010** |
|---|---|
| | Манифестирана целосна усогласеност (во однос на сите |

| | |
|---|---|
| **Придржување кон декларации и одлуки на Советот** | покани) со сите соодветни декларации на ЕУ и одлуки на Советот поврзани со ЗНБП. Исто така, основана е и база на податоци за заедничките позиции и изјави со која Р.Македонија со усогласува.<br>Сепак, Р.Македонија се уште одржува билатерален договор за имунитет со САД кој овозможува изземање на граѓани на САД од правната надлежност на Меѓународниот кривичен суд, што не е во согласност со Заедничките позиции на ЕУ интегрирани во Римскиот статут. |
| **Санкции и рестриктивни мерки** | Целосно придружување на Р.Македонија кон рестриктивните мерки воведени со одлуки на Советот. Во рамките на МНР, воспоставена е работна група со цел да го ревидира процесот на спроведување на рестриктивните мерки и да ја зајакне координацијата помеѓу надлежните органи. |
| **Не-пролиферација на оружје** | Преземени се првични подготовки Р.Македонија да стане потписничка на Спогодбата од Васенар за контрола на извозот на конвенционално оружје и стоки и технологии со двојна употреба. Исто така, усвоен е Закон за тестирање и ставање на пазар на огнено оружје и муниција и преземени се почетни чекори за усогласување со Заедничкиот став 2008/944/ЗНБП за одредување на заедничките правила со кои се регулира контролата на извоз на воената технологија и опрема. По неуспешната кампања за собирање на нелегалното оружје, на доброволна основа, усвоени се измени во Законот за оружје за доброволно предавање во рок од една година. |
| **Соработка со меѓународни организации** | Продолжено активното учество во соработката со меѓународните организации (ООН, ОБСЕ, Советот на Европа). |
| **Безбедносни мерки (класифицирани информации)** | Станува функционална сертифицираната компјутерска единица за пристап до мрежата на ЕУ за електронска размена на класифицирани информации од ЗНБП. Исто така, потпишани се билатерални договори за размена и взаемна заштита на класифицирани информации со Словенија и Франција. |
| **Учество во цивилните и воените операции за управување со кризи** | Продолжена посветеност за учество во цивилните и воените операции за управување со кризи. Во тој контекст, Р.Македонија има:<br>- 80 војници распоредени во мисијата ИСАФ во Авганистан;<br>- Медицински тим (12 лица) во мисијата ЕУФОР/Алтеа;<br>- Еден штабен офицер во мировната мисија УНИФИЛ на ООН во Либан.<br>Р.Македонија беше домаќин на четвртата координативна средба на земјите учесници во ЕУБГ11/2012 и потпиша писмо со намера да учествува во оваа борбена група со придонес на трупа од 150 војници. |
| **Генерална оценка** | Постигнат е добар напредок во однос на ЗНБП, посебно во однос на напорите за обезбедување подобра координација помеѓу надлежните органи во спроведувањето на |

| | |
|---|---|
| | меѓународните рестриктивни мерки. Покажан висок степен на усогласеност со декларациите на ЕУ и одлуките на Советот (усогласеност со сите декларации и одлуки-100%), како и континуирана заложба за учество во операции на ЗБОП. Од друга страна, потребни се постојани напори за намалување на бројот на нелегалното оружје и за обезбедување построга контрола врз поседувањето на оружје. Генерално, подготовките во областа на ЗНБП се добро напреднати. |

| сегмент | 2011 |
|---|---|
| **Придржување кон декларации и одлуки на Советот** | Во однос на упатените покани и барања од ЕУ, Р.Македонија усогласи 66 од 67 релевантни декларации на ЕУ и одлуки на Советот, што значи станува збор за усогласување од 99%. Исто така,Р.Македонија се приклучи кон одлуката на Советот за унапредување на универзалната поддршка за Меѓународниот кривичен суд и за промовирање на најшироко можно учество во нea. Сепак, Р.Македонија се уште одржува билатерален договор за имунитет со САД кој овозможува изземање на граѓани на САД од правната надлежност на Меѓународниот кривичен суд, што не е во согласност со Заедничките позиции на ЕУ интегрирани во Римскиот статут. |
| **Санкции и рестриктивни мерки** | Целосно придружување на Р.Македонија кон рестриктивните мерки воведени со одлуки на Советот. Усвоен е и Закон за меѓународни рестриктивни мерки, кој вклучува повеќе одредби за финансиски мерки и воведува систем за следење на спроведувањето на рестриктивните мерки преку Национално координативно тело. |
| **Не-пролиферација на оружје** | Доставено писмо со намери за постанување земја-учесничка во Васенар аранжманот за контрола при извоз на конвенционално оружје и двонаменски производи и технологии. Како пред-пристапна мерка, побарано е да биде вклучена во програмата на Придружната група на Васенар аранжманот. |
| **Соработка со меѓународни организации** | Продолжено активното учество во соработката со меѓународните организации (ООН, ОБСЕ, Советот на Европа). |
| **Безбедносни мерки (класифицирани информации)** | Завршен изборот од страна на Дирекцијата за дирекцијата за безбедност на класифицирани информации при МНР за членови на Комисијата за прекршоци, во согласност со Законот за класифицирани информации. |
| **Учество во цивилните и воените операции за управување со кризи** | Продолжена посветеност за учество во цивилните и воените операции за управување со кризи. Во тој контекст, Р.Македонија има:<br>- 166 војници распоредени во мисијата ИСАФ во Авганистан;<br>- Медицински тим (11 лица) и еден помошен правен советник за родови прашања во мисијата ЕУФОР/Алтеа;<br>- Еден штабен офицер во мировната мисија УНИФИЛ на |

| | |
|---|---|
| | ООН во Либан.<br>Р.Македонија го потпиша меморандумот за разбирање на начелата на основање и работење на борбената група на ЕУ, а исто така, Владата на РМ, одобри иницијатива за склучување на Договор со ЕУ за воспоставување на рамка за учество во операции за управување со кризи. |
| **Генерална оценка** | Манифестирани напори за обезбедување подобра координација помеѓу надлежните органи во спроведувањето на меѓународните рестриктивни мерки. Покажан висок степен на усогласеност со декларациите на ЕУ и одлуките на Советот и континуирана заложба за учество во цивилни и воени операции и операции за управување со кризи. Генерално, подготовките во областа на ЗНБП се добро напреднати. |

| **сегмент** | **2012** |
|---|---|
| **Придржување кон декларации и одлуки на Советот** | На сите покани за придружување кон декларациите на ЕУ и Одлуките на Советот во однос на ЗНБП, Р.Македонија одговори позитивно. Сепак, Р.Македонија се уште одржува билатерален договор за имунитет со САД кој овозможува изземање на граѓани на САД од правната надлежност на Меѓународниот кривичен суд, што не е во согласност со Заедничките позиции на ЕУ интегрирани во Римскиот статут |
| **Санкции и рестриктивни мерки** | Целосно придружување на Р.Македонија кон рестриктивните мерки воведени со одлуки на Советот. Формирано Координативно тело за следење на спроведувањето на меѓународните рестриктивни мерки. Воспоставен Регистар на меѓународни рестриктивни мерки, во рамките на Министерството за надворешни работи. |
| **Не-пролиферација на оружје** | Р.Македонија го започна учеството во Васенар аранжманот на теренски активности на земјите кои не се членки на ЕУ. Ослободување на залихите на оружје во рамките на Министерството за внатрешни работи, како и уништување на конфискуваното оружје. |
| **Соработка со меѓународни организации** | Продолжено активното учество во соработката со меѓународните организации (ООН, ОБСЕ, Советот на Европа) |
| **Безбедносни мерки (класифицирани информации)** | Договорени нацрт-текстовите на билатералните договори со Италија и Србија за размена и заштита на доверливи информации. Потпишан ваков договор со Германија. |
| **Учество во цивилните и воените операции за управување со кризи** | - 171 ангажирано лице во мисијата ИСАФ во Авганистан;<br>- Продолжено учеството во операцијата Алтеа со медицински тим од 11 члена и помошен правен советник за родови прашања;<br>- Продолжено учеството во мировната мисија УНИФИЛ во Либан со штабен офицер во Центарот за заеднички операции;<br>- Во контекст на придонесот кон борбената група на ЕУ, |

| | |
|---|---|
| | Генералштабот на АРМ учествува со соодветна обука вклучувајќи ги и подготовките за вежби на Европски Ендевор. |
| **Генерална оценка** | Високо ниво на придружување кон Декларациите на ЕУ и Одлуките на Советот и со континуирано учество во цивилните и воените операции за управување со кризи. Општо земено, подготовките во сферата на ЗНБП се добро напреднати. |

| сегмент | 2013 |
|---|---|
| **Придржување кон декларации и одлуки на Советот** | Во однос на ЗНБП, Р.Македонија се усогласи, кога беше побарано од неа, со 33 од вкупно 35 декларации на ЕУ и Одлуки на Советот (94% усогласување). Сепак, Р.Македонија се уште одржува билатерален договор за имунитет со САД кој овозможува изземање на граѓани на САД од правната надлежност на Меѓународниот кривичен суд, што не е во согласност со Заедничките позиции на ЕУ интегрирани во Римскиот статут. Се бара прилагодување на Р.Македонија кон ставот на ЕУ во однос на ова прашање. |
| **Санкции и рестриктивни мерки** | Целосно придружување на Р.Македонија кон рестриктивните мерки воведени со одлуки на Советот. Одржани редовни состаноци на формираното Координативното тело. |
| **Не-пролиферација на оружје** | Одржани редовни состаноци на Националното координативно тело за превенција, намалување на ризикот и заштита од хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни оружја и материјали. Организирани кампањи за злоупотреба на огнено оружје и петарди на јавни настани, од страна на МВР. Од друга страна не се организирани кампањи за собирање на нелегално оружје или уништување на оружје. |
| **Соработка со меѓународни организации** | Продолжено активното учество во соработката со меѓународните организации (ООН, ОБСЕ, Советот на Европа). Р.Македонија претседаваше со Американско-јадранската повелба и Процесот за соработка во југоисточна Европа. Во ноември 2012 година, во Скопје одржана регионална конференција „Одржливи реформи - кон целите на ЕУ 2020". |
| **Безбедносни мерки (класифицирани информации)** | Одржана, прва рунда на преговори со Шпанија за склучување на Спогодба за размена и заемна заштита на класифицирани информации. |
| **Учество во цивилните и воените операции за управување со кризи** | Одржана тековната посветеност за учество во цивилните и воените операции на ЕУ за управување со кризи. Р.Македонија ја потпиша и ја ратификува Спогодбата за воспоставување рамка за учество на земјата во операциите на ЕУ за управување со кризи. Продолжено учеството во мисијата ИСАФ во Авганистан (156 членови). Двајца членови на полициските сили на Р.Македонија спроведоа обуки во Воено-полициското училиште во Авганистан.<br>Продолжено учеството во активностите на ЕУФОР во Босна и Херцеговина - АЛТЕА - (11 членови), како и во активностите на УНТФИЛ во Либан (еден штабен офицер). |

| | |
|---|---|
| **Генерална оценка** | Високо ниво на придружување кон Декларациите на ЕУ и Одлуките на Советот и со континуирано учество во цивилните и воените операции за управување со кризи. Општо земено, подготовките во сферата на ЗНБП се добро напреднати. |

| сегмент | 2014 |
|---|---|
| **Придржување кон декларации и одлуки на Советот** | Во однос на ЗНБП, Р.Македонија, кога беше потребно/поканета, се усогласи со 33 од вкупно 45 декларации на ЕУ и одлуки на Советот (73 % усогласувања). Од друга страна, Р.Македонија се уште одржува билатерален договор за имунитет со САД кој овозможува изземање на граѓани на САД од правната надлежност на Меѓународниот кривичен суд, што не е во согласност со Заедничките позиции на ЕУ интегрирани во Римскиот статут, па затоа се истакнува потребата за прилагодување кон ставот на ЕУ во однос на ова прашање. |
| **Санкции и рестриктивни мерки** | Придружување на Р.Македонија кон рестриктивните мерки воведени со одлуки на Советот. Сепак, Р.Македонија не се усогласи со одлуките на Советот за воведување рестриктивни мерки како одговор на руското незаконско припојување на Крим и настаните во источна Украина. Од друга страна, Р.Македонија гласаше во корист на Резолуцијата на Генералното собрание на ООН за територијалниот интегритет на Украина. |
| **Не-пролиферација на оружје** | Поднесен извештај до ООН за спроведувањето на Акциската програма на ООН за превенција, борба и искоренување на недозволената трговија со мало или лесно оружје. Во согласност со обврските од Конвенцијата за касетна муниција (Осло-Конвенција) и соодветната владина одлука, голем дел од муницијата беше уништена. Ратификуван Договорот за трговија со оружје на ООН во март 2014 година. |
| **Соработка со меѓународни организации** | Продолжено активното учество во соработката со меѓународните организации (ООН, ОБСЕ, Советот на Европа). Р.Македонија е избрана за член на Советот за човекови права на ООН за периодот 2014-2016 година. |
| **Безбедносни мерки (класифицирани информации)** | Учество на претставници на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во студиски посети кај нивните колеги од релевантните институции во Чешка, Полска и Словачка. |
| **Учество во цивилните и воените операции за управување со кризи** | Продолжено учеството во цивилни и воени операции за управување со кризи во рамки на Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП). Во таа насока, 156 војници се распоредени во Меѓународните сили за безбедносна помош во Авганистан, а 11 во воената операција на ЕУ во Босна и Херцеговина, ЕУФОР АЛТЕА. Исто така, манифестиран официјален придонес на Р.Македонија кон Борбената група на Европската унија 2014-2020, а од март 2014 година и учество во вежбите „Соседни |

| | |
|---|---|
| | низини" и „Брз Лав". |
| **Генерална оценка** | Продолжено учеството во цивилните и воени операции за управување со кризи. Сепак, усогласувањето на земјата со декларациите на ЕУ и одлуките на Советот во областа на надворешната и безбедносна политика се влошува во споредба со претходните години и истото треба да се подобри. Севкупно, подготовките во оваа област се во тек. |

Податоците во табелите покажуваат дека учеството на Р.Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ е повеќеслојно и конретно се спроведува преку практична имплементација на обврските од областите на прифаќање на меѓународните договори, конвенцеии, одлуки и слично, како и преку придружување кон нивно спроведување, усогласување на националното законодавство со она на земјите-членки на ЕУ и меѓународното право, јакнење на административните и институционалните капацитети за преземање на обврските од членството во ЕУ, потоа, преку јакнење на политичкиот дијалог со ЕУ, преку спроведување на рестриктивни мерки и санкции, соработка со меѓународни организации, контрола на вооружување и нeширење на оружјето за масовно уништување, преку размена на класифицирани информации со други земји и нивно чување и на крај, секако преку учеството во цивилните и воените мисии на ЕУ за управување со кризи.

Во контекст на политичкиот дијалог, Р.Македонија од потпишувањето на спогодбата за стабилизација и асоцијација во 2001 година, континуирано одржува редовен политички дијалог со ЕУ на билатерална основа (Совет за стабилизација и асоцијација, Комитет за стабилизација и асоцијација и Заеднички парламентарен комитет), како и на мултилатерална основа, заедно со останатите четири земји од Пактот за стабилност и асоцијација, во рамките на Политичкиот форум ЕУ-Западен Балкан. Од декември, 2003 година, Р.Македонија редовно се придружува кон заедничките позиции, декларации и изјави на ЕУ, било врз основа на добиена покана или унилатерално. Политичкиот дијалог се одвива и преку учеството на неформалните состаноци на министрите за надворешни работи на ЕУ; неформалните состаноци на министрите за одбрана на ЕУ, односно состаноците за политички дијалог помеѓу ЕУ (Високиот претставник за НРБП) и европските земји кои се членки на НАТО, а не се членки на ЕУ, како и земјите-кандидати за членство во ЕУ; како и преку редовните

состаноци организирани од телата на Европската служба за надворешни работи кои се одговорни за ЗНБП/ЗБОП.[318]

Во однос на соработката со меѓународните организации и прифаќањето на меѓународните договори и усогласување на законодавството, Р.Македонија исто така манифестира позитивни резултати. Имено, податоците во табелите покажуваат дека Р.Македонија има склучено бројни договори и прифатено бројни меѓународни документи од билатерален и мултилатерален карактер. Тука треба да се истакне дека Р.Македонија ги има прифатено сите меѓународни договори кои ги имаше потпишано поранешната СФРЈ, а се однесуваа на контрола и непролиферација на оружјето, согласно Виенските документи. Таков е случајот со унилатералното прифаќање на Кодексот на Европската унија за однесување при извоз на оружје (01.11.2004) и подготвеноста за прифаќање на останатите документи кои ја сочинуваат функционалната целина на Унијата за извозната контрола за цели на безбедноста. Оттука, податоците покажуваат дека во рамките на ЗНБП на ЕУ, Р.Македонија активно придонесува во делот на обврските кои произлегуваат од Виенскиот документ и Аранжаманот Васенар, кои се однесуваат на контролата на оружјето (непролиферација на оружјето за масовно уништување; извозот на конвенционално оружје; малото и лесното оружје; производите и технологиите со двојна намена). Конкретно, во ноември 2004 година, Р.Македонија унилатерално се придружи кон принципите и критериумите на Кодексот на ЕУ за однесување при извоз на оружје, а во 2010 година и кон Заедничката позиција на Советот 2008/944/CFSP од 8-ми декември 2008 година, за правилата за контрола на извозот на воена технологија и опрема.[319] Генерало, според податоците во табелите, Р.Македонија е членка на главните меѓународни инструменти кои се однесуваат на непролиферацијата на оружје за масовно уништување и на конвенционалното оружје и активно учествува во работата на меѓународните организации кои ја обработуваат оваа пробламетика. Во 2006 година, Р.Македонија ги ратификуваше Конвенцијата за спречување на терористички напади и за спречување на финансирање на тероризам, Конвенцијата за нуклеарна безбедност и Конвенцијата за спречување на активности на нуклеарен тероризам. Во мај, 2006 година, Р.Македонија го донесе и Законот за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на

[318] Учество на Република Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ, Министерство за надворешни работи на Република Македонија, http://mfa.neotel.net.mk/default1.aspx?ItemID=349.
[319] Национална програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2010, Влада на Република Македонија, 29.12.2009, стр.403

хемиско оружје, со што националаното законодавство се усогласи со конвенцијата на ООН за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиско оружје и за нивно уништување.[320]

Во 2006 година, Р.Македонија го изготви и достави до ЕУ, првиот Национален извештај за извоз на оружје. Оттогаш, Р.Македонија во сите следни години продолжува со праксата за подготовка на национални извештаи до Советот на ЕУ во однос на Кодексот на ЕУ за однесување при извоз на оружје, како и за спроведување на акциониот план на ООН за спречување, искоренување и борба против недозволената трговија со мало и лесно оружје во сите негови аспекти. Истата, 2006 година, усвоена е и Национална стратегија за контрола на малото и лесно оружје, а формирана е и Национална комисија за нејзина имплементација, додека во 2011 година, формирана е и Национална комисија за мало и лесно оружје. Практичното функционирање на оваа комисија, најдобро го нотира Извештајот на Европската комисија за напредокот на Р.Македонија за 2012 година, каде се потенцира дека „Министерството за внатрешни работи ги отстрани своите залихи на оружје и конфискуваното оружје беше уништено".[321]

Во однос на спроведувањето на санкции и рестриктивни мерки, податоците во табелите покажуваат дека Р.Македонија во изминиатиот период, на покана на ЕУ, редовно се придружуваше кон декларациите, изјавите, заедничките позиции и обраќања на ЕУ, објавени од страна на Европската служба за надворешени работи или во рамките на меѓународните организации во кои Р.Македонија е членка. Во насока на зголемување на ефикасноста во примената на меѓународните рестриктивни мерки и во постапувањето по препораките на Манивал (Moneyval), во март 2011 година, Р.Македонија усвои нов Закон за меѓународни рестриктивни мерки.[322] Согласно овој закон, на почетокот на 2011 година, донесена е и Одлука за формирање на координативно тело за следење на спроведувањето на меѓународните рестриктивни мерки со кое претседава Министерството за надворешни работи. Исто така, формиран е и Регистар на одлуки за воведување на меѓународни рестриктивни мерки, кој што го води Министерството за надворешни работи кое има обврска за објавување на Регистарот за донесени одлуки од страна на Владата на Р.Македонија за воведување и

[320] Извештај за напредокот на Република Македонија за 2006 година, работен документ за службите на комисијата, (COM(2006)649final.)
[321] Извештај за напредокот на Република Македонија 2012 – во прилог на Соопштението на комисијата до Европскиот парламент и до советот. Стратегија за проширување и главни предизвици 2012-2013 (КОМ(2012)600), Европска комисија, Брисел, 10.10.2012
[322] Сл.весник на РМ бр.36/2011

рпестанување на важење на рестриктивни мерки на сопствената веб страна (www.mfa.gov.mk), како и за редовно ажурирање на истиот.

Во однос на безбедноста на класифицираните информации, треба да се истакне дека со Законот за класифицирани информации[323], претходно формираниот Национален безбедносен авторитет на Р.Македонија прерасна во Дирекција за безбедност на класифицирани информации, како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице. Во ноември, 2004 година, донесение се и: Уредбата за административна безбедност на класифицирани информации, Уредбата за безбедност на лицата корисници на класифицирани информации, а во март 2005 година и: Уредбата за индустриска безбедност на класифицирани информации и Уредбата за информатичка безбедност на класифицираните информации. Во 2005 година, Р.Македонија потпиша спогодба со ЕУ за безбедносните процедури за размена на класифицирани информации.[324] Во текот на 2007 година, Р.Македонија го донесе и Законот за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации[325] со којшто се воспостави целосна контрола не само врз странските, туку и врз националните класифицирани информации, односно се воспостави инспекциски надзор врз сите државни органи и други физички и правни лица за доследна примена на Законот за класифицирани информации. Во 2012 година, Р.Македонија ги прифати измените на Спогодбата (од 2005 година) во врска со безбедносните процедури за размена на класифицирани информации со ЕУ, а конбеа воведени како резултат на стапувањето на сила на Лисабонскиот договор и воспоставувањето на нови институции на ЕУ. Според податоците во табелите, слични билатерални спогодби за размена и заштита на класифицирани информации, Р.Македонија има склучено со: Словенија, Полска, Франција, Хрватска, Естонија, Бугарија, Украина, Албанија, Чешка, Германија, Словачка, Италија и Србија.[326]

Според податоците во табелите, Р.Македонија има активен придонес и во однос на учеството во мировните операции на ЕУ. Имено, како земја-кандидат, Р.Македонија во рамките на ЕУ-каталогот на сили, во мај 2006 година го декларираше конретниот придонес кој како земја со ваков статус ќе го даде во правец на зајакнување на воените капацитети на Унијата. Во тој контекст, во октомври 2006 година, Р.Македонија декларираше персонал за евентуално идно учество во меѓународни цивилни мисии за

[323] Сл.весник на РМ бр.09/2004
[324] Сл.весник на РМ бр.56/2005
[325] Сл.весник на РМ бр.113/2007
[326] Дирекција за безбедност на класифицирани информации, http://www.dbki.gov.mk/?q=node/39.

управување со кризи, како сопствен приодонес кон зајакнувањето на цивилните капацитети на Унијата. Имено, декларирани беа 51 лица во рамките на пет области: полиција 15, владеење на правото 16, јавна администрација 8, цивилна заштита 8 и мониторинг 4 лица.[327] Како резултат на посочените активности, од 2006 година, Р.Македонија го започна првиот сопствен придонес во операцијата Алтеа, предводена од ЕУ во Босна и Херцеговина. Овој придонес на Р.Македонија е се уште активен и денес.

Во контекст на овој исполнувањето на обврските на овој критериум т.е. учеството во мировните операции на ЕУ, треба да се истакне дека во декември 2007 година, Р.Македонија го усвои и Законот за упатување на лица во меѓународни мисии и меѓународни организации, во кој е уредена постапката за упатување на лица во меѓународни организации и мисии. Всушност, со овој Закон, широко се отвори правниот аспект за учество на нашите претставници во меѓународните операции, вклучувајќи ги и оние предводени од страна на ЕУ. Во 2009 година, беше формирана и Меѓуресорска комисија задолжена за спроведување на политиката на упатување лица во меѓународни мисии и меѓународни организации.[328] На 29.10.2012 година, Р.Македонија ја потпиша Спогодбата со ЕУ за воспоставување рамка за учество на Р.Македонија во операциите на ЕУ за управување со кризи и поефикасен придонес во Заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ. Потпишувањето на оваа Спогодба, директно придонесува за натамошно развивање на партнерските односи во рамките на ЗНБП на ЕУ, во која според податоците во табелите, Р.Македонија активно придонесува преку учеството во неколку мировни операции предводени од ЕУ, како и во развојот на нејзините борбени капацитети.

Она на што Р.Македонија според податоците од табелите треба да посвети внимание е забелешката на ЕУ за потпишаниот билатерален договор на Р.Македонија со САД за изземање на американски граѓани од Меѓународниот кривичен суд. Во таа насока, се истакнува потребата за приближување на Р.Македонија кон ставот на ЕУ по однос на ова прашање.

[327] Национална програма за усвојување на правото на Европската унија, Влада на Република Македонија, април 2007 година, Скопје, стр.335

[328] Ibid.2009,p.401

# ГЛАВА ШЕСТА

## Заклучоци и препораки

Современото безбедносно опкружување нужно ја наметнува потребата од еден заеднички и сеопфатен пристап на државите и на меѓународните организации во насока на ефикасно справување со современите безбедносни ризици и закани. Тоа меѓудругото и поради фактот дека денес не може да стане збор за држава која е наполно имуна на современите безбедносни ризици и закани. Терористичките напади на САД од 2001 година, најдобро ја потврдуваат посочената констатација. Затоа, државите и меѓународните организации, денес се соочени со предизвикот за унапредување на нивните национални капацитети и способности, но и за унапредување на меѓународната соработка и инструменти во насока на ефикасна заштита на меѓународниот мир и безбедност.

Во однос на безбедносната улога на ЕУ во изминатиот 25 годишен период (т.е. од завршувањето на Студената војна па до денес) може да се истакнат два значајни пристапи. Првиот се однесува на последната декада од минатиот век, кога согласно предизвиците во безбедносната сфера кои настапија по крајот на Студената војна, ЕУ започна да развива сопствена безбедносна и одбранбена политика. Почетоците на таа политика се утврдени на Самитот на ЕУ во Мастрихт, кога се поставени темелите на Заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ. Сепак, наспроти прокламираните цели во истата, како и стремежот на ЕУ за нејзино пролиферирање како сериозен безбедносен актер, во периодот што следи, ЕУ не манифестира убедлива способност за соочување со безбедносните предизвици во нејзиното најблиско опкружување. Имено, главната улога во надминувањето на кризата која произлезе со распадот на поранешна Југославија ја имаше НАТО. Ситуацијата беше слична и во 1999 година, кога главната улога во надминувањето на Косовската криза повторно ја имаше НАТО. Причините за ваквата ситуација се повеќестрани, а една од нив е преовладувањето на националните интереси на државите-членки на ЕУ, пред заедничките т.е. наднационални интереси.Всушност, дел од државите-членки не беа подготвени да се откажат од дел на својот национален суверенитет во областа на надворешната политика и безбедноста, за сметка на заедничкиот суверенитет на ЕУ. Тоа резултираше со посочената неспособност на ЕУ за ефикасно разрешување на конфликтите во нејзиното опкружување, без директно вмешување на САД.

Делумно поради таквата ситуација (поврзана со лидерската позиција на НАТО) од една страна, но и многу повеќе поради сопствениот стремеж за развој и унапредување на безбедносната улога, започнувајќи од 1997 година, ЕУ започнува процес на институционализација на претходно воспоставената ЗНБП. Ваквиот процес, две години

подоцна, т.е. во 1999 година ќе ја иницира и потребата за воспоставување на автохтони европски капацитети за справување со задачи од сферата на цивилниот и воениот кризен менаџмент, како резултат на што ЕУ ги воспоставува темелите на Европската безбедносна и одбранбена политика-ЕБОП. Истата, 1999 година, ЕУ ги дефинира и крајните цели кои треба да се постигнат заради ефикасна реализација на цивилните и воените определби зацртани во ЕБОП. Во таа насока, предвидено е до 2003 година, Унијата да биде способна за распоредување во рок од 60 дена на 60 000 трупи, кои треба да ги одржува во тек на една година. Во тој контекст, по 2004 година, државите-членки на ЕУ требаше да одржуваат и сили со капацитет од 5 000 војници кои треба постојано да се подготвени за хуманитарни операции и акции за спасување население кое е изложено на непосредна закана.

Покрај, ЗНБП и ЕБОП, третиот мошне значаен чекор на ЕУ во оваа сфера, претставуваше усвојувањето на нејзината безбедносна стратегија во 2003 година. Нејзиното значење особено се базира на фактот дека со нејзиното усвојување и дефинираните цели, безбедносни закани и одговори кон истите, ЕУ и практично се промовира како глобален безбедносен актер преку мисиите кои започнува да ги презема од 2003 година. Всушност, со донесувањето на оваа стратегија, ЕУ ја заокружи концептуалната и доктринарна рамка за ангажирање на нејзините капацитети ви мисиите на кризниот менаџмент. Од презентираното во глава IV од трудот, произлегува дека во овој период, ЗБОП на ЕУ се развива во насока на воспоставување институционална рамка за координирање и управување со воените и цивилните капацитети на ЕУ во евентуалните мисии за кризен менаџмент. Притоа, евидентна е соработката со НАТО и декларирањето на воени сили, како и развој на Концепт за борбени групи на ЕУ и нивно практично ангажирање во операциите на кризен менаџмент под покровителство на ООН.

Според анализата во трудот, може да се констатира дека со Европската безбедносна стратегија се креира јасна рамка за Европската безбедносна и одбранбена политика, при што истовремено истата може да се перцепира и како ориентир за развој на конретни акции во сферата на ЗНБП (како што е примерот со стратегијата на ЕУ за борба против ширењето на оружјето за масовно уништување).

Во тој контекст, според ***општата хипотеза*** на овој труд, следи дека: *Усвојувањето на стратегијата за безбедност на ЕУ има позитивно влијание врз развојот на безбедносната политика на Унијата, како и на стабилноста на земјите-кандидати.*

Анализа во трудот, посебно од глава прва до глава петта, директно ја потврдува посочената генерална хипотеза. Всушност, анализата покажува дека преку овој документ, ЕУ се поставува во улога на глобален безбедносен актер чиј што пристап во оваа сфера се базира на заеднички одговор на државите-членки во однос на процената на актуелните безбедносни ризици и начините за справување со истите.

Имено, од денешен аспект, се потврдува дека наспроти претходната "пасивна" безбедносна улога на ЕУ и покрај усвоените ЗНБП и ЕБОП, токму усвојувањето на ЕБС директно влијаеше врз унапредување на нејзината безбедносната улога. Започнувајќи од 2003 година, а подоцна и со извештајот за спроведување од 2008 година, европската безбедносна архитектура не само што напредна и се надгради, туку и истата стана јасно воочлива, особено преку мисиите на ЕУ: во Македонија (Конкордија и Проксима), БиХ (Алтеа), Либија (EUBAM), ДР Конго (EUSEC), Грузија (EUMM), Авганистан (EUPOL), Сомалија (EUTM), Косово (EULEX) и Украина (EUAM). Со ваквиот пристап, меѓудругото се манифестираше кохезивноста на Унијата и нејзиниот стремеж за постанување на сериозен меѓународен субјект во воено-безбедносната сфера. На тој начин, директно се потврдува општата хипотеза на овој труд дека безбедносната стратегија на ЕУ има позитивно влијание врз развојот на безбедносната политика на Унијата, како и на стабилноста на земјите-кандидати.

Покрај тоа, концептот на ЕУ за борбените групи, исто така може да се прифати како практичен чекор кон имплементацијата на дел од одредбите од Европската безбедносна стратегија и на ЗБОП. Значајноста на овој концепт произлегува од фактот што започнувајќи од 2007 година кога Борбените групи ја постигнаа финалната оперативна готовност, па се до ден денес, ЕУ во континуитет одржува по две оперативни борбени групи на годишно ниво. Овие борбени групи се подготвени во секој момент, на повик од Советот на ЕУ, да дејствуваат во радиус од 6 000 км од Брисел. Може да се констатира дека на тој начин, концептот за Борбени групи на ЕУ е во директна корелација со општата хипотеза на овој труд, т.е. со ставот дека стратегијата за безбедност на ЕУ има позитивно влијание врз развојот на безбедносната политика на Унијата.

Од друга страна, исто така неоспорлив е и фактот за позитивното влијание на безбедносната стратегија на ЕУ врз соработката во останатите безбедносни институции. Всушност, како што потврдува анализата, наспроти хендикепите и предизвиците во поглед на соработката помеѓу ЕУ и НАТО особено во поглед на преклопувањето на функциите и дуализмот во безбедносната сфера, сепак, состојбата

позитивно се менува по усвојувањето на механизмот „Берлин плус“, кој овозможи поефикасна соработка помеѓу НАТО и ЕУ во операциите за чување на мирот (на пр., мисијата Конкордија во Македонија) и определбата (во ЕСБ) за преземање на автохтони мисии на ЕУ. Анализата во трудот, потврдува дека имплементацијата на сопствената безбедносна стратегија, ЕУ ја темели на два концепти: интеграција и ефективен мултилатерализам. Преку примената на првиот концепт, т.е. интеграцијата, директно се потврдува вториот дел од општата хипотеза на овој труд дека ЕБС има позитивно влијание врз стабилноста на земјите-кандидати за членство во ЕУ. Имено, привлечноста на интегративниот процес во ЕУ, претставува значаен детерминирачки фактор во однсеувањето на државите од Југоисточна Европа и во тој контекст посебно на државите од групата на Западен Балкан. Од денешен аспект, може да се констатира дека перспективите за членство во ЕУ, во содејство со интеграцијата во НАТО, претставува клучен влијателен фактор за охрабрување и прифаќање на реформите кај земјите со кандидатски статус. Во таа насока, проширувањето на ЕУ може да се прифати и како прашање за зачувување и зајакнување на стабилноста во Европа.

Покрај тоа, согласно третата стратегиска цел на ЕСБ, ЕУ јасно го застапува ставот дека нејзината безбедност и просперитет, сè повеќе се зависни и од изградбата на ефективен мултилатерален систем, односно од поредок заснован на меѓународното право и доброто функционирање на меѓународните институции.[329] Во таа насока, ЕУ ги перцепира ООН како главна институција во рамките на ефикасниот мултилатерален систем, при што Советот за безбедност на ООН ќе ја има примарната одговорност за одржување на меѓународниот мир и безбедност.

Меѓудругото, целта на овој труд е насочена и кон докажување на придонесот на Р.Македонија како земја со кандидатски статус за членство во ЕУ во однос на имплементацијата и реализацијата на дефинираните цели во ЕСБ, а оттука и во однос на европската безбедност. Во тој контекст, направената анализа упатува на заклучокот дека започнувајќи од 1995 година, се отвора процесот на поблиски релации и соработка помеѓу Р.Македонија и ЕУ. Притоа, во 2001 година Р.Македонија и ЕУ ја потпишаа Спогодбата за стабилизација и асоцијација, во 2004 година, од страна на тогашниот претседател на Р.Македонија, беше доставена Апликацијата за почеток на преговорите за полноправно членство. Притоа, како што покажува анализата, во моментов најголемиот предизвик за Р.Македонија претставува токму добивањето

[329] Kennedy Graham: „Towards Effective Multilateralism, the EU and the UN: Partners in Crisis Management“, EPC working Paper No.13, November 2004.

датум за отпочнување на преговори за полноправно членство. Инаку, целиот процес на приближување на односите помеѓу ЕУ и Р.Македонија, имаше позитивно влијание и врз определбата на Р.Македонија за активно вклучување во реализацијата на ЕБОП, а потоа од 2003 година и во реализацијата на целите на ЕСБ. За таа цел, во изминатиот период беа преземени активни напори за прифаќање и усогласување на меѓународните норми, декларации, документи и други акти кои се однесуваа на усогласување на националните стандарди и законодавство со оние на Унијата. Како резултат на тоа, во однос на ова прашање (придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност) денес Р.Македонија поседува соодветната нормативна и институционална рамка согласно утврдените насоки од страна на ЕУ.

Во периодот од 2004 до 2012 година, во сферата на безбедноста и одбраната, Р.Македонија ги донесе следните стратегиски документи во кои се вградени соодветни одредби од доменот на ЗБОП и ЕСБ: Национална концепција за безбедност и одбрана, Стратегија за национална безбедност, стратегија за одбрана и Бела книга на одбраната. Исто така, во 2004 година, доенсена е и Стратегија за интеграција на Р.Македонија во ЕУ како најкомплексен документ за интегративниот процес на Македонија кон полноправното членство во ЕУ. Во рамките на овој документ, покрај останатите прашања, исто така се утврдени и ставовите на Р.Македонија во однос на имплеменатацијата на обврските кои произлегуваат од ЗНБП и ЗБОП.

Притоа, првиот практичен чекор кон имплементацијата на обврските во доменот на ЗБОП, претставува воспоставувањето на правна и институционална рамка за соработка помеѓу Р.Македонија и ЕУ. Тоа подразбираше донесување или изменување на соодветните закони, прифаќање и усогласување на меѓународните норми, ставови, декларации, резолуции, договори, како и формирање на нови институции во Р.Македонија, или пак надоградување на постојните со организациски единици за соработка со ЕУ во доменот на ЗБОП. Како резултат на тоа, денес во Министерството за надворешни работи на Р.Македонија функционира Одделение за ЗНБП, Одделение за контрола на оружјето, Одделение за ЗБОП и одделение за контрола на вооружувањето во рамките на Министерството за одбрана, како и одделение за соработка со НАТО и безбедност на класифицирани информации во Министерството за внатрешни работи. Започнувајќи од 2012 година, оваа институционална рамка е зајакната и со Меѓуресорската комисија за спроведување на политиката за упатување лица од Р.Македонија во меѓународни мисии и меѓународни организации.

Во рамките на овој труд, придонесот на Р.Македонија кон европската безбедност конкретно е анализиран преку македонското придржување и прифаќање на заедничките европски декларации и изјави во оваа сфера, придружување кон санкциите и рестриктивните мерки на ЕУ, не-пролиферацијата на оружје, активностите во сферата на класифицираните информации од доменот на ЗНБП, соработката со меѓународните организации, како и преку активното учество на Р.Македонија во операциите од цивилниот и воениот кризен менаџмент, предводени од страна на ЕУ.

Во тој контекст, анализата покажува дека во изминатиот 9-годишен период Р.Македонија манифестира еден континуитет во декларативниот пристап кон европската безбедност и кон целите на ЕСБ, главно преку прифаќање и поддржување на бројни европски декларации и изјави во оваа сфера. Од друга страна, присутни се и примери, но во помал број кога Р.Македонија не ги прифаќа предложените рестриктивни мерки од страна на ЕУ во однос на конкретна ситуација или држава. Најактуелен вакво случај, претставува неприфаќањето на рестриктивните мерки во однос на кризата во Украина од 2014 година, потоа, можат да се посочат и неприфаќањето на Одлуката на Европскиот совет во 2011 година во однос на ситуацијата во БиХ, како и неприфаќањето на декларациите и заедничките ставови на ЕУ кон Етиопија, САД, Израел и Нигерија во 2009 година.

Сепак, самиот чин на прифаќање бројни други ЕУ декларации, политички документи и изјави во воено-безбедносната сфера, може да се перципира како соодветен индиректен, т.е. декларативен придонес на Р.Македонија кон европската безбедност.

Исто така, анализата покажува дека Р.Македонија во посочениот период негува континуирана соодветна соработка со меѓународните институции и организации, што е во согласност со третата стратегиска цел на ЕСБ, т.е. воспоставувањето на ефикасен мултилатерализам. Тука, посебно може да се истакне соработката со ООН, НАТО и ОБСЕ во контекст на унапредување на меѓународниот мир и безбедност, при што Повелбата на ООН се прифаќа како клучен документ кој ја овозможува рамката за активностите во оваа сфера.

Значаен придонес кон европската безбедност, Р.Македонија манифестира и од аспект на не-пролиферацијата на оружје, т.е. втората идентификувана закана во рамките на ЕСБ. Имено, во однос на ова прашање во анализираниот период, Р.Македонија креираше соодветна нормативна и институционална рамка за регулирање на активностите на овој план. Потврда за тоа меѓудругото претставува:

усвојувањето на Етичкиот кодекс на ЕУ за извоз на оружје, потоа на Акцискиот план на ООН за превенција, борба и искоренување на недозволената трговија со лесно и мало оружје, на Протоколот за борба против недозволено производство и трговија со огнено оружје, нивни делови и компоненти и муниција, на Законот за тестирање и ставање на пазар на огнено оружје и муниција, учеството во Васенар аранжманот на теренски активности на земјите кои не се членки на ЕУ, уништувањето на голем дел од касетната муниција согласно со обврските од Конвенцијата за касетна муниција (Осло-Конвенција), потоа формираното Национално координативно тело за превенција, намалување на ризикот и заштита од хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни оружја и материјали, основаниот специјален сектор за справување со нелегалната трговија со оружје, муниција и експлозивни материјали при МВР, формираното Одделение за контрола на оружјето при МНР и сл..

Значаен е и напредокот на Р.Македонија во однос на активностите поврзани со класифицираните информации од доменот на ЗНБП. Тука, како посебно значајно треба да се истакне: воспоставувањето на Сертифицирана компјутерска единица за пристап до ЕУ мрежата за електронска размена на класифицирани информации од ЗНБП, потоа промените и дополнувањата на Законот за класифицирани информации со цел подобрување на безбедносните услови за работа со класифицирани информации, како и потпишувањето на билатерални договори за размена и взаемна заштита на класифицирани информации со Словенија, Франција, Италија, Србија и Германија.

Наспроти посочениот, како конретен и особено значаен пристап на Р.Македонија кон европската безбедност, анализата во трудот го истакнува придонесот врз основа на нејзиното учество во мисиите (од цивилниот и воениот кризен менаџмент) предводени од ЕУ. Тука, посебно евидентен е придонесот во операцијата Алтеа во БиХ, како најмасовно и континуирано учество на Р.Македонија во операција предводена од ЕУ. Имено, од јули 2006 година, започна првиот придонес на Р.Македонија во операција предводена од ЕУ, конретно со декларирање на хелихоптерски деташман, составен од два хелихоптери Ми-8/17 и перосонал од 21 лице. Во ноември 2006 година, Р.Македонија го зајакнува сопствениот придонес во оваа мисија, декларирајќи медицински тим составен од 10 лица за ROLE 1 медицинска поддршка на кампот во Бутмир.[330] Поради значењето на хелиохоптерската поддршка во исполнувањето на

[330] Податоците за придонесот на Р.Македонија во мировната мисија во Босна и Херцеговина-АЛТЕА, достапни се на веб-страната на Министерството за одбрана: http://www.morm.gov.mk/content/?ID=F6D1D3A3D7F16121D452F12D00EE08C329A09FC7&lang=mk.

мисиите на операцијата Алтеа, особено во периодот на актуелната трансформација на ЕУФОР, од страна на ЕУ беше побарано продолжување на мисијата на македонскиот хелихоптерски деташман, при што истата продолжи во истиот состав и во втората и во третата ротација. Дополнително, придонесот на Р.Македонија во алтеа, беше зајакнат и со декларирање на дополнително 1 лице воен правник-помошник правен советник во HQ EUFOR (од 20 јуни 2007 година). Во текот на 2008 година, во пресрет на четвртата ротација, врз основа на претходно извршените анализи и процени, Р.Македонија донесе одлука за повлекување на едниот хелиохоптер Ми-8/17, во насока на достигнување на неопходното ниво на оперативност заради идни придонеси. Како резултат на тоа, четвртата ротација на хелихоптерскиот деташман во мировната операција Алтеа во БиХ, се состоеше од еден траснпортен хелихоптер Ми-8/17 и 12 лица во состав на истиот. Со завршувањето на четвртата ротација на хелихоптерскиот деташман во јули 2008 година, донесена е одлука Р.Македонија да го заокружи и заврши сопствениот придонес со хелихоптерски капацитети во операцијата на ЕУФОР во БиХ, АЛТЕА, со вкупно направени четири ротации (јули 2006-јули 2008 година).

Сепак, по повлекувањето на хелихоптерскиот деташман, Р.Македонија продолжи да придонесува со медицински тим за ROLE 1 медицинска поддршка на кампот во Бутмир, составен од 10 лица, едно лице помошник правен советник во Командата на ЕУФОР во БиХ и еден подофицер за превентивна медицина во Командата на ЕУФОР, со вкупно учество на 12 лица. Во текот на 2009, 2010, 2011, 2012 и 2013 година, Р.македонија го продолжи учеството со истиот капацитет. Согласно новата структура на силите на ЕУФОР во операцијата Алтеа, истите се намалени, а како резултат на тоа се укина и позицијата подофицер за превентивна медицина од јануари 2012 година, со што придонесот во оваа мировна операција во 2012 година, се базираше на медицински тим и правен советник, односно вкупно 11 лица. Ваквиот придонес на Р.Македонија продложи и во текот на следните две години.

Посочениот активен придонес на Р.Македонија од 2006 година до ден денес, има дводимензионално значење. Имено, од една страна, учеството во операцијата Алтеа и овозможи на Р.Македонија стекнување искуство и унапредување на сопствените капацитети за учество во меѓународни мировни мисии, додека од друга страна нејзиното учество претставува директна импементација на нејзините определби за активен придонес кон европската безбедност, согласно ЗБОП и ЕБС.

Притоа, треба да се истакне дека посочениот придонес на Р.Македонија е позитивно еволуиран и од страна на ЕУ, преку нејзините официјални претставници и

учесници во Алтеа. Потврда за тоа, меѓудругото претставува и поканата од страна на претходниот Висок претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика, Кетрин Ештон, во 2014 година, за учество на Македонија (како резултат на позитивниот придонес во Алтеа) во новопоставената советодавна мисија на ЕУ за реформи во цивилниот безбедносен сектор *(EUAM Ukraine)*. Целта на таа мисија е пружање соодветна поддршка на посветеноста на Украина кон реформите во безбедносниот сектор.

Во однос на научниот придонес на истражувањето, може да се констатира следното:

***Прво***, тезата го потврди ставот и перцепцијата дека Европската Унија несомнено стана легитимен репрезент на европскиот безбедносен поредок. Притоа, нејзината уникатна интеграциска стратегија, која што се спроведува и во регионот на Западен Балкан, е најзначајниот поединечен инструмент во унапредувањето на безбедноста, главно преку промовирање на мирот и безбедноста низ призмата на интеграциските процеси и решавањето на споровите по мирен пат.

***Второ***, во светот на "теоретските битки", се чини дека конструктивистите подобро ја разбираат и ја објаснуваат природата на безбедносните механизми на ЕУ. Тоа се должи на фактот што поимот безбедност е доста флексибилен кај конструктивистите, со што е многу прилагодлив на промените во однос на перцепциите за закана, како и за безбедносните инструменти. Според нив, ЕУ веќе има развиено и усвоено безбедносна политика и покрај фактот што некои од нејзините главни земји-членки имаат различни ставови во однос на меѓународниот поредок. Конструктивистите веруваат дека ЕУ го има достигнато степенот на почитување на нормите кои се вградени во нејзините основачки договори.

Европската Унија им пристапи на безбедносните прашања на Западниот Балкан, а со тоа и на оние во Македонија, на многу уникатен начин. Ова се должи на фактот што Унијата настојуваше да создаде имиџ на безбедносен актер на меѓународната сцена, на начин кој соодветствува со нејзината *sui generis* природа и идентитет на елоквентен мировен проект на интеграција.

Со тоа, оваа студија го зајакна концептуалното разбирање на заемното дејство на теориите во однос на европската безбедност и го унапреди концептуалното разбирање на клучните безбедносни одредби во Република Македонија, поради кои Македонија, а со тоа и целата ЕУ, е побезбедна.

Сосема на крај, како заклучни констатации во однос на анализата во трудот, можат да се истакнат следните:

- При испитувањето на начинот на кој безбедносните политики треба да конструираат соодветни одговори на заканите, несомнено е дека пристапот, т.е. формулата „безбедност преку интеграција и соработка" треба да стане пошироко прифатена од сите национални, регионални и меѓународни субјекти. Тоа, меѓудругото и поради фактот дека денешната ЕУ претставува еклантен пример за апликативноста на посочениот пристап. Од аспект на конструктивиситичкиот пристап, несомнено е дека првичната соработка во економската, а потоа и во политичката сфера, ја креирала неопходната клима и за ефикасна соработка во безбедносната сфера помеѓу државите во рамките на ЕУ.
- Соочена со промените во безбедносното опкружување по Студената војна, ЕУ во последната декада на XX век, започнува со развивање на сопствена, автохтона безбедносна архитектура. Првиот чекор во таа насока е донесувањето на Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Самитот во Мастрихт 1991 година. Во 1997 година на Самитот во Амстердам, ЕУ иницира процес на институционализација на ЗНБП, а две години подоцна, т.е. на Самитот во Ст.Мало во 1999 година, ги поставува темелите на Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП). Сепак, наспроти посочените активности на ЕУ, во посочениот период забележителен е и нејзиниот несоодветен придонес во надминувањето на кризите во нејзиното соседство (поранешна Југославија, Албанија 1997 година и Косово 1999 година).
- Во 2003 година, ЕУ ја усвојува Европската стратегија за безбедност, насловена како: „Побезбедна Европа во подобар свет", со која се обезбедува јасна политичка рамка за Европската безбедносна и одбранбена политика, како и за развојот на конретни акции во сферата на Заедничката надворешна и безбедносна политика. Со овој документ, ЕУ се поставува во улога на глобален актер кој настојува да продуцира соодветен придонес кон регионалната и глобалната безбедност. Притоа, процесот на пролиферирање на ЕУ како глобален безбедносен актер, ЕСБ го базира врз промовирање на темелните вредности на ЕУ во нејзините меѓународни активности, како што

се: мирот, владеење на правото, правдата и демократијата. Во тој контекст, ЕСБ е насочена кон развој на повисоко ниво на меѓународна правда и респектирање на правото, кон стрпливо градење на неопходните услови за добро владеење и демократија, притоа давајќи им предност на преговорите во однос на конфликтите. Сепак, ЕСБ ја истканува и потребата за интервенција и принуда, во ситуации кога е тоа неопходно. Како резултат на тоа, започнувајќи од 2003 година, ЕУ започнува со преземање на автохтони мисии од сферата на цивилниот и воениот кризен менаџмент. Од посоченото, може да се констатира дека значајноста на ЕСБ произлегува од фактот што таа на едно место ги обединува вредностите и целите на ЕУ во областа на ЗНБП/ЗБОП и како резултат на тоа, истата обезбедува јасна политичка рамка за дејствување во оваа сфера.

- Сепак, наспроти посочените позитивни импулси во безбедносната сфера, може да се констатира дека во последниот 10-годишен период, постојат примери каде што ЕУ како безбедносен актер не ги продуцираше посакуваните резултати. Тоа пред сѐ, се однесува на кризите во нејзиното соседство, т.е. во Грузија и во актуелната криза во Украина. Посочените примери, јасно ја истакнуваат потребата од дополнителни напори за развој и унапредување на капацитетите на ЕУ за ефикасно превентивно дејствување.
- Со оглед на променливото безбедносно опкружување, отворена е можноста за преиспитување на Безбедносната стратегија на ЕУ, усвоена во 2003 година. Таквиот процес би можел да кулминира со евентуално усвојување на нова Безбедносна стратегија која би требало да иницира поголем степен на кохерентност и да даде насоки за натамошно интензивирање на здружувањето, споделувањето и специјализирањето на цивилните и воените капацитети на земјите-членки на ЕУ, како и на нејзините кандидати за членство. Во таа насока, новиот стратегиски пристап на ЕУ би требало да биде ориентиран кон иднината и да ги утврди приоритетите на интересите и заканите на секоја од земјите-членки или земјите со статус на кандидати за членки, а потоа да ги поврзе со способностите што се потребни за да се влијае врз исходите.
- Во изминатиот 25-годишен период, Р.Македонија од држава корисник на безбедноста, се разви во држава контрибутор на безбедност, вклучувајќи го и

придонесот кон европската безбедност. Конретно, од аспект на развојот на односите помеѓу Р.Македонија и ЕУ, може да се констатира дека од воспоставувањето на дипломатските односи со ЕУ во 1995 година, Р.Македонија се легитимираше како партнер од доверба и вистински сојузник на ЕУ: од склучување на Спогодбата за соработка во 1997 година, преку Спогодбата за стабилизација и асоцијација во 2001 година, стекнувањето на кандидатскиот статус за членство во ЕУ во 2005 година и препораките од Европската комисија за почеток на пристапни преговори од 2009 година до ден денес. Во рамките на посочениот процес, Р.Македонија подготви и усвои низа документи и презема мноштво активности со цел усогласување и обезбедување на неопходните критериуми за членство во ЕУ.

- Основните ставови и определби на Р.Македонија за доближување кон ЕУ од политички, безбедносен и одбранбен аспект се инкорпорирани во повеќе документи, од кои суштински се: Националната концепција за безбедност и одбрана од 2003 година, Стратегијата за интеграција на Р.Македонија во ЕУ од 2004 година, Стратегијата за национална безбедност од 2008 година, Стратегијата за одбрана од 2010 година и Белата книга на одбраната од 2012 година. Како што покажа анализата во овој труд, во рамките на сите посочени документи Р.Македонија јасно ги идентификува и посочува сопствените стратегиски определби во однос на ЗНБП, ЗБОП и ЕСБ. Имено, во однос на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет, „Република Македонија е подготвена, во рамките на своите можности, да партиципира во оне процеси."[331] Во Стратегијата за одбрана од 2010 година, се изразува подготвеноста на нашата земја за активно учество во ЕУ предводени операции за поддршка на меѓународната безбедност и стабилност, како резултат на што една од обврските на АРМ е токму и нејзина подготвеност за учество во мировни операции предводени од ЕУ.[332] Исто така, во рамките на Стратегијата се истакнува дека „Република Македонија интензивно ќе работи на целосно интегрирање во ЕУ и на остварување активен придонес во развојот на Заедничката надворешна и безбедносна политика и Европскката

[331] Национална концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија, Влада на Р.Македонија, Скопје, стр.8-9
[332] Стратегија за одбрана на Република Македонија, Претседател на Република Македонија, скопје, 2010, стр.2

безбедносна и одбранбена политика."[333] Во Белата книга на одбраната од 2012 година е истакнато дека „членството во ЕУ претставува силен мотивирачки фактор и за сеопфатните национални безбедносни реформи во Р.Македонија, при што како значајна се посочува потребата за интероперабилност и компатибилност на националните одбранбени капацитети во согласност со ЕУ-стандардите."[334]

- Анализата во трудот, покажува дека Р.Македонија поседува соодветна правна и институционална рамка за активно вклучување и придонес (согласно сопствените можности) кон европската безбедност. Таквиот придонес на Р.Македонија го нотира и ЕУ, преку извештаите на Европската комисија за напредокот на Р.Македонија во однос на исполнувањето на Копенхагенските критериуми, кои вклучуваат и активности во сферата на ЗНБП. Имено, како што веќе беше истакнато, започнувајќи од 2006 година Р.Македонија презема активни чекори во контекст на ЗНБП и оттука во контекст на унапредување на европската безбедност. Генерално, тие чекори се базираат врз декларативен пристап кон ЗНБП и европската безбедност и конкретен, апликативен пристап кон истата. Првиот пристап подразбира усогласување на националното законодавство на Р.Македонија со тоа на ЕУ, потоа прифаќање и придружување кон декларациите, ставовите и рестриктивните мерки на ЕУ во доменот на ЗНБП, додека вториот пристап се манифестира преку развојот на институционална рамка за неопходните активности предвидени во контекст на целите на ЗНБП и дефинираните закани во ЕБС, потоа преку активната соработка на Р.Македонија со меѓународните организации во воено-безбедносната сфера и активното учество на Р.Македонија во операциите од цивилниот и воениот кризен менаџмент на ЕУ. Направената анализа во трудот, јасно покажува дека преку посочените пристапи, Р.Македонија директно придонесува кон реализација на целите на Европската безбедносна стратегија и кон европската безбедност во целина.
- Сепак, карактеристично за Р.Македонија е тоа што главната пречка во нејзините евроатлански интеграциски процеси мора да се надмине, за безбедносната перспектива на Македонија целосно да се инкорпорира во рамките на најмоќните безбедносни институции во најновата историја. Тоа,

[333] Ibid,p.3
[334] Бела книга на одбраната на Република Македонија, Министерство за одбрана, Скопје, 2012, стр.23

меѓудругото и поради перцепцијата дека секое одложување на решавањето на спорот со Грција (кој е идентификуван како главна пречка за интеграцијата на Македонија во ЕУ) може да иницира националистички набој и да ја дестабилизира македонската држава. Затоа, меѓународните актери треба да извршат влијание врз обете страни вклучени во овој спор така што ќе го поврзат договорот со финансиски и други стимулации и ќе ги подвлечат негативните последици од понатамошното бескрајно нерешавање на истиот.

- Во тој контекст, неопходно е посветување на соодветно внимание на можните меѓуетнички тензии во Р.Македонија, затоа што тоа би можело негативно да се одрази врз сите претходно посочени реформи и активности, вклучувајќи ги и оние поврзани со придонесот кон европската безбедност. Затоа, неопходна е континуирана меѓународна поддршка за локалните проекти кои се фокусираат на меѓуетничкиот дискурс и на промовирањето на интеркултурниот дијалог. Овој вид поддршка е во голема мера поврзан со успехот на натамошната интерна интеграција и консолидација на несигурните меѓуетнички односи. Фокусот треба да биде на превенцијата на какво и да е назадување во поглед на Охридскиот рамковен договор и на истовремено градење нови канали на политичка и општествена коегзистенција меѓу македонската и албанската заедница.
- Со цел да го одржат веќе постигнатиот успех на македонската законска рамка за безбедноста, релевантните македонски власти треба да ја одржуваат способноста за континуирано преформулирање, планирање и спроведување на нови стратегиски документи и/или за ажурирање на постојните, истовремено правејќи ги што е можно подостапни за заедницата.

## ЛИТЕРАТУРА


**'Charlemagne'**, *The Economist* 1–7 May 2004

**A. Berbec**, Reassessing European Union Limits:What Role for the New Regional Partnerships? 10 Romanian J. European Affairs, 69-78, 2010

**A. Niemenkari**, *EU/Schengen Requirements for National Border Security Systems*, Geneva Ctr. Democratic Control Armed Forces,Working Paper Series 8, 2002.

**Adrian Hyde-Price**, European Security beyond the Cold War: Four Scenarios for the Year 2010, London: The Royal Institute of International Affairs / London/Newbury Park/New Delhi: SAGE Publications

**Alastair Iain Johnson**, 'Thinking about Strategic Culture' *International Security*, (19/4), 1995

**Alexander Wendt**, "Anarchy Is What States Make of It: The Social Construction of Power Politics," *International Organization*, Vol. 46, No. 2, Spring 1992

**Alter, K.J. and Meunier, S.**, 'The Politics of International Regime Complexity', *Perspectives on Politics*, Vol. 7, No. 1, March 2009

**Alvaro de Vasconcelos**, ed. What Ambitions for European Defense in 2020?, EU Institute for Security Studies, Paris 2009

**Andrew J. Pierre**,*De-Balkanizing the Balkans - Security and Stability in Southeastern Europe*, USIP Special Report, United States Inst. Peace 1999

**Anne Deighton**, 'Militarising the European Union' , *Research Notes*, Centre d'études des politique étrangères et de sécurité (CÉPÉS), 2000

**Arnold Wolfers**, Discord and Collaboration: Essays on International Relations, Baltimore: and New York: Clarendon Press, 1984

**Asle Toje**, *The EU NATO and European Defense – A Slow Train Coming*, ed. EU Institute for Security Studies (ISS), Occasional Paper No. 74, Paris, December 2008

**Auswärtiges Amt**, European Security and Defense Policy, Berlin 2009

**Bailes, A. J. K.**, The European Security Strategy. An evolutionary History. SIPRI Policy Paper, 10, Stockholm International Peace Research Institute, February 2005

**Barnett, Michael and Robert Duvall** (eds), *Power in Global Governance*, Cambridge: Cambridge University Press, 2005.

**Barry Posen**, 'The European Security Strategy – Practical Implications', 1/1 *Oxford Journal on Good Governance*, 2004

**Baylis, J., Wirtz, J. J., Cohen, E. A** et. al. (eds.) Strategy in the Contemporary World: An Introduction to Strategic Studies. Oxford: Oxford University Press. 2006

**Bechev, D.**: Between Enlargment and CFSP: The EU and the Western Balkans, Paper prepared for the LSE European Foreign Policy conference, 2-3 June, 2004

**Bellamy, Ian,** "Towards a Theory of International Security", *Political Studies*, 29/1, 1981

**Ben Rosamond**, Theories of European Integration, Basingstoke: MacMillan, 2000

**Biermann, R.**, 'Rivalry Among International Organizations. Bringing Power Back In'. *Paper for the Panel 'The European Union and Transatlantic Relations'*, Turin, 14 September 2007

**Biscop, Sven**, 'The EU, the OSCE and the European Security Architecture: Network or Labyrinth?, *The Helsinki Monitor Conference Paper*, Vienna, 9 September 2005

**Biscop, Sven**, In Search of a Strategic Concept for the ESDP. In: European Foreign Affairs Review 2002

**Biscop, Sven**, The European Security Strategy: A Global Agenda for a Positive Power. Aldershot: Ashgate 2005

**Biscop, Sven**: *Euro-Mediterranean Security: A Search for Partnership*. Aldershot, U.K.: Ashgate, 2003

**Brian L. Job**, Multilateralism: The Relevance of the Concept to Regional Conflict Management (Working Paper no. 5), Vancouver: Institute of International Relations, University of British Columbia, 1994

**Borchert, H.**, 'Strenghtening Europe's Security Architecture: Where Do We Stand? Where Should We Go?' in Gärtner, H. *et al.* (ed.), *Europe's New Security Challenges*, Lynne Rienner Publishers, London, 2001

**Buzan Barry, Ole Wæver and Jaap de Wilde**,*Security: A New Framework for Analysis*. Boulder: Lynne Rienner, 1998

**Buzan, Barry and Gowher Rizvi** (eds), South Asian Insecurity and the Great Powers, London: Croom Helm, 1986

**Buzan, Barry Morten Kelstrup and Pierre Lemaitre**, The European Security Order Recast: Scenarios for the Post-Cold War Era, London and New York: Pinter Publishers, 1990

**Buzan, Barry O.Waever & J. De Wilde**, Security. A New Framework for Analysis, p.7, Lynne Rienner, 1998

**Buzan, Barry**, *People, States and Fear: An Agenda for International Security Studies in the Post-Cold War Era* (London: Harvester Wheatsheaf, 2nd edn), 1991,

**C. Archer**, The European Union, p.17, Routledge 2008

**Christopher Hill and Michael E. Smith**, International Relations and the European Union, Oxford: Oxford University Press, 2005

**Clausewitz, C.** von, *On War*(3 volumes), re-ed. by Howard. M. and Paret, P., Princeton: Princeton University Press, 1976

**Collins, Alan**, "Contemporary Security Studies", Oxford: Oxford University Press, 2007

**D. Kostovicova**, Study Group on Europe's Security Capabilities: The Balkans Background. Paper Brussels meeting, 17-18 March 2004, Ctr. Stud. Global Governance, LSE 2004.

**Dane Taleski**, " Public Opinion and EU Integration, Attitudes of EU Integration In Macedonia and EU" in EU and the Balkans: Policies of integration and disintegration, Leila Simona Talani (ed), Cambridge Scholars Publishing, September 2008

**Daniel Keohane**, "*ESDP and NATO*," in: *European Security and Defense Policy – the First 10 Years (1999 – 2009)*, ed. Giovanni Grevi, Damien Helly, Daniel Keohane, EU Institute for Security Studies, Paris 2009

**David A. Baldwin**, "The Concept of Security" in: Review of International Studies, Vol.23, no.1, Cambridge: British International Studies Association, January 1997

**David T. Armitage**, (Jr.), A Comparative Analysis of US Policy Toward European Defense Autonomy: Enduring Dilemmas in Transatlantic Relations, New York: Edwin Mellen Press, 2008

**David Mitrany**, A Working Peace System, Chicago: Quadrangle Books, 1996
Leon, N.: The Political Dynamics of European Integration, Stanford University Press, 1963

**Derek Mix**, "*NATO – EU Relations*," in: *NATO's 60th Anniversary Summit*, ed. Paul Belkin, DOC 7-5700, Washington D.C.: Congressional Research Service, 20 March 2009

**Derek Reveron**, "Obama's National Security Strategy Unfolding," in New Atlanticist– Policy and Analysis Blog, Washington D.C. 16 July 2009

**Deutsch, Karl W.** et al., Political Community and the North Atlantic Area: International Organization in the Light of Historical Experience. Princeton, NJ: Princeton University Press, 1957

**Deutsch, Karl**, The Analysis of International Relations, 3rd edition , Englewood Cliffs, NJ: Prentice Hall, 1988

**Dieter Mahncke**, Chaillot Papers: Parameters of European Security, n°10, Paris: Institute for Security Studies / Western European Union, September 1993

**Dimitris N. Chryssochoou**, "Theorizing European Integration", London, Sage, 2001.

**Donald C.F Daniel**, "Why So Few Troops from Among So Many?" in *Peace Operations: Trends, Progress and Prospects*. Georgetown University Press: Washington D.C. 2008

**Dudziak, M.L.**, (ed), *September 11 in History. A Watershed Moment?*, Duke University Press, 2003

**Dunne, T.**, When the shooting starts: Atlanticisim in British security strategy. International Affairs, 2004

**Edward A. Kolodziej**, Security and International Relations, Cambridge: University Press, 2005

**Esther Brimmer**, *Seeing Blue. American Visions of the European Union*, Chaillot Paper No. 105, ed. EU Institute for Security Studies, Paris 2007

**EU Institute for Security Studies** (ISS), "European Council Helsinki, " in: From St. Malo to Nice (Chaillot Paper 47, European Defense Core Documents, Volume II compiled by Maartje Ruttem, Paris 2001

**F.Turhan**,*The Europeanization of the Western Balkans: Is it Just a Dream? p.*54 Seta Policy Br.2011

**Fraser Cameron**, The Foreign and Security Policy of the European Union (Sheffield: Sheffield Academic Press, 1999)

**G. Noutcheva**, EU Conditionality and Balkan Compliance: Does Sovereignty Matter? p.228, PhD diss., U.Pittsburg 2006

**G. Sorensen & R. Jackson**, *Social Constructivism*, in *Introduction to International Relations: Theories and Approaches*, R. Jackson & G. Sørensen eds., Oxford U. Press 2007

**Gärtner, H. and Cuthbertson, I.M.**, (ed.), *European Security and Transatlantic Relations after 9/11 and the Iraq War*, Palgrave Macmillan, Basingstoke and New York, 2005

**Geoffrey Edwards and Paul Cornish**, 'Beyond the EU/NATO dichotomy: The beginnings of an EU strategic culture', 77/3 *International Affairs 2001*

**Георгиева, Лидија**, *Европска Безбедност*, Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филозофски факултет, 2010

**Георгиева, Лидија,** *Творење на мирот*, Филозофски факултет, 2006

**Георгиева, Лидија,** Менаџирање на ризици, Филозофски факултет, 2009

**Giegerich, B. and Gross, E.,** Squaring the Circle? Leadership and Legitimacy in European Security and Defence Cooperation. International Politics 2006

**Giovani, G., Damien, H., Daniel, K.**:European Security and Defence Policy-The First 10 Years; Institute for Security Studies-European Union, 2009

**Goertz, G. and Diehl, P.L.**, 'The Initiation and Termination of Enduring Rivalries: The Impact of Political Shocks', *American Journal of Political Science*, vol. 39, no.1, Feb., 1995

(1) во член 8, став 2 се заменува со следното:

„2. Оваа одлука се применува до 31 октомври 2014 година. Постојано се прави преглед на истата. Истата се обновува или изменува како што е соодветно, доколку Советот смета дека нејзините цели не се исполнети.".

(2) Анексот се заменува со текстот утврден во Анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија*.

Брисел, 29 октомври 2013 година.

*За Советот*

*Претседател*

Л. ЛИНКЕВИЧИУС

[1] Одлука 2012/642/ЗНБП на Советот од 15 октомври 2012 година за рестриктивни мерки против Белорусија (Сл. весник L 285, 17.10.2012 година, стр. 1).

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**10.**

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2011), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 9.4.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ СОГЛАСНО ОДЛУКАТА 2013/89/ЗНБП НА СОВЕТОТ ОД 18 ФЕВРУАРИ 2013 ГОДИНА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКА 2011/101/ЗНБП ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ПРОТИВ ЗИМБАБВЕ

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно Одлуката 2013/89/ЗНБП на Советот од 18 февруари 2013 година за изменување на Одлука 2011/101/ЗНБП за рестриктивни мерки против Зимбабве.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје;
- забрана за влез во Република Македонија и
- финансиски мерки.

Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии и Управата за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивната мерка.

Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивните мерки.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивните мерки се врши на начин утврден со Регулативата на Советот на ЕУ бр. 314/2004 од 19 февруари 2004 година за одредени рестриктивни мерки во однос на Зимбабве и Одлуката 2013/89/ЗНБП на Советот од 18 февруари 2013 година за изменување на Одлука 2011/101/ЗНБП за рестриктивни мерки против Зимбабве.

Член 6

Одлуката 2013/89/ЗНБП на Советот од 18 февруари 2013 година за изменување на Одлука 2011/101/ЗНБП за рестриктивни мерки против Зимбабве во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 7

Рестриктивните мерки ќе се применуваат до 20 февруари 2014 година, и по убедување на Советот, Одлуката 2011/101/ЗНБП може дополнително да се преиспитува, обновува или изменува.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-2181/1
9 април 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

ДЕКЛАРАЦИИ ЗА ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОИ КОИ СЕ ПРИДРУЖУВА ПРИФАКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

**ОДЛУКА 2013/89/ЗНБП НА СОВЕТОТ**

**од 18 февруари 2013 година**

**за изменување на Одлука 2011/101/ЗНБП за рестриктивни мерки против Зимбабве**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 29 од истиот,

со оглед на тоа што:

(1) На 15 февруари 2011 година, Советот ја донесе Одлука 2011/101/ЗНБП [1].

(2) Врз основа на повторно разгледување на Одлука 2011/101/ЗНБП, рестриктивните мерки треба да се продолжат до 20 февруари 2014 година.

(3) Меѓутоа, не постојат основи за одредени лица и субјекти да останат на списокот на лица и субјекти за кои се применуваат рестриктивните мерки предвидени во Одлука 2011/101/ЗНБП.

(4) Со цел да се олесни дијалогот помеѓу Унијата и Владата на Зимбабве, треба да се продолжи привремениот прекин на забраната за патување наметната на двајцата членови на тимот на Владата на Зимбабве за обновување на дијалогот кои се наведени во списокот според Одлука 2011/101/ЗНБП. Освен тоа, привремениот прекин на забраната за патување треба да се прошири за да опфати дополнителни шест членови на Владата на Зимбабве.

(5) Одлука 2011/101/ЗНБП треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Одлука 2011/101/ЗНБП се изменува како што следува:

Член 10 се заменува како што следува:

„*Член 10*

1. Оваа одлука влегува во сила на датумот на нејзино донесување.

2. Оваа одлука се применува до 20 февруари 2014 година.

3. Мерките наведени во член 4(1), доколку се применуваат за лицата наведени во Анекс II, привремено се прекинуваат до 20 февруари 2014 година.

4. Оваа одлука постојано се преглeдува и се обновува или изменува како што е соодветно, доколку Советот смета дека нејзините цели не се исполнети."

*Член 2*

Анексите I и II кон Одлука 2011/101/ЗНБП се изменети како што е утврдено во Анексот кон оваа одлука.

*Член 3*

Оваа одлука влегува во сила на датумот на нејзино објавување во *Службениот весник на Европската унија*.

Брисел, 18 февруари 2013 година

*За Советот*

*Претседател*

К. ЕШТОН

[1] СЛ L 42, 16.2.2011 година, стр. 6.

**11.**

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија", бр. 36/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 9.4.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ СОГЛАСНО ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ 2013/88/ЗНБП ОД 18 ФЕВРУАРИ 2013 ГОДИНА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКА 2010/800/ЗНБП ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ПРОТИВ ДЕМОКРАТСКА НАРОДНА РЕПУБЛИКА КОРЕЈА**

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно Одлуката на Советот 2013/88/ЗНБП од 18 февруари 2013 година за изменување на Одлука 2010/800/ЗНБП за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје;
- ембарго на стоки;
- ембарго на злато, благородни метали и дијаманти до, од или за Владата на ДНРК;
- забрана за влез во Република Македонија и
- финансиски мерки, вклучително и обезбедувањето на услуги за осигурување и реосигурување.

Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерство за економија, Министерство за транспорт и врски, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии и Управата за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивните мерки.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивните мерки се врши на начин утврден со Одлуката на Советот 2013/88/ЗНБП од 18 февруари 2013 година за изменување на Одлука 2010/800/ЗНБП за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја.

Член 6

Одлуката на Советот 2013/88/ЗНБП од 18 февруари 2013 година за изменување на Одлука 2010/800/ЗНБП за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја, во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик се дадени во прилог на оваа одлука и се нејзин составен дел.

Член 7

Рестриктивната мерка кон Демократска Народна Република Кореја се воведува на неодредено време.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-2182/1
9 април 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**м-р Зоран Ставрески, с.р.**

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ
ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**16.**

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.9.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ СОГЛАСНО ОДЛУКАТА 2014/309/ЗНБП НА СОВЕТОТ ОД 28 МАЈ 2014 ГОДИНА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКА 2013/255/ЗНБП ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ПРОТИВ СИРИЈА

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно Одлуката 2014/309/ЗНБП на Советот од 28 мај 2014 година за изменување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје;
- забрана за влез во Република Македонија;
- финансиски мерки;
- ембарго на опрема која може да се користи за внатрешна репресија;
- забрана на купување, увоз или транспорт на сурова нафта и нафтени деривати од Сирија;
- пристапот до аеродромите под надлежност на Република Македонија за сите карго-летови извршени од сириски авиопревозници и сите летови извршени од Сириската Арапска авионска компанија.

Член 3

Се определуваат Министерство за транспорт и врски, Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за економија, Министерство за финансии, Министерство за финансии - Управата за финансиско разузнавање и Министерство за надворешни работи за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивните мерки.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивнате мерки се врши на начин утврден со Одлуката за воведување на рестриктивните мерки согласно со Одлуката 2013/255/ЗНБП на Советот од 31 мај 2013 година за рестриктивни мерки против Сирија и Одлуката 2014/309/ЗНБП на Советот од 28 мај 2014 година за изменување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија.

Член 6

Рестриктивните мерки против Сирија се применуваат до 1 јуни 2015 година.

Член 7

Одлуката 2014/309/ЗНБП на Советот од 28 мај 2014 година за изменување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, во оригинал на англиски јазик и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-7367/1
23 септември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**ОДЛУКА 2014/309/ЗНБП НА СОВЕТОТ**

**од 28 мај 2014 година**

**за изменување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 29 од истиот,

со оглед на тоа што:

(1) На 31 мај 2013 година, Советот ја донесе Одлука 2013/255/ЗНБП [1].

(2) Рестриктивните мерки утврдени во Одлука 2013/255/ЗНБП се применуваат до 1 јуни 2014 година. Врз основа на прегледот на таа одлука, тие рестриктивни мерки треба да продолжат да се применуваат до 1 јуни 2015 година.

(3) Две лица и еден субјект повеќе не треба да се водат на списокот на лица и субјекти кои се предмет на рестриктивните мерки од Анекс I кон Одлука 2013/255/ЗНБП.

(4) Информацијата во однос на одредени лица и субјекти наведени во Анекс I кон Одлука 2013/255/ЗНБП треба да се ажурира.

(5) Одлука 2013/255/ЗНБП треба, затоа, да се измени соодветно,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Одлука 2013/255/ЗНБП се изменува, како што следува:

(1) Член 34 се заменува со следново:

„*Член 34*

Оваа одлука се применува до 1 јуни 2015 година. Треба постојано да се прегледува. Може да се обнови или измени, како што е соодветно, доколку Советот смета дека нејзините цели не се исполнети.".

(2) Анекс I кон Одлука 2013/255/ЗНБП се изменува, како што е утврдено во Анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија*.

Брисел, 28 мај 2014 година

*За Советот*

*Претседател*

Г. ВЕНИЗЕЛОС

[1] Одлука 2013/255/ЗНБП од 31 мај 2013 година во однос на рестриктивни мерки против Сирија (Службен весник L 147, 1 јуни 2013 година, стр. 14).

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОИ КОИ СЕ ПРИДРЖУВА ПРИФАКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

18.

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.10.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ СОГЛАСНО ОДЛУКАТА 2014/449/ЗНБП НА СОВЕТОТ ОД 10 ЈУЛИ 2014 ГОДИНА ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ВО ОДНОС НА СОСТОЈБАТА ВО ЈУЖЕН СУДАН

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно Одлуката 2014/449/ЗНБП на Советот од 10 јули 2014 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Јужен Судан.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје,
- ембарго на стоки и услуги,
- финансиски мерки,
- забрана за влез во Република Македонија.

Член 3

Се определуваат Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за економија, Министерство за надворешни работи, Министерство за транспорт и врски, Министерство за финансии, Министерство за финансии - Управата за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Надлежните органи од член 3 од оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивните мерки.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивните мерки се врши на начин утврден со Одлуката 2014/449/ЗНБП на Советот од 10 јули 2014 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Јужен Судан.

Член 6

Одлуката 2014/449/ЗНБП на Советот од 10 јули 2014 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Јужен Судан, во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 7

Рестриктивните мерки ќе се применуваат до 12 јули 2015 година.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-8062/1
7 октомври 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р Зоран Ставрески, с.р.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОИ КОИ СЕ ПРИДРУЖУВА ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

## ОДЛУКИ

## ОДЛУКА 2014/449/ЗНБП НА СОВЕТОТ

**од 10 јули 2014 година**

**за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Јужен Судан**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 29 од истиот,

со оглед на тоа што:

(1) На 18 јули 2011 година, Советот донесе Одлука 2011/423/ЗНБП ([1]).

(2) На 20 јануари 2014 година, Советот заклучи дека треба да се разгледаат целни рестриктивни мерки против поединци кои го нарушуваат мировниот процес во Јужен Судан, како поддршка на напорите на Африканската унија (АУ) и Меѓувладиното тело за развој и во тесна координација со меѓународните партнери. На 17 март 2014 година, Советот повтори дека е подготвен да ги разгледа ваквите мерки во однос на Јужен Судан.

(3) Советот останува сериозно загрижен за состојбата во Јужен Судан. Затоа, треба да се наметнат рестриктивните мерки наменети за лица кои го попречуваат политичкиот процес во Јужен Судан, вклучително преку акти на насилство или прекршување на договорите за прекин на огнот, како и лица одговорни за сериозни повреди на човековите права во Јужен Судан.

(4) Поради јасност, рестриктивните мерки наменети за лица кои го попречуваат политичкиот процес во Јужен Судан, или одговорни за сериозно прекршување на човековите права во Јужен Судан, и рестриктивните мерки веќе наметнати со Одлука 2011/423/ЗНБП, кои се однесуваат на Јужен Судан, треба да се интегрираат во еден правен инструмент,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

1. Се забранува продажба, набавка, трансфер или извоз на оружје и поврзан материјал од сите видови, вклучувајќи оружје и муниција, воени возила и опрема, паравоена опрема и резервни делови за гореспоменатото до Јужен Судан од страна на државјани на земјите-членки или од териториите на земјите-членки, или користејќи пловни објекти кои пловат под нивно знаме или авиони, без разлика дали потекнуваат или не од нивните територии.

2. Исто така се забранува:

[1] Одлука 2011/423/ЗНБП на Советот од 18 јули 2011 година за рестриктивни мерки против Судан и Јужен Судан и за укинување на Заедничкиот став 2005/411/ЗНБП (Сл. весник L 188, 19 јули 2011 година, стр. 20).

(а) обезбедувањето, директно или индиректно, на техничка помош, услуги на посредување или други услуги поврзани со предметите наведени во став 1, или поврзани со набавката, производството, одржувањето и употребата на такви предмети на секое физичко или правно лице, орган или тело во Јужен Судан, или за употреба во Јужен Судан;

(б) обезбедувањето, директно или индиректно, на финансирање или финансиска помош поврзана со предметите наведени во став 1, особено вклучувајќи грантови, заеми и кредитно осигурување на извоз, како и осигурување или реосигурување за секоја продажба, набавка, трансфер или извоз на такви предмети, или за обезбедување на поврзана техничка помош, услуги на посредување или други услуги на секое физичко или правно лице, орган или тело во Јужен Судан, или за употреба во Јужен Судан;

(в) учествување, свесно и намерно, во активностите чија цел или ефект е да се избегнат мерките наведени во точките (а) или (б).

*Член 2*

1. Член 1 не се применува на:

(а) продажба, набавка, трансфер или извоз на несмртоносна воена опрема наменета само хуманитарна употреба, за следење на човековите права или заштитна употреба, или за програмите за изградба на институции на ОН, АУ, Европската унија или Меѓувладиното тело за развој (ИГАД), или за материјал наменет за операции за управување со кризи за Европската унија, ОН и АУ;

(б) продажба, набавка, трансфер или извоз на неборбени возила кои се произведени или опремени со материјали кои обезбедуваат балистичка заштита, наменети само за заштитна употреба, во Јужен Судан, од страна на персоналот на Европската унија и нејзините земји-членки или од страна на персоналот на ОН, АУ или ИГАД;

(в) обезбедувањето на техничка помош, услуги за посредување и други услуги поврзани со опремата или програмите и операциите наведени во точка (а);

(г) обезбедувањето на финансирање и финансиска помош поврзани со опремата или програмите и операциите наведени во точка (а);

(д) продажба, набавка, трансфер или извоз на опрема за деминирање и материјал за употреба во операции на деминирање;

(ѓ) продажба, набавка, трансфер или извоз на несмртоносна воена опрема наменета само за поддршка на процесот на реформи во безбедносниот сектор во Јужен Судан како и обезбедувањето на финансирање, финансиска помош или техничка помош поврзани со таквата опрема; под услов таквите испораки да се одобрени однапред од страна на надлежен орган на засегнатата земја-членка.

2. Член 1 не се применува исто така на заштитна облека, вклучувајќи панцири и воени шлемови, привремено извезени во Јужен Судан од страна на персоналот на Европската унија, или нејзините земји-членки, од страна на персоналот на ОН или ИГАД, или претставниците на медиумите, хуманитарните и развојните работници и поврзан персонал единствено за нивна лична употреба.

3. Земјите-членки ги разгледуваат испораките според овој член од случај до

случај, целосно земајќи ги во предвид критериумите утврдени во Заедничкиот став 2008/944/ЗНБП на Советот ([1]). Земјите-членки бараат соодветни заштитни мерки против злоупотреба на овластувањата одобрени според овој член и, каде е соодветно, изготвуваат одредби за репатријација на опремата.

*Член 3*

1. Земјите-членки ги преземаат неопходните мерки за спречување на влегување на, или транзит преку нивните територии на лица кои го попречуваат политичкиот процес во Јужен Судан, вклучително преку акти на насилство или прекршување на договорите за прекин на огнот, како и лица одговорни за сериозни повреди на човековите права во Јужен Судан, и лица поврзани со нив, како што е наведено во Анексот.

2. Став 1 не ја обврзува земјата-членка да ги одбие своите државјани за влез на нејзина територија.

3. Став 1 не е во спротивност со случаите во кои земја-членка е обврзана со меѓународното право, имено:

(а) како земја домаќин на меѓународна меѓувладина организација;

(б) како земја домаќин на меѓународна конференција свикана од страна на, или под покровителство на ОН;

(в) според мултилатерален договор со кој се одобруваат привилегии и имунитети; или

(г) во согласност со Договорот за помирување од 1929 година (Латерански пакт) склучен од страна на Светата столица (Држава Ватикан) и Италија.

4. Став 3 се разгледува за примена исто така во случаи во кои земја-членка е земја домаќин на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ).

5. Советот е соодветно информиран во сите случаи во кои земјата-членка одобрува изземање во согласност со ставови 3 или 4.

6. Земјите-членки може да одобрат изземање од мерките наметнати според став 1 кога патувањето е оправдано врз основа на итна хуманитарна потреба, или заради учество на меѓувладини состаноци и состаноци промовирани од страна на Европската унија или чиј домаќин е земјата-членка која е претседавач со ОБСЕ, каде се спроведува политички дијалог со што директно се унапредуваат целите на политиката на рестриктивни мерки, вклучувајќи демократија, човекови права и владеењето на правото во Јужен Судан.

7. Земја-членка која сака да одобри изземања наведени во став 6 го известува Советот напишано. Изземањето се смета дека е одобрено, освен ако една или повеќе членки на Советот поднесат приговор напишано во рок од два работни дена од приемот на известувањето за предложеното изземање. Доколку една или повеќе членки на Советот поднесат приговорот, Советот, постапувајќи со квалификувано мнозинство, може да одлучи да го одобри предложеното изземање.

8. Кога, во согласност со ставови 3, 4, 6 и 7 земја-членка одобри влез на,

---

[1] Заеднички став 2008/944/ЗНБП на Советот од 8 декември 2008 година за дефинирање на заеднички правила за регулирање на контролата на извозите на воена технологија и опрема (Сл. весник L 335, 13 декември 2008 година, стр. 99)

или транзит преку своја територија на лица наведени во Анексот, одобрувањето е стриктно ограничено за целта за која што е дадено и за лицата директно засегнати од истото.

*Член 4*

1. Сите средства и економски ресурси кои припаѓаат, се во сопственост на или контролирани од страна на лица кои го нарушуваат политичкиот процес во Јужен Судан, вклучително преку акти на насилство или прекршување на договорите за прекин на огнот, како и лицата одговорни за сериозни повреди на човековите права во Јужен Судан, и физички или правни лица, тела или органи поврзани со нив, како што е наведено во Анексот, се замрзнати.

2. Никакви средства или економски ресурси нема да се ставаат на располагање, директно или индиректно, или во корист на физички или правни лица, тела или органи наведени во Анексот.

3. Надлежниот орган на земја-членка може да одобри одмрзнување на одредени средства или економски ресурси, или да стави на располагање одредени средства или економски ресурси, според услови за кои смета дека се соодветни, откако утврдил дека засегнатите средства или економски ресурси се:

(а) потребни за да се задоволат основните потреби на лицата наведени во Анексот и нивните издржувани членови на семејството, вклучувајќи плаќања за прехранбени производи, наем или хипотека, лекови и медицински третман, такси, осигурителни премии, и јавни комунални давачки;

(б) наменети само за плаќање на разумни професионални давачки и надомест за настанатите трошоци поврзани со обезбедувањето на правни услуги;

(в) наменети само за плаќање на такси или давачки за услуги за рутинско чување на замрзнати средства или економски ресурси или управување со истите, или

(г) неопходни за вонредни трошоци, под услов надлежниот орган да ги извести надлежните органи на другите земји-членки и Комисијата за причините врз основа на кои смета дека треба да се додели специфичното одобрување, барем две недели пред одобрувањето.

Засегнатата земја-членка ги информира другите земји-членки и Комисијата за секое одобрување доделено според овој став.

4. По пат на отстапување од став 1, надлежните органи на земја-членка може да одобрат ослободување на одредени замрзнати средства или економски ресурси, под услов следниве услови да се исполнети:

(а) средствата или економските ресурси се предмет на арбитражна одлука донесена пред датумот на кој физичкото или правното лице, тело или орган наведен во став 1 се наведени во Анексот, или судска или управна одлука донесена во Унијата, или судска одлука правосилна во засегнатата земја-членка, пред или по тој датум;

(б) средствата или економските ресурси ќе се користат само за подмирување на побарувањата обезбедени со таква одлука или признати како валидни во таква одлука, во рамки на ограничувањата утврдени со применливото законодавство и прописи со кои се регулираат правата на лицата кои имаат

такви побарувања;

(в) одлуката не е во корист на физичко или правно лице, тело или орган наведен во Анексот; и

(г) признавањето на одлуката не е спротивно на јавната политика во засегнатата земја-членка.

Засегнатата земја-членка ги информира другите земји-членки и Комисијата за секое одобрување доделено според овој став.

5. Став 1 не спречува наведено физичко или правно лице, тело или орган да изврши плаќања според договор кој е склучен пред датумот на кој таквото физичко или правно лице, тело или орган е наведено во Анексот, под услов засегнатата земја-членка да утврди дека плаќањето, директно или индиректно, не е примено од страна на физичко или правно лице, тело или орган наведени во став 1.

6. Став 2 не се применува на додавањето на замрзнати сметки на:

(а) камати или други приходи на овие сметки;

(б) плаќања според договори, спогодби или обврски кои се склучени или произлегуваат пред датумот на кој овие сметки стануваат предмет на мерките предвидени во ставови 1 и 2; или

(в) плаќања според судски, управни или арбитражни одлуки донесени во Унијата или правосилни во засегнатата земја-членка;

под услов секоја таква камата, други приходи и плаќања да останат предмет на мерките предвидени во став 1.

*Член 5*

1. Советот, постапувајќи по предлог на земја-членка или Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика, одлучува да го утврди и измени списокот во Анексот.

2. Советот ја доставува одлуката наведена во став 1, вклучувајќи ги причините за наведувањето, до засегнатите физички или правни лица, тела или органи, или директно, доколку адресата е позната, или преку објавување на известување, овозможувајќи му на таквото физичко или правно лице, тело или орган можност за изнесување забелешки.

3. Кога се поднесени забелешки, или кога е претставен суштински нов доказ, Советот повторно ја разгледува одлуката наведена во став 1 и соодветно го информира засегнатото физичко или правно лице, тело или орган.

*Член 6*

1. Анексот ги вклучува причините за наведувањето на лицата од член 3(1) и член 4(1).

2. Анексот исто така содржи, каде е соодветно, информации неопходни за идентификување на засегнатите лица. Ваквите информации може да вклучат имиња, вклучувајќи прекари, датум и место на раѓање, државјанство, број на пасош и лична карта, пол, адреса доколку е позната, и функција или професија. Во однос на правните лица, тела или органи, ваквите информации може да вклучуваат имиња, место и датум на регистрација, регистрационен број и

седиште.

*Член 7*

Со цел максимизирање на влијанието на мерките утврдени во оваа одлука, Унијата поттикнува трети земји да донесат рестриктивни мерки слични на оние предвидени во оваа одлука.

*Член 8*

Оваа одлука влегува во сила на датумот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија.*

Оваа одлука се применува до 12 јули 2015 година.

Оваа одлука редовно се разгледува. Се обновува, или изменува како што е соодветно, доколку Советот смета дека нејзините цели не се исполнети.

Брисел, 10 јули 2014 година.

*За Советот*

*Претседател*

С. ГОЗИ

ДЕКЛАРАЦИИ ЗА ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОИ КОИ СЕ ПРИДРУЖУВА ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

**19.**

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр.36/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.10.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ СОГЛАСНО ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ 2014/439/ЗНБП НА СОВЕТОТ ОД 8 ЈУЛИ 2014 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКА 2012/642/ЗНБП ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ПРОТИВ БЕЛОРУСИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно Одлуката за спроведување 2014/439/ЗНБП на Советот од 8 јули 2014 година за спроведување на Одлука 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- забрана за влез во Република Македонија,
- финансиски мерки и
- ембарго на оружје.

Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за финансии, Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање и Министерството за надворешни работи за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивните мерки.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивните мерки се врши на начин утврден со Одлуката за спроведување 2014/439/ЗНБП на Советот од 8 јули 2014 година за спроведување на Одлука 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија и Одлуката 2012/642/ЗНБП на Советот од 15 октомври 2012 година за рестриктивни мерки против Белорусија.

Член 6

Одлуката за спроведување 2014/439/ЗНБП на Советот од 8 јули 2014 година за спроведување на Одлука 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 7

Рестриктивните мерки кон Белорусија се воведуваат на неопределено време.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-8063/1
7 октомври 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ 2014/439/ЗНБП НА СОВЕТОТ**

**од 8 јули 2014 година**

**за спроведување на Одлука 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 31(2) од истиот,

имајќи ја предвид Одлука 2012/642/ЗНБП на Советот од 15 октомври 2012 година во врска со рестриктивни мерки против Белорусија ([1]), а особено член 6(1) од истата,

со оглед на тоа што:

(1) на 15 октомври 2012 год., Советот ја донесе Одлука 2012/642/ЗНБП која наметнува рестриктивни мерки против Белорусија.

(2) Советот смета дека едно лице треба да биде додадено во списокот на лица и субјекти кои подлежат на рестриктивни мерки, како што е утврдено во Анексот кон Одлука 2012/642/ЗНБП.

(3) Советот, исто така, смета дека осум лица треба да бидат отстранети од списокот на лица и субјекти кои подлежат на рестриктивни мерки, како што е утврдено во Анексот кон Одлука 2012/642/ЗНБП.

(4) Анексот кон Одлука 2012/642/ЗНБП, затоа, треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Анексот кон Одлука 2012/642/ЗНБП се изменува во согласност со Анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија*.

Брисел, 8 јули 2014 год.

*За Советот*

*Претседател*

П. К. ПАДОАН

[1] Сл. весник L 285, 17 октомври 2012 год., стр. 1

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОИ КОИ СЕ ПРИДРУЖУВА ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**20.**

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 21.10.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ СОГЛАСНО ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ 2014/487/ЗНБП НА СОВЕТОТ ОД 22 ЈУЛИ 2014 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКА 2011/137/ЗНБП ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ВО ОДНОС НА СОСТОЈБАТА ВО ЛИБИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно Одлуката за спроведување 2014/487/ЗНБП на Советот од 22 јули 2014 година за спроведување на Одлука 2011/137/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- забрана за влез во Република Македонија,
- финансиски мерки и
- ембарго на оружје.

Член 3

Се определуваат Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за финансии, Министерство за финансии - Управата за финансиско разузнавање и Министерство за надворешни работи за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Надлежните органи од член 3 од оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивните мерки.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивните мерки се врши на начин утврден со Одлуката за спроведување 2014/487/ЗНБП на Советот од 22 јули 2014 година за спроведување на Одлука 2011/137/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија и Одлуката за воведување на рестриктивната мерка согласно Одлуката на Советот на ЕУ 2011/137/ЗНБП од 28 февруари 2011 година за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Либија.

Член 6

Одлуката за спроведување 2014/487/ЗНБП на Советот од 22 јули 2014 година за спроведување на Одлука 2011/137/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 7

Рестриктивните мерки кон Либија се воведуваат на неодредено време.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-8458/1
21 октомври 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОИ КОИ СЕ ПРИДРУЖУВА ПРИФАКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

**ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ 2014/487/ЗНБП НА СОВЕТОТ**

**од 22 јули 2014 година**

**за спроведување на Одлука 2011/137/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 31(2) од истиот,

имајќи ја предвид Одлука 2011/137/ЗНБП на Советот од 28 февруари 2011 година, во врска со рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Либија ([1]), а особено член 8(2) од истата,

со оглед на тоа што:

(1) на 28 февруари 2011 год., Советот ја донесе Одлука 2011/137/ЗНБП

(2) Советот смета дека нема повеќе основа за чување на едно лице во списокот приложен во Анекс IV кон Одлука 2011/137/ЗНБП.

(3) Одлука 2011/137/ЗНБП треба затоа соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Внесот за следново лице се брише од списокот приложен во Анекс IV кон Одлука 2011/137/ЗНБП: 23. ЗИДАН, Мохамад Али (ZIDANE, Mohamad Ali).

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија.*

Брисел, 22 јули 2014 година.

*За Советот*

*Претседател*

К. ЕШТОН

[1] Сл. весник L 58, 3 март 2011 год., стр. 53.

**21.**

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/11), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 21.10.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ СОГЛАСНО ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ 2014/387/ЗНБП НА СОВЕТОТ ОД 23 ЈУНИ 2014 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКА 2013/255/ЗНБП ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ПРОТИВ СИРИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно Одлуката за спроведување 2014/387/ЗНБП на Советот од 23 јуни 2014 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје,
- забрана за влез во Република Македонија,
- финансиски мерки,
- ембарго на опрема која може да се користи за внатрешна репресија,
- забрана на купување, увоз или транспорт на сурова нафта и нафтени деривати од Сирија,
- пристапот до аеродромите под надлежност на Република Македонија за сите карго-летови извршени од сириски авиопревозници и сите летови извршени од Сириската Арапска авионска компанија.

Член 3

Се определуваат Министерство за транспорт и врски, Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за економија, Министерство за финансии, Министерство за финансии - Управата за финансиско разузнавање и Министерство за надворешни работи за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивните мерки.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивните мерки се врши на начин утврден со Одлуката за воведување на рестриктивните мерки согласно со Одлуката 2013/255/ЗНБП на Советот од 31 мај 2013 година за рестриктивни мерки против Сирија и Одлуката за спроведување 2014/387/ЗНБП на Советот од 23 јуни 2014 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија.

Член 6

Рестриктивните мерки против Сирија се применуваат до 1 јуни 2015 година.

Член 7

Одлуката за спроведување 2014/387/ЗНБП на Советот од 23 јуни 2014 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, во оригинал на англиски јазик и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-8459/1
21 октомври 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р Зоран Ставрески, с.р.

## ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ 2014/387/ЗНБП НА СОВЕТОТ

**од 23 јуни 2014 година**

**за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 31(2) од истиот,

имајќи ја предвид Одлука 2013/255/ЗНБП на Советот од 31 мај 2013 година, во врска со рестриктивни мерки против Сирија ([1]), а особено член 30(1) од истата,

со оглед на тоа што:

(1) на 31 мај 2013 год., Советот ја донесе Одлука 2013/255/ЗНБП.

(2) информациите во однос на едно лице наведено во Анекс I кон Одлука 2013/255/ЗНБП треба да се ажурираат.

(3) во поглед на сериозната ситуација, дванаесет лица треба да бидат додадени во списокот на физички и правни лица, субјекти или органи, кои се предмет на рестриктивни мерки во Анекс I кон Одлука 2013/255/ЗНБП.

(4) Одлука 2013/255/ЗНБП треба затоа соодветно да се измени.

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Анекс I кон Одлука 2013/255/ЗНБП се изменува, како што е утврдено во Анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија.*

Луксембург, 23 јуни 2014 год.

*За Советот*

*Претседател*

К. ЕШТОН

---

([1]) Сл. весник L 147, 1 јуни 2013 година, стр. 14

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОИ КОИ СЕ ПРИДРЖУВА ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

**22.**

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 21.10.2014 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ СОГЛАСНО ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ 2014/488/ЗНБП НА СОВЕТОТ ОД 22 ЈУЛИ 2014 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКА 2013/255/ЗНБП ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ПРОТИВ СИРИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно Одлуката за спроведување 2014/488/ЗНБП на Советот од 22 јули 2014 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје,
- забрана за влез во Република Македонија,
- финансиски мерки,
- ембарго на опрема која може да се користи за внатрешна репресија,
- забрана на купување, увоз или транспорт на сурова нафта и нафтени деривати од Сирија,
- пристапот до аеродромите под надлежност на Република Македонија за сите карго-летови извршени од сириски авиопревозници и сите летови извршени од Сириската Арапска авионска компанија.

Член 3

Се определуваат Министерство за транспорт и врски, Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за економија, Министерство за финансии, Министерство за финансии - Управата за финансиско разузнавање и Министерство за надворешни работи за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивните мерки.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивните мерки се врши на начин утврден со Одлуката за воведување на рестриктивните мерки согласно со Одлуката 2013/255/ЗНБП на Советот од 31 мај 2013 година за рестриктивни мерки против Сирија и Одлуката за спроведување 2014/488/ЗНБП на Советот од 22 јули 2014 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија.

Член 6

Рестриктивните мерки против Сирија се применуваат до 1 јуни 2015 година.

Член 7

Одлуката за спроведување 2014/488/ЗНБП на Советот од 22 јули 2014 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, во оригинал на англиски јазик и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-8460/1
21 октомври 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**м-р Зоран Ставрески**, с.р.